Договорот за основањето на ЕФТА беше склучен во 1959 г., и стапи на сила во 1960 година. Први членки беа Австрија, Данска, Норвешка, Португалија, Шведска, Швајцарија и Обединетото Кралство. На ова здружение подоцна му се придружија и Исланд и Финска. Австрија, Данска, Финска, Португалија, Шведска и Обединетото

Кралство веќе не се земји членки на ЕФТА со оглед на тоа што тие се придружија на Европската Заедница.

Заеднички транзит

Спогодбите од 1972 г. со земјите членки на ЕФТА, Швајцарија и (во тоа време) Австрија беа заменети во 1987 г. со две Конвенции помеѓу Европската Заедница и сите земји членки на ЕФТА. Целта на овие Конвенции беше да се олесни узвозот, извозот и движењето на стоките кон, од и помеѓу Европската Заедница и земјите на ЕФТА. Со една од овие Конвенции се востанови заедничката транзитна постапка[4], додека со другата се овозможи поедноставување на увзоните, извозните и транзитните формалности по пат на воведување на Единствениот царински документ (ЕЦД)[5]. Овие конвенции се познати како „Конвенција“ и „Конвенција за ЕЦД“, соодветно.

Земји од Вишеградската група

На 1 јули 1996 година овие Конвенции беа проширени со четирите земји од Вишеградската група (Чешката Република, Унгарија, Полска и Словачката Република) до нивното пристапување кон Европската Заедница.

Сите идни договорни страни се сметаат за „земји на ЕФТА“ во смисла на овие Конвенции.

Земји барателi

Многу други земји имаат искажано желба за приклучување на заедничкиот транзитен систем.

Реформа на транзитот

Создавањето на единствениот пазар во 1993 г.и променетото политичко опкружување во централна и источна Европа претставуваа нови предизвици поради кои беше неопходно да се ревидираат транзитните системи.

2. Статус на стоката

[4]Конвенција на Европската Заедница/ЕФТА за заедничка транзитна постапка од 20мај 1987 г., O.J. L 226, од 18.8.1987 г. со измени.

[5]Конвенција на Европската Заедница/ЕФТА за поедноставување на формалностите при трговијата со стока (вклучувајќи го Единствениот царински документ за примена во таквата трговија), O.J. L 134, од 22.5.1987 г. со измени.

Од воведувањето на транзитот на Заедницата во 1968 г., царинскиот статус на стоката во основа е факторот којшто утврдува дали стоката во транзит ќе се движи со транзитна декларација Т1 или Т2.Во одредени околности задолжително е да се обезбеди доказ за статусот на стоката.
Други поединости во однос на статусот на стоката се дадени во Дел II.

3. Заеднички транзит

3.1. Законодавство

Конвенцијата за заедничка транзитна постапка од 20 мај 1987 г. (види фуснота 3) претставува правна основа за заедничката транзитна постапка. Договорни страни на таа Конвенција се Европската Унија и три земји на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка и Исланд). Конвенцијата, исто така се однесува и на Кнежевството Лихтенштајн, поради неговата царинска унија со Швајцарија.

Конвенцијата за ЕЦД од мај 1987 г., претставува правна основа за поедноставувањето на формалностите при трговијата со стока помеѓу Заедницата и земјите членки на ЕФТА и помеѓу самите земји на членки ЕФТА. (види фуснота 4).
Прилогот 8.1 кон Дел I содржи појаснување на правилата и постапките во однос на усвојувањето на законите кои се однесуваат на заедничкиот транзит.

3.2 Опис на постапките

Заедничката транзитна постапка овозможува одлагање на

плаќањето на царинските давачки, акцизите, ДДВ и другите давачки, за времето на движење на стоката од појдовната испостава до одредишната испостава. Ова може да биде употребено од страна на економските оператори со цел олеснување на движењето на стоката од една договорна страна кон друга. Сепак, употребата не е задолжителна.

Со заедничката транзитна постапка управуваат царинските управи на различните договорни страни, преку мрежа на царински испостави познати како појдовни испостави, транзитни испостави, одредишни испостави и гарантни испостави.

Заедничката транзитна постапка започнува во појдовната испостава и завршува тогаш кога стоката и транзитната декларација ќе се стават на увид на одредишната испостава,

во согласност со одребите за транзит. Царината ѝ враќа

службено заверена копија од транзитната декларација на појдовната испостава (или централната канцеларија во земјата на поаѓање).

По приемот на тој примерок, царината во земјата на поаѓање ќе ја раздолжи транзитната декларација и ќе го ослободи од одговорност главниот обврзник, освен во случај кога е забележана неправилност.

Главен обврзник во заедничкиот транзит

При изготвувањето на транзитната декларација во појдовната испостава, главниот обврзник бара стоката да се стави во транзитна постапка. По пуштањето на стоката во

транзит, главниот обврзник, како корисник на транзитната постапка, станува одговорен за ставањето на стоката на увид во одредишната испостава во непроменета состојба (со пломби во непроменета состојба доколку е применливо), заедно со транзитната декларација и во пропишаниот рок. Постојат и други лица кои се одговорни за ставањето на стоката на увид на одредишната испостава. Тој исто така е одговорен и за плаќање на царински и други давачки кои може да настанат како резултат на утврдена неправилност. Главниот обврзник е одговорен за обезбедување на гаранција за покривање на износот на царинските и другите давачки чиешто плаќање е одложено во текот на движењето на стоката (кога не е изземен согласно закон или одобрение). Гаранцијата може да биде во вид на готовински депозит или гарантна обврска преземена од страна на финансиска институција во својство на гарант. (види Дел III за повеќе детали во однос на гаранциите и гарантите).

Член 2 од Конвенцијата

T1

Постојат две категории на заедничка транзитна постапка, T1 и T2, со кои се отсликува различниот статус на стоките кои се превезуваат.

T2

T1 постапката се однесува на движење на стока којашто нема статус на стока на Заедницата, со одлагање на мерките кои вообичаено се применуваат на таа стока при увоз.

Поедноставена постапка

T2 постапката се однесува на движењето на стоката со статус на стока на Заедницата, со одлагање на мерките кои вообичаено се применуваат на таа стока при увозво земја-членка на ЕФТА.

Заедничката транзитна постапка може да се поедностави под одредени услови и со добивање на одобрение од страна на надлежниот царински орган. (види Дел VI за информации за поедноставените транзитни постапки).

(Повеќе информации за заедничката транзитна постапка може да се најдат во Дел IV, V и VI.)

4. Транзит во рамки на Заедницата

Овој пододдел е поделен на слениов начин:

- Информации за транзитот во Заедницата (пододдел 4.1.);
- Информации за други транзитни системи коишто се применуваат во рамките на Европската Заедница (пододдел 4.2.).

4.1 Транзит во Заедницата

4.1.1 Законодавство

Транзитот на Заедницата ја наоѓа својата правна основа во Царинскиот законик на Заедницата (Регулатива на Советот (ЕЕС) бр. 2913/92) и одредбите за негово спроведување (Регулатива на Комисијата (ЕЕС) бр. 2454/93). Аранжманите за транзитот на заедницата се проширени и ја вклучуваат трговијата со одредена стока со Андора во рамките на царинската унија помеѓу Заедницата и Андора. Слично проширување се применува и за трговијата помеѓу Заедницата и Сан Марино, согласно договорот за царинска унија со Сан Марино. (За повеќе детали за Андора и Сан Марино види Дел IV, поглавје 5).

Прилогот 8.1 кон Дел I содржи појаснување на правилата и постапките во однос на усвојувањето на законите кои се однесуваат на заедничкиот транзит.

4.1.2. Опис на постапката

Овој пододдел ги опишува постапките на транзитот на Заедницата на следниов начин:

- Надворешен транзит на Заедницата (пододдел 4.1.2.1.);
- Внатрешен транзит на Заедницата (пододдел 4.1.2.2.).

Употреба на постапката за транзит на Заедницата

Системот на транзитот на Заедницата се применува за движење на стока којашто нема статус на стока на Заедницата и во одредени случаи на стока со статус на стока на Заедницата, помеѓу две точки во Заедницата(види и 4.2 за другите транзитни постапки во Заедницата).

Со транзитната постапка на Заедницата управуваат царинските управи на различните земји членки, преку мрежа на царински испостави познати како појдовни испостави, транзитни испостави, одредишни испостави и гарантни испостави. Транзитната постапка на Заедницата започнува во појдовната испостава и завршува тогаш кога стоката и транзитната декларација ќе се стават на увид на одредишната испостава. Царината ѝ враќа службено заверена копија од транзитната декларација на појдовната испостава (или централната канцеларија во земјата на поаѓање). По приемот на тој примерок, царината во земјата членка на поаѓање ќе ја раздолжи транзитната декларација и

ќе го ослободи од одговорност главниот обврзник, освен во случај кога е забележана неправилност.

Главен обврзник во транзит на Заедницата

Во изготвувањето на транзитната декларација во појдовната испостава главниот обврзник бара стоката да се стави во транзитна постапка. По пуштањето на стоката во транзит, главниот обврзник, како корисник на транзитната постапка, станува одговорен за ставањето на стоката на увид во одредишната испостава во непроменета состојба (со пломби во непроменета состојба доколку е применливо), заедно со транзитната декларација и во пропишаниот рок. Постојат и други лица кои се одговорни за ставање на стоката на увид на одредишната испостава. Тој исто така е одговорен и за плаќање на царински и други давачки кои може да настанат како резултат на утврдена неправилност. Главниот обврзник е одговорен за обезбедување на гаранција за покривање на износот на царинските и другите давачки чие плаќање е одложено за текот на движењето на стоката (кога не е изземен согласно закон или одобрение). Гаранцијата може да биде во вид на готовински депозит или гарантна обврска преземена од страна на финансиска институција во својство на гарант. (види Дел III за повеќе детали во однос на гаранциите и гарантите).

Надворешен и внатрешен транзит

Членови 91 и 163 од ЦЗЗ

Постојат две категории на транзитна постапка на Заедницата: Т1 (надворешен транзит) и Т2 (внатрешен транзит), со коишто општо се отсликува статусот на стоките кои се превезуваат.

Поедноставена постапка

Транзитната постапка на Заедницата може да се поедностави под одредени услови и со добивање на одобрение од страна на надлежниот царински орган. (види Дел VI за информации за поедноставените транзитни

постапки).

(Повеќе информации за заедничката транзитна постапка може да се најдат во Дел IV, V и VI.)

4.1.2.1. Надворешен транзит на заедницата

T1

Постапката за надворешен транзит на Заедницата (T1) воглавно се применува на движењето на стока која нема статус на стока на Заедницата. Со неа се одлагаат плаќањата на царинските и другите давачки до моментот на пристигнување на стоката во нејзиното одредиште во Заедницата.

Член 340в(3) од УСЦЗЗ

Сепак, постапката за надворешен транзит на Заедницата (T1) е задолжителна и за движењето на стока со статус на стока на Заедницата која обично би се превезувала со T2 постапка кога таквата стока се извезува во или минува низ една или повеќе земји на ЕФТА и се применува заедничката транзитна постапка и:

- за стоката биле извршени извозни царински формалности со цел одобрување поврат за извоз во трети земји согласно Заедничката земјоделска политика (CAP); или,
- стоката потекнува од интервентни резерви и, е предмет на контролни мерки во однос на употребата и/или одредиштето, и за неа се извршени царински формалности за извоз во трети земји согласно Заедничката земјоделска политика (CAP); или,
- стоката се квалификува за враќање или ослободување на увозни давачки под услов таа да биде извезена од царинското подрачје на Заедницата; или,
- стоката е во вид на добиени производи или во непроменета состојба и ако за неа се извршени

царински формалности за извоз во трети земји со цел раздолжување на постапката за увоз за облагородување, дробек систем, со цел поврат или ослободување од царинските давачки.

4.1.2.2. Внатрешен транзит на Заедницата

T2 Постапката на внатрешен транзит на Заедницата (Т2) се применува на стока со статус на стока на Заедницата кога таквата стока се испраќа од една точка од царинското подрачје на Заедницата до друга таква точка преку подрачјето на една или повеќе земји на ЕФТА. Оваа постапка не е применлива на стока којашто во целост се превезува по поморски или воздушен пат.

T2F Постапката на внатрешен транзит на Заедницата Т2F се применува за движење на стока со статус на стока на Заедницата којашто се испраќа од, во или помеѓу нефискални области од царинското подрачје на Заедницата. Нефискалните области од царинското подрачје на Заедницата се оние области во кои не се применливи одредбите од Директивата 2006/112/ЕС (Директива за ДДВ).

Тоа се: островите Оланд, Канарските острови, Каналските острови, Француска Гвајана, Гвадалупе, Мартиник, Планината Атос и Реунион.

4.1.3 Нов компјутеризиран транзитен систем (НКТС)

Во денешниот свет, царинските управи мора брзо и флексибилно да се прилагодуваат на потребите на трговијата и да бидат во тек со постојаните промени во деловниот свет. НКТС ќе послужи како алатка за управување и контролирање на системот за транзит. Овој систем, којшто применува напредни компјутерски системи и електронска обработка на

податоци, ќе гарантира помодерно и поефикасно управување наспрема хартиениот систем кај кој се докажани слабости.

Главните цели на НКТС се следниве:

• Зголемување на целисходноста и успешноста на транзитните постапки;

• Подобрување кај спречувањето и откривањето измами;

• Забрзување на трансакциите коишто се прават во транзитната постапка и обезбедување нивна сигурност.

Како општо правило, НКТС ќе се употребува како за надворешниот, така и за внатрешниот транзит на Заедницата и заднички транзит, во оние ситуации каде таквиот транзит во моментов се одвива со примена на единствениот царински документ (ЕЦД) изготвен во вид на „Т1“или„Т2“.

Оттука, компјутеризираниот систем во почетокот нема да ги опфати поедноставените постапки со кои стоката се превезува по железница, по воздушен пат, по морски пат или преку цевководи и каде првенствено се употребува сопствената документација на превозникот.

4.1.3.1. Главни точки или пораки кои се употребуваат во постапките со НКТС

Корисно е да се споменат главните точки и пораки во постапките со НКТС пред да се зборува за деталите.

• Транзитна декларација, која се поднесува во хартиена или електронска форма.

• Референтен број на движење (РБД), претставува единствен

регистерски број којшто системот ѝ го доделува на

декларацијата за да се идентификува движењето.

• Транзитен придружен документ (ТПД), којшто ја придружува стоката од појдовното до одредишното место.

• Пораката „Запис за очекувано пристигнување“ (AAR), којашто појдовната испостава ја испраќа до декларираната одредишна испостава наведена во декларацијата.

• Пораката „Запис за очекуван транзит” (ATR), којашто појдовната испостава ја испраќа до декларираната(ите) транзитна(и) испостава(и) како известување за очекуваното минување преку граница на пратката.

• Пораката „Известување за минување граница“ (NCF), којашто вистинската транзитна испостава ја испраќа откако ќе ја прегледа пратката.

• Пораката „Напомена за пристигнување“, којашто вистинската одредишна испостава ја испраќа до појдовната испостава по пристигнувањето на стоката.

• Пораката „Резултати од контрола“, којашто вистинската одредишна испостава ја испраќа допојдовната испостава (по прегледувањето на стоката, доколку е потребно).

Исто така, важно е да се запомни дека системот ги опфаќа сите можни комбинации на редовни и поедноставени постапки, на поаѓање (овластен испраќач) и на одредиште (овластен примач).

4.1.3.2. Појдовна испостава

Транзитната декларација се поднесува во појдовната испостава

било во хартиена или во електронска форма. Електронските декларации може да се подготват во појдовната царинска испостава или пак во просториите на трговското друштво.
Без оглед на формата во која се поднесува, декларацијата мора да ги содржи сите потребни податоци и да се придржува кон спецификациите на системот, поради тоа што системот автоматски ги кодира и верификува податоците. Системот ќе посочи доколку постои недоследност во податоците. Трговското друштво ќе биде информирано за да може да ги направи потребните исправки пред декларацијата конечно да биде прифатена.
Откако ќе се направат исправките и декларацијата ќе биде

прифатена, системот на декларацијата ќе ѝ додели единствен

регистерски број, односно референтен број на движење.

Потоа, откако ќе се изведат евентуалните проверки и откако ќе се прифатат гаранциите, стоката ќе може да се пушти во транзит било во самата појдовна испостава или во одобрените простории на испраќачот. Системот ќе го испечати транзитниот придружен документ и, по потреба, и списокот на наименувања, било во појдовната испостава или во одобрените простории на испраќачот. Транзитниот придружен документ и списокот на наименувања мораат да ја придружуваат стоката при превозот и да се стават на увид на која било транзитна испостава и на одредишната испостава.

Истовремено со печатењето на транзитниот придружен документ и списокот на наименувања, појдовната испостава ќе испрати до декларираната одредишна испостава запис за очекувано пристигнување. Оваа порака воглавно содржи

информации преземени од декларацијата со кои на

одредишната испостава ѝ се овозможува да изврши контрола

на пратката по нејзиното пристигнување. Одредишната испостава треба да има пристап до најдобрите можни информации за транзитната операција за да може да донесе точна и верна одлука за тоа кои мерки да ги преземе по пристигнувањето на стоката.

Доколку движењето треба да мине низ транзитна испостава, појдовната испостава ќе испрати порака за очекуван транзит, со што и транзитната испостава ќе биде претходно известена за предметната пратка и ќе може да го контролира минувањето на пратката.

4.1.3.3. Одредишна испостава

По пристигнувањето, стоката мора да се стави на увид на одредишната испостава или на овластениот примач заедно со придружниот транзитен документ и, по потреба, списокот на наименувања. Царината веќе ќе го има добиено записот за очекувано пристигнување и ќе има целосни информации за операцијата, а со тоа и можност однапред да одлучи кои контроли би биле неопходни.

Со внесување на референтниот број за движењето (РБД) во системот, тој автоматски ќе го пронајде соодветниот запис за очекувано пристигнување, којшто ќе послужи како основа за кое било дејство или контрола, и до појдовната испостава ќе испрати порака за напомена за пристигнување.

По извршувањето на соодветните контроли, одредишната испостава ќе ја извести појдовната испостава за контролните резултати со испраќање на пораката за резултати од контрола, во која ќе ги наведе сите утврдени неправилности, доколку биле најдени.

Пораката за резултатите од контролата е неопходна за раздолжување на транзитната операција во појдовната испостава и за ослободување на гаранциите употребени за неа.

4.1.3.4. Транзитна испостава

Кога стоката минува низ транзитна испостава, стоката, транзитниот придружен документ и, кога е потребно, списокот на наименувања, мора да се стават на увид на царината. Пораката „Запис за очекуван транзит“, којашто веќе е на располагање во системот, ќе биде автоматски лоцирана веднаш штом ќе биде внесен референтниот број на движењето и потоа на движењето може да му се дозволи минување. До појдовната испостава се испраќа известување за минување на граница.

4.1.3.5. Промена на транзитна или одредишна испостава

Доколку стоката минува низ транзитна испостава којашто не е декларираната испостава, пораката којашто првично била испратена до декларираната транзитна испостава нема никаква примена. Во ваков случај, вистинската транзитна испостава ќе испрати порака до појдовната испостава со којашто ќе побара да се достави пораката „Запис за очекуван транзит“, со цел таа да може да добие пристап до релевантните информации. По преверката на движењето, таа до појдовната испостава ќе испрати известување за минување граница.

Исто така, стоката може да биде ставена на увид на одредишна испостава којашто не е декларираната одредишна испостава. Вистинската одредишна испостава ќе побара од појдовната испостава да испрати запис за очекувано пристигнување со цел новата одредишна испостава да може да ги добие потребните информации во однос на пратката.

Во случај на промена на транзитната или одредишната испостава, пораките испратени до декларираните испостави немаат примена и остануваат отворени. Поради тоа, системот автоматски ќе испрати порака до декларираните испостави со која ќе ги извести за тоа каде и кога стоката била ставена на увид, за тие да можат да ги затворат пораките.

4.1.3.6. Поедноставени постапки: овластен испраќач и овластен примач

Со примената на двете поедноставени постапки се овозможува оптимална употреба на ресурсите во рамките на НКТС. Можноста за извршување на сите постапки од сопствените простории и размената на податоците со царината по електронски пат, очигледно претставуваат најбрз, најпогоден, најбезбеден и најисплатлив начин на водење бизнис.

Очигледно е тоа што покрај исполнувањето на критериумите за добивање на статус на овластен испраќач или овластен примач во транзитната постапка со ЕЦД, трговските друштва мора да поседуваат и соодветни системи за електронска обработкана податоци за размена на информации со нивните релевантни царински испостави.Ова, секако, може да функционира само доколку тие испостави се поврзани со НКТС.

Откако ќе бидат исполнети критериумите, НКТС на овластените испраќачи им овозможува да:

• изготвуваат транзитни декларации во нивните компјутерски системи;

• ја испраќаат до појдовната испостава пораката за соодветната декларација по електронски пат, без обврска за ставање на стоката на увид;

• примаат и испраќаат, по електронски пат, понатамошни пораци, вклучително со барања за исправки на декларации, известувања за прифаќање и известувања за пуштање на стока.

На овластените примачи НКТС им овозможува да:

• ја примаат стоката и придружниот документ директно во нивните простории;

• испраќаат пораци за известување за пристигнување до соодветните одредишни испостави по електронски пат;

• примаат и испраќаат по електронски пат понатамошни пораци во однос на дозволата за истовар на стока и известувањата за резултатите од истоварот.

4.2 Други транзитни системи во рамките на Европската Заедница

4.2.1 Вовед

Членови 91(2) и 163(2) од ЦЗЗ

Покрај постапките на заедничкиот транзит и внатрешните/надворешните постапки на транзит на Заедницата се применуваат и транзитните постапки опишани подолу. Наспроти заедничката транзитна постапка и постапката на транзит на Заедницата, ТИР постапката е изградена врз меѓународен систем на гаранции основан на синџир на национални гарантни здруженија (за информации за ТИР види пододдел 4.2.2).

Постапката со АТА карнетот е слична на постапката со ТИР карнет, но се ограничува на одредени видови стока (за информации за АТА карнетот види пододдел 4.2.3).

Постапката на Рајнскиот манифест се однесува на воден превоз преку реката Рајна и нејзините притоки за стока која нема статус на стока на Заедницата (за информации во однос на Рајнскиот манифест види пододдел 4.2.4).

Постапката за движење на НАТО се применува на стока која се превезува до силите на НАТО (за информации во однос на постапката за движење на НАТО види пододдел 4.2.5).

Постапката со поштенски пратки се применува на стока испратена по пошта (за информации во однос на постапката за поштенски пратки види пододдел 4.2.6).

4.2.2 ТИР (Transport Internationaux Routiers)

4.2.2.1 Историјат и законодавство

Членови 91 и 163 од ЦЗЗ

Главниот пропис со кој се регулира ТИР постапката е Конвенцијата за ТИР од 1975 г., подготвена под покровителство на Економската Комисија на Обединетите Нации за Европа (UN/ECE)[6]. Беше усвоена од страна на Европската Комисија во име на земјите членки согласно регулативата на ЕЗ 2112/78 од 25 јули 1978[7]година. Движењето на стоката со ТИР карнет во рамкте на Заедницата е предвидено со членовите 451-457б од УСЦЗЗ. ТИР Конвенцијата редовно се изменува.

На 1 јануари 2009 г., Конвенцијата броеше 64 договорни страни, меѓу кои и Европската Заедница и нејзините 27 земји членки, како и Швајцарија и Норвешка од земјите на ЕФТА. Меѓутоа, ТИР постапката е можна само во земјите

[6]Види погоре, фуснота 2.
[7]OJ L 252 од 14.9.1978 г, стр. 1.

коишто имаат овластени гарантни здруженија (52 земји на 1 јануари 2009 г.). Согласно законодавството на Заедницата, ТИР постапката може да се употребува само за транзитни движења коишто започнуваат или завршуваат надвор од Заедницата, или пак се извршуваат помеѓу две точки во Заедницата преку подрачје на некоја трета земја.

Во управувањето со ТИР Конвенцијата вклучени се бројни стрни. Административна комисија составена од сите договорни страни на Конвенцијата управува со нејзината примена. Најголем дел од работата на Административната комисија е поддржан и подготвен од страна на Работното тело на UN/ECE за царински прашања во однос на транспортот (WP30). Комисијата и Работното тело одржуваат редовни средби во Женева.

4.2.2.2 Опис на ТИР постапката

ТИР системот е изграден врз пет основни столба:

- стоката се превезува со одобрени возила или контејнери со царинска пломба;

- во текот на транспортот под ТИР, се одлага наплатата на царинските давачки и даноците за стоката и истите се осигуруваат по пат на ланец на меѓународно признати гаранции. Националното гарантно здружение од секоја земја гарантира плаќање на било кои царински и други давачки коишто можат да настанат во случај на појава на неправилност во текот на ТИР операцијата во таа земја. Секоја земја поставува сопствена граница на гаранцијата, но препорачаниот максимален износ што може да се побара од одредено национално здружение во случај на неправилност е 50.000 USD (за Заедницата: 60.000 EUR или противвредност на овој износ

во националната валута);

• стоката се придружува со меѓународно признаен документ, односно ТИР карнет, којшто претставува доказ за постоењето на гаранцијата и служи како царински контролен документ во земјите на поаѓање, транзит и одредиште. Меѓународната унија за патен транспорт (IRU) ги печати ТИР карнетите и им ги издава на националните гарантни здруженија. ТИР карнетот има важност само за еден ТИР превоз. Примената му започнува во земјата на поаѓање и служи како царински контролен документ во земјите на поаѓање, транзит и одредиште;

• царинските контролни мерки преземени во земјата на поаѓање се прифатени од страна на транзитните и одредишните земји. Оттука, како општо правило, стоката којашто се превезува со ТИР постапка во пломбирани возила или контејнери нема да се прегледува во транзитните испостави;

• Со цел контролирање на пристапот кон ТИР постапката, националните здруженија коишто сакаат да издаваат ТИР карнети и лицата коишто сакаат да употребуваат ТИР карнети мора да исполнуваат одредени минимални услови и барања и мора да бидат овластени од страна на надлежните органи (обично царината).

ТИР транспортот се состои од низа ТИР операции. Кај договорните страни, ТИР операцијата започнува во појдовната/влезната царинска испостава и завршува во одредишната или излезната царинска испостава.

За целите на оваа постапка, царинското подрачје на Заедницата се смета за едно единствено подрачје.

Важи условот дел од ТИР транспортот да се врши со патен сообраќај и возилото или контејнерот да ги носи на видливо место ТИР плочите во текот на ТИР превозот.

4.2.3 АТА (Привремен увоз)

4.2.3.1 Историјат и законодавство

Правните основи за оваа постапка се наоѓаат во Конвенцијата за АТА и Конвенцијата за привремен увоз, позната и како Истанбулска конвенција.

Конвенцијата за АТА склучена во 1961 г. сеуште е на сила и во моментов брои 61 договорна страна.

Истанбулската ковенција, којашто отпрвин требаше да ја замени Конвенцијата за АТА, беше склучена на 26 јуни 1990 г.во Истанбул, под покровителство на Советот за царинска соработка – сегашна Светска царинска организација (СЦО). Со неа управува Административна комисија и во моментов брои 34 договорни страни.

АТА карнетот како транзитен документ

Одредбите кои се однесуваат на употребата на АТА карнетот како транзитен документ во рамките на Заедницата се содржани во членовите 451 до 455 и 458 до 461 од УСЦЗЗ.

4.2.3.2 Опис на постапката

Член 451 од УСЦЗЗ

За целите на примената на АТА карнетот и согласно одредбите од членот 451, Заедницата се смета за едно единствено подрачје.

А. Во појдовната испостава

Појдовната испостава или испоставата на влез во Заедницата го одвојува транзитниот ваучер бр.1, ја пополнува рубриката „Ж“ (точки А-Г) и, за да го помогне враќањето на транзитниот ваучер бр. 2, во рубриката „Ж“, точка (Д) го внесува целосното име и адресата на испоставата до која треба да се врати ваучерот бр. 2.

Секогаш кога тоа е можно, оваа адреса треба да се внесе со помош на печат.

Исто така, ова испостава го пополнува и потврдува транзитното царинење (точки 1-7) на соодветниот транзитен талон пред да му го врати карнетот на имателот.

Б.Во одредишната испостава

Одредишната испостава или испоставата на излез од Заедницата, зависно од случајот, го одвојува транзитниот ваучер бр. 2, ја заверува рубриката „Ж“ (точка Ѓ), внесува забелешки, доколку ги има, во точка Е и без одлагање го испраќа до испоставата спомената во рубриката Ж (точка Д) од овој ваучер. Исто така, оваа испостава ја пополнува и потврдува потврдата за раздолжување на транзитниот талон (точки 1-6) пред да му го врати карнетот на имателот.

В.Испитна постапка

Сите испитни постапки коишто се однесуваат на АТА карнетите се изведуваат со повикување од списокот на централни канцеларии на земјите членки којшто редовно се објавува во серијата С на службениот весник.

Приказот даден во продолжение ја отсликува употребата на АТА карнетот како транзитен документ за движење на стока низ или во царинското подрачје на Заедницата во рамките на постапката за привремен увоз.

Карнетот е издаден во земја потписничка на Конвенцијата АТА



4.2.4. Рајнски манифест

4.2.4.1 Историјат и законодавство

Рајнскиот манифест како транзитен документ

Правните основи за оваа постапка се Манхајмската конвенција од 17 октомври 1868 г. и Протоколот усвоен од страна на Централната комисија за пловидба по Рајна на 22 октомври 1963 година. Одредбите од законодавството на Заедницата кои ја уредуваат примената на Рајнскиот манифест во својство на документ за транзит во Заедницата се членовите 91 (2) и 163 (2) од ЦЗЗ.

4.2.4.2 Опис на постапката

Постапката од Рајнскиот манифест овозможува сообраќај по реката Рајна и нејзините притоки за минување на националните граници со приложување на Рајнскиот манифест.

Манхајмската конвенција се однесува на следниве земји кои се

граничат со реката Рајна: Холандија, Белгија, Германија, Франција и Швајцарија, кои за целите на Конвенцијата се сметаат за едно единствено подрачје. Членот 9 од Конвенцијата вели дека доколку брод патува по реката Рајна без притоа да застанува за утовар или за истовар во некоја од наведените земји, тој може да продолжи со движење без царинска контрола. Постапката на Рајнскиот манифест е востановена за да се олесни движењето на стоката по реката Рајна и нејзините притоки. Онаму каде што е соодветно, може да се употребува во својство на документ за транзит на Заедницата.

4.2.5. НАТО движења

4.2.5.1 Историјат и законодавство

Правилата со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стока за силите на НАТО се содржани во Спогодбата помеѓу договорните страни на Северноатлантската алијанса за статусот на нивните сили, потпишана во Лондон на 19 јуни 1951 година. Документот којшто се применува за движењето на оваа стока е НАТО образецот 302. Одредбите на Заедницата коишто овозможуваат употреба на НАТО образецот 302 во својство на документ за транзит на Заедницата се наоѓаат во членот 91 од ЦЗЗ.

4.2.5.2 Опис на постапката

Организацијата на северноатлантската алијанса (НАТО) има 28 членки: Белгија, Бугарија, Данска, Естонија, Германија, Грција, Шпанија, Франција, Италија, Летонија, Литванија, Луксембург, Холандија, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Обединетото Кралство, Канада, Чешката Република, Унгарија, Исланд, Норвешка, Полска, Турција, Албанија, Хрватска и Соединетите Американски Држави.

Царинскиот орган од секоја од гореспоменатите земји, во договор со секоја единица на НАТО стационирана на нејзиното подрачје, назначува царинска испостава (или централна канцеларија) како одговорно тело за царинските формалности и контролите во однос на движењето на стока превезувана од страна на или во име на секоја единица на НАТО.

НАТО образец 302 во својство на транзитен документ

Секоја назначена царинска испостава во земјата членка на поаѓање, на НАТО единиците под нејзина контрола ќе им го достави образецот 302:

- претходно заверен со печат и потпис на службено лице од наведената испостава;
- со означен сериски број; и
- со целосна адреса на испоставата (заради враќање на листот за враќање од образецот 302).

Царинската испостава води евиденција за количината и сериските броеви на претходно заверените обрасци 302 коишто им ги издава на единиците на НАТО под нејзина надлежност.

Сите пратки се испраќаат под покритие на претходно заверен образец 302.

Најдоцна до времето на испраќање, надлежниот орган на НАТО треба да го пополни образецот 302 со потпишана и заверена изјава и датум на поаѓање, потврдувајќи дека презема одговорност за испраќањето.

Примерок од пополнетиот и потпишан образец 302 без

одлагање ѝ се дава на царинската испостава одговорна за

единицата на НАТО којашто ја испорачува или во чие име се испорачува стоката; преостанатите примероци ја придружуваат стоката.

Кога пратката пристигнува во одредишната единица на НАТО, примероците од образецот 302 коишто ја придружувале пратката, по нивниот прием, ќе бидат заверени со печат и потпис од надлежните НАТО органи.

Два примерока од образецот 302 коишто содржат потпис и

печат ќе ѝ бидат дадени на царинската испостава којашто е

одговорна за одредишната единица на НАТО или пак на испоставата којашто била назначена од страна на надлежните органи (централна канцеларија); царинската испостава задржува еден примерок за себе, а другиот примерок го заверува со печат и го враќа на зесегнатата царинска испостава во земјата членка на поаѓање (на адресата прикажана на образецот 302).

Меѓутоа, треба да се нагласи дека кога стоката се движи со образец 302 и целосно или делумно се транспортира со употреба на поедноставена постапка применлива на стока којашто се превезува по железница или со големи контејнери, операцијата којашто се извршува со образецот 302 се суспендира за времетраењето на делот на патувањето за кој се

употребува поедноставената постапка.

4.2.6. Поштенски пратки

4.2.6.1 Историјат и законодавство

Правната основа за оваа постапка е членот 91.2 од ЦЗЗ и членот 462а од УСЦЗЗ.

4.2.6.2 Опис на постапката

Кога стоката којашто нема стус на стока на Заедницата се пренесува по пошта (вклучително со поштенските пакети) од една до друга точка на царинското подрачје на Заедницата, пратката и сите придружни документи треба да бидат означени со жолта етикета.

Во случај кога нема жолта етикета или други докази за тоа дека стоката нема статус на стока на Заедницата, стоката ќе се смета дека е стока на Заедницата.

Доколку пратката содржи и стока со статус на стока на Заедницата и стока без таков статус, тогаш стоката на Заедницата ќе се покрие со декларација за стока со статус на стока на Заедницата (T2L). Документот за статусот на стоката може одделно да му се испрати на примателот за да се стави на увид на царинскиот орган, или пак да се содржи во пратката. Во вториов случај, на надворешниот дел на пакетот мора јасно да се означи дека пратката содржи документ со којшто се потврдува статусот на стоката. Документот T2L може дополнително да се издаде.

Член 237 од УСЦЗЗ

Жолтите етикети мора да се прикачат на надворешниот дел од пакетот и на образецот CN22 (испратница). Исто така, жолтата етикета мора да се прикачи и на царинската декларација за поштенски пратки CN22/CN23.

Кога стоката со статус на стока на Заедницата се превезува по пошта (вклучително со поштенски пакети) до или од нефискалните области на Заедницата, пратката и сите придружни документи ќе бидат означени со жолта етикета.

Гореопишаните постапки се однесуваат само на стока којашто се испраќа по пошта помеѓу две точки во царинското подрачје на Заедницата, но не и за стока којашто се испраќа по пошта до нејзиното конечно одредиште во земја на ЕФТА. Меѓутоа, стоката на Заедницата којашто се испраќа до овие земји за понатамошно испраќање до Европската Заедница треба да биде покриена со декларација за статусот на стока на Заедницата за ставање на увид во одредишната земја-членка.

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства *(резервирано)*

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

- 8.1 Правила и принципи кои го уредуваат усвојувањето на законодавството во однос на заедничкиот транзит и транзитот на Заедницата

Прилог 8.1

Правила и принципи кои го уредуваат усвојувањето на законодавството во однос на заедничкиот транзит и транзитот на Заедницата

1. Транзит на Заедницата

Правилата на Царинскиот законик на Заедницата (ЦЗЗ), кадешто се содржат основните правила за транзитот на Заедницата, се предмет на постапка на со-одлучување (член 251 од Договорот за ЕЗ). Со тоа на Парламентот му се дава моќ на усвојување на инструменти во содејство со Советот. Согласно постапката на со-одлучување, Советот одлучува со квалификувано мнозинство, освен кога усвојува измени за кои Комисијата се има негативно произнесено, во кој случај одлучувањето мора да биде едногласно. Парламентот одлучува со (апсолутно) мнозинство.

Согласно Договорот за ЕЗ, Комисијата е одговорна за спроведување на законодавството на ниво на Заедницата (член 202 од Договорот за ЕЗ). Во пракса, секој законодавен инструмент го утврдува опсегот на спроведувачката моќ на Комисијата и начинот на кој Комисијата ја применува таа моќ. Честопати, инструментот предвидува Комисијата да биде поддржана од страна на комитет, согласно постапката позната како „комитологија“ и уредена со одлуката на Советот 1999/468 од 28 јуни 1999 година.[8]

Одлуката на „комитологијата“ исто така обезбедува Парламентот да ја надгледува имплементацијата на законодавните инструменти усвоени по пат на постапка на со-одлучување (droit de regard). Може да усвои Резолуција со која се укажува на тоа дека предложените мерки од страна на Комисијата, или пак на Советот, кога тоа е применливо, ја надминуваат надлежноста предвидена во законодавството за кое важи постапката на со-одлучување (на пример ЦЗЗ). Во тој случај, Комисијата ќе ги преиспита предлог мерките и ќе одлучи дали да поднесе нови предлог мерки до соодветниот комитет, да продолжи со постапката или пак да поднесе предлог до Парламентот и до Советот врз основа на Договорот.

Во согласност со членот 247 и 247а од ЦЗЗ, за усвојување на мерките неопходни за спроведување на Законикот се применува постапка на регулаторниот комитет. Овие одредби за спроведување (УСЦЗЗ) се зададени во изменетата регулатива на Комисијата 2454/93 од 2 јули 1993 година. Комитетот за Царинскиот законик е регулаторниот комитет надлежен за царински работи и истиот е поделен на отсеци. Отсекот за царински статус и транзит при Комитетот за Царинскиот законик вообичаено се нарекува „Комитет за транзит“.

Согласно постапката на регулаторниот комитет, Комисијата може да усвои спроведувачки мерки само доколку за тоа добие одобрение од страна на квалификуваното мнозинство од земјите членки кои се состануваат во комитетот. Во недостиг на таква поддршка, или во случај на недонесување на никакво мислење, предложената мерка му се враќа назад на Советот којшто по однос на предлогот може

[8] Одлука на Советот од 28 јуни 1999 г. со која се пропишуваат постапките за извршување на спроведувачките надлежности доверени на Комисијата, OJ L 184 од 17.7.1999 година.

да одлучува со квалификувано мнозинство во рок од три месеци од денот на упатување мерката до Советот. Доколку Советот не се согласува со предлогот, Комисијата ќе го преиспита истиот. Но, Комисијата ќе ја усвои спроведувачката мерка доколку Советот ниту го усвои ниту се произнесе против предлогот.

Комитетот за транзит може да биде повикан да испита било какви прашања во однос на законодавството за транзит, во случај кога тоа не доведува до усвојување на мерки за спроведување (член 249 од ЦЗЗ).

Конечно, Комитетот за транзит делува како форум за координирање на гледиштата на Заедницата кои таа ќе ги застапува на состаноците на работната група за заеднички транзит на ЕЗ/ЕФТА.

2. Заеднички транзит

Со Конвенцијата за заеднички транзит од 20 мај 1987 година управува Мешовита комисија составена од претставници на договорните страни (Генерални дектори на царинските управи), коишто одлуките ги носат со консензус. Мешовитата комисија добива помош од работното тело на ЕЗ/ЕФТА со коешто претседава претставник од Европската Комисија. Мешовитата комисија дава препораки до договорните страни, кои одлучуваат едногласно, првенствено во однос на измените на Конвенцијата или усвојувањето на мерките за спроведување.[9] Исто така, доделени ѝ се овластувања за донесување на одредени мерки коишто немаат непосредено влијание на содржината на Конвенцијата (посебно во однос на измени на прилозите или прилагодувања на Конвенцијата кои произлегуваат од таквите измени, усвојувањето на преодни мерки во случај на прием на нови земји членки во Заедницата или пак покани кон трети земји за пристапување кон Конвенцијата)[10]. Пред да можат формално да постапуваат во рамките на Конвенцијата, земјите членки најпрвин треба да ги завршат нивните внатрешни процеси на одлучување.

3. Деловник

Деловниците на Комитетот за царинскиот законик и Мешовитата комисија/работната група се дадени подолу.

3.1 Комитет за царински законик

КОМИТЕТОТ ЗА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОНИК,

Имајќи ја предвид Регулативата на Советот (ЕЕЗ) бр. 2913/92 од 12 октомври 1992 година за востановување на Царинскиот законик на Заедницата[11], (во понатамошниот текст: „Царински законик на Заедницата“), а посебно членот 247а (1) и членот 248а (1).

Имајќи ја предвид Регулативата (ЕЗ) бр. 450/2008 од Европскиот Парламент и Советот од 23 април 2008 година со која се донесува Царинскиот законик на Заедницата (во

[9]Член 15(2) од Конвенцијата.
[10]Член 15(3) од Конвенцијата.
[11]OJL 302, 19.10.1992, стр. 1.

понатамошниот текст: Модернизиран царински законик)[12], а посебно членот 184(1),

Имајќи ја предвид Одлуката на Советот 1999/468/ЕСод 28 јуни 1999 г. со која се пропишуваат постапките за извршување на спроведувачките надлежности доверени на Комисијата[13], а посебно нејзиниот член 7(1),

ГО ПОДГОТВИ ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА НА дд/мм/гггг, ВРЗ ОСНОВА НА СТАНДАРДНИОТ ДЕЛОВНИК УСВОЕН ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА НА 31 ЈАНУАРИ 2001 ГОДИНА[14]:

Овој деловник на 1 март 2009 година ќе го замени деловникот усвоен од страна на Отсекот за општи царински правила при Комитетот за царинскиот законик на 3 декември 2001 година. (документ TAXUD/741/2001 конечно).

Член 1

Структура

1. Комитетот за царинскиот законик (во понатамошниот текст: „Комитетот“) се состои од следниве отсеци:

   - Општо царинско законодавство;- Тарифна и статистичка номенклатура;- Тарифни мерки;- Царински олеснувања;- Потекло;- Царинска вредност;- Царински долг и гаранции;- Увозни и извозни формалности[15]; - Интеграција и хармонизација на податоци;- Царински статус и транзит;- Посебни постапки[16];- Царинска контрола и управување со ризици;- Фалсификувана и пиратска стока.

2. За целите на овие правила и без да е во спротивност со одредбите од членот 6(2), подолу наведените повикувања на „Комитетот“ ќе се однесуваат на засегнатиот отсек.

Член 2

Свикување на состанок

[12]OJL 311, 12.12.2000, стр. 17.
[13] OJ C 184, 17.7.1999, стр. 23.
[14]OJC 38, 06.02.2001, стр. 3.
[15] (влез и излез на стока; општи правила за царинските постапки и декларации; пуштање во слободен промет и извоз)
[16] (освен транзит)

1. Состаноците на Комитетот ги свикува претседавачотпо сопствена иницијатива или на барање на просто мнозинство од членовите на Комитетот.

2. Може да се свикуваат мешовити состаноци на отсеците или состаноци со други комитети востановени за други области со цел да се разговара за прашања кои произлегуваат од нивните области на одговорност.

Член 3

Дневен ред

1. Претседавачот го составува дневниот ред и му го доставува на Комитетот.

2. Дневниот ред разликува помеѓу:

(а) предлог мерки за кои од Комитетот се бара да даде мислење, согласно регулаторната постапка предвидена во:

членот 184(2) од Модернизираниот царински законик/член 247а од Царинскиот законик на Заедницата.

(б) предлог мерки за кои од Комитетот се бара да даде мислење, согласно управувачката постапка предвидена во:

членот 184(3) од Модернизираниот царински законик/член 248а од Царинскиот законик на Заедницата,

членот 10 од Регулативата на Советот (ЕЕЗ) бр. 2658/87[17],

членот 3 од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 3050/95[18],

членот 3 (2) од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 1255/96[19],

членот 7 (2) од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 2505/96[20];

членот 10 од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 32/2000[21];

членот 6 (2) од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 747/2001[22] или слични одредби содржани во други регулативи со кои се пропишува управувањето со преференцијалните тарифни мерки,

членот 21 (2) од Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 1383/2003[23]

[17]OJL 256, 7.9.1987, стр. 1.
[18]OJ L 320, 30.12.1995, стр. 1.
[19]OJ L 158, 29.6.1996, стр. 1.
[20]OJ L 345, 31.12.1996, стр. 1.
[21]OJ L 5, 8.1.2000, стр. 1.
[22] OJ L 109, 19.4.2001, стр. 2.
[23] OJ L 196, 2.8.2003, стр. 7.

(в) предлог мерки за кои од Комитетот се бара да даде мислење, согласно регулаторната постапка поблиску уредена во:

членот 184 (4) од Модернизираниот царински законик,

членот 16 (2) од Одлуката на Европскиот Парламент и Советот бр. 70/2008/ЕС[24]

(г) предлог мерки за кои од Комитетот се бара да даде мислење, согласно советодавната постапка уредена со:

членот 7ѓ (5) од Регулативата (ЕЗ) бр. 2248/200125 или слични одредби од други регулативи со кои се утврдуваат постапки за примена на одредбите за преференцијална трговија или договори за привремено запирање на преференцијалите во случај на измами или неможност да се обезбеди административна поддршка потребна за утврдување на доказите за потекло.

(д) други прашања доставени до Комитетот заради информирање или едноставна размена на гледишта, било по иницијатива на Претседавачот или на писмено барање од член на Комитетот, или за разгледување согласно:

членот 185 од Модернизираниот царински законик/членот 249 од Царинскиот законик на Заедницата;

членот 8 од Регулативата (ЕЕЗ) бр.2658/87,

членот 7(3) од Регулативата (ЕЗ) бр.2505/96.

Член 4

Документација којашто се испраќа до или се става на располагање на членовите на Комитетот

1. Согласно членот 14(2), како општо правило, поканата за состанокот, дневниот ред и предлог мерките за кои се бара мислење од Комитетот, како и сите други работни документи, Претседавачот им ги испраќа или пак им ги става на располагање на постојаните претставници и на членовите на Комитетот, најдоцна четиринаесет дена пред денот на одржување на состанокот.

2. Во итни случаи и кога мерките кои треба да се усвојат бараат непосредна примена, Претседавачот може, на барање на член од Комитетот или по сопствена иницијатива, да го скуси периодот пропишан во ставот погоре на пет календарски денови пред денот на одржување на состанокот.

[24] OJ L 23,26.1.2008,стр.21.
[25] OJ L 1, 4.1.2003,стр. 26.

3. Во случаите од исклучителна итност, Претседавачот може да отстапи од периодите пропишани во ставовите 1 и 2 погоре. Доколку во текот на состанокот се побара внесување на дополнителна точка на дневниот ред, потребно е одобрување од просто мнозинство од членовите на Комитетот.

4. Првата реченица од ставот 2 или ставот 3 може посебно да се примени, во случај на потреба, во однос на документација којашто се однесува на:

   • Одлуки за ослободување, повраток или ненаплата на царински давачки коишто ги донесува Комисијата согласно одредбите за спроведување на Модернизираниот царински законик/Царинскиот законик на Заедницата;

   • Мерките за спроведување на Модернизираниот царински законик/Царинскиот законик на Заедницата коишто ја пропишуваат заедничката рамка за управување со ризик, заедничките критериуми и приоритетните полиња на контрола, како и информациите и анализите за ризици кои се разменуваат помеѓу царинските управи.

Член 5

Информирање на Европскиот Парламент

1. Со цел негово информирање, Комисијата до Европскиот Парламент ги испраќа дневниот ред и предлозите, доставени до Комитетот во врска со мерките за спроведување во врска со прописите усвоени согласно постапката пропишана во членот 251 од Договорот, во истата временска рамка и под истите услови коишто се применуваат за испраќањето на истите до или ставањето на располагање на постојаните претставници.

2. Комисијата ќе му ги испрати на Европскиот Парламент вкупните резултати од гласањата и листот за присутност наведен во членот 12 (2), во рок од 14 календарски денови од денот на секој состанок на Комитетот.

Член 6

Мислење на Комитетот

1. Кога советодавната постапка завршува со гласање, исходот од гласањето се добива со просто мнозинство од членовите на Комитетот.

   Кога мислењето на Комитетот се бара врз основа на управувачка, регулаторна или регулатарна постапка со надзор, тоа се одредува по пат на мнозински гласови согласно одредбите од членот 205 (2) и (4) од Договорот.

2. Комисијата го известува Отсекот за општо царинско законодавство или неговите членови за предлог мерките кои се однесуваат на спроведувањето на Модернизираниот царински законик/Царинскиот законик на Заедницата и за кои од Комитетот се бара да даде мислење согласно членот 184(2), (3) или (4) од Модернизираниот царински законик/членовите 247а или 248а од Царинскиот

законик на Заедницата, со цел тие да можат да бидат разгледани од страна на соодветните отсеци на Комитетот, како и за резултатите од разгледувањето и очекуваните датуми за примена на овие мерки.

За да се одржи целокупната структура и за да се обезбеди законска доследност на одредбите за спроведување на Модернизираниот царински законик/Царинскиот законик на Заедницата, гласањето во соодветните отсеци за предлог мерките наведени во под-ставот 1 може да се одржи само по претходна консултација на Отсекот за општо царинско законодавство за резултатите од разгледувањата изведени од страна на соодветните засегнати отсеци. Овие отсеци во предвид ќе ги имаат резултатите од претходната консултација.

Сепак, мислењето на Комитетот за предлог мерките коишто потпаѓаат под опсегот на два или повеќе отсеци од членот 1(1) му се дава на Отсекот за општо царинско законодавство. Во таков случај, гласањето во Отсекот за општо царинско законодавство може да се изведе само по завршувањето на подготвителните активности од страна на засегнатите отсеци и во предвид ќе ги зема резултатите од таквите подготвителни активности доколку со нив се задржува севкупната структура и се обезбедува законска доследност на одредбите за спроведување на Модернизираниот царински законик/Царинскиот законик на Заедницата .

3. Претседавачот може, на барање на член од Комитетот или по сопствена иницијатива, да го одложи гласањето по одредена точка од дневниот ред до завршувањето на состанокот или пак до одржување на наредeн состанок:

   - доколку во текот на состанокот се врши значајна промена на предлог мерката,

   - доколку текстот на предлог мерката му се поднесува на Комитетот во текот на состанокот,

   - доколку на дневниот ред му се додава нова точка, согласно членот 4(3).

   Доколку постојат посебни потешкотии, претседавачот може да го продолжи состанокот до следниот ден.

4. Доколку некој член на Комитетот побара, гласањето по одредено прашање може да се одложи ако документите коишто се однесуваат на одредена точка од дневниот ред да не биле испратени или да не биле ставени на располагање на членовите во временската рамка зададена во членот 4 (1) и (2).
   Сепак, на предлог на претседавачот или на барање на член на Комитетот, Комитетот може со просто мнозинство од членовите да одлучи, поради итноста на предметот, да ја задржи предметната точка од дневниот ред.

5. Доколку Комитетот се нема произнесено во временскиот рок зададен од страна на Претседавачот, вториов може да го продолжи овој период, освен во итни случаи, за период до завршувањето следниот состанок. Доколку е неопходно, може да се примени писмената постапка од членот 10 од овој Деловник.

6. Ставовите 3 и 4 не се применуваат во врска со мислењето на Комитетот коешто треба да се даде за случаите наведени во членот 4(4), доколку тоа доведува до спречување на навременото усвојување на предметните мерки.

Член 7

Застапување и кворум

1. Секоја делегација на одредена земја-членка се смета за еден член на Комитетот. Трошоците коишто ги признава Комисијата се ограничуваат на еден претставник по земја-членка по состанок. Овој претставник може, на трошок на таа земја-членка, да биде придружуван од други службени лица од управата или, со дозвола од Претседавачот, од други експерти согласно членот 9(1).

2. Делегацијата на земјата членка може, по потреба, да застапува не повеќе од една друга земја-членка. Постојаниот претставник на земјата членка којашто бива застапувана мора за тоа написмено да го извести Претседавачот.

3. Кворумот потребен за валидност на расправите по однос на предлог мерките, во смисла на членот 3(2)(а), (б), (в) и (г) е кворумот кој овозможува донесување на мислењето на мнозинството.

Член 8

Работни групи

1. Комитетот може да востанови работни групи за разгледување на посебни прашања. Со овие работни групи претседава претставник на Комисијата или на земја-членка.

2. Групите мора да му известуваат на Комитетот. За таа цел тие можат да назначат известувач.

Член 9

Прием на трети страни

1. Претседавачот може, на барање на член или пак по сопствена иницијатива. да одлучи да покани експерти за разговори на одредени теми.

2. Претставниците на трети земји и организации ќе бидат поканети да присуствуваат на состаноците на Комитетот во согласност со правилникот на Советот, договорот на Комисијата, одлуката на Пристапниот Совет или согласно друг основен инструмент којшто овозможува присуство на овие набљудувачи.

3. Експертите и претставниците на третите земји или организациите мора да се повлечат тогаш кога Комитетот започнува разговори од доверлива природа или пак пристапува кон гласање.

Член 10

Пишана постапка

1. Ако е потребно и оправдано, мислењето на Комитетот може да се добие и по пат на пишана постапка. За таа цел, Претседавачот на членовите на Комитетот ќе им ги испрати или ќе им ги стави на располагање предлог мерките за кои се бара нивно мислење, согласно членот 14(2). Доколку членот на Комитетот не го изразува своето несогласување или воздржаност пред рокот наведен во дописот, ќе се смета дека дава премолчана согласност за предлог мерката; периодот за одговор не смее да биде пократок од 14 календарски денови.

   Во итни или исклучително итни случаи, ќе се применуваат крајните рокови наведени во членот 4(2) и (3). Тие посебно ќе се применуваат, доколку е потребно, во случаите наведени во членот 4(4).

   Претседавачот ќе го информира Комитетот за резултатите од пишаната постапка.

2. Но доколку член на Комитетот побара предлог мерките да се разгледаат на состанок на Комитетот, пишаната постапка ќе биде заклучена без резултат; во таков случај Претседавачот ќе свика состанок на Комитетот во најбрз можен рок.

   Под-ставот 1 не се применува во однос на мислењето коешто го дава Комитетот во случаите од членот 4(4), доколку тоа доведува до спречување на навременото усвојување на предметните мерки.

Член 11

Секретарска поддршка

Комисијата ќе му обезбеди на Комитетот секретарска поддршка и, доколку е неопходно, и на работните групи востановени согласно членот 8 погоре.

Секоја размена на информации и документација за работата на Комитетот помеѓу Претседавачот и членовите на Комитетот ќе се врши, во најголема можна мера, по пат на техники на обработка на податоци.

Член 12

Записник и сумарен извештај од состанок

1. Записникот од секој состанок се изготвува под покровителство на Претседавачот. Записникот посебно ги содржи мислењата изразени во однос на предлог мерките наведени во членот 3(2) (а), (б), (в) и (г) погоре, и по потреба, мислењата изразени во однос на прашањата наведени во членот 3(2)(д). Текстот на мислењата се дава во посебен прилог. Записникот им се испраќа или пак им се става на располагање на членовите на Комитетот во рок од 15 работни дена.
   Доколку имаат коментари во врска со записникот, членовите на Комитетот ќе му ги испратат на Претседавачот во пишана форма во рок од 15 работни дена. Комитетот бива известен за тоа; доколку постојат несогласувања, Комитетот ќе расправа за предложените измени. Доколку несогласувањата и понатаму постојат, предложената измена ќе биде приложена кон записникот. Доколку никакви коментари не се испратат или не се стават на располагање во рок од 15 работни дена, ќе се смета дека записникот е усвоен.

2. Сумарниот извештај за Европскиот Парламент се изготвува под покровителство на Претседавачот. Овој извештај накратко ги опишува сите точки на дневниот ред и резултатите од гласањето за предлог мерките поднесени до Комитетот. Во него не се наведуваат поединечните ставови на земјите членки во рамките на расправите на Комитетот.

Член 13

Список за присуство

1. На секој состанок, Претседавачот ќе изготвува список за присуство во којшто се наведуваат органите или телата на кои припаѓаат лицата назначени за претставници од страна на земјите членки.

2. На почетокот на секој состанок, секој член на Комитетот чиешто учество во работата на Комитетот би претставувало судир на интереси во однос на одредена точка од дневниот ред мора за таквата состојба да го извести Претседавачот.
   Членовите на делегациите кои не припаѓаат на посебен орган или организација на земја-членка мора да потпишат изјава во која наведуваат дека нивното учество не доведува до настанување на судир на интереси.
   Во случај на таков судир на интереси, засегнатиот член мора, на барање на Претседавачот, да се повлече од учество во текот на решавањето на предметните точки од дневниот ред.

Член 14

Кореспонденција

1. Кореспонденцијата за Комитетот се адресира до Комисијата, на внимание на Претседавачот со Комитетот.

2. Кореспонденцијата упатена до членовите на Комитетот им се испраќа или пак им се става на располагање на постојаните претставништва; еден примерок му се испраќа или пак директно му се става на располагање на лицето кое за таа цел е назначено од страна на секоја земја-членка.

Член 15

Транспарентност

1. Принципите и условите за јавен пристап до документите на Комитетот се истите оние кои се дефинирани во Регулативта (ЕЗ) бр. 1049/2001 од Европскиот Парламент и Советот од 30 мај 2001година[26]. По барањата за пристап до овие документи одлучува Комисијата. Доколку барањето е упатено до земја-членка, таа земја-членка ќе го примени членот 5 од горенаведената Регулатива.

[26]OJ L 145, 31.05.2001, стр. 43.

2. Дискусиите на Комитетот се од доверлива природа.

_____

3.2 Мешовити комитети на ЕЗ-ЕФТА и работни групи за заеднички транзит и за поедноставување на формалностите при трговија со стока

Одредби на Мешовитите комитети на ЕЗ-ЕФТА (за заеднички транзит и за поедноставување на формалностите при трговија со стока) со востановување на сопствени деловници и работни тела

МЕШОВИТИОТ КОМИТЕТ ЗА заеднички транзит;

имајќи ја предвид Конвенцијата за заедничка транзитна постапка од 20 мај 1987 година, а посебно нејзиниот член 14(4) и (5),

и

МЕШОВИТИОТ КОМИТЕТ ЗА поедноставување на формалностите при трговијата со стока;

имајќи ја предвид Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока од 20 мај 1987 година, а посебно нејзиниот член 10(4) и (5),

ГИ ДОНЕСУВААТ СЛЕДНИВЕ ОДРЕДБИ:

Поглавје I

Мешовит комитет

Член 1

Со Мешовитиот комитет секоја календарска година наизменично претседава претставник од Европската Комисија и претставник од една од земјите на ЕФТА.

Член 2

Задачите на Секретаријатот на Мешовитиот комитетнаизменично ги изведуваат претставникот од Европската Комисија и претставникот од земјата на ЕФТАкој претседава со Мешовитиот комитет. Земјите на ЕФТА може да добиваат поддршка од страна на Секретаријатот на ЕФТА.

Член 3

Претседавачот со Мешовитиот комитет го одредува датумот и местото на состаноците откако ќе добие согласност од страните.

Член 4

Пред почетокот на секој состанок, Претседавачот ќе биде информиран за составот на секоја делегација.

Член 5

Состаноците на Мешовитиот комитет не се отворени за јавност, освен доколку се донесе поинаква одлука. Мешовитиот комитет може, зависно од предметите по кои одлучува, да покани други лица или организации кои се засегнати со тие предмети.

Член 5а

1. Доколку Мешовитиот комитет одлучи да покани трета земја да пристапи кон Конвенцијата, таа трета земја може во Мешовитиот комитет, под-комитетите и работните тела да биде претставувана од набљудувачи, во согласност со членот 15, став 6 од Конвенцијата.

2. Мешовитиот комитет може да покани други трети земји да бидат претставувани со набљудувачи во Мешовитиот комитет, под-комитетите и работните тела и пред датумот од 15, став 6 од Конвенцијата. Поканата, во пишана форма, ја подготвува Претседавачот и може да биде временски ограничена или ограничена на одредени групи или точки на дневниот ред. Поканата може да биде повлечена во кое било време.

Член 6

Одлуките и препораките на Мешовитиот комитет во врска со итни прашања може да се донесуваат по пат на пишана постапка.

Член 7

Согласно деловникот, целокупната кореспонденција помеѓу Претседавачот и договорните страни се упатува до договорните страни и до Секретаријатот на Мешовитиот комитет, како и до Секретаријатот на ЕФТА.

Член 8

1. Претседавачот подготвува провизорен дневен ред за секој состанок. Истиот им се испраќа на договорните страни најдоцна петнаесет дена пред почетокот на состанокот.

2. Провизорниот дневен ред содржи точки за кои Претседавачот има добиено барање за вклучување во дневниот ред најмалку дваесетиеден ден пред почетокот на состанокот, доколку документацијата е испратена најдоцна на денот на испраќање на тој дневен ред.

3. Мешовитиот комитет го усвојува дневниот ред на почетокот на состанокот. На дневниот ред може да му се додаде точка којашто не била наведена во провизорниот дневен ред.

4. За да се земат предвид барањата, Претседавачот може, во договор со договорните страни, да ги скрати периодите од став 1 и 2.

Член 9

Мешовитиот комитет востановен врз основа на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Мешовитиот комитет востановен врз основа на Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговијата со стока можат да одржуваат заеднички состаноци.

Член 10

1. Секретаријатот на Мешовитиот комитет изготвува сумарен извештај за секој одржан состанок. Тој извештај посебно ќе ги содржи заклучоците до кои дошол Мешовитиот комитет.

2. Откако ќе биде одобрен од страна на Мешовитиот комитет, сумарниот извештај ќе се потпише од страна на Претседавачот и Секретаријатот на Мешовитиот комитет и ќе се архивира во евиденцијата на Европската Комисија.

3. Примерок од сумарниот извештај се испраќа до договорните страни.

Член 11

Актите на Мешовитиот комитет ги потпишува Претседавачот.

Член 12

Препораките и одлуките на Мешовитиот комитет во смисла на членот 15 од Конвенцијата за заедничка транзитна постапка/ членот 11 од Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговијата со стока имаат наслов „Препорака“ или „Одлука“, по којшто следи сериски број и повикување на предметот на нивната содржина.

Член 13

1. Препораките и одлуките на Мешовитиот комитет во смисла на членот 15 од Конвенцијата за заедничка транзитна постапка/ членот 11 од Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговијата со стокасе делат на членови. Важи општото правило дека одлуките треба да содржат одредба со којашто се утврдува датумот на кој тие стапуваат на сила.

2. Препораките и одлуките наведени во првиот став завршуваат со зборовите „Склучено на ..... (датум)“, кадешто за датум се смета датумот на кој тие биле усвоени од соодветниот Мешовит комитет.

3. Препораките и одлуките наведени во првиот став им се препраќаат на примателите наведени во членот 7 погоре.

Член 14

Секоја од страните ги сноси сопствените трошоци што настануваат како резултат од нејзиното учество на состаноците на Мешовитиот комитет, како во однос на персонал, патување и дневни трошоци, така и во однос на поштенски и телекомуникациски трошоци.

Член 15

1. Трошоците за толкување во текот на состаноците и за превод на документите ги сноси Европската Комисија, доколку толкувањето или преведувањето се однесуваат на службените јазици на Европската Заедница.

2. Доколку земја на ЕФТА се служи со јазик којшто не е службен јазик во Европската Заедница, таа земја ќе ги поднесе трошоците за толкување или превод на некој од службените јазици на Европската Заедница.

3. Трошоците за материјалната организација на состаноците ги поднесува договорната страна којашто претседава со состанокот согласно членот 1.

Член 16

Без да е во спротивност со другите применливи одредби, работењето на Мешовитиот комитет е од доверлива природа.

Поглавје II

Работна група

Член 17

Работна група се востановува за поддршка на Мешовитиот комитет во извршувањето на неговите задачи и во неа се застапени сите договорни страни на Конвенцијата.

Член 18

Претседавањето и секретаријатот на работна група ги презема Европската Комисија.

Член 19

Членовите 3 до 5, 7 до 10 и 14 до 16 се применуваат *мутатис мутандис* на работната група.

3.3 Изјави забележани во записникот на Мешовитиот комитет

1. Прв состанок на Мешовитиот комитет на ЕЕЗ - ЕФТА, 21.1.1988

Во однос на задачите на Секретаријатот на Мешовитиот комитет,

земјите членки на ЕФТА изјавија дека ќе бидат помагани од страна на Секретаријатот на ЕФТА. Мешовитиот комитет го нотира тоа.

Применувајќи го членот 5 од деловникот[27], Мешовитиот комитет се согласува на неговите состаноци да го кани Секретаријатот на ЕФТА.

Без да е во спротивност со одредбите од членот 7 и 10 (3) од деловникот, на барање на земјите на ЕФТА, кореспонденцијата од Претседавачот и договорните страни ќе се испраќа до Секретаријатот на ЕФТА.

Во врска со членот 15 (3) од деловникот, трошоците за состаноците организирани од страна на земјите на ЕФТА ги сносат тие земји.

[27] Документ XXI/1303/87

ДЕЛ II – СТАТУС НА СТОКАТА

1. Вовед

Дел II се задржува на концептот на статус на стока, на тоа како и кога се јавува потреба за докажување на статусот на стока на Заедницата и влијанието на статусот врз системот за транзит.

Пододдел 2 содржи општа теорија и законодавство во врска со статусот на стоката.

Пододдел 3 се задржува на докажувањето на статусот на стока на Заедницата.

Пододдел 4 ги опишува средствата со кои може да се докаже статусот стоката како стока на Заедницата.

Пододдел 5 дава детали за докажувањето на статусот на стока на Заедницата за морските риболовни производи.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални упатства.

Пододдел 7 е резервиран за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги содржи прилозите кон Дел II.

2. Општа теорија и законодавство

Член 4 (6) од ЦЗЗ
Стока на Заедницата

Член 2 од Конвенцијата

Член 4, точка 7 од ЦЗЗ

Статусот стока на Заедницата го има стоката којашто е:

- целосно добиена на царинското подрачје на Заедницата; или
- увезена од земја или подрачје коешто не е составен дел на царинското подрачје на Заедницата и којае ставена во слободен промет; или
- добиена или произведена на царинското подрачје на Заедницата од стока увезена од земја или подрачје коешто не е составен дел на царинското подрачје на Заедницата и којае ставена во слободен промет, или од комбинација од таква стока и стока целосно добиена на царинското подрачје на Заедницата.

Стока којашто нема статус на стока на Заедницата

Член 4,став 8 од ЦЗЗ

За стока без статус на стока на Заедницата се смета стоката којашто:

- не е целосно добиена на царинското подрачје на Заедницата; или
- е увезена од земја или подрачје коешто не е составен дел на царинското подрачје на Заедницата и којашто не е ставена во слободен промет;

Која транзитна постапка*?*

Доколку стоката се декларира за транзит, со горенаведената разлика во статусот на стоката се одредува дали стоката ќе се стави во постапка Т1, Т2 или Т2F.

3. Доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата

Член 313 (1) од УСЦЗЗ

Општо земено, за сета стока во рамките на царинското подрачје на Заедницата се смета дека има статус на стока на Заедницата, освен доколку се утврди дека нема статус на стока на Заедницата.

И покрај ова општо правило, сепак постојат околности во кои мора да се докаже статусот на стоката како стока на Заедницата.

Член 313(2) од УСЦЗЗ

Тие околности се следниве:

- кога стоката со статус на стока на Заедницатакојаштого напуштила царинското подрачје на Заедницата повторно се внесува на царинското подрачје на Заедницата.

Но: доказот за статус на стока на Заедницата не е потребен доколку:

(1) стоката со статус на стока на Заедницатасе превезува по воздушен пат и стоката е натоварена или претоварена на аеродром на царинското подрачје на Заедницата за испорака во друг аеродром на царинското подрачје на Заедницата и се превезува со еден единствен транспортен документ изготвен во земја-членка; или

(2) стоката со статус на стока на Заедницатасе превезува помеѓу пристаништа во царинското подрачје на Заедницата на овластен редовен бродски превоз (исто така види пододдел 3.1).

- ако стоката со статус на стока на Заедницата се наоѓа во склад за привремено складирање или во слободна зона од контролен вид I или во слободен склад
- ако стоката со статус на стока на Заедницатае ставена во постапка на одложено плаќање или во слободна зона од контролен вид II.

Член 2(2) Додаток II кон Конвенцијата

Забелешка:Стоката со статус на стока на Заедницата чијшто статус не може да се докаже, доколку е потребно, ќе се смета за стока без статус на стока на Заедницата.

Член 314(3) од УСЦЗЗ

Забелешка:Документите или правилата за статусот не може да се употребуваат за стока за која се извршени извозни формалности или која е ставена во постапка на увоз за облагородување (дробек систем).

3.1. Редовен превоз

3.1.1. Дефиниција

Член 313а од УСЦЗЗ

Редовниот бродски превоз е редовен превоз на стока со пловила коишто сообраќаат само помеѓу пристаништа кои се наоѓаат на царинското подрачје на Заедницата и не може да доаѓаат од, да се упатуваат кон или да застануваат на точки коишто се наоѓаат надвор од ова подрачје или во слободна зона од контролен вид I на пристаниште во ова подрачје (т.е. контроли кои првенствено се основаат на постоење на ограда).

Овој концепт на редовен превоз не смее да се помешува со терминот “редовен превоз“ којшто се употребува од страна на поморските превозници.

3.1.2. Постапка за одобрување на редовен превоз

Член 313б од УСЦЗЗ

Одобрението се издава само на бродски компании кои:

- се регистрирани во царинското подрачје на Заедницата и чија евиденција ќе биде достапна на надлежните царински органи;
- на задоволителен начин им докажуваат на царинските органи дека извршуваат редовен превоз;
- немаат сторено сериозни или повторени прекршоци во врска со изведувањето на редовниот бродски превоз;
- гарантираат дека на рутите за кои се бара одобрението нема да застануваат на ниту едно пристаниште во трета земја ниту во слободна зона од контролен вид I на пристаниште во царинското подрачје на Заедницата, како и тоа дека нема да се врши претовар надвор од територијалните води; и дека
- потврдата за одобрението ќе се чува на бродот и ќе се става на увид на барање од надлежните царински органи.

Барањето за редовен превоз се поднесува до царинските органи на земјата членка во која е регистрирана бродската компанија која сака да врши таков превоз.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Барањето треба да ги содржи следниве детали:

- името на барателот;
- предметните пристаништа во Заедницата (освен слободните зони од контролен вид I);
- имињата на бродовите назначени за редовен превоз;
- опис на активности (обем на сообраќај, распоред на бродските линии, потребно време за извршување на работата на бродот, итн.) и, доколку е потребно,
- имињата на имателите на делумен закуп.

Откако ќе го прегледаат барањето, царинските органи од земјата членка, во којашто е регистрирана бродската компанија, ќе испратат примерок до централната управа од другите засегнати земји членки кои бараат нивно одобрение. Другите управи го потврдуваат приемот на барањето и нивното одобрение или одбивање треба да го дадат во рок од шеесет дена од приемот. Во случај консултираната земја-членка да се произнесе негативно по барањето, таа мора да го наведе основот и соодветните законски одредби во однос на стореният прекршок. Органите од земјата членка во која е поднесено барањето нема да издадат одобрение и ќе ги наведат причините за одбивањето. Доколку во рок од шеесет дена од приемот на барањето не се добие никаков одговор, царинските органи ќе ѝ издадат одобрение на засегната превозна компанија.

ЦАРИНА

Сета кореспонденција со други царински управи во однос на редовниот бродски превоз се испраќа по пошта, а еден примерок се испраќа по факс или електронска пошта.

Прилог 8.5 содржи список на органи надлежни за постапката за одобрување и за други известувањашто се однесуваат на редовниот бродски превоз.

Потврдата за одобрениот редовен бродски превоз се издава во еден или повеќе примероци.

Секогаш кога бродската компанија сака да додаде или промени пловила коишто изведуваат редовен превоз мора да ги извести надлежните царински органи за имињата на пловилата кои се наменети за превоз. Надлежните царински органи соодветно ќе ја изменат потврдата за одобрениот редовен бродски превоз и за измените ќе ги известат управите од останатите засегнати земји-членки.

ЦАРИНА Одобрение => издавање на потврда за редовен бродски превоз. Доколку е потребно, внесете го името на делумниот закупец / имињата на делумните закупци во рубриката 4 („Други информации“) од потврдата за редовен бродски превоз, за секое пловило.

1 Барањето ќе се смета за примено на петтиот ден по датумот на испраќање.

3.1.3. Договори за делумен закуп

Во случај на договор за делумен закуп, барањето за одобрување на редовен превоз го поднесува лицето (закуподавецот или закупецот) или неговиот застапник, дефинирајќи го редовниот превоз, т.е. утврдувајќи го/ги пловилото/ата за редовен превоз и наведувајќи го пристаништето на застанување. Надлежните органи можат да побараат информации кои им се потребни за обработка на барањето.

Примерите за договори за закуп на брод, вклучително со подзакупување и делумно закупување се дадени во прилог 8.1.

3.1.4. Редовен или слободен превоз

Доколку бродската компанија изведува редовен превоз, нема потреба за докажување на статусот на стока на Заедницата за стоката која се превезува на одобреното пловило.

ЗАБЕЛЕШКА: стоката којашто нема статус на стока на Заедницата, а во одредени случаи и стоката со статус на стока на Заедницата, превезувана на одобреното пловило мора да биде ставена во (стандардна или поедноставена) транзитна постапка Т1 или Т2F (TF). За повеќе детали види Дел IV, Vи VI.

Статусот на стоката како стока на Заедницата мора да се докажува секогаш кога бродската компанија не изведува редовен превоз.

Пример 1

Њујорк/Ле Авр за слободен превоз

За сета оваа стокасе смета дека нема статус на стока на Заедницата при пристигнувањето на пристаништето во Ле Авр.

- За стоката со статус на стока на Заедницата (освен онаа стокашто подлежи на акцизни давачки) натоварена во Ле Авр: се употребува документот T2L или, по барање на бродската компанија, манифест означен со шифрата „C"
- За стоката со статус на стока на Заедницата што подлежи на акцизни давачки натоварена во Ле Авр: се обезбедува акцизен придружен документ (АПД).

Пример 2

Ле Авр/Поинт а Питр за слободен превоз

За сета оваа стока, при пристигнувањето во Поинт а Питр, се смета дека нема статус на стока на Заедницата.

- За стоката со статус на стока на Заедницата:се употребува документот T2LFили, по барање на бродската компанија, манифест означен со шифрата „F"

Пример 3

Ценова / Марсеј за слободен превоз

За сета оваа стока, при пристигнувањето во Марсеј, се смета дека нема статус на стока на Заедницата.

- За стоката со статус на стока на Заедницата (освен онаа стока што подлежи на акцизни давачки) натоварена во Џенова: се употребува документот T2L или, по барање на бродската компанија, манифест означен со шифрата „C"
- За стоката со статус на стока на Заедницата што подлежи на акцизни давачки натоварена во Џенова: се обезбедува акцизен придружен документ (АПД).

Пример 4

Њујорк/Ле Авр/Антверпен за слободен превоз

При пристигнувањето на пловилото во Ле Авр, за сета стока се смета дека нема статус на стока на Заедницата

Дел од стоката се истоварува во Ле Авр, а остатокот и понатаму се наоѓа на бродот.

Постојат две можности:

- Стоката да се превезува до Антверпен по патен сообраќај: се употребува транзитна декларација T1 за друмскиот превоз и се обезбедува гаранција;
- Неистоварената стока по морски пат се превезува до Антверпен: не е потребна постапка на транзит на Заедницата.По пристигнувањето во Анверпен, сета стока ќе се смета за стока без статус на Заедницата, освен доколку се стави на увид доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата.

Пример 5

Извоз на земјоделски производи при што се бара поврат

Ле Авр/Антверпен/Њујорк за слободен превоз

Извозните формалности се завршуваат во Ле Авр и стоката се

наоѓа на пловило со единствен договор за превоз кон трета земја и се превезува до Антверпен, кадешто се натоварува на друго пловило кое патува за земја која не е членка на ЕУ.

Бидејќи оваа стока се превезува во повремен превоз, се смета дека нема статус на стока на Заедницата.

Повpат на извозни давачки:
* Документот Т5 којшто се употребува за докажување дека стоката ја има напуштено Заедницата (согласно одредбите од член 4 од Регулативата 3665/87) се заверува во Ле Авр.

4. Доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата

Доколку е неопходно докажување на статусот на стоката како стока на Заедницата, ќе се употребува еден од следниве документи или правила, под услов стоката:

(i) да е донесена од друга земја-членка без минување низ подрачјето на трета земја; или

(ii) да е донесена од друга земја-членка со минување низ подрачјето на трета земјаи да е превезувана под единствен транспортен документ издаден во земја-членка; или

(iii) во трета земја да е претоварена на превозно средство коешто е различно од превозното средство на кое била првично натоварена и да е издаден нов транспортен документ. Новиот документ мора да биде придружуван од копија од оригиналниот документ којшто го опфаќа превозот од појдовната земја-членка до одредишната земја-членка.

Доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата

Членови 5, 9,10,11,12, Додаток II, Конвенција

Член 314в (1) од УСЦЗЗ

- T2L (лист бр. 4 од единствениот царински документ, за повеќе детали види Дел IV, Поглавје 3, пододдел 3.2.1.);
- T2LF (лист бр. 4 од ЕЦД, за стока превезувана до, од или помеѓу нефискални области, за повеќе детали види Дел IV, Поглавје 5, пододдел 4);
- Исправно пополнета фактура или транспортен документ, кадешто може да се содржи исклучиво стока со статус на стока на Заедницата, со назначување на соодветната шифра „T2L“ или „T2LF”;
- Во слободен превоз: манифест од бродската компанија, со приказ на сите ознаки за стоката (види пододдел 4.2 за детали)
- Манифест на бродската или авионската компанија, во случај на употреба на поедноставени транзитни постапки (ниво 2) со назначување на шифрата „C“за стоката со статус на стока на Заедницата;
- Лист од ТИР или АТА карнет кадешто се прикажува симболот „T2L“ или „T2LF“, како што е соодветно, и којшто е заверен од страна на појдовната испостава;

Член319 од УСЦЗЗ

- Регистерски таблички и сообраќајни дозволи за моторни возила регистрирани во земја-членка (за повеќе детали види Прилог 8.3);
- Бројчана шифра и ознака за сопственост(препознатливи букви) прикажани на вагоните со стока за вагоните коишто се сопственост на железничко претпријатие од земја-членка (за повеќе детали види Прилог 8.4);
- Декларација за статусот на стока на Заедницата за пакувања, садови, пакети, палети и друга слична опрема, но не контејнери, вратени празни од други земји членки, освен во случај на сомнеж;
- Доволна е декларација за статус на стока на Заедницата за патнички багаж (стока којашто не е наменета за комерцијална употреба), освен во случај на сомнеж;

- Акцизен придружен документ (АПД), утврден со Регулативата (ЕЕЗ) бр. 2719/92, со кој се опфаќа движењето во слободен промет помеѓу две точки во Заедницата на акцизна стока;
- Документот Т2М за производи од морскиот риболов и за стока добиена од такви производи уловени од страна на пловила на Заедницата во води коишто не се територијалните води на земја или подрачје кое се наоѓа надвор од царинското подрачје на Заедницата;
- Претпоставен статус на стока на Заедницата за поштенски пратки, (меѓу кои и пакетна пошта) превезувани помеѓу две точки во рамките на подрачјето на Заедницата. Но доколку ваквите пакети се превезуваат од/кон нефискалните области, на пакетите и на придружните документи мора да се прикачи посебна етикета;
- Документ со кој се потврдува статусот на стока на Заедницатаза онаа стока на Заедницата којашто се наоѓа во слободна зона од контролен тип I или склад;
- Контролен лист Т5 (се употребува доколку извозот од Заедницата е забранет или пак е предмет на ограничувања, извозни или други давачки)

Внимание: контролниот лист Т5 којшто се употребува за извоз на стока при што се остварува право на поврат, не може да се прифати како доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата.

Забелешка1. Пакување коешто нема статус на Заедницата

За стоката со статус на стока на Заедницата којашто се наоѓа во пакување коешто нема статус на Заедницата, документот којшто го потврдува статусот на стоката како стока на Заедницата е обележан со една од следниве белешки:

BG опаковка N

CS obal N

DA N-emballager

DE N-Umschließungen

EE N-pakendamine

EL Συσκευασία N

ES envases N

FR emballages N

IT imballaggi N

LV N iepakojums

LT N pakuoté

HU N csomagolás

MT ippakkjar N

NL N-verpakkingen

PL opakowania N

PT embalagens N

RO ambalaj N

SI N embalaža

SK N - obal

FI N-pakkaus

SV N förpackning.

EN N packaging

Член 314в(3) од УСЦЗЗ

Забелешка 2. Ретроактивно издавање

Кога се исполнети условите за издавање на документите со кои се докажува статусот на стоката како стока на Заедницата, тие документи може ретроактивно да се издаваат. Во тој случај, тие документи ќе содржат еден од следниве изрази, во црвена боја:

BG	Издаден впоследствие
CS	Vystaveno dodatečně
DA	Udstedt efterfølgende
DE	Nachträglich ausgestellt
EE	Välja antud tagasiulatuvalt
EL	Εκδοθέν εκ των υστέρων
ES	Expedido a posteriori
FR	Délivré *a posteriori*
IT	Rilasciato a posteriori
LV	Izsniegts retrospektīvi
LT	Retrospektyvusis išdavimas
HU	Kiadva visszamenőleges hatállyal
MT	Maħruġ b'mod retrospettiv
NL	Achteraf afgegeven
PL	Wystawione retrospektywnie
PT	Emitido a posteriori
RO	Eliberat ulterior
SI	Izdano naknadno
SK	Vyhotovené dodatočne
FI	Annettu jälkikäteen
SV	Utfärdat i efterhand
EN	Issued retroactively
IS	Útgefið eftir á
NO	Utstedt i etterhånd

4.1 Доказ од овластен испраќач за статусот на стока на Заедницата

Член 324г од УСЦЗЗ

Царинските органи можат да му одобрат на лице, кое понатаму ќе се именува како „овластен испраќач“ да употребува T2L, T2LF документи, комерцијални документи и превозни манифести во својство на документи за статусот на стоката, без да мора да ги поднесува до надлежната испостава за заверка. Во одобрението, царината одредува дали ЕЦД може да биде заверено од страна на овластениот

испраќач, или однапред заверено од страна на царината.

Во случај на претходно заверување од страна на царината, потписот на службеното лице од испоставата одговорна за претходно заверување не мора да биде своерачен и печатот од таа испостава може да биде претходно отпечатен доколку претходната заверка се врши централно од страна на единствен царински орган.

Во случај кога овластениот испраќач самостојно ја врши заверката, тој употребува посебен печат и отпечатокот од печатот го внесува во рубриката B од ЕЦД. Ставот 3.5.3.1 дава повеќе информации по ова прашање. Со цел примена на членот 324в (1)(б) од УСЦЗЗ, претходното испечатување на отпечатокот од посебниот печат се одобрува од страна на надлежните органи од земјата во која е регистриран овластениот испраќач, а не од страна на надлежните органи во кои е регистрирана печатницата. На овластениот испраќач може да му се одобри да не ги потпишува документите доколку тие се изготвуваат по пат на интегриран електронски систем или систем за автоматска обработка на податоци.

Документите T2L, T2LF или комерцијалните документи наместо потписот од овластениот испраќач ќе содржат една од следниве напомени:

BG	Освободен от подпис
CS	Podpis se nevyžaduje
DA	Fritaget for underskrift
DE	Freistellung von der Unterschriftsleistung
EE	Allkirjanõudest loobutud
EL	Δεν απαιτείται υπογραφή
ES	Dispensa de firma
FR	Dispense de signature

IT	Dispensa dalla firma
LV	Derīgs bez paraksta
LT	Leista nepasirašyti
HU	Aláírás alól mentesítve
MT	Firma mhux meħtieġa
NL	Van ondertekening vrijgesteld
PL	Zwolniony ze składania podpisu
PT	Dispensada a assinatura
RO	Dispensă de semnătură
SI	Opustitev podpisa
SK	Oslobodenie od podpisu
FI	Vapautettu allekirjoituksesta
SV	Befrielse från underskrift
EN	Signature waived
IS	Undanþegið undirskrift
NO	Fritatt for underskrift

4.2. Доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата и бродски манифест

Манифестот на бродската компанија (во слободен бродски превоз) ги содржи следниве информации:

- името и целосната адреса на бродската компанија;
- името на пловилото;
- местото и датумот на утовар;
- местото на истовар;

За секоја пратка:

- повикување на товарниот лист или друг комерцијален документ;

- број, опис, обележја и референтни броеви на пратките;
- вообичаениот трговски опис на стоката заедно со доволно поединости со кои се овозможува идентификација на стоката;
- бруто тежина во килограми;
- идентификациски број на контејнер, доколку е потребно;
- следниве внесови за статусот на стоката, како што е соодветно:

- буквата‘C’ (со иста вредност како T2L) за стока со статус на стока на Заедницата,
- буквата‘F’ (со иста вредност какоT2LF) за стока со статус на стока на Заедницата, испратена кон или од дел од царинското подрачје на Заедницата во кој не важат одредбите од Директивата 2006/112/ЕС, т.е. од нефискалните области;
- буквата ‘N’ за сета останата стока.

Надлежната испоставаго заверува исправно пополнетиот и потпишан манифест по барање на бродската компанија. Заверката на <u>манифестот на бродската компанија</u> од страна на надлежната испостава го содржи следново:

- името и печатот од надлежната испостава;
- потписот од службеното лице од таа испостава;
- датумот на заверка

Доколку манифестот на бродската компанија се употребува за докажување на статусот на стоката како стока на Заедницата, царинските органи може да ѝ одобрат на бродската компанија да подготвува такви манифести најдоцна на денот по испловувањето на пловилото, но пред неговото пристигнување во одредишното пристаниште. Ова одобрение е предмет на одредени услови (види Прилог 8.2).

4.3. Доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата во случај на претовар

<u>Стока на заедницата:</u>

Доколку стоката со статус на стока на Заедницата бива

превезувана од страна на бродска компанија овластена согласно членот 448 од УСЦЗЗ, таа стока на манифестот се означува со шифрата „C".

Но стоката може да го изгуби тој статус доколку истата подоцна во пристаниште во Заедницата се претовари на пловило кое не извршува редовен превоз. Ова претставува проблем во конечното одредишно пристаниште во Заедницата (раздолжување). Тој проблем може да се претстави со помош на дијаграми на следниот начин:

САУТЕМПТОН

Стоката со статус на стока на Заедницата е натоварена: Шифра „C“

→

Брод А (редовен превоз)

→

МАРСЕЈ

претовар

→

Брод Б (слободен превоз)

→

ТАРАНТО

потребен е доказ за стутсот на стоката

Во ваквите случаи, доказот за статус потребен на конечното одредишно пристаниште во Заедницата (раздолжување), т.е. Таранто, ќе биде T2L, издаден и заверен од страна на надлежните органи, најдоцна во пристаништето на претовар, т.е Марсеј.

За ваквите случаи се препорачува доказот за статус да ја придружува стоката од почетокот на транспортната операција (пловило А). Наместо тоа, бараниот доказ може да се прикаже со бродскиот манифест (види пододдел 4.2.).

4.4. Доказ за статусот на стока на Заедницата и фактура или транспортен документ

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Фактурата или транспортниот документ ги содржат најмалку следниве информации:

- целосното име и адреса на испраќачот или на засегнатото лице во случај кога тоа лице не е испраќачот;
- број и вид, обележја и референтни броеви на колетите;
- опис на стоката;
- бруто тежина во килограми;
- броеви на контејнерите, доколку е соодветно;
- Знакот T2L или T2LF, доколку е соодветно;
- Своерачен потпис на засегнатото лице

Забелешка: Фактурата или транспортниот документ мора да се однесуваат само на стока со статус на стока на Заедницата. На барање на засегнатото лице, фактуратаили транспортниот документ, правилно пополнети и потпишани од страна на тоа лице, се заверуваат од страна на надлежната испостава.

Само во Заедницата: доколку вкупната вредност на стоката на Заедницата опфетена со фактурата или транспортниот документ не надминува 10000 EUR, нема да биде потребно заверување од страна на надлежната испостава. Сепак, покрај горенаведените детали, на фактурата или транспортниот документ мора да се прикаже името и адресата на надлежната испостава.

Доказ за статусот на стока на Заедницата и употреба на ТИР или АТА карнет:
Доколку стоката којашто се транспортира под ТИР или АТА карнет е стока со статус на стока на Заедницата, декларантот мора јасно да го внесе знакот „T2L“ или „T2LF“ на местото предвидено за опис на стока, заедно со неговиот потпис, на сите соодветни ваучери од карнетот и карнетот да го поднесе за заверка до појдовната испостава.
Доколку со ТИР или АТА карнетот се опфаќа стока со статус на стока на Заедницата, но и стока без таков статус, тогаш овие две категории на стока ќе

бидат одделно прикажани, а знаците „T2L“ или „T2LF“ ќе бидат ставенина таков начин што јасно ќе укажува на тоа дека станува збор за стока на заедницата.

ЦАРИНА

Заверката на фактурата или транспортниот документод страна на надлежната испостава го содржи следново:

- името и печатот од надлежната испостава;
- потписот на службеното лице од таа испостава;
- датумот на заверка;
- или регистерскиот број или бројот од појдовната декларација, доколку таква декларација е потребна;

Доколку за докажување на статусот на стоката како стока на Заедницата до појдовната испостава за заверка се поднесува ТИР или АТА карнет, треба да се води сметка стоката со статус на Заедницата да биде прикажана одделно од другата стока и знаците „T2L“ или „T2LF“ да бидат ставенина начин на кој јасно се укажува на тоа дека станува збор за стока на Заедницата. Знакот „T2L“ или „T2LF“, соодветно, се заверува со печат од страна на појдовната испостава заедно со потпис од надлежното службено лице.

4.5 T2L

Не постои временски рок за подготовка на документот T2L.

Замена — Документот T2L може да биде заменет со еден или повеќе нови документи, доколку така налагаат околностите.

Дополнителни примероци — Во случај на потреба од три примерока, тие може да се обезбедат во вид на еден оригинал и две фотокопии, при што фотокопиите се обележуваат со „копија“.

Ретроактивно — Документот T2L може да се издаде ретроактивно, освен

издавање на T2L

доколку законите изричито забрануваат издавање на таков документ. Документот се издава ретроактивно доколку за тоа постои оправданост и откако ќе се изведе внимателно испитување на исполнувањето на сите потребни услови за негово издавање.

Сепак, ретроактивно издадените документи T2L се прифаќаат од страна на царината без тоа да е во спротивност со примената на ретроактивните контролни постапки или било кои други постапки на заемна помош, посебно во случај на сомнежи за измами или неправилности, согласно одредбите од членот 341а од УСЦЗЗ (Член 21 од Додаток II од Конвенцијата).

Ретроактивно издадените документи T2L се обележани со соодветниот израз согласно Забелешката 2 од пододдел 4 „Доказ за статусот на стока на Заедницата“ од Дел II.

Погрешно изготвена T1 декларација

Документот T2L може да се издаде ретроактивно за стока за која декларацијата T1 била погрешно изработена.

Во такот случај, документот T2L мора да содржи повикување на предметната T1 декларација.

Претходно испечатени потписи

Потписот од службеното лице од испоставата одговорна за претходна заверка не мора да биде своерачен и печатот од таа испостава може да биде претходно испечатен доколку со заверувањето управува еден, централен царински орган.

Во однос на барањата сврзани со образецот за документите T2L се применуваат одредбите од Дел IV, Поглавје 1, пододдел 3.2.1 „Облик и пополнување на транзитна декларација“.

Документот T2L не мора да се обновува доколку станува збор за стока со статус на стока на Заедницата којашто влегла во ЕФТА и којашто треба да се реизвезе со постапка различна од постапката за заеднички транзит, и доколку стоката не била складиштена пред повторното испраќање. За докажување на тоа дека стоката била под постојан надзор на царинските органи, надлежната царинска испостава од земјата на ЕФТА става печат на горниот преден дел од документот и го внесува датумот на повторниот извоз.

5. Доказ за стусот на стока на Заедницата за производи од морски риболов и останати производи извадени од море со брод

Член 325, став 2 од УСЦЗЗ

Образецот T2M мора да се стави на увид за да се докаже статусот на Заедницата:

- за производи од морски риболов уловени од страна на риболовни пловила на Заедницата[28], во води коишто не се територијалните води на земја или подрачје надвор од царинското подрачје на Заедницата; и,

- за стока добиена од такви производи на риболовни пловила на Заедницата или на бродови-фабрики[29], за чие производство можеби се употребени други производи коишто имаат статус на стока на Заедницата.

Забелешка: Доказот за статусот на стока на Заедницата се обезбедува со дневникот на настани или други средства со

[28] „Риболовно пловило на Заедницата“ значи пловило коешто е наведено и регистрирано во дел од подрачје од земја членка коешто е дел од царинското подрачје на Заедницата, коешто плови под знаме на земја членка, врши морски риболов на производи и ,зависно од случајот, истите ги обработува на пловилото. Зборот „регистриран“ значи евидентирање во регистерот на риболовни пловила на Заедницата воспоставен со Регулативата (ЕЗ) бр. 26/2004.
[29] „Брод-фабрика на Заедницата“ - значи пловило коешто е наведено и регистрирано во дел од подрачје од земја членка коешто е дел од царинското подрачје на Заедницата, коешто плови под знаме на земја членка, не врши морски риболов на производи, но обработува такви на пловилото. Зборот „регистриран“ значи евидентирање во регистерот на риболовни пловила на Заедницата воспоставен со Регулативата (ЕЗ) бр. 26/2004.

Член 325, став 3, од УСЦЗЗ

кои се утврдува статусот во случај на:

- пловила на Заедницата коишто не се риболовни пловила или бродови-фабрики за производи од морскиот риболов и други производи уловени или извадени од води коишто не се територијалните води на земја или подрачје надвор од царинското подрачје на Заедницата, или

- пловила на земја којашто не е земја-членка на Заедницата, за производи од морскиот риболов и други производи уловени или извадени од води коишто се во рамките на царинското подрачје на Заедницата.

Приложување на документот Т2М

Член 326(1) од УСЦЗЗ

Образецот Т2М мора да се поднесе од страна на:

1. Риболовното пловило на Заедницата коешто ги уловило, и, доколку е соодветно, ги обработило производите; или,
2. Друго риболовно пловило на Заедницатаили брод-фабрика на Заедницата кое ги обработило производите откако тие биле претоварени од пловилото наведено во точка 1; или,
3. Било кое друго пловило на кое наведените производи и стоки биле претоварени од пловилото наведено во точките 1 и 2, без вршење на понатамошни промени; или,
4. Транспортно средство покриено со единствен транспортен документ изготвен во земја или подрачје кои не се дел од царинското подрачје на Заедницата каде производите или стоките биле истоварени од пловилото наведено во точките 1, 2 или 3.

Книшка

Податоци за книшката Т2М

Т2М образецот се печати на службен јазик на Заедницата одреден од страна на надлежните органи од земјата членка на

којашто ѝ припаѓа пловилото.

Членови 327, 328, од УСЦЗЗ

Т2М обрасците се врзуваат во книшки од по десет примерока, со еден одвоив оригинален примерок и една неодвоива копија од секој образец.

Секој Т2М документ има единствен сериски број испечатен на оригиналот и на копијата.

На барање на засегнатото лице, книшката Т2М ја издава царинската испостава на Заедницата којашто е одговорна за надгледување на матичното пристаниште на риболовното пловило на Заедницата за кое е наменета книшката.

Пред да му се издаде книшката, засегнатото лице ги пополнува неопходните податоци во рубриките 1 и 2 и ја пополнува и потпишува рубриката 3 од сите оригинали и копии од обрасците во книшката. Надлежната царинска испостава ја пополнува рубриката Б од сите оригинали и копии од обрасците во книшката.

Органот надлежен за евидентирање на риболовното пловило на Заедницатаза кое се издава книшката става печат во рубриката А на сите обрасци и копии.
Книшката има важност од две години од датумот на издавање.

Книшката мора веднаш да ѝ се врати на царинската испостава

којашто ја издала откако ќе се искористат сите обрасци од книшката или откако ќе истече нејзината важност, или пак доколку пловилото за кое е издадена книшката престанува да ги исполнува пропишаните услови.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Капетанот на риболовното пловило на Заедницата за кое е издадена Т2М книшка ја пополнува рубриката 4 и, доколку уловените производи се обработени на лице место, и рубриката 6, и ја пополнува и потпишува декларацијата во рубрика 9 од оригиналот и копијата од еден од обрасците секогаш кога:

- претоварува производи на риболовно пловило на Заедницата или на брод-фабрика на Заедницата кадешто треба да се обработат;
- претоварува производи или стока на било кое друго пловило коешто нема да ги обработува, но директно ќе ги превезе или до пристаниште во царинското подрачје на Заедницата или до друго пристаниште со цел понатамошно испраќање во царинското подрачје на Заедницата;
- истоварувaа производи или стока во пристаниште во царинското подрачје на Заедницата;
- истоварувaа производи или стока во пристаниште надвор од царинското подрачје на Заедницата за понатамошно испраќање во царинското подрачје на Заедницата.

Секоја операција на обработка на овие производи и на нивниот претовар се забележува во дневникот на настани на пловилото.

Соодветните податоци се внесуваат во дневникот на настани на пловилото на коешто се претоварени производите.

Во случај на претовар на друго пловило, оригиналот и копијата од образецот Т2М којшто се однесува на производите мора да биде исправно пополнет и потпишан од страна на капетаните на двете пловила. Оригиналниот Т2М му се дава на капетанот на риболовното пловило на коешто се претоварени производите. Можно е и понатамошно претоварање.

ЦАРИНА

Кога на увид се става Т2М и сите производи покриени со него, царината ја пополнува и заверува рубриката 13 и го препраќа Т2М до царинската испостава којашто го издала.

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет единствено за царинска употреба

8. Прилози

– **8.1 : Модел на договор за „закуп на пловило“ кој вклучува договори за подзакуп и делумен закуп**

– **8.2 : Бродски манифест – TC12: постапка и одобрение**

– **8.3 : Доказ за статусот на стока на Заедницата за моторизирани патнички возила**

– **8.4 : Доказ за статусот на стока на Заедницата за железнички вагони**

– **8.5 : Список на надлежни органи за редовен бродски превоз**

Прилог 8.1

Модел на договор за „закуп на пловило“ кој вклучува договори за подзакуп и делумен закуп

Делумен закуп

Овој пододдел ги опишува комерцијалните аспекти на делумниот закуп со посебен нагласок на транспортот на контејнери и последиците во однос на транзитот на Заедницата.

1. Вовед

Во контејнерскиот сообраќај делумниот закуп обично е познат како „СЛОТ ЧАРТЕР“. „Слот“ е точно утврден дел од товарниот простор на пловилото којшто одговара на еден контејнер или контејнерска единица. Има два вида на контејнери:

а) TEU = *(одговара на дваесет стопи*)
и
б) FEU = *(одговара на четириесет стопи)*

2. Видови на слот чартери

Постојат два основни вида:

а) Вообичаен слот чартер
и
б) Спогодба за споделување на пловило

3. Вообичаен слот чартер

Кај вообичаениот слот чартер, закупецот (превозна линија) закупува одреден број слотови од сопственикот на бродот (друга превозна линија со вишок капацитет на бродот). Закупецот (обично) плаќа одреден износ за целиот број на слотови кои ги има закупено, без оглед на тоа дали успева да ги употреби сите закупени слотови или не. Вообичаен слот чартер (обично) се склучува на основа на поединечни патувања.

4. Спогодба за споделување на пловило

Кај спогодбата за споделување на пловило две или повеќе превозни линии се согласуваат да утврдат одреден број на слотови на утврдените пловила или правци на располагање на секоја од нив. Овие спогодби обично се прават на принцип на реципроцитет и засегнатите линии не плаќаат една на друга за слотовите.

5. Комерцијални последици

а) Освен разликата во тоа што вообичаениот слот чартер вклучува плаќање, а спогодбите за поделба на пловило не вклучуваат плаќања, законското спроведување на овие два вида на закупи е исто.

б) Системот функционира како обичен закуп, т.е. товарот којшто патува под договор за закуп на слот/споделување на пловило патува во име на закупецот, на негов товарен лист и манифест. Сопственикот на пловилото издава еден морски товарен лист со кој се покриваат сите употребени слотови – а не по еден товарен лист за поединечен контејнер/пратка. Сопственикот на пловилото ја нема основната документација за поединечните пратки: испраќач, примач, содржина итн. (освен во случај на декларации за опасен товар и слично).

в) Товарот кој патува под договор за закуп на слот/поделба на пловило, де факто патува како да се наоѓа на пловило во сопственост на закупецот.

г) Испраќачот/примачот не мора да знае – ниту мора да му биде кажано – дека дел од превозот зе врши на пловило под договор за закуп на слот/поделба на пловило.

д) Испраќачот/примачот ќе добие товарен лист издаден од страна на превозната линија со која има договор за превоз.

6. <u>Последици за транзитот на Заедницата</u>

Во случај на комерцијален делумен закуп, секоја бродска компанија може да делува во својство на главен обврзник доколку сите манифести се во согласност со условите од членовите 447 и 448 од УСЦЗЗ.

Понатаму, морскиот бродски товарен лист на манифестот на плавилото ќе им укаже на надлежните органи во одредишното пристаниште дека транзитните контроли ќе се прават врз основа на манифестите и бродските товарни листови на закупецот.

6. <u>Последици за одобрувањето на редовниот превоз</u>

а) Во случај на договори за делумен закуп, барањето за одобрување на редовен превоз се поднесува од страна на лицето (закуподавач или закупец) кое го утврдува редовниот превоз, т.е. го одредува пловилото/ата за употреба за редовен превоз и ги утврдува пристаништата на застанување, или пак неговиот застапник.

Царинските органи можат да ги побараат сите оние информации коишто им се потребни за оценување на барателот, а посебно договорот за закуп.

б) Примери:

Пример 1:

- пловилото Гудвил му припаѓа на бродосопственикот А кој склучува временски закуп со бродската компанија Б. Согласно овој договор за закуп, А своето пловило му го става на располагање на Б.

- Б е одговорен за комерцијалното управување со пловилото кое го зел под закуп. Тој одредува кои пристаништа ќе бидат посетувани од страна на пловилото (редовен превоз). Б склучува спогодба за поделба на пловило (делумен закуп) со В за да обезбеди пополнување на пловилото. Ова значи дека е постигнат договор за делумен закуп. Б му овозможува комерцијално

искористување на дел од пловилото на В, но сепак остатокот од пловилото е за негова оперативна употреба. **Барањето за одобрение за вршење редовен превоз со Гудвил го поднесува Б.**

Пример 2:

Превоз (1)	Пловила (2)	Лица одговорни за утврдување на видот на превозот (3)	Делумни закупци (4)
Ротердам - Феликстоу -Саутемптон- Антверпен - Ле Авр - Лисабон - Лешоеш - Виго	Корвета и каравела	А	Б: за корвета: Саутемптон- Антверпен - Ле Авр - Лисабон; за каравела: Саутемптон- Антверпен - Ле Авр - Лисабон - Виго
			В: за корвета: Ротердам - Саутемптон- Антверпен - Ле Авр - Лисабон; за каравела: Саутемптон- Антверпен - Ле Авр - Лисабон - Виго
			Г: за корвета: Ротердам - Саутемптон- Антверпен - Ле Авр - Лисабон
Ротердам - Феликстоу - Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Билбао - Лисабон - Лешоеш - Виго	Доуро	Б	А: Ротердам - Феликстоу - Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Билбао
			В: Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Билбао - Лисабон - Лешоеш
			Г: Антверпен - Ле Авр - Билбао -Лисабон - Лешоеш - Виго
Ротердам - Феликстоу -Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Лисабон - Лешоеш - Виго	Анџела J	В	А: Ротердам - Феликстоу - Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Лисабон
			Б: Ротердам - Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Лисабон
			Г: Антверпен - Ле Авр - Лисабон -Лешоеш - Виго
Ротердам - Феликстоу - Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Билбао - Лисабон -Лешоеш - Виго	Гудвил	Г	А: Ротердам - Феликстоу - Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Лисабон
			В: Ротердам - Саутемптон - Антверпен - Ле Авр - Лисабон
			С: Антверпен - Ле Авр - Лисабон -Лешоеш - Виго

→ Колоната 1 ги наведува превозните услуги заедно со имињата на пристаништата кои ќе бидат користени од страна на предметните пловила. Барањето за одобрение за „редовен превоз“ се однесува на овие превозни услуги.

→ Колоната 2 ги наведува имињата на пловилата доделени за различните превозни услуги, За да може да се покријат со едно барање, пловилата мора да застануваат на пристаништата наведени во него.

→ Колоната 3 го содржи името ла лицето одговорно за дефинирање на превозот (пристаништа на застанување итн.) Ова е лицето коешто поднесува барање за одобрение и мора да ги информира делумните закупци (види колона 4) за „редовниот“ статус на превозот. Ова лице може, исто така, да превезува стока со овој превоз.

→ Колоната 4 ги наведува имињата на различните делумни закупци кои имаат закупено простор на пловилото на закуподавачот. Од овие лица не се бара да поднесуваат барање за одобрение, но мора да ги почитуваат, или да се осигураат дека нивните клиенти ги почитуваат, царинските постапки применливи на „редовниот“ превоз (зависно од царинскиот статус на превезуваната стока).

(в) Содржина на барањето и одобрението за редовен превоз

Потврдата за редовниот бродски превоз (прилог 42 А од УСЦЗЗ) се пополнува согласно следниве упатства:

- Општо:

Потврдата мора да се пополнува со машина за пишување или пак по пат на техника на обработка на податоци.

Секоја понатамошна промена на потврдата може да се направи и рачно, со мастило и печатни букви и мора во секој случај да биде заверена од страна на царината (датум, печат и потпис на службеникот).

- Рубрики

Рубрика 1: Внесете го името на бродската компанија, или нејзиниот претставник, и целосната адреса.

Во случај неколку компании да го делат комерцијалното управување со некое пловило и тие заедно да ги дефинираат пристаништата кои се посетуваат, внесето го името на секоја засегната бродска компанија, или нејзиниот претставник, и целосната адреса.

Во таков случај, како барател во единственото барање за редовен превоз, треба да биде наведена секоја засегната бродска компанија.

Рубрика 2: Внесете ги сите пристаништа кои се посетуваат при одреден правец на движење. Името на секое пристаниште бива следено од соодветната ИСО шифра на земја (на пример: Ротердам (NL), Феликстоу (UK), Ле Авр (FR)).

Доколку потврдата се издава за повеќе од еден правец на движење, секоја правец мора да се разликува од другите со број (на пример: 1. Ротердам (NL) – Довер (UK) - Ле Авр (FR), 2. Лисабон (PT) – Виго (ES) – Билбао (ES), итн.).

Рубрика 3: Запишете ги имињата на пловилата доделени за правецот одреден во рубрика 2. Доколку во рубрика 2 има наведено повеќе од еден правец на движење, пловилата мора да се разликуваат по бројот на правецот кој го опслужуваат (на пример: 1. Нептун, Гудвил, 2. Корвета, 3. Доуро, итн.).

Рубрика 4: Запишете го името на делумниот закупец (закупци), а не имињата на пловилата. Лицето кое бара одобрение мора на царинските органи да им ги даде имињата на делумните закупци. Запомнете дека делумните закупци не се имателите на потврдата и не се наведени во рубрика 1.

Рубрика 5: Бродската(ите) компанија(и) или нејзиниот(ите) претставник(ци) од рубрика 1 мора да ја пополнат оваа рубрика со внесување на датум и потпис.

Рубрика А: Името на земјата членка е следено од ИСО шифрата за земјата дадена во загради: (BE), (BG), (CY), (DE), (DK), (EE), (ES), (FI), (FR), (GR), (IE), (IT), (LT), (LV), (MT), (NL), (PL), (PT), (RO), (SE), (SI) или (UK).

- Спроведување:

Царината ќе обезбеди дека сите потврди се во согласност со горенаведените упатства најдоцна до 30 јуни 2006 г.

Бродски манифест – ТС12: постапка и одобрение

Белешки за појаснување за употребата на образецот ТС12

А. Вовед

1. Почетната реченица од членот 313(2) од УСЦЗЗбара обезбедување на доказ за статусот на стока на Заедницата за стоката којашто се превезува по морски пат на слободен бродски превоз.

2. Член 317а од УСЦЗЗ (Член 10 од Додаток II кон Конвенцијата) дозволува манифестот на бродската компанија да се употребува во својство на доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата.

3. Таквиот манифест мора да биде заверен од страна на царината или бродската компанија (доколку е овластен испраќач) пред пловилото да го напушти појдовното пристаниште.

4. Но, од логистички причини, понекогаш манифестот не може да се завери во времето на испловување. Во такви случаи, бродската компанија може содржината на манифестот да ја испрати по електронски пат од појдовното пристаниште откако испловило пловилото, за тие податоци да бидат на располагање на одредишното пристаниште **пред** пристигнувањето на пловилото.

5. Член 324дод УСЦЗЗ (Член 18 од Додаток II кон Конвенцијата) дозволува ваквиот манифест да биде издаден ретроактивно како доказ за статус и, зависно од одредени услови, да биде препратен до одредишното пристаниште по пат на систем за електронска размена на податоци.

Б. Советодавна постапка

1. Меѓународна бродска компанија којашто е регистрирана или пак има регионално седиште во одредена земја треба до таа земја да поднесе барање за користење, како овластен испраќач, на поедноставувањата утврдени во членот 324д од УСЦЗЗ (Член 18 од Додаток II кон Конвенцијата). Барањето поднесено од страна на бродската компанија треба да ги содржи сите засегнати земји и сите појдовни и одредишни пристаништа. Бордската компанија треба, исто така, во барањето да го/ги посочи името/имињата на нејзиниот/те претставник/ци во тие пристаништа.

2. Надлежните органи од оваа земја проверуваат дали барањето ги исполнува условите од членот 324д (2) од УСЦЗЗ (Член 18 (2) од Додаток II кон Конвенцијата). Доколку ги исполнува условите, барањето ќе биде испратено на одобрување до надлежните органи (наведени во Прилог Б) на земјите во кои се наоѓаат предвидените појдовни и одредишни пристаништа.

3. Во меѓувреме бродската компанија ќе им наложи на своите канцеларии во секое појдовно и одредишно пристаниште да ги известат царинските органи на тие пристаништа за нејзината намера да ги употребува поедноставената постапка и

системот за електронска размена на податоци.

4. По приемот на известувањето предвидено со ставот 2 погоре, надлежните органи на земјите на предвидените појдовни и одредишнипристаништа ќе им наговестат на нивните царински органи на пристаништата да ја очекуваат пораката наведена во ставот 3.

5. Потоа, царинските органи од појдовните и одредишните пристаништа, заедно со локалните канцеларии на бродската компанија, ќе проверат дали се исполнети условите за употреба на поедноставената постапка, а посебно условот за значителен број на патувања помеѓу земјите долж признатите правци на пловидба.

6. По завршувањето на оваа консултативна постапка, царинските органи од појдовните и одредишните пристаништа ќе ги известат нивните надлежни органи за тоа дали овие пристаништа се оспособени за употреба на систем за електронска размена на податоци и дали бродската компанија ги исполнува критериумите од членот 324д (2) од УСЦЗЗ (Член 18 (2) од Додатокт II).

7. Надлежните органи на земјите во кои се наоѓаат појдовните и одредишните пристаништа за својата согласност или несогласност ги известуваат надлежните органи одговорни за давање одобренија во рок од шеесет дена од датумот на известување.

8. Во случај на недавање согласност мора да се наведат причините за тоа.

9. Одговорниот надлежен орган ќе го издаде одобрението во случај на давање согласност или пак во случај на недобивање на одговор во рок од шеесет дена од датумот на известување.

10.Надлежните органи кои го издаваат одобрението потоа испраќаат копија до надлежните органи (наведени во Прилог Б) на земјите на предвидени појдовни и одредишни пристаништа.

В. <u>Одобрение</u>

По завршувањето на постапката предвидена со дел Б, органите надлежни за одобренија на бродската компанија ѝ издаваат одобрение согласно моделот даден во Прилог А.

Одобрението може да се поништи или измени во согласност со важечките законски одредби (Член 9 од Законикот, Член 54 од Додаток I на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка).

1. <u>Опсег</u>

Поедноставувањето го опфаќа превозот на сета стока којашто бродската компанија ја транспортира по морски пат помеѓу пристаништа од земјите членки на Заедницата и земјите на ЕФТА наведени во одобрението.

2. Потребна документација за пратките

Кога манифестот на бродската компанија се употребува во својство на доказ за статусот на стоката како стока на Заедницата тој мора да ги содржи најмалку информациите посочени во членот 317а од УСЦЗ3 (Член 10 од Додаток II кон Конвенцијата). Тука се вклучени следниве поединости:

- името и целосната адреса на бродската компанија;
- името на пловилото;
- местото и датумот на утовар;
- местото на истовар;

и за секоја поединечна пратка:
- повикување на товарниот лист или друг комерцијален документ;
- број, опис, обележја и референтни броеви на пакетите;
- вообичаениот трговски опис на стоката заедно со доволно детали кои овозможуваат нејзина идентификација;
- бруто тежина во килограми;
- доколку е применливо, идентификациските броеви на контејнерите;

следниве податоци за статусот на стоката:

- буквата „C“ (со еднакво значење како „T2L“) или „F“ (со еднакво значење како „T2LF“), како што е потребно, за стоката за која може да се докаже статусот на стока на Заедницата;
- буквата „N“ за сета друга стока.

3. Постапка во појдовното пристаниште

Бродската компанија мора да го изготви манифестот со којшто се докажува статусот на стоката како стока на Заедницата не подоцна од денот по денот на поаѓање на пловилото и, во секој случај, пред неговото пристигнување во одредишното пристаниште.

Потоа, бродската компанија ќе го испрати манифестот до одредишното пристаниште по пат на електронска размена на податоци.

По добиено барање, бродската компанија ќе го испрати манифестот до царинските органи во појдовното пристаништеили по пат на систем на електронска размена на податоциили на хартија, доколку царинските органи не се опремени за примање податоци по пат на електронска пошта.

Надлежните органи во појдовното пристаништеќе вршат инспекции врз основа на анализа на ризик.

4. Постапка во одредишното пристаниште

Бродската компанија ќе поднесе копија од манифестот до царинските органи во одредишното пристаништеили по пат на систем на електронска размена на податоциили на хартија, доколку царинските органи не се опремени за примање податоци по пат на електронски средства.

Надлежните органи во одредишното пристаниште го проверуваат декларираниот

статус на стока на Заедницата, вршат инспекции врз основа на анализа на ризик и, доколку е неопходно,вршат вкрстени проверки со надлежните органи од појдовното пристаниште.

5. Неправилности/прекршоци

Бродската компанија мора да ги извести надлежните органи во појдовните и одредишните пристаништа за сите откриени неправилности или прекршоци. Исто така, таа е обврзана да помогне да се расчистат сите неправилности или прекршоци откриени од страна на надлежните органи во појдовните и одредишните пристаништа.

Доколку не е можно да се расчистат неправилностите или прекршоците во одредишното пристаниште, надлежните органи од одредишното пристаниште ќе ги известат надлежните органи на појдовното пристаниште и органот кој го издал одобрението, кои потоа ќе ги преземат потребните мерки.

6. Одговорности на бродската компанија

Бродската компанија мора:

- да води соодветна евиденција која на надлежните органи ќе им овозможи да вршат проверка на операциите изведени на поаѓање и на одредиште;

- на надлежните органи да им ги стави на располагање сите релевантни записи;

- да преземе целосна одговорност пред надлежните органи во однос на извршувањето на сопствените обврски, како и даизвестува за и да помага при решавање на евентуалните прекршоци и неправилности.

ПРИЛОГ А
Примерок на одобрение ТС 12

<table>
<tr><td rowspan="2">1. Имател на одобрение</td><td>(Број на одобрение)
……..</td></tr>
<tr><td>Одобрение за користење на поедноставувањето од членот 324дод УСЦЗЗ (Член 18 од Додаток II кон Конвенцијата)</td></tr>
<tr><td colspan="2">2. Земји и пристаништа на поаѓање на кои се однесува ова одобрение и име/имиња на претставникот/ците на бродската компанија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Земји и пристаништа на одредиште на кои се однесува ова одобрение и име/имиња на претставникот/ците на бродската компанија.</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Други информации</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Издадено од орган

Печат

Име: Датум:
Адреса:

Земја: (Потпис)</td></tr>
</table>

ПРИЛОГ Б

СПИСОК НА НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА КОНСУЛТАЦИИ

Земја	Име на органот	Адреса на органот	Контакт лице
(А)	(Б)	(В)	(Г)
БЕЛГИЈА	Administration Centrale des douanes et accises Service Procédures douanières, direction 10	North Galaxy, Tour A (NGA 21) Boulevard du Roi Albert II 33, boîte 37, B-1030 Bruxelles	
ДАНСКА	Одговорни за издавање на ова одобрение во Данска се соодветните царински подрачни испостави	Имињата на одговорните лица и имињата и адресите на нивните локации се еднакви на списокот на локални координатори за транзит, согласно објавеното во водичот за Транзитна мрежа (Transit Network guide).	
ФИНСКА	Turun Tulli/meriliikenneluvat	PL 386 20101 Turku	Mr Heimo Pönkä Тел.: +358-20-4924245 Моб. тел.: +358-40-3324245 Факс: +358-20-4924017 Ел.пошта: Heimo.Ponka@tulli.fi
ФРАНЦИЈА	Direction générale des Douanes et Droits Indirects	23 bis, rue de l'Université F – 75007 PARIS	Mme Chasseriau Maud Тел.: +33-1- 44744621 Ел.пошта: maud.chasseriau@douane.finances.gouv.fr

ГЕРМАНИЈА	Hauptzollamt Kiel	Auguste-Viktoria str. 6-8 DE-24103 Kiel	Mr.Holger Krüger Тел.: + 49-431-595-3604 Факс: + 49-341-595-3645 Ел.пошта: Holger.Krueger@hzaki1. bfinv.de
ГРЦИЈА	Ministry of Finance Directorate General Of Customs and Excise 19th Division-1st Department	K. Servias 10 101 84 Athens Greece	Тел.:0030210/3248832 Факс:0030210/3225731 Ел.пошта:d19diadi@otenet. gr
ИСЛАНД	Directorate of Customs	Tryggvagötu 19 101 REYKJAVÍK Iceland	Hörður Davíð Harðarson Ágúst Magnússon Elín Sigurjónsdóttir Jóhanna Gunnarsdóttir Ástrós Guðlaugsdóttir
ИРСКА	The Revenue Commissioners, CAP & Transit Procedures Branch,	5th Floor, Castle House, South Great Georges Street, Dublin 2, Ireland.	Mr. Gerard Cullen. Тел.: 00353 1 6748961 Факс: 00353 1 6772315 Ел.пошта: gcullen@revenue.ie
ИТАЛИЈА	AGENZIA DELLE DOGANE Area gestione tributaria e rapporticon gli utenti. Ufficio regimi doganali e fiscali	Via Mario Carucci, 71 00143 Roma	Rosanna Lavuzza Тел: 0039 06 50246040 Факс: 0039 06 5001037 Ел.пошта: dogane.tributi.regimi@finanze.it Mr. Giancarmine Chiarello Тел: 0039 06 50245073

ХОЛАНДИЈА	Одговорни за издавање на ова одобрение во Холандија се соодветните царински подрачни испостави	Имињата на одговорните лица и имињата и адресите на ницвните локации се еднакви на списокот на локални координатори за транзит, согласно објавеното во водичот за Транзитна мрежа (Transit Network guide).	
НОРВЕШКА	Toll- og avgiftsdirektoratet Driftsavdelingen/VFS	Postboks 8122 Dep. 0032 OSLO	
ПОЛСКА	Customs Office in Gdynia Urzÿd Celny w Gdyni	ul. Polska 8 81-339 Gdynia tel. +48.58.620.29.30	
//	Customs Office in Szczecin Urzÿd Celny w Szczecinie	ul. Energetyków 55 70-952 Szczecin tel. +48.91.462.34.71	
ПОРТУГАЛИЈА	Direcção- Geral das Alfândegas e dos Impostos Especiais sobre o Consumo Direcção de Serviços de Regulação Aduaneira	Rua da Alfândega, nº 5 -r/c 1149-006 LISBOA	Тел.: 351 218813879 Факс: 351 218813984 Ел.пошта: dsra@dgaiec.min-financas.pt
ШПАНИЈА	Agencia Estatal de Administración Tributaria Departamento de Gestión Aduanera e II. EE.	Avenida del Llano Castellano, 17 28034 - MADRID	Isabel Rodríguez Fernandez Nicolás Campo Hernández Pascual Tomas Hernández Тел: ++ 34 91 728 94 50 Факс: ++ 34 91 358 47 21 Ел.пошта: gesadu@aeat.es

ШВЕДСКА	Tullverket	Box 850 S-201 80 MALMÖ	
ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО	HM Customs & Excise CCTO National Simplifications Team	Custom House Main Road Harwich Essex - CO12 3BE Phone 00 44 1255 244700 Fax 00441255 554508	ccto.od@hmce.gsi.gov.uk
СЛОВЕНИЈА	CARINSKA UPRAVA REPUBLIKE SLOVENIJE, GENERALNI CARINSKI URAD	ŠMARTINSKA 55 SI - 1000 LJUBLJANA SLOVENIJA	
СЛОВАЧКА РЕПУБЛИКА	Не е применливо		
ЧЕШКА РЕПУБЛИКА	Не е применливо		
МАЛТА	Ministry of Finance Customs Division Transit Branch	Custom House Valletta CMR 02 MALTA	Mr. Anthony Busuttil Тел: 00356 2225 1422 Факс: 00356 2165 1250 Ел.пошта:anthony.b.busuttil@gov.mt
КИПАР	Customs Headquarters, Ministry of Finance	Corner M.Karaoli and Gr. Afxentiou, 1096, Nicosia	Тел:+357 22 601651 Факс:+357 22 302031 Ел.пошта: headquarters@customs.mof.gov.cy
ЛЕТОНИЈА	VID Kurzemes reģionālās iestādes muitas pārvalde	Liepājas ielā 48, Kuldīga, LV-3300 Latvia	

	VID Rlgas muitas regionālās iestādes muitas parvaldes	Citadeles ielā 1, Rlgā, LV-1010 Latvia	
	VID Vidzemes reģionālās iestādes muitas pārvaldes	Beātes ielā 49, Valmierā LV-4201 Latvia	
ЕСТОНИЈА	Tax and Customs Board	Lokke 5 15175 TALLINN Estonia	Vadim Iljušin Тел. +372 696 7892 Факс. +372 696 7733 Ел.пошта:vadim.iljusin@customs.ee
ЛИТВАНИЈА	Muitinės departamentas Muitinės procedūre skyrius Tranzito kontrolės poskyris	A. Jakšto g. 1/25 LT-01105 Vilnius	Mr Audrius Budrys Тел.: +370 5 266 60 80 Факс: +370 5 266 60 14 Ел.пошта:a.budrys@cust.ltmailto:
УНГАРИЈА	Не е применливо		
БУГАРИЈА	National Customs Agency Transit of goods Departmant	47, G.S.Rakovski str. 1040 Sofia Republic of Bulgaria	Mr. Borislav Borissov Тел.:+359 29859 4593 Ел.пошта:Borislav.Borissov@customs.bg
РОМАНИЈА	Autoritatea Națională a Vamilor	Str. Matei Millo, nr.13, sector 1, Bucuresti	Octavian Relu Botea – deputy director Тел./факс: +4021/3125875; Ел.пошта: tavi@customs.ro

Прилог 8.3

Доказ за статусот на стока на Заедницата за патнички моторизирани возила

Со цел утврдување на царинскиот статус на моторизираните патнички возила во рамките на царинското подрачје на Заедницата, неопходно е почитување на следниве правила:

1. Правилата што се однесуваат на движењата на стока од една до друга точка во царинското подрачје на Заедницата се еднакво применливи и на транспортот на моторизирани патнички возила, излетнички пловила и приватни авиони.

2. Со поимот движење не се опфаќа само употребата на возилото при движење во царинското подрачје на Заедницата, туку и, како што е случај кај сета друга стока со статус на стока на Заедницата, преносот на сопственост (испорака/набавка) и промена на живеалиште, вклучително со преместувањето на возилото без промена на сопственост.

3. Член 313(1) од УСЦЗЗ вели „освен во случај на исклучоците наведени во став 2, сета стока транспортирана помеѓу две точки во царинското подрачје на Заедницата ќе се смета дека има статус на стока на Заедницата освен доколку не се докаже спротивното. Оваа претпоставка исто така се применува и за прометот на возилата.

4. Оттука, кога возилата се увезуваат од трета земја и се стават во слободен промет без да се регистрираат во земја-членка, тие може да се испратат во друга земја-членка како да имаат статус на Заедницата затоа што бива исполнета основната претпоставка од членот 313 (1). За целите на регистрација, со овие возила се постапува на ист начин како да се возила произведени во Заедницата.

5. Во такви околности, регистрацијата на новите возила не смее да зависи од доказот за статусот на возилото како стока на Заедницата.

6. Во случај на оправдани сомненија, надлежните органи можат да побараат информации преку средствата за меѓусебна поддршка. Сепак, овие барања не смее да се прават на рутинска основа.

7. Според тоа, возилата на Заедницата мора да се движат слободно во рамките на царинското подрачје на Заедницата под истите услови кои важат за другата стока со статус на стока на Заедницата. Не се предвидуваат интервенции од страна на царински испостави.

8. Овие правила немаат влијание врз одредбите применливи на фискалните прашања кои се посебно во однос на барањето за регистрирање на сопственикот во неговата земја во која има живеалиште.

9. Без да е во спротивност со горенаведените правила, секое моторизирано патничко возило регистрирано во земја-членка се смета дека има статус на Заедницата под услов:

(а) сообраќајната дозвола која се однесува на тоа возило да е ставена на увид на надлежните органи од земјата членка во која влегува возилото;

(б) регистрацијата на возилото како што е покажана во сообраќајната дозвола и на регистерските таблички сосема одговара на подолу дадените одредби, зависно од земјата на регистрација.

Во спротивно, доказот за статус на Заедницата треба да се обезбеди во согласност со одредбите од членот 320(б) од УСЦЗЗ.

10. Доказ за статус на Заедницата за моторизираните патнички возила врз основа на регистерски број (Член 320(а) од УСЦЗЗ):

Белгија:

Моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Белгија се смета дека имаат статус на Заедницата, освен доколку:

1. потврдата за регистрација на предната страна го содржи следниот печат во црвена боја:

(овој печат бил во употреба до 1 октомври 1993 г.)

[ЦРВЕН ПЕЧАТ]

2. потврдата за регистрација на опачината на страна 1 ја содржи кратенката Т1, во левиот дел кој се однесува на привремен увоз. Примерок од потврдата за регистрација е даден подолу.

3. потврдата за регистрација наместо деталите за возилото ги содржи зборовите „plaque marchand„ или „handelaarsplaat“ или „Händlerplatte“. *Предметните регистарски таблички се обележани со група на букви и група на цифри во следниве комбинации:*

-„таблици на трговецот“ за автомобили:
буквата Z + 2 други букви + 3 цифри
-„таблици на трговецот“ за мотоцикли:
буквите ZM + 1 друга буква + 3 цифри (димензиите се разликуваат од другите таблички; буквите се наоѓаат горе, цифрите долу).
-„таблици на трговецот“ за приколки:
буквите ZU + 1 друга буква + 3 цифри.
Цифрите и буквите се во зелена боја ставени на бела основа. Мора, исто така, на посебно одредено место да се прикачи самолеплива налепница којашто ја означува годината.

4. потврдата за регистрација наместо деталите за возилото ги содржи зборовите „plaque d’essai“или „proefrittenplaat“ или „Prüfungsplatte“.
Предметните регистарски таблички се обележани со група на букви и група на цифри во следниве комбинации:
- за автомобили: буквите ZZ + 1 друга буква + 3 цифри
- за мотоцикли: буквите ZZM + 1 друга буква + 3 цифри (димензиите се разликуваат од другите таблички; буквите се наоѓаат горе, цифрите долу)
- за приколки: буквите ZZU + 3 цифри.
Цифрите и буквите се во зелена боја ставени на бела основа. Мора, исто така, на посебно одредено место да се прикачи самолеплива налепница којашто ја означува годината.

Бугарија
Моторизираните возила за патен сообраќај коишто се регистрирани во Бугарија се сметаат за возила со статус на Заедницата доколку носат правоаголна табличка со регистерски број составен од комбинација од букви и цифри во црна боја поставени врз рефлектирачка бела позадина со сино поле на левата страна на регистарската табличка.
Синото поле на регистерската табличка го содржи знамето на Бугарија и бели букви BG.
Регистерскиот број се состои од троделна комбинација (на пример C 5027 AB), каде:

- Првиот дел се состои од букви и му одговара на подрачје.
- Вториор дел се состои од четири арапски цифри.
- Третиот дел е низа (една или две букви).

Моторизираните возила за патен сообраќај коишто се регистрирани во Бугарија не се сметаат за возила со статус на Заедницата доколку:

- Имаат правоаголна табличка со регистрација којашто се состои од шест црни цифри на бела позадина поделени насреде со буквата „B“. Годината на истек на важност е забележана на црвена основа во десниот дел од регистарската табличка.
- Имаат правоаголна табличка со регистрација којашто се состои од шест црни цифри на бела позадина поделени насреде со буквата „T“ или „H“.
- Имаат правоаголна табличка со регистрација којашто се состои од комбинација од букви „C“, „CC“ или „CT“ и цифри во бела боја ставени на црвена основа.
- Имаат правоаголна табличка со регистрација којашто се состои од комбинација од бели букви „XX“,и цифри ставени на сина основа.

Моторизираните возила со регистерски таблички од ваков вид можат, но не мора да имаат статус на Заедницата.
Нивниот статус може да се потврди само со увид во соодветната документација.

Кипар

Одделот за патен сообраќај на Кипар е компјутеризиран од 1.1.1997 година. Сите потврди за регистрација издадени по 2.1.1997 година се испечатени на компјутер, освен потврдите за регистрација за возила кои се регистрирани „ЗА ИЗВОЗ“ или како „ПОСЕТИТЕЛ“, коишто и понатаму се издаваат рачно и имаат различни регистерски таблички од останатите возила.

а) <u>Возила со постојана регистрација на Кипар</u>

Сите возила коишто имаат постојана регистрација на Кипар имаат регистарски број којшто се состои од комбинација од една, две или три латинични букви и сериски број од 1 до 999. Секое возило има две регистарски таблички, една на предниот дел на возилото со бела рефлектирачка основа и една на задниот дел на возилото со жолта рефлектирачка основа, кадешто буквите и цифрите се стават со црна боја.

За да може да се утврди статусот на Заедницата за најголемиот број возила со регистерски број во вид ББЦЦЦ (на пр. YW764) или БББЦЦЦ (на пр. EAY857) мора да се проверат соодветните детали прикажани на потврдата за регистрација, онака како што е објаснето во табела А.

б) <u>Возила регистрирани за дипломати (CD)</u>

Возилата регистрирани за дипломати имаат два регистерски броја впишани на потврдата за регистрација. Првиот број е постојаната регистрација. Вториот број означува дека возилото припаќа на дипламатскиот кор.

Регистарскиот број за дипломатиските возила се состои од комбинација од два броја кои ја означуваат шифрата за амбасадата или Комисијата по кои следат буквите „CD“ и бројот на возилото во рамките на таа амбасада или Комисијата.

Овие возила се во промет со нивниот регистарски број за периодот за кој имаат дипломатски статус,а кога дипломатскиот статус престанува да важи тие употребуваат постојан регистарски број. Статусот на Заедницата за овие возила

може да се потврди со увид во нивната соодветна документација.

в) Возила привремено регистрирани како посетители (V) и возила регистрирани за извоз

Возилата регистрирани на Кипар за посетители и возилата регистрирани за извоз немаат статус на Заедницата. Овие возила имаат регистерски број како што следи:

Објаснување:

а) Посетител ЦЦЦЦБЦЦ, на пр.	1604V04	Ц значи цифра
б) Извоз ЕЦЦЦЦЦ, на пр.	Е11234	Б значи буква

Табела А

	Информации (детали за оданочување) На англиски и грчки, како што е напишано на потврдите за регистрација)	Можен облик на информации со превод на англиски напишан со мали букви
1	Царински давачки Τελωνειακός Δασμός	Без царински давачки, делумно платени давачки, платени царински давачки ΠΛΗΡΗΣ ΑΠΑΛΛΑΓΗ, ΜΕΡΙΚΗ ΑΠΑΛΛΑΓΗ, ΚΑΤΑΒΛΗΘΗΚΕ
2	Шифра на царинско олеснување К.Е Δασμών (Κωδικός Εξαίρεσης Δασμών)	01.01, 01.18, 01.19, 07.02, 07.03, 07.05, 07.06, 07.07, 11(4)α, 11(4)β, 11(4)γ

Забелешка: За рачно пополнетите потврди за регистрација се прикажуваат само податоците од поле 1.

Чешка Република

1. Моторизираните возила за патен сообраќај коишто се регистрирани во Чешката Република се сметаат за возила со статус на Заедницата доколку нивната регистарска табличка е во облик на ваква посебна серија:

- Правоаголна бела табличка со натпис од најмалку пет до седум знаци (најмалку една буква и една цифра) во црна боја, на пр.: 1K3 2246). Првата буква се однесува на подрачна единица. Посебните моторизирани возила и земјоделските и шумски трактори имаат правоаголна жолта позадина на табличката.
  Моторизираните возила за патен сообраќај се движат со бели регистарски таблички коишто ѝ припаѓаат на претходната серија формирана од комбинација од две или три букви и четири цифри поделени со црта на два двоцифрени пара, со црна боја, (на пр. CHA 63-46). Камиони, приколи, автобуси кои припаѓаат на претходната серија имаат правоаголна жолта позадина на регистарската табличка.

- Правоаголна бела регистарска табличка со црни знаци регистрирана за извоз и со црвено поле со датумот на истек на важност.
- Посебна правоаголна бела регистарска табличка со зелени знаци составена од буквата „V“ по која следат четири арапски цифри (старински возила).
- Посебна правоаголна бела регистарска табличка со зелени знаци регистрирана за постојана манипулација којашто се состои од најмалку пет до седум знаци каде првата буква го означува подрачјето, по којашто следат арапски цифри.
- Посебна правоаголна бела регистарска табличка со зелени знаци регистрирана за тестирање и којашто се состои од пет знаци со буквата „F“ по којашто следуваат арапски цифри.

2. Моторизираните возила за патен сообраќај коишто регистрирани во Чешката Република не се сметаат за возила со статус на Заедницата доколку нивната регистарска табличка е сина и на неа се испишани буквите „DD“или „XX“следени од пет знаци составени од големи латинични букви и арапски цифри во жолта боја (дипломатски кор или странски претставништва), освен доколку статусот на Заедницата може да се потврди со увид во нивнта документација.

Данска: Моторизираните возила за патен сообраќај коишто се регистрирани во Данска се сметаат за возила со статус на Заедницата доколку долниот дел од потврдата за регистрација го содржи следново: „IKKE TOLDDOKUMENT VED OMREGISTRERING“ (превод: во случај на пренос на сопственот не мора да се става на увид никаков царински документ).

Германија: Доказот за спецификациите на Заедницата за регистрирање на моторни возила во Федеративната Република Германија (моторни возила за патен сообраќај и нивни приколки) **се смета за валиден** доколку за возилото е издадена германска потврда за регистрација и доколку возилото има правоаголна регистарска табличка којашто се состои од **различни комбинации на букви** за административните подрачја (до 3 букви) **и број за препознавање** (којшто се состои од комбинација на букви и цифри)
(Види пример 1).
Овие регистерски таблички можат после бројот за препознавање, како дополнение да имаат буква за идентификација „H“ („регистерска табличка за олдтајмери“ за старински возила – **види пример 2**) или пак да содржат одреден период на важност за употреба на возилото „сезонска регистерска табличка“ – **види пример 3**).

Доказот за спецификациите на Заедницата **не се смета за валиден за возилата** доколку на нивната регистарска табличка:
- наместо комбинацијата од букви за разликување на административните подрачја е ставена цифрата 0 (посебна регистарска табличка за дипломатскиот кор и повластени меѓународни организации),
- зад бројот за препознавање кој се состои само од цифри се содржи и буква за идентификација, на пример „A“ и датумот на истек на важност. Полето во кое е обележан истекот на

важност е со црвена боја. (Регистарска табличка за извоз – **види пример 4**),

- Регистарска табличка за кус временски период (привремена регистарска табличка): нејзиниот број за препознавање со состои само од цифри и содржи датум на истек на важност. Полето во кое е обележан истекот на важност е со жолта боја.
- (регистарска табличка за употреба на возило заради тестирање, за пробно возење или за трансфер – види пример 5)

  Или регистарска табличка
- којашто нема црна, туку црвена боја.

  Регистарските броеви може да се состојат од еден или два реда.

Пример 1

Комбинација на букви за разликување на подрачје Број за препознавање



Пример 2 („Регистерска табличка за олдтајмери“ за старински возила)



Пример 3 („Сезонска регистарска табличка“)



Пример 5 (регистарска табличка за употреба на возило заради тестирање, за пробно возење или за трансфер)



Естонија: Моторизираните возила за патен сообраќај се регистрирани во Естонија врз основа на регулативата за моторизирани возила за патен сообраќај. Регистарската табличка на моторизираните возила за патен сообраќај е комбинација од три букви и три цифри. По 1.5.2004 година, левиот дел од регистарската табличка ќе биде обележан со „EST“.

Грција: Моторизираните возила за патен сообраќај коишто се регистрирани во Грција се сметаат дека се во склад со условите од членовите 9 и 10 од Договорот за ЕЕЗ во Грција доколку имаат правоаголна форма во бела боја на којашто е ставена регистрација како комбинација од две букви и четири цифри (на пр. ВА 7876) или пак само од шест цифри (на пр. 237.568 – поранешната табличка сеуште има важност), и доколку нивната сообраќајна дозвола е на образец Т-01-19.

Се смета дека немаат статус на Заедницата возилата коишто имаат правоаголна табличка со следниве ознаки:
а) буквите CD или **ΔΣ** (дипломатски кор) пред бројот (зелена табличка)
б) буквите **ΞΑ** (странски мисии) пред бројот (жолта табличка)
в) буквите ΕΧ (привремен увоз) пред бројот (бела табличка).

Шпанија:

1. Регистарската табличка на моторизираните возила за патен сообраќај претставува комбинација од две групи букви (првата одговара на територијалната поделба, на пр.: МА - Малага, М - Мадрид; втората се состои од една или две букви) и група цифри (0000 до 9999) помеѓу двете групи букви (на пр. МА-6555-АТ).

   Моторизираните возила за патен сообраќај може да бидат во сообраќај со регистарски талички од претходна серија коишто претставуваат комбинација од една или две букви и најмногу шест цифри, на пример М-636.454.

   Од октомври 2002 година, моторизираните возила за патен сообраќај имаат регистарска табличка којашто се состои од четири цифри следени од три букви, без назначување на територијалната поделба (на пр. 4382 BRT).

   Моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Шпанија согласно горенаведените постапки се смета дека имаат статус на Заедницата.

2. Моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Шпанија се смета дека немаат статус на Заедницата доколку нивната регистрација е дел од една од следниве серии:
   - CD, CC
   - Туристичка табличка којашто содржи број во комбинација од две групи цифри (првата група помеѓу 00 и 99; втората група помеѓу 0000 и 9999) и група букви (една или две, зависно од случајот). Сите групи се одвоени со црта, на пр. 00-М-0000.
   - Со цел да се утврди датумот на кој истекува дозволата за привремен сообраќај, туристичката табличка има вертикална црвена лента во должина од 3 цм на која со бела боја се наведени последните две цифри од предметната година (една врз друга) и месецот со римски бројки (под арапските броеви).

На пример 00-M-0000 - 86VI

Франција: Моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Франција се смета дека имаат статус на Заедницата освен во случај кога се регистрирани како дел од една од следниве посебни серии:

- CMD, CD, C, K (дипломатски или сличен статус)
- TT (привремено живеалиште)
- IT (привремено живеалиште)
- WW (гаража)

Ирска: Моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Ирска се смета дека имаат статус на Заедницата само ако се регистрирани во серија која е различна од серијата ZZ и ако регистерскиот картон не содржи никаква посебна заверка поврзана со царината (на пр. повикување на даночната управа). Таквата заверка трееба да биде потврдена со царински печат.

Италија: Моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Италија се смета дека имаат статус на Заедницатаосвен ако:

1. се регистрирани како дел од една од следниве посебни серии:
   - E E (Escursionisti Esteri)
   - C D (Corpo diplomatico)
2. регистарската табличка го носи зборот „PROVA“;
3. Регистарскататабличка ја носи ознаката „SO“, и сообраќајната дозвола (libreto di circolazione) ја содржи следнава изјава:

> "veicolo soggetto a formalità doganali nel caso di transferimento diproprieta o di transferimento di residenza del proprietario dal territorio di Livigno ad altro comune. Produrre documento doganale al p.r.a. di Sondrio."

Летонија: Моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Република Летонија се смета дека имаат статус на Заедницата доколку имаат правоаголна регистарска табличка којашто вообичаено се состои од комбинација од две црни букви и една до четири црни цифри (на пр. EP-6037) (но може да се состои и само од букви или само од цифри) и ако за возилото има издадена летонска сообраќајна дозвола. Табличките, исто така, го носат летонското знаме или пак синото знаме на ЕЗ со дванаесет ѕвезди (почнувајчи од 1 мај) и две црни букви (LV) на десната страна.

Литванија: За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Литванија се смета дека имаат статус на Заедницата освен ако:

1. се регистрирани во сопственост на разни дипломатски претставништва и носат правоаголна табличка со комбинација од бели букви и/или цифри на рефлектирачка зелена позадина со бел раб. Моторизираните возила со регистарски таблички од ваков вид може, но и не мора да имаат статус на Заедницата. Нивниот статус може да се потврди само со увид во релевантната документација;

2. се привремено регистрирани и носат привремени регистарски таблички од некој од следниве видови:
   – правоаголна табличка со комбинација од црвени букви и/или цифри на рефлектирачка бела позадина со црвен раб(привремени регистарски таблички издадени заради увоз или извоз),
   – правоаголна табличка со комбинација од црвени букви и/или цифри на рефлектирачка бела позадина со сина лента на левата страна на регистарската табличка и црвен раб. Последните две цифри од горенаведената комбинација се однесуваат на последните две цифри од годината на истекот на регистрацијата. Сината лента на регистарската табличка на себе го содржи знамето на Литванија и бели букви „LT“ (привремени регистарски таблички издадени на продавачите на моторизирани возила за патен сообраќај).

Моторизираните возила коишто носат привремени таблички може, но не мора да имаат статус на Заедницата. Нивниот статус може да се потврди само со увид во релевантната документација.

Луксембург: За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Луксембург се смета дека имаат статус на Заедницата освен ако:

1. регистарската картичка (carte grise) содржи:
   "DOUANE - ADMISSION TEMPORAIRE
   Плаќање давачки при продажба"

Унгарија: За моторизираните возила регистрирани во Унгарија се смета дека имаат статус на Заедницата освен ако се регистрирани во рамките на една од следниве посебни серии:

- DT, CK, CD (дипломатски статус или слично)
- C, V (привремен престој)
- E (провизорно)

Малта: За моторизираните возила регистрирани на Малта се смета дека имаат статус на Заедницата ако носат две правоаголни регистарски таблички.

Една од табличките се става на предниот дел од возилото, а другата на задниот дел од возилото на начин на кој се овозможува сите букви и цифри од табличките да бидат во исправена положба.

Регистарската табличка се состои од 3 нумерички, азбучни и алфанумерички комбинации.

Исто така, регистарската табличка го носи амблемот на Европската Унија со жолти sвезди и буквата M оздола. Регистарските таблички имаат и холограм со серискиот број на табличката во основата.

За возило со статус на Заедницата **не** се сметаат оние возила чија регистарска табличка е составена од некоја од следниве комбинации.

CD* ***	**ДИМПЛОМАТИ**
TRIAL RN ***	**УВОЗНИЦИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА**
DDV ***	**ИСТАКНАТИ ДИМПЛОМАТСКИ ГОСТИ**
PRO ***	**ПРОТОКОЛ**
DMS ***	**ДИПЛОМАТСКИ МИСИИ**
***** **X**	**ИЗВОЗ ОД СТРАНА НА ТРГОВЦИ**
TF* ***	**ОСЛОБОДЕНО ОД ДАНОЦИ**
GV* ***	**ВЛАДИНИ ВОЗИЛА**
**GM **	**МИНИСТЕРСКИ ВОЗИЛА**

Холандија: За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Холандија се смета дека имаат статус на Заедницата освен ако документот за регистрација (kentekenbewijs) е еден од долунаведените:

1. "Kentekenbewijs" на којшто се испишани буквите BN или GN во комбинација со две групи од по две цифри (на пр. 12-BN-14, GN-33-01, 88-91-BN).

2. "Kentekenbewijs" со регистарски број составен од група од две букви следена од група од две цифри и буквата D (на пр. PD-21-D).

3. "Kentekenbewijs" со буквите CD, CD-J, CD-A (на пр. CD 121, CD-J-58).

4. "Kentekenbewijs" со регистарски број составен од:
   а) буквите RC следени од група од две, три или четири цифри (на пр. RC-81, RC-1214), или
   б) буквите AFC следени од петтоцифрен број помеѓу 79000 и 99999 (на пр. AFC-81 783).

5. "Kentekenbewijs" со следнава комбинација од букви и цифри:

ZZA001 до ZZT999 за автомобили и
ZZX001 до ZZZ999 за мотоцикли.

Полска: За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Полска се смета дека имаат статус на Заедницата ако:

- носат правоаголна табличка со регистрација составена од комбинација на букви и цифри (до седум знаци од кои најмалку еден знак е буква) испечатени со црна боја на рефлектирачка бела или рефлектирачка жолта позадина (за старински возила), со црвена боја на

рефлектирачка бела позадина (тест возила), со бела боја на рефлектирачка сина позадина (возила со дипломатски или сличен статус), со бела боја на црна позадина (поранешната табличка е сеуште на важност), и
- ако во однос на нив има издадено полска сообраќајна дозвола.

Португалија: 1. За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Португалија се смета дека имаат статус на Заедницата доколку носат правоаголна бела регистарска табличка со натпис којшто се состои од две букви и четири цифри со црна боја, одвоени со цртички во парови (на пр.: AB-32-46). Сообраќајната дозвола е на образец „LIVRETE 1227“.

2. Меѓутоа, моторизираните возила за патен промет коишто носат бела правоаголна табличка со натпис CD, CC или FM, припаѓаат на разни дипломатски претставништва и може, но не мора да имаат статус на Заедницата. Статусот на Заедницата може да се провери само со увид во нивната документација.

Романија:

Во Романија постојат три вида на регистрации за возила за патен сообраќај: постојани, привремени и за дипломатскиот кор.

Возилата за патен сообраќај коишто се постојано регистрирани во Романија се смета дека имаат **статус на Заедницата**.

Постојаните регистарски таблички за возила за патен сообраќај ја имаат следнава структура: ББЦЦХХХ, кадешто ББ е показател за територијалната поделба составен од една или две букви, ЦЦе првиот дел од регистарскиот број од 01 до 99, додека ХХХ е вториот дел од регистарскиот број составен од букви од ААА до ZZZ.

Регистарската табличка има алуминиумска стега и бела рефлектирачка основа, додека буквите и цифрите се со црна боја и може да се најдат во регистарската потврда за предметното возило.

Возилата за патен сообраќај со **привремена регистрација или пак оние во сопственост на дипломатскиот кор** не се сметаат за возила на Заедницата, освен доколку со придружните документи се докажува спротивното.

Регистарските таблички за привремена регистрација им се доделуваат на странски возила и приколки коишто се наоѓаат во царинска постапка за привремен увоз или за возила наменети за извоз.

Привремените регистарски таблички за возила за патен сообраќајја имаат следнава структура: ББЦЦЦЦЦF, кадешто ББ е ознака за територијалната поделба

составена од една или две букви, ЦЦЦЦЦ е регистарскиот број од 101 до 999999, а F е дропка на црвена основа којашто ги содржи месецот и годината на истек на регистрацијата, и двете изразени со две букви.

Регистарската табличка има алуминиумска стега и бела рефлектирачка основа, додека буквите и цифрите се со црна боја и може да се најдат во регистарската потврда за предметното возило. Потврдата не содржи посебни напомени за тоа дали возилото доаѓа од Европската Унија или надвор од неа.

Регистарските таблички за возила за патен сообраќај во сопственост на дипломатски мисии, конуларзни претставништва и нивните вработени, како и возилата во сопственост на други организации и странски државјани со дипломатски статус коишто делуваат во Романија ја имаат следнава структура: еден од показателите CD, CO или TC, зависно од случајот, и регистарскиот број составен од две групи од по три цифри.

Табличката има бела рефлектирачка позадина на која буквите и цифрите се испишани со сина боја и може да се најдат во потврдата за регистрација на предметното возило.

Словенија: За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Република Словенија се смета дека имаат статус на Заедницата ако носат правоаголни регистарски табличкисо алфанумерички (три до шест букви или комбинација од букви и цифри) регистарски код (којшто одговара на територијалната поделба), и доколку за нив е издадена словенечка сообраќајна дозвола.

Словачка Република:

1. За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Словачката Република се смета дека имаат статус на Заедницата ако нивната регистрација е во рамките на една од следниве посебни серии:

   - бела правоаголна регистарска табличка со натпис којшто се состои од две букви и пет знаци (три броеви и еден пар букви) во црна боја, одвоени со црта (на пр. BA-858BL). Првиот пар букви ја означува припадноста согласно територијалната поделба. Втората група знаци по цртата може да се состои од пет букви, или пак букви на првите четири позиции и цифра на петтата позиција, или пак букви на првите три позиции и цифри на четвртата и петтата позиција.
     Моторизираните возила за патен сообраќај се во промет и со бели регистарски таблички од претходна серија кадештo структурата е комбинација од две или три букви и четири цифри поделени во парови, сите изразени со црна боја и одвоени со црта (на пр. BA 12-23);

   - посебна бела правоаголна регистарска табличка со црвени знаци во два реда. Првиот ред се состои од две букви со кои се означува припадноста во територијалната поделба, додека вториот ред се состои од буквата „M“ следена од три цифри. По буквата „M“ може да се

додаде уште една буква. Ваквите таблички се издаваат за новопроизведени возила, за новонабавени возила или за возила употребувани за тестирање;

- посебна жолта правоаголна регистарска табличка со црни знаци во два реда. Првиот ред се состои од две букви со кои се означува припадноста во територијалната поделба, додека вториот ред се состои од буквата „V“ следена од три цифри. По буквата „V“ може да се додаде уште една буква. Ваквите таблички се издаваат за возила регистрирани за извоз. Во горниот десен агол се наоѓа полето со датумот на истек на регистрацијата;

- посебна жолта правоаголна регистарска табличка со црвени знаци во два реда. Првиот ред се состои од две букви со кои се означува припадноста во територијалната поделба, додека вториот ред се состои од буквата „H“ следена од три цифри. По буквата „H“ може да се додаде уште една буква. Ваквите таблички се издаваат за старински возила;

- посебна бела правоаголна регистарска табличка со сини знаци во два реда. Првиот ред се состои од две букви со кои се означува припадноста во територијалната поделба, додека вториот ред се состои од буквата „S“ следена од три цифри. По буквата „S“ може да се додаде уште една буква. Ваквите таблички може да се издаваат за возила за спортски намени;

- посебна бела правоаголна регистарска табличка со зелени знаци во два реда. Првиот ред се состои од буквата „C“ по којашто може да се додаде уште една буква, додека вториот ред се состои од пет цифри. Ваквите таблички може да се издаваат за возила кои се поедничено увезени во Словачката Република за кои техничката сообразност не е потврдена, или за други возила;

2. Сепак, моторизираните возила за патен сообраќај коишто носат сина правоаголна табличка со буквите „EE“ или „ZZ“ по кои следат пет цифри во жолта боја им припаѓаат на разни дипломатски или странски претставништва и може, но не мора да имаат статус на Заедницата. Статусот на Заедницата може да се потврди само со увид во нивната документација.

Финска: За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Финска се смета дека имаат статус на Заедницата доколку не се привремено регистрирани за извоз (извозна регистрација), во кој случај тие имаат регистарска табличка којашто се состои од една буква и најмногу четири цифри во црна боја на бела рефлектирачка основа. Понатаму, на десниот раб на овие регистарски таблички со бели знаци на црвена рефлектирачка основа се забележани годината и месецот на истек на важност на регистрацијата.

Освен тоа, за возила без статус на Заедницата се сметаат оние возила кои носат:

1. Транспортни таблички со една буква и најмногу четири цифри во црвена боја на рефлектирачка бела основа;
2. Тест таблички на кои со црна боја е испишано„KOE” (= тест) во вертикална положба, следено од една буква и најмногу три цифри на рефлектирачка жолта основа.

Шведска За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во Шведска се смета дека имаат статус на Заедницата освен доколку се регистрирани за извоз (извозна регистрација). Во таков случај, регистарската табличка е црвена со бели знаци. Датумот на истек на привремената регистрација (година, месец и ден) е запишан на левата и на десната страна на регистарската табличка. Покрај тоа, сопственикот на возилото поседува и посебна одлука со која е опишан вистинскиот вид на привремената регистрација.

За останатите привремено регистрирани моторизирани возила за патен сообраќај се смета дека имаат статус на Заедницата.

Обединето Кралство:

За моторизираните возила за патен сообраќај регистрирани во ОК се смета дека имаат статус на Заедницата ако регистарските таблички ги содржат следниве информации и ако документите или потврдите за регистрација не се обележани со зборовите „Customs Restriction” или „Customs concession” или „Warning: Customs duty and tax have not been paid on this vehicle”. Регистарската табличка на предниот дел на возилото се состои од црни знаци на бела основа. Регистарската табличка на задниот дел на возилото се состои од црни знаци на жолта основа.

Велика Британија
Пред 1 септември 2001 г.:
Една буква по којашто следи сериски број до 999 следен од комбинација од најмногу три букви, или пак обратен редослед од ваквата низа, на пр. E 380 RPW, TEC 504R.
Од1 септември 2001 г.:
Две букви по коишто следат две цифри следени од три букви, на пр. BD51 SMR; LF03 OAD

Северна Ирска
Три буквии најмногу четири цифри, на пр. CDZ 1277.

Остров Ман:
Сериска буква плус буквите MN, по кои следи сериски број помеѓу 1 и 999, следен од сериска буква, на пр. BMN 820 A.

Гернзи:

Сериски број од најмногу пет цифри.

Џерзи:
Буквата J следена од сериски број од најмногу пет цифри, на пр. J 41821.

Олдерни:
AY плус сериски број од најмногу четири цифри, на пр. AY 138.

11. Доколку деталите за регистрацијата на моторизираните возила за патен сообраќај се такви што согласно информациите од ставот 10 погоре тие возила немаат статус на Заедницата, тие сепак може да бидат признаени како стока со статус на Заедницата доколку за нив се поднесе документ T2L или друг документ којшто има еднаква важност согласно одредбите од членот 320 од УСЦЗЗ.

Прилог 8.4

Доказ за статус на Заедницата за железнички вагони

Со проширување на членот 321 од УСЦЗ, соодветните бројчани шифри и сопственичките ознаки (иницијали) се следниве:

ЗЕМЈА	БРОЈЧАНА ШИФРА	СОПСТВЕНИЧКА ОЗНАКА (ИНИЦИЈАЛИ)
Белгија	88	B
Бугарија	52	BDZ
Чешка Република	54	CD
Кипар:	Не е применливо	
Данска	86	DSB
Федеративна Република Германија	80	DB
Естонија	26	EVR
Грција	73	CH
Шпанија	71	RENFE
Франција	87	SNCF
Ирска	60	CIE
Италија	83	FS
Летонија	25	LDz
Литванија	24	LG
Луксембург	82	CFL
Унгарија:	55 43	MÁV GYSEV
Малта:	Не е применливо	

Холандија	84	NS
Австрија	81	ÖBB
Полска	51	PKP
Португалија	94	CP
Романија	53	CFR
Словенија	79	SŽ
Словачка Република	56	ŽS
Финска	10	VR
Шведска	74	SJ
Обединето Кралство	70	BR (освен ако по бројот на вагонот следи буквата P)

Прилог 8.5

СПИСОК НА НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА РЕДОВЕН БРОДСКИ ПРЕВОЗ

Земја	Име на органот	Адреса на органот	Контакт лице
(А)	(Б)	(В)	(Г)
БЕЛГИЈА	Administration Centrale des douanes et accises Service Procédures douanières, direction 10	North Galaxy, Tour A (NGA 21) Boulevard du Roi Albert II 33, boîte 37 B-1030 Bruxelles	
ДАНСКА	Одговорни за издавање на ова одобрение во Данска се соодветните царински подрачни испостави	Имињата на одговорните лица и имињата и адресите на нивните локации се еднакви на списокот на локални координатори за транзит, согласно објавеното во водичот за Транзитна мрежа (Transit Network guide).	
ФИНСКА	Turun Tulli/meriliikenneluvat	PL 386 20101 Turku	Mr Heimo Pönkä Тел.: +358-20-4924245 Моб. тел.: +358-40-3324245 Факс: +358-20-4924017 Ел.пошта: Heimo.Ponka@tulli.fi
ФРАНЦИЈА	Direction générale des Douanes et Droits Indirects	23 bis, rue de l'Université F – 75007 PARIS	Mme Chasseriau Maud Тел. : +33-1- 44744621 Факс: +33-1-4474 4940 Ел. пошта: maud.chasseriau@douane.finances.gouv.fr

ГЕРМАНИЈА	Hauptzollamt Kiel	Auguste-Viktoria str. 6-8 DE-24103 Kiel	Mr.Holger Krüger Тел. : + 49-431-595-3604 Факс : + 49-341-595-3645 Ел. пошта: Holger.Krueger@hzaki1.bfin.de
ГРЦИЈА	Ministry of Finance Directorate General Of Customs and Excise 19th Division-1st Department	K. Servias 10 101 84 Athens Greece	Тел.:0030210/3248832 Факс:0030210/3225731 Ел. пошта:d19diadi@otenet.gr
ИРСКА	The Revenue Commissioners, CAP & Transit Procedures Branch,	Revenue Government Buildings Customs Unit 1 St. Conlons Road Nenagh, Co. Tipperary	Mr. John Sherlock. Тел.: 00353-67-63440 Факс: 00353-67-44126 Ел. пошта: jsherlock@revenue.ie
ИТАЛИЈА	AGENZIA DELLE DOGANE Area gestione tributaria e rapporti con gli utenti. Ufficio regimi doganali e fiscali	Via Mario Carucci, 71 00143 Roma	Rosanna Lavuzza Тел.: 0039 06 50246040 Факс: 0039 06 5001037 Ел. пошта: dogane.tributi.regimi@finanze.it Mr. Giancarmine Chiarello Тел.: 0039 06 50245073
ЛУКСЕМБУРГ	-		

ХОЛАНДИЈА	Belastingdienst Douane Rotterdam	Kantoor Laan op Zuid Team 2 Klantcoördinatie Postbus 50966 NL- 3007 BJ Rotterdam	Тел.: (0031) 10 290 4970 Факс: (0031) 10 290 4705
АВСТРИЈА	-		
ПОРТУГАЛИЈА	Direcção- Geral das Alfândegas e dos Impostos Especiais sobre o Consumo Direcção de Serviços de Regulação Aduaneira	Rua da Alfândega, nº 5 -r/c 1149-006 LISBOA	Тел.: 351 218813890 Факс: 351 218813984 Ел. пошта: dsra@dgaiec.min-financas.pt
ШПАНИЈА	Agencia Estatal de Administración Tributaria Departamento de Gestión Aduanera e II. EE.	Avenida del Llano Castellano, 17 28071 - MADRID	Isabel Rodriguez Fernandez Nicolás Campo Hernández Lola Ginés Pérez Тел.: ++ 34 91 728 94 58 Факс: ++ 34 91 358 47 21 Ел. пошта:gesadu@aeat.es
ШВЕДСКА	Tullverket Nedre Norrlandsregionen Företagsenheten	Box 796 S-851 22 Sundsvall	nedrenorrland@tullverket.se
//	Tullverket Mälardalsregionen Åke Perhult Kvalitetssäkrings- och tillståndssektionen	Box 27311 S-102 54 Stockholm	ake.perhult@tullverket.se

//	Tullverket Östersjöregionen Företagsenheten - IKS	Box 153 S-374 23 Karlshamn	ostersjo@tullverket.se
//	Tullverket Skåneregionen Företagsenheten Tullinformations- och kvalitetssäkringssektionen	Box 850 S-201 80 MALMÖ	skane@tullverket.se
//	Tullverket Västsvenska regionen Klareringssektion Göteborg Klar grp Gbg/ Anders Karp	S-404 85 Göteborg	vastsvenska@tullverket.se
ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО	HM Customs & Excise CCTO National Simplifications Team	Custom House Main Road Harwich Essex - CO12 3PG	Mr Patric Parsons Тел.: 00 44 12255 244894 Факс: 00 44 1255 244784 Ел. поща: ccto.general@hmrc.gsi.gov.uk
СЛОВЕНИЈА	CARINSKA UPRAVA REPUBLIKE SLOVENIJE, GENERALNI CARINSKI URAD Sektor za carinske in davene postopke	ŠMARTINSKA 55 SI - 1000 LJUBLJANA SLOVENIA	Ms Branka Srsen Тел.: +386 1 4783878 Факс: +386 1 4783904 Ел. поща: Branka.Srsen@gov.si
ПОЛСКА	Customs Chamber in Gdynia Izba Celna w Gdyni	Ul. Polska 8 81-339 Gdynia Тел.+48.58.620.29.30	Факс: +48 58 621 0554 Ел. поща: dyrektor@gdy.mofnet.gov.pl

	Customs Chamber in Szczecin Izba Celna w Szczecinie	Ul. Energetyków 55 70-952 Szczecin Тел.+48 91 462 34 71	Факс: +48 91 480 5801 Ел. пошта: ic.szczecin@szc.mofnet.gov.pl sekretariat.ic-szczecin@szc.mofnet.gov.pl
СЛОВАЧКА РЕПУБЛИКА	-		
ЧЕШКА РЕПУБЛИКА	-		
МАЛТА	Ministry of Finance Customs Division Transit Branch	Custom House Valletta CMR 02 МАЛТА	Mr. Anthony Busuttil Тел.: 00356 2225 1422 Факс: 00356 2165 1250 Ел. пошта: anthony.b.busuttil@gov.mt
КИПАР	Customs Headquarters, Ministry of Finance	Corner M.Karaoli and Gr. Afxentiou, 1096, Nicosia	Тел.:+357 22 601651 Факс:+357 22 302031 Ел. пошта: headquarters@customs.mof.gov.cy
ЛЕТОНИЈА	VID Kurzemes reģionālās iestādes muitas pārvalde	Liepājas ielā 48, Kuldīga, LV-3300 Latvia	Ilvita Mantaja Тел.: +371 3320416 Факс: + 371 3320416 Ел. пошта: Ilvita.Mantaja@kreg.vid.gov.lv
	VID Rlgas muitas regionālās iestādes muitas parvaldes	Citadeles ielā 1, Rlgā, LV-1010 Latvia	Mr Ojārs Ūdris Факс: +371 7 047301 Ел. пошта: Ojars.Udris@rm.vid.gov.lv

	VID Vidzemes reģionālās iestādes muitas pārvaldes	Beātes ielā 49, Valmierā LV-4201 Latvia	Andris Liepiņš Тел.: +371 4207768 Факс: + 371 4207805 Ел. пошта: andris.liepins@vreg.vid.gov.lv
	VID Galvenā muitas pārvalde * * за претставници од други земји	Kr. Valdemāra ielā 1 a Rīgā, LV-1841 Latvia	Ilona Kazaka Тел.: +371 7357247 Факс: + 371 7357248 Ел. пошта: Ilona.Kazaka@dep.vid.gov.lv
ЕСТОНИЈА	Tax and Customs Board	Lokke 5 15175 TALLINN Estonia	Vadim Iljušin Тел.+372 696 7892 Факс +372 696 7733 vadim.iljusin@customs.ee
ЛИТВАНИЈА	Muitinės departamentas Muitinės procedūre skyrius Tranzito kontrolės poskyris	A. Jakšto g. 1/25 LT-01105 Vilnius	Mr Audrius Budrys Тел.: +370 5 266 60 80 Факс: +370 5 266 60 14 Ел. пошта: a.budrys@cust.lt
УНГАРИЈА	-		
БУГАРИЈА			
РОМАНИЈА	Autoritatea Nationala a Vamilor Serviciul Tranzit – Biroul Centralizator	Str. Matei Millo, nr.13, Sector 1, Bucuresti.	

ДЕЛ III – ГАРАНЦИИ

1. Вовед

Дел III ги обработува гаранциите за транзит.

Пододдел 1 содржи вовед и повикувања на законски одредби во однос на гаранциите за транзит.

Пододдел 2 содржи општи одредби во врска со гаранциите за транзит.

Пододдел 3 ја опишува поединечната гаранција.

Пододдел 4 ги опишува општата гаранција и изземањето од обврската за гаранција.

Пододдел 5 го опишува законски одреденото изземање од обврската за гаранција.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални упатства.

Пододдел 7 е резервиран за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги содржи прилозите кон Дел III.

1.1. Целта на гаранциите

Царинските и другите давачки коишто се применуваат на стоката привремено се одлагаат кога стоката се пушта во заеднички транзит/транзит на Заедницата. Со цел да се обезбеди наплатата на царинскиот долг и другите давачки кога во текот на транзитната операција настанува (царински) долг, тогаш од главниот обврзник се бара да обезбеди гаранција.

Повикувања на законски одредби

Гаранциите за транзит својата законска основа ја наоѓаат во:

- Член 10 од Конвенцијата,Членови 5 до 7, 12 до 15, 48 до 61 и член118 од Додаток I од оваа Конвенција,
- Прилози I, III, и IV од Додаток I, и
- Прилози Б1 до Б7 од Додаток III.

- Членовите 94, 95, 189 до 200 од ЦЗЗ, и
- Членовите 342, 345 до 348, 372 до 384 и 450в од УСЦЗЗ, и,
- Прилозите 44в, 46б, 47а, 48 до 51, 51а, 51б и 54 од УСЦЗЗ.

1.2. Форми на гаранција

Член 6(1) Додаток I, Конвенција

Член 193 од ЦЗЗ

Гаранцијата може да се обезбеди во вид на готовински депозит или да биде обезбедена од страна на гарант. Гаранцијата може да биде поединечна гаранција којашто опфаќа една транзитна операција или пак општа гаранција којашто опаќа неколку операции. Поединечната гаранција од гарант може да биде во облик на ваучери коишто гарантот му ги издава на галвниот обврзник. Употребата на општата гаранција претставува поедноставување на стандардната постапка за транзит, па оттука за неа потребно е одобрување.

1.3. Изземање на гаранција

Па пат на исклучок, не е потребно обезбедување на гаранција во следниве случаи:

Член 7 Додаток I од Конвенцијата
Член 95 од ЦЗЗ
Членови 342(3) и 446 од УСЦЗЗ

- законско изземање од гаранција:
  - •за одредени видови на транспорт

Член 189(4) од ЦЗЗ
Членови 56, 57 и 58 од Додаток I од Конвенцијата

  - •за јавни органи кај транзитот на Заедницата (види пододдел 5.4)

Член 94(4) од ЦЗЗ

- изземање од гаранција со одобрение;

Членови 379, 380, 380а и 381 од УСЦЗЗ

- изземање од гаранција со со национална одлука;
  - во заедничкиот транзит по пат на билатерални или мултилатерални договори помеѓу договорните страни за операции кои ги

Член 10(2)(а) од Конвенцијата

вклучуваат само нивните подрачја,

- во заедничкиот транзит за делот на операцијата помеѓу појдовната испостава и првата транзитна испостава согласно одлуката на засегнатата договорна страна,

Член 10(2)(б) од Конвенцијата

- за транзит на Заедницата каде износот којшто треба да се обезбеди не надминува 500 EUR, согласно одлука на царинските органи од засегнатата земја-членка.

Член 189(5) од ЦЗЗ

1.4. Област на важност

Член 10(1) од Конвенцијата

Општо гледано, гаранцијата има важност само за договорните страни вклучени во транзитната операција. По пат на исклучок, поединечните гаранции во вид на готовински депозити или во форма на ваучери се важечки за сите договорни страни.

Член 12(2) и (3) Додаток I од Конвенцијата

Ограничување на областа на важност е можна доколку гаранцијата е важечка само за инволвираните договорни страни. Гарантот може во гарантниот документ да го избрише името на договорните страни или на договорната страна или на Принципатот Андора или на Републиката Сан Марино. Со тоа, гаранцијата ќе биде важечка во сите договорни страни и земји коишто не се прецртани. Меѓутоа мора да се напомене дека гаранцијата не ги опфаќа операциите на заеднички транзит кон и од Андора и Сан Марино затоа што Конвенцијата не е применлива.

Кај транзитот на Заедницата, гаранцијата е важечка во сите земји членки и во Принципатот Андора и Републиката Сан Марино. Под услов Европската Заедница или Принципатот Андора или Републиката Сан Марино да не се прецртани во

гарантниот документ и главниот обврзник да се придржува до условите за употреба на гаранцијата, нему може да му се дозволи да обезбедува гаранција прифатена или одобрена од страна на надлежни органи од договорни страни кои не се Европската Заедница за операција на транзит на Заедницата и/или помеѓу Европската Заедница и една од тие земји.

1.5. Табела на гаранции

	Поединечна гаранција			
	Готовински депозит	Од страна на гарант	Со ваучер	Општа гаранција
Опфат	поединечна операција	поединечна операција	поединечна операција	неколку операции
Област	неограничена важност	можно ограничување	неограничена важност	можно ограничување
Стока од Прилог I, Додаток I од Конвенцијата /Прилог 44В од УСЦЗЗ	ограничување не е можно	ограничување не е можно	можно ограничување	можно ограничување
Потребен износ на гаранција	100 % од сите царински и други давачки	100 % од сите царински и други давачки	100 % од сите царински и други давачки	100% *) 50% *) 30% *) 0% **) од референтниот износ
Период на важност на потврдите	Не е применливо	Не е применливо	Најмногу една година по годината на издавање	Две години (можно е едно двегодишно продолжување)
Доказ дека е обезбедена гаранција	Готовински депозит даден од страна на главниот обврзник	Гарантен документ во согласност со Прилог Б1 кон Додаток III од Конвенцијата /Прилог 49 од УСЦЗЗ	Поединечна гаранција, ваучер ТЦ 32	*) Потврда за општа гаранцијаТЦ 31 **) Потврда за изземање на гаранција ТЦ 33

Забелешка: кога податоците во однос на гаранцијата се разменуваат помеѓу гарантниот орган и појдовната испостава по пат на информатичка технологија и употреба на компјутерски мрежи, до појдовната испостава не се поднесува ниту потврдата за општа гаранција ТЦ31, ниту потврдата за изземање на гаранција ТЦ33.

2. Општи одредби

2.1. Потреба од гаранции

2.1.1. Вовед

Член 5(1) Додаток I од Конвенцијата

Обезбедувањето на гаранција со којашто се гарантира плаќањето на било кој (царински) долг којшто може да настане претставува услов за превезување на стока во рамки на заедничкиот транзит/транзитот на Заедницата. Плаќањето на односните износи се обезбедува кога износот на гаранцијата ќе се пресмета во согласност со соодветните одредби за употребената гаранција.

Член 94(1) од ЦЗЗ

2.1.2. Пропусти

Член 24 Додаток I од Конвенцијата

Декларацијата не смее да се прифати во случаите кога транзитната декларација не содржи информации за гаранцијата или пак потребниот гарантен документ не се става на увид на појдовната испостава.

Член 63 и 62 од ЦЗЗ

Член 29(1) подстав 2, Додаток I од Конвенцијата

Кога произлегува дека износот на гаранцијата е недоволен, појдовната испоставање смее да ја пушти стоката во транзит освен доколку се поднесе гаранција со којашто се покрива целиот износ на (царинскиот) долг кој може да настане.

Член 73(1) и 74(2) од ЦЗЗ

Исто така, појдовната испостава мора да одбие да ја пушти стоката доколку поднесените документи докажуваат дека гаранцијата не му е издадена на главниот обврзник за предметната транзитна операција.

2.2. Пресметување на износот на гаранцијата

2.2.1. Вовед

Член 5(1) Додаток I од Конвенцијата

Член 94(1) од ЦЗЗ

Износот на гаранцијата мора да се пресмета на начин со кој се покрива целосниот износ на (царинскиот) долг кој може да настане.

2.2.2. Пресметка

Член 12 и 56(2)(б) Додаток I од Конвенцијата

Член 345(1) и 379 од УСЦЗЗ

Член 341 од УСЦЗЗ

Член 3(1), Додаток I од Конвенцијата

Општо земено, пресметката се врши врз основа на највисоките стапки коишто се применливи на таквата стока во земјата на поаѓање. Пресметката треба да ги содржи сите царински и други давачки, на пр. акцизни давачки и данок на додадена вредност, коишто воопшто се применливи на таквата стока при узвоз. Највисоките стапки за царинските давачки произлегуваат од конвенционалните стапки. Привилегиите, на пример оние кои што подлежат на обезбедување на доказ во времето на пуштање во слободен промет, на пр. преференцијални стапки или квоти, не се земаат предвид.

Пресметката треба да се врши врз основа на увозните давачки коишто би се применувале на стока од ист вид во земјата на поаѓање во случај на царинење за домашна употреба. Стоката којашто се наоѓа во слободен промет во договорната страна треба да се третира како да е стока којашто се увезува од трета земја.

Постапка Т2

Член 3(г) Додаток I од Конвенцијата

Ова исто така се применува и кога стоката со статус на стока на Заедницата се става во постапка на заеднички транзит. Заради пресметка, со цел да се обезбеди евентуалната наплата на царинскиот долг во договорна страна која што не е Заедницата, за оваа стока се смета дека нема статус на Заедницата.

Член 56(1), втор подстав Додаток I од Конвенцијата Член 379од УСЦЗЗ

Предметната стока се распоредува врз основа на царинската тарифа. Доколку стоката не е наведена во Прилог I од Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44В од УСЦЗЗ, и распоредувањето или е невозможно или е несоодветно, може да се пристапи кон проценување на износот на гаранцијата. Проценката мора да обезбеди дека со гаранцијата ќе се покрие целосниот износ на (царинскиот) долг кој може да настане. Во одредени исклучителни случаи кадешто ниту ваквата проценка не е можна, износот на гаранцијата може да се претпостави на 7.000 EUR. Оваа основен начин се однесува и на општата и на поединечната гаранција.

Кога станува збор за стока со зголемен ризик од измама, согласно наведеното во Прилог I, Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44В од УСЦЗЗ, пресметката се врши врз основа на распоредувањето на стоката.

При утврдувањето на износот на поединечна гаранција за стока за која е наведена минимална стапка во Прилогот I, Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44В од УСЦЗЗ, и кога се надминати минималните количини, резултатот од пресметката треба да се спореди со минималната стапка. Доколку резултатот од пресметката е повисок од минималната стапка, тогаш износот на гаранцијата треба да се утврди врз основа на пресметката. Доколку пресметката резултира со износ кој е помал од минималната стапка, тогаш износот на гаранцијата треба да се утврди врз основа на минималната стапка.

Пример:
Пратка од три тони путер (тарифна ознака HS 0405.10) треба да се стави во транзитна постапка во земјата X. Царинските и другите давачки од таа земја обично брааат

гаранција во износ од 7.500 EUR. Меѓутоа, бидејќи колона бр. 5 од прилогот предвидува дека минималната гаранција за производот треба да биде најмалку 2600 EUR за еден тон, гаранцијата ќе се утврди на износ од 7.800 EUR.

2.3. Гарант

2.3.1. Вовед

Член 3(s) Додаток I од Конвенцијата

Гарантот е физичко или правно трето лице. Гарантот и главниот обврзник не смеат да бидат едно исто физичко или правно лице. Фирмата ќерка мора да биде правно лице одделно од фирмата мајка.

Член 195 Втор подстав од ЦЗЗ

2.3.2. Регистрација и одобрение

Член 6(4) Додаток I од Конвенцијата

Гарантот мора да биде регистриран во договорната страна во која гаранцијата се издава и се одобрува од страна на надлежните органи.

Член 195 втор подстав од ЦЗЗ

Што се однесува до Заедницата, гарантот не мора да биде регистриран во земјата членка во која се дава гаранцијата, ниту пак мора да биде одобрен од страна на нејзините царински органи. Кога гарантот е одобрен во друга земја-членка, доказот за тоа одобрение мора да биде обезбеден согласно важечките прописи во земјата членка во која се наоѓа гарантниот орган.

Гарантот го одобруваат надлежните органи согласно важечките прописи во предметната земја. Оттука, националните закони се тие коишто го одредуваат општиот законски однос помеѓу гарантот и надлежните органи во

рамките на општата рамка за транзит.

Член 6(4) Додаток I, Конвенција

Член 342(2) од УСЦЗЗ

Гарантот мора да има адреса за достава во секоја земја во која неговата гаранција е важечка или, доколку законите на земјата не налагаат да постои таква адреса, тогаш тој мора да назначи застапник. Адресата за достава содржи место на вршење активност, регистрирана согласно законите во предметната земја, во кое надлежните органи можат да ги изведуваат сите формалности и постапки во однос на гарантот, во пишана, законски обврзувачка форма. Назначениот застапник е физичко или правно лице назначено од страна на гарантот.

На овој начин се обезбедува дека за сета писмена кореспонденција до гарантот и за законските постапки коишто вклучуваат гарант може да се потврди дека се испорачани во секоја земја во која може да настане царински долг за стока ставена во транзитна постапка.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Гарантот се обврзува да не ја менува адресата за доставување без претходно да го извести гарантниот орган. Овој орган мора, исто така да биде известен за сите промени во однос на назначените застапници.

2.3.3. Одговорност

Одговорноста на гарантот се основа на прифаќањето на неговата гарантна обврска од страна на гарантниот орган. Обврската започнува да важи од денот на кој појдовната испостава ја пушта стоката во транзитна постапка под покритие на оваа гаранција.

Одговорноста на гарантот е ограничена на максималниот износ прикажан во гарантниот документ. Не може да се вршат побарувањакоишто го надминуваат тој износ.

2.3.4. Гарантен документ во случај на поништување или укинување

Член 118 Додаток I од Конвенцијата

Кога обврската на гарантот бива поништена или укината, гарантниот орган ќе го чува соодветниот гарантен документ најмалку една година, освен кога долгот (царински) е раздолжен или не може да настане или гарантот е известен за наплатата на долгот или за раздолжувањето на постапката..

Член 450в-г од УСЦЗЗ

Во случај гарантот да е известен за тоа дека транзитната операција не е раздолжена, гарантниот орган ќе го чува гарантниот документ, врз основа на добиените информации, до наплатата или до завршувањето на раздолжувањето или, доколку е соодветно, гарантот се ослободува од обврската.

3. Поединечна гаранција

3.1. Готовински депозит

3.1.1. Вовед

Член 6(1) и 12(2) Додаток I од Конвенцијата

Член 345(2) од УСЦЗЗ

Гаранција во вид на готовински депозит може да се достави во појдовната испостава во согласност со важечките одредби во земјата на поаѓање и таа се враќа откако ќе се раздолжи постапката.

3.1.2. Враќање на плаќањето

Вообичаено е за враќање на платениот износ надлежноста да ја има појдовната испостава. Појдовната испостава за тоа

го известува главниот обврзник во времето на поднесување на готовинскиот депозит и го прашува кој облик на враќање на износот го претпочита. Доколку главниот обврзник се одлучи за трансфер на пари, појдовната испостава ќе ги забележи деталите за банкарската сметка на главниот обврзник и ќе го извести главниот обврзник дека тој ќе ги поднесе трошоците за преносот.

3.2. Поединечна гаранција од гарант

Доколку гарантниот орган не е појдовната испостава и има зачувано копија од гарантниот документ, појдовната испостава треба да го извести гарантниот орган за враќањето на оригиналот на главниот обврзник.

3.3. Поедеинечна гаранција во вид на ваучери (ТЦЗ2)

3.3.1. Одговорност и одобрување

Член 6(4), подстав 2, Додаток I, Конвенција

Член 195, трет подстав од ЦЗЗ

Гарантниот документ за поединечна гаранција во вид на ваучери ТЦЗ2 не содржи максимален износ на обврската. Гарантниот орган треба да обезбеди дека гарантот располага со доволно финансиски ресурси за плаќање на (евентуалните) долгови кои би можеле да настанат. Поконкретно, органот може да разгледа ограничување на бројот на ваучери ТЦЗ2 коишто ги издал одреден гарант.

Ваучерот ТЦЗ2 одговара на примерокот од Додаток 3 Прилог Б3 од Конвенцијата/Прилог 54 од УСЦЗ3.

3.3.2. Известување

Секоја земја мора да ја извести Комисијата за имињата и адресите на гарантите кои се овластени за издавање ваучери.

Списокот со овластени гаранти е даден во Прилогот 8.1.

Во случај на поништување или укинување на одобрението, земјата одговорна за гарантниот орган треба веднаш да ја извести Комисијата и да го наведе датумот на кој укинувањето или поништувањето ќе стапи на сила.

Комисијата ќе ги извести другите земји

3.3.3. Ваучер

Гарантот може да го комбинира ваучерот со талон, или доколку е потребно, со белешка.

Отсуството на потписот на главниот обврзник на ваучерот нема влијание врз важноста на ваучерот.

Потписот на гарантот на ваучерот не мора да биде своерачен.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

На ваучерот ТЦ 32 гарантот го внесува датумот до кој ваучерот има важност. Важноста не може да биде подолга од една година од датумот на издавање.

Гарантот може од опсегот на гарантните ваучери да ја исклучи стоката наведена во Прилогот I Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44Вод УСЦЗЗ (стока со зголемен ризик од измама).

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Доколку гарантот сака од опсегот на ваучерите да ја исклучи стоката наведена во Прилогот I Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44В од УСЦЗЗ, тој мора да внесе еден од следниве изрази во ваучерот, по дијагонала:

BG	Ограничена валидност
CS	Omezená platnost
DA	Begrænset gyldighed
DE	Beschränkte Geltung

EE	Piiratud kehtivus
EL	Περιορισμένη ισχύς
ES	Validez limitada
FR	Validité limitée
IT	Validità limitata
LV	Ierobežots derīgums
LT	Galiojimas apribotas
HU	Korlátozott érvényű
MT	Validità limitata
NL	Beperkte geldigheid
PL	Ograniczona ważność
PT	Validade limitada
RO	ValiditateValabilitate limitată
SI	Omejena veljavnost
SK	Obmedzená platnosť
FI	Voimassa rajoitetusti
SV	Begränsad giltighet
EN	Limited validity
IS	Takmarkað gildissvið
NO	Begrenset gyldighet

4. Општа гаранција и изземање од гаранција

4.1. Општи одредби

4.1.1. Вовед

Член 48(1)(а) Додаток I од Конвенцијата

Употребата на општата гаранција или изземањето од гаранција претставува поедноставување дадено врз основа

Член 372(1)(а) од УСЦЗЗ

Членови 49 до 53 Додаток I од Конвенцијата

Член 373 до 376 од УСЦЗЗ

на одобрение. За тоа е потребно да се пополни барање од страна на барател и одобрение од страна на надлежен орган.

4.1.2. Општи услови

Барателот мора да се придржува кон општите услови зададени во член 49(1) од Додаток I од Конвенцијата/членот 373 (1) од УСЦЗЗ. Повеќе детали може да се најдат во Дел V, пододдел 2.1.

4.1.3. Пресметување на референтниот износ

Употребата на општата гаранција и изземањето од гаранција се одобрува за одреден референтен износ. Со цел заштитување на финасиските интереси на договорните страни и со цел исполнување на барањата на главниот обврзник, референтниот износ мора да се пресмета со посебно внимание.

Периодот од најмалку една недела за кој се пресметува референтниот износ треба да претставува типичен пример за транзитните активности на главниот обврзник. Исто така, треба да се вклучи транспортот на стока во тек на периоди на густ сообраќај или онаа стока која тој обично не ја декларира за транзит, со цел да се покријат сите можности.

Гарантниот орган го утврдува износот врз основа на информациите, посебно врз основа на комерцијалните документи и записи дадени од страна на барателот за стока којашто ја има превезувано во минатото и којашто има намера да ја става во транзитна постапка и во иднина.

Гарантниот орган го пресметува износот врз основа на највисоките стапки за царински и други давачки применливи во земјата на поаѓање (види пододдел 2.2). Во договор со барателот, гарантниот орган може да го процени референтниот износ со заокружување на сумите со цел покривање на потребниот износ.

4.1.4. Износ на гаранцијата

Референтниот износ за општата гаранција е еднаков на максималниот износ прикажан во гарантната обврска на гарантот којашто барателот ја поднесува кај гарантниот орган за прифаќање.

4.1.5. Потврда на гаранција

Надлежните органи му издаваат потврда на главниот обврзник. Со цел да се спречи злоупотребата на потврдите и гаранциите, надлежните органи издаваат повеќе потврди само во оправдани случаи и во број којшто главниот обврзник може да го оправда (на пример, доколку главниот обврзник редовно поднесува транзитни декларации кај неколку царински испостави).

Сите дополнителни обврски или ограничувања наметнати во времето на издавање на одобрението може да се внесат во рубриката бр. 8 од потврдата „посебни напомени“ (види Прилог Б7 од Додаток III од Конвенцијатаи/или Прилог 51б од УСЦЗЗ). Овде се даваат неколку примери за таквите напомени:

- „Ограничена важност“

Оваа напомена значи дека барањето е поднесено за превоз на стока којашто не е наведена во Прилогот I Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44Вод УСЦЗЗ (стока со зголемен

ризик од измама). Се напоменува дека кога оваа стока не ја надминува релевантната количина таа може да се опфати со гаранција „Ограничена важност“.

Внимание: Потврдата ТЦ 33 за изземање од гаранција не важи за стока кај која има зголемен ризик за измама. Оваа потврда не смее да се одобри со напомена „Ограничена важност“.

- „Со важност само во појдовната испостава (Име)”

4.1.6. Обврски на главниот обврзник

Член 56(1) и (4) Додаток I од Конвенцијата

Член 379(1) и (4) Од УСЦЗЗ

Главниот обврзник се обврзува да не го надминува утврдениот референтен износ. Тој мора да ги преземе сите мерки за да се придржува кон оваа обврска и да води сметка референтниот износ да не биде надминат.

Член 53(2) Додаток I од Конвенција та

Надлежните органи ќе ги опишат средствата за надгледување на референтниот износ во одобрението. Тие може да ги земат во предвид и предлозите дадени од страна на главниот обврзник. Во секој случај, начинот на надгледување мора на главниот обврзник да му овозможи да утврди дали референтниот износ ќе биде пречекорен во транзитната операција за која се поднесува барање.

Член 376(2) од УСЦЗЗ

Во таа смисла, надлежните органи можат посебно да бараат главниот обврзник да води евиденција за секоја транзитна декларација која ја има доставено и за износот на пресметани или проценети царински и други давачки. Тој може да надгледува дали го надминува референтниот износ со задолжување од него на износот за секоја транзитна операција во времето кога стоката се пушта во транзит. Понатаму, главниот обврзник го кредитира референтниот износ со тој износ тогаш кога ќе добие информација дека е завршена транзитната операција. Главниот обврзник може

да смета дека операцијата завршила на датумот на кој стоката мора да се стави на увид на одредишната испостава. Тој треба ретроспективно да ја усклади евиденцијата кога ќе добие информација дека постапката не е раздолжена или дека завршила по истекот на временскиот рок зададен од страна на појдовната испостава.

Доколку главниот обврзник процени дека можеби ќе го надмине референтниот износ, тој мора да преземе мерки во однос на одобрението и, доколку е потребно, во однос на идните транзитни операции.

Член 56(4) втор подстав Додаток I од Конвенцијата

Член 379(4) втор подстав од УСЦЗЗ

Во таков случај тој ќе го извести гарантниот орган и ќе понуди објаснување. Доколку надминувањето на референтниот износ се должи на посебни околности, тогаш органот нема да преземе дополнителни мерки во однос на гаранцијата. Доколку надминувањето се должи на општи промени на околностите, на пример зголемување на обемот на операции или промена на стоката која што треба да се превезува, гарантниот орган ќе го прилагоди референтниот износ. Во ваков случај потребно е да се достави нова гарантна обврска, по што надлежниот орган ќе може да издаде ново одобрение и потврда за гаранција.

Доколку референтниот износ не се прилагоди пред наредното ставање на стока во транзитна постапка и поради тоа референтниот износ бива пречекорен, главниот обврзник мора да обезбеди гаранција со којашто се покрива целосниот износ на долгот (царински) којшто може да настане во однос на предметната транзитна деклатација, со цел да се обезбеди пуштање на стоката во транзит.

Членови 54 и 56(4) Додаток I од Конвенцијата

Член 9(2) од

Одобрението може да се укине доколку главниот обврзник не го извести гарантниот орган за надминувањето на референтниот износ.

ЦЗЗ

Членови 377 и 379(4) од УСЦЗЗ

4.1.7. Годишен преглед

Член 56(3) Додаток I од Конвенцијата

Член 379(3) од УСЗЦЗЗ

Покрај другото, гарантниот орган врши разгледување на референтниот износ на годишно ниво. Овој преглед посебно служи за одлучување за прилагодување на референтниот износ. Органот предвид ги зема сите добиени релевантни информации и деталите обезбедени од страна на главниот обврзник согласно условите на одобрението.

4.1.8 Укинување и поништување на одобрението

Член 61, Додаток I, од Конвенцијата

Член 384 од УСЦЗЗ

Во случај на укинување или поништување на одобрението, претходно издадените потврди не може да се употребуваат за ставање на стока во транзитна постапка и главниот обврзник истите мора без одлагање да му ги врати на гарантниот орган.

Земјата којашто е одговорна за гарантниот орган до Комисијата ги испраќа средствата со чија помош може да се идентификуваат потврдите коишто и понатаму се на важност и кои сеуште не се вратени.

Комисијата ќе ги извести останатите земји.

Повеќе детали се наоѓаат во Дел VI, пододдел 2.3.

4.2. Намалување на износот на гаранцијата и изземање од гаранција

4.2.1. Вовед

Максималниот износ на гаранцијата којшто, во принцип, е еднаков на референтниот износ може да се намали доколку

главниот обврзник се придржува кон одредени критериуми на сигурност. Износот може да се намали на 50 % или 30 % од референтниот износ или пак може да се одобри изземање од гаранција за стока којашто не е наведена во Прилог I, Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44В од УСЦЗЗ.

4.2.2. Критериуми за намалување

Членови 57и 58 Додаток I од Конвенцијата

Критериумите коишто треба да се применат зависат од тоа дали стоката е или не е наведена во Прилогот I, Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44В од УСЦЗЗ.

Членови 380 и 381 од УСЦЗЗ

Критериумите и нивната примена се прикажани во следниве табели.

Стока којашто не е наведена во Прилог I, Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44В од УСЦЗЗ („редовна стока“)

Износ на гаранција % Критериуми	100%	50%	30%	Изземање
Здрава финансиска состојба	Без дополнителни услови	+	+	+
Доволно искуство (години)		+ (1)*	+ (2)*	+ (3)*
Многу тесна соработка		-	+	+
Владеење со транспортните операции		-	-	+
Доволно финансиски ресурси за исполнување на обврските		-	-	+

* овие периоди се намалени за една година за баратели кои за поднесување на транзитните декларации употребуваат техники за обработка на податоци

Стока којашто е наведена во Прилог I,Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44Вод УСЦЗЗ(„стока со зголемен ризик од измама“)

Износ на гаранција % Критериуми	100%	50%	30%	Изземање

Здрава финансиска состојба	+	+	+	Изземањето не е дозволено
Доволно искуство (години)	+ (1)*	+ (2)*	+ (3)*	
Многу тесна соработка	+ или +	+	+	
Владеење со транспортните операции		+	+	
Доволно финансиски ресурси за исполнување на обврските	-	-	+	

* овие периоди се намалени за една година за барателите кои за поднесување на транзитните декларации употребуваат техники за обработка на податоци

Покрај објаснувањата на критериумите дадени во Прилог III кон Додаток I од Конвенцијата/Прилог 46B од УСЦЗЗ, предвид може да се земе и следново:

- Се смета дека главниот обврзнике во здрава финансиска состојба доколку надлежните органи знаат дека тој ги има навремено исполнето неговите финансиски обврски по однос на царински и даночни прашања и немаат информации за очекуван банкрот или финансиски проблеми;

- За утврдување на доволното искуство во транзитната постапка во предвид може да се земе бројот на непрописно завршени операции наспроти вкупниот број на изведени операции, потоа методот на надгледување на референтниот износ и бројот на неправилности коишто немаат доведено до настанување на (царински) долг;

- За утврдување на тоа дали главниот обврзник многу тесно соработува со надлежните органи, во предвид не смее да се зема придржувањето кон законските услови или обврски кои произлегуваат врз основа на одобрение;

- За утврдување на тоа дали главниот обврзник е во состојба да ги води транзитните операции, предвид се зема применувањето на високи безбедносни стандарди од негова страна или од страна на неговите превозници. Ваквите стандарди може да се докажат или со поседување на соодветен ISO сертификат или пак со систем на следење и пронаоѓање (tracking and tracing);

- За утврдување на тоа дали главниот обврзник поседува доволно финансиски ресурси, тој мора да обезбеди докази дека има на располагање средства или договор за кредит за покривање на делот од референтниот износ којшто не е покриен со износот на гаранцијата. За таа цел треба да се достават соодветни важечки документи, на пример биланс на состојба, годишен извод за сметките или ревизорски извештај.

4.2.3. Барање во врска со стока со зголемен ризик од измама и друга стока

Доколку барањето се однесува како за стока наведена во Прилог I кон Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44B од УСЦЗЗ, за количина над соодветниот минимум (прикажан во колона 3 од списокот), така и за стока којашто не е наведена во овој Прилог, главниот обврзник ќе одлучи дали со таквото барање треба да се постапува одделно за различниот вид стока или пак комбинирано.

Доколку главниот обврзник се одлучи за одделно постапување, тоа ќе доведе до одделни пресметки на референтните износи, одделна примена на критериуми, одделни гарантни документи и одделни потврди. Сепак, надлежните органи можат да прифатат една гарантна

обврска од гарантот, само доколку поединостите од таа обврска се изменат со цел недвосмислено одредување на евентуален (царински) долг.

Доколку главниот обврзник се одлучи за комбинирано постапување, тоа ќе доведе до пресметување на единствен референтен износ и единствена потврда. Со цел обезбедување целосна заштита на финансиските интереси на договорните страни, ќе се применува членот 58 од Додаток I од Конвенцијата/Член 381 Од УСЦЗЗ, т.е. главниот обврзник мора да се придржува до критериумите коишто се однесуваат на стоката наведена во Прилог I кон Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44Вод УСЦЗЗ.

5. Изземање на гаранција согласно закон

5.1. Превоз по воздушен пат

Член 7(1)(а) Додаток I од Конвенцијата

Изземањето од гаранција за превозот на стока по воздушен пат не е применливо на стоката од таков вид превоз кога се превезува во патен сообраќај со употреба на поедноставувањето од Дел V, пододдел 3.8.3.6.

Член 95(1)(а) од ЦЗЗ

5.2. Превоз по пловните водни текови на Рајна

Член 7(1)(б) Додаток I од Конвенцијата

Списокот од Прилог 8.2 ги утврдува пловните водни текови на Рајна. Информациите се обезбедени од страна на царинските управи на соодветните земји.

Член 95(1)(б) од ЦЗЗ

5.3. Превоз со железница или во големи контејнери

Член 7(1)(г) и 48(1)(е)(з) Додаток I од Конвенцијата

Член 95(1) од ЦЗЗ

Член342(3) и 372 (1)(е)(з)од УСЦЗЗ

Изземањето од гаранција за стока којашто се превезува со железница или во големи контејнери е применливо само онаму кадешто се употребува поедноставена постапка.

5.4. Јавни органи и меѓународни организации

Член 189(4) од ЦЗЗ

Изземањето од гаранција во транзитот на Заедницата им се доделува на јавните органи без никакво одобрение, под услов органите да се регистрирани на подрачјето на Заедницата.

Истото се однесува и на меѓународните организации коишто се основани помеѓу земји или влади од кои најмалку една е земја-членка.

Во секој случај, изземањето се доделува само доколку стопанските активности на овие органи или организации не претставуваат конкуренција на приватните претпријатија регистрирани во Заедницата.

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

8.1 Список на гаранти кои се овластени за издавање на ваучери за поединичени гаранции ТЦ32

8.2 Список на пловни водни текови

Прилог 8.1

СПИСОК НА ГАРАНТИ
ОВЛАСТЕНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ ЗА ПОЕДИНЕЧНИ ГАРАНЦИИ ТЦ32
(состојба на 14 јули 2004 г.)

Следниов список се основа на известувањата од земјитечленки и земјите на ЕФТА.

ЗЕМЈА	**ГАРАНТ**	**ДАТУМ НА ПРИФАЌАЊЕ**	**ЗАБЕЛЕШКИ**
БЕЛГИЈА	-		
ДАНСКА	**Danske Speditører** BØRSEN DK - 1217 København K	22.4.2004	Види фуснота 1
ГЕРМАНИЈА	-		
ГРЦИЈА	**Ομοσπονδία Φορτηγών Αυτοκινητιστών Ελλάδος Διεθνών Μεταφορών** Πατησίων 351 111 41 Αθήνα. ΕΛΛΑΔΑ **Greek Federation of International Road Transport Carriers (O.F.A.E)** Patision 351 111 41 Athens GREECE	6.5.2004	Продолжена одговорност за ваучери издадени пред 1.5.2004 г. за нови земји членки за датум на прифаќање 23.12.2002.
ШПАНИЈА	**ASTIC -** **Asociación del Transporte Internacional por Carretera** C/ López de Hoyos, 322 - 2ª planta 28043 Madrid	1.7.2001	Види фуснота 1
ФРАНЦИЈА	-		
ИТАЛИЈА	-		
ХОЛАНДИЈА	-		
АВСТРИЈА	-		
ПОРТУГАЛИЈА	-		
ФИНСКА	-		
ШВЕДСКА	**Sveriges Transportindustri-förbunds Service AB** Ansgariegatan 10 Box 17114 S- 104 62 Stockholm	29.4.2004	Одговорност и за ваучерите бр. K226001 -K231000 Со важност најдоцна до 31.12.2004г. и датум на прифаќање: 1.8.2001 г.

ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО	**Road Haulage Association** 35 Monument Hill Weybridge Surrey KT13 8RN	1.5.2004	Види фуснота 1
ЧЕШКА РЕПУБЛИКА	**PST Ostrava, a.s** Nádražní 112/969 CZ 702 00 Ostrava-Moravská Ostrava	1.5.2004	
	MERKUR KEY, a.s. Nad Vývozem 4868 CZ-760 05 Zlín	1.5.2004	
УНГАРИЈА	**ROYAL SPED Inc.** H-1151 Budapest, Bogáncs u. 1-3 **EUROSPED International Transport Inc.** H-1138 Budapest, Szekszárdiu. 14 **IBUSZ Travel Agency Ltd.** H-1058 Budapest, Ferenciek tere 10	1.5.2006. 1.5.2006. 1.5.2006.	Види фуснота 1 Види фуснота 1 Види фуснота 1
ИСЛАНД	-	-	
НОРВЕШКА	**Logistikk- og Transportindustriens Servicekontor AS** Postboks 5489 Majorstuen N-0305 OSLO	1.5.2004	Види фуснота 1
ПОЛСКА	**Bre Bank S.A.** ul. Senatorska 18 00-950 Warszawa Poland **Bank Polska Kasa Opieki S.A.** ul. Grzybowska 53/57 00-950 Warszawa Poland **Towarzystwo Ubezpieczeń I Reasekuracji Cigna Stu S.A.** ul. Noakowskiego 22 00-668 Warszawa Poland	5.12.2001 31.1.2002 19.7.2002	Продолжена одговорност за ваучери издадени пред 1.5.2004 г. за нови земји членки Продолжена одговорност за ваучери издадени пред 1.5.2004 г. за нови земји членки Продолжена одговорност за ваучери издадени пред 1.5.2004 г. за нови земји членки
СЛОВАЧКА РЕПУБЛИКА	-		

ШВАЈЦАРИЈА	-		
КИПАР	-		
ЕСТОНИЈА	-		
ЛЕТОНИЈА	-		
ЛИТВАНИЈА	**Lithuanian National Road Carriers' Association LINAVA** J. Basanavičiaus g. 45, LT-03109 Vilnius Lithuania	26.4.2004	
МАЛТА	-		
СЛОВЕНИЈА	-		
БУГАРИЈА	-		
РОМАНИЈА	-		

1) Нема продолжена одговорност за ваучери издадени пред 1.5.2004 г. за транзитни операции кои завршуваат по денот на пристапување.

Прилог 8.2

Список на пловни водни текови	
Белгија	а) Каналот Тернеузен б) Низ реката Шелд до Антверпен в) Каналите коишто ги поврзуваат Смермас или Пти Ланај и Лиеж г) Новиот канал Шелд – Рајна од пристаништето Антверпен до Крамер во Холандија преку источен Шелд, Ендрахт, Слакдам и Принс Хендрикполдер д) Каналот Албert ѓ) Каналот Вилеброк
Германија	Сите пловни водни текови поврзани со реката Рајна
Франција	а) Големиот канал Алсаз б) Реката Мозел помеѓу Апаш и Нуев Мезон в) Нивоата на Марколсхаим, Рино, Герсхаим, Стразбург и Гембшаим на францускиот брег на Рајна помеѓу Кембс и Фогелгрун
Луксембург	Делот на канализираната Мозел помеѓу браната Апаш – Шенген и Васербилиг
Холандија	1. Пловните водни текови на Рајна во строга смисла на зборот: а) Врската Лобит - Амстердам: - Рајна, Ваал, Амстердам – канал Рајна б) ВрскатаЛобит – областа на пристаништето Ротердам: - Рајна, Ваал, Мерведе, Нурд, Ниве Мас, Ниве Ватервег - Рајна, Лек, Ниве Мас, Ниве Ватервег в) Врската Лобит - Дордрехт– Хансверт - Антверпен:

	- Рајна, Ваал, Мерведе, Дорзе Кил или Ниве Мерведе, Холандс Дип, Волкерак, Крамар, Зејпе, Мастгат, Кеитен, Остершелде (канал источен Шелд), преку Зауд Беверланд, Вестершелде (западен Шелд), Шелд г) Врската Лобит – Дордрехт, Хансверт - Гент: - Рајна, Ваал, Мерведе, Дорзе Кил или Ниве Мерведе, Холандс Дип, Волкерак, Крамар, Зејпе, Мастгат, Кеитен, Остершелде (источен Шелд), канал Зауд Беверланд, Вестершелде (западен Шелд), канал Тернеузен е) врската Лобит – Де Кемпен – Смермас или Сен Пјетер: сите пловни водни текови кои што вообичаено се употребуваат помеѓу овие места и сврзувањата со следниве пловни водни текови; Рајна, Ваал, Јулиана канал, Дизе, Зауд-Вилемсварт, Весем-Недерверт канал. 2.Се смета дека следниве пловила ги употребуваат пловните водни текови на Рајна: - пловилата коишто доаѓаат од Рајна кон Антверпен или Гент, или - пловилата коишто доаѓаат од Антверпен или Гент и треба да ја напуштат Холандија по Рајна кога минуваат низ пристаништето Ротердам за претовар на стока во транзитна постапка покриена со Рајнски манифест или за преземање на стока којашто мора да ја напушти Холандија преку пловните текови на Рајна кон Антверпен или Гент по Рајна. 3.Во пракса, пловниот воден тек кој постои од 1975 г. и преку браната Крекрак води до Антверпен, исто така се смета за пловен воден тек на Рајна.
Швајцарија	Реката Рајна до Базел

Дел IV Стандардна транзитна постапка НКТС

Во овој дел се опишува стандардната транзитна постапка опфатена со Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС).

Забелешка: Дел V ја опишува резервната постапка во случај кога НКТС не може да се користи.

Поглавје 1 ја обработува стандардната постапка со транзитна декларација.

Поглавје 2 ги обработува формалностите кај појдовната испостава.

Поглавје 3 ги обработува формалностите и незгодите за време на превоз.

Поглавје 4 ги обработува формалностите во одредишната испостава.

Поглавје 5 ги обработува Андора, Сан Марино и нефискалните области.

Забелешка:

Овој текст не е замена за водичите или техничките потсетници во поглед на користењето на техничките апликации или софтвер на НКТС (FTSS + DDNTA).

Поглавје 1 – Стандардна транзитна декларација

1. Вовед

Ова поглавје ја опишува стандардната транзитна постапка со употреба на НКТС.

Пододдел 2 дава општа теорија и законодавство во поглед на стандардната транзитна декларација.

Пододдел 3 опишува како да се користи стандардната НКТС постапка од утоварот на стоката сè до поднесувањето на декларацијата.

Пододдел 4 обработува посебни ситуации.

Пододдел 5 ги опфаќа исклучоците од општите правила.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални правила.

Пододдел 7 е резервиран за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги содржи прилозите кон Поглавје 1.

2. Општа теорија и законодавство

Правната основа се наоѓа во:

- Членовите 3, 16, 18, 19 до 21 од Додаток I кон Конвенцијата;
- Прилог I, Додаток I кон Конвенцијата;
- Додаток III кон Конвенцијата;

  Наслов I, членови 4, 5; Наслов III, членови 11, 12 и 13

  Прилог A7, Наслов I, II и III;

Прилог А9, А10 и А11;

Прилози Г1, Г2, Г3, Г4 (точка А, Б и Г) и Г5;

- Член 4 од ЦЗЗ;
- Членовите 198 до 217 во зависност од случајот, 219, 222, 224 и 349 до 354 од УСЦЗЗ
- Прилог 37, Наслов I, точка А и Наслов III од УСЦЗЗ;
- Прилог 37а кон УСЦЗЗ;
- Прилог 37в кон УСЦЗЗ;
- Прилог 38 кон УСЦЗЗ;
- Прилог 44а кон УСЦЗЗ;
- Прилог 45а и 45б кон УСЦЗЗ.

2.1. Организација на НКТС

НКТС е компјутеризиран транзитен систем заснован на размена на електронски пораки. Овие пораки ги заменуваат различните хартиени документи и одредени формалности од Стариот транзитен систем.

Размената на електронските пораки се одвива на три нивоа:

- Помеѓу економските оператори и царината (надворешен домен);
- Помеѓу царинските испостави на една земја (национален домен) ; и
- Помеѓу националните царински управи и Комисијата (заеднички домен).

Главните ставки и пораки во една НКТС операција се:

• Транзитната декларација која се става на увид во електронска форма (и во хартиена форма кога тоа е дозволено). (порака IE015)

• Референтниот број на движењето (РБД), кој е единствен регистерски број доделен на декларацијата од страна на системот и отпечатен на ТПД и Списокот на наименувања за идентификација на движењето.

• Транзитниот придружен документ (ТПД) кој се печати во појдовната царинска испостава или во просториите на компанијата по пуштањето на декларацијата и кој ја придружува стоката од местото на поаѓање до одредиште.

• Пораката IE001 „Запис за очекувано пристигнување“ (AAR) која појдовната испостава ја испраќа до декларираната одредишна наведена во декларацијата.

• Пораката IE050 „Запис за очекуван транзит“ (ATR), која појдовната испостава ја испраќа до декларираната(ите) транзитна(и) испостава(и) за известување за очекувано поминување на пратка преку границата.

• Пораката IE118 „Известување за преминување на границата“ (NCF), која вистинската транзитна испостава ја испраќа до појдовната испостава користена при поминувањето на пратката.

• Пораката IE006 „Напомена за пристигнување“, која вистинската одредишна испостава ја испраќа до појдовната испостава кога стоката е пристигната.

• Пораката IE018 „Резултати од контрола на одредиште“, која вистинската одредишна испостава ја испраќа до појдовната испостава (по направена проверка на стоката, кога тоа е потребно).

Прилог 8.1 содржи список на пораките и шифрите кои се применуваат во размената на информации.

2.2. Опсег на НКТС

НКТС се применува во сите постапки на заеднички транзит/транзит на Заедницата без оглед на видот на транспорт за кој станува збор, со исклучок на поедноставените транзитни постапки каде комерцијален документ служи како транзитна декларација (како на пример: во поедноставените постапки во воздушен,

поморски или железнички транспорт каде манифестот или товарниот лист ЦИМ, во зависност од случајот, служат како транзитна декларација).

2.3. Пристап на операторите до НКТС

Вообичаено на оператор можат да му се понудат следните можности за пристап кон НКТС:

Директно внесување на податоци од компанијата (вклучително и внесување преку царинска интернет страна);

Електронска размена на податоци (ЕРП);

Внесување на податоци кај царинската испостава.

За дополнителни детали за пристап на операторите треба да се стапи во контакт националните царински органи.

3. Постапка на декларирање

Овој пододдел дава информации за:

- утоварот на стока (пододдел 2.1);
- транзитната декларација (пододдел 2.2);

3.1. Утовар

Утовар

За целите на транзитната постапка, утовар значи ставање на стока на едно транспортно средство за превоз од една појдовна испостава до една одредишна испостава, опфатена со транзитна декларација[30].

Едно транспортно средство

Под услов стоката што се превезува да се испраќа заедно, како едно транспортно средство се смета следното:

- патно возило со својата приколка/приколки или полу-приколка/полу-приколки;

[30] Во случај на поединечни пакувања кои се во транзитна постапка, не постои директна поврзаност помеѓу пакувањето и транспортното средство. Во таков случај на пакувањето се применуваат било какви перки за идентификација.

- композиција на поврзани железнички патнички или товарни вагони;
- чамци кои сочинуваат единствен синџир;
- контејнери натоварени на едно транспортно средство.

Секоја транзитна декларација може да ја опфаќа само онаа стока која е натоварена на едно транспортно средство за превоз од една појдовна испостава до една одредишна испостава.

Доколку пратката е раздвоена на две транспортни средства, неопходна е посебна транзитна декларација за секое транспортно средство, и покрај тоа што стоката се превезува помеѓу иста појдовна испостава и иста одредишна испостава.

Од друга страна, единствено транспортно средство може да се користи за утовар на стока во повеќе од една појдовна испостава и истовар во повеќе од една одредишна испостава.

Доколку стоката е натоварена на единствено транспортно средство во неколку појдовни испостави, тогаш мора да се започнат транзитни декларации кај секоја појдовна испостава, за да се опфати стоката натоварена во таа испостава.

Повеќе транзитни декларации

Без исклучок на одредбите од член (7) став 3 од Конвенцијата, на еден ист главен обврзник можат да му се издадат неколку транзитни декларации за стока превезувана на единствено транспортно средство и наменета за исто одредиште. За секој таков документ мора да се поднесе гаранција.
Истите правила важат и во случај да се издадени дупликати

од транзитните декларации.

3.2. Транзитна декларација (IE015)

3.2.1. Облик и пополнување на транзитната декларација

При пополнување на транзитната декларација IE015 мора да се пополнат сите задолжителни полиња. Задолжителни податоци се: Вид на декларација (рубрика 1), Вкупен број на наименувања (рубрика 5), Вкупен број на колети (рубрика 6), Земја на поаѓање (рубрика 15а), Одредишна земја (рубрика 17а) Контејнер да/не (рубрика 19). Опис на стоката, итн. (рубрика 31), Број на наименување (рубрика 32), Вкупна бруто маса (рубрика 35), Главен обврзник (рубрика 50), Вид на гаранција, ознака за гаранција и лозинка за пристап (рубрика 52) и Одредишна царинска испостава (рубрика 53). Вид на транспортно средство во внатрешноста (рубрика 26) е задолжителен податок само за Заедницата.

Во одредени околности постојат условни податочни елементи кои стануваат задолжителни. Овие податочни елементи се Компанија примач (рубрика 8). Идентитет на поаѓање (рубрика 18). Тарифна ознака (рубрика 33). Одобрено место на стока (рубрика 30), Претходен документ (рубрика 40), Царинска транзитна испостава (рубрика 51) и Ознака за гаранција (рубрика 52).

Понатаму, можат да бидат потребни и следните изборни податочни елементи: Компанија испраќач (рубрика 2), Вид на транспорт на границата (рубрика 25), Вид на внатрешен транспорт (рубрика 26), Место на утовар (рубрика 27), Шифра за чувствителни стоки (рубрика 31), Нето маса (рубрика 38), Приложени документи/Уверенија и дозволи

(рубрика 44), Посебни напомени (рубрика 44) и Застапник (рубрика 50).

Кога е приложен контролен лист Т5[31] истото мора да се означи во податоците од декларацијата (рубрика 44) во „приложени документи“ со шифрата 823. Со ова се овозможува да се наведе референтниот број Т5.
Споредено со ЕЦД, за целите на НКТС потребни се одредени дополнителни шифри. Истите се наведени во Прилог Г2, Додаток III кон Конвенцијата / Прилог 37в од УСЦЗЗ. Овие дополнителни шифри се: шифри за земја, шифри за јазик, тарифни ознаки, шифри за чувствителна стока, шифри за колети, и шифрите за приложените документи/уверенија и дозволи, како и посебни заверки.

Транзитните декларации се изработуваат на еден од службените јазици на Договорните страни прифатлив за надлежните органи на земјата на поаѓање.

Важно е операторите точно да ја пополнат транзитната декларација IE015, со цел да се избегне отфрлање на декларацијата во НКТС.

Доколку системот отфрлил транзитна декларација IE015,

компанијата се известува за причината за отфрлањето и ѝ се

дозволува да ги направи неопходните измени во декларацијата или да поднесе нова декларација.

[31]Контролниот лист Т5 е документ кој понекогаш е неопходен за движењето на стоката во рамките на царинското подрачје на Заедницата. Документот се користи за обезбедување на доказ за употребата и/или одредиштето на одредена стока на начин пропишан со посебни мерки на Заедницата (на пример за земјоделски производи). Детали за контролниот лист Т5 има во членовите 912а – 912е од УСЦЗЗ.

Една транзитна операција може да содржи најмногу 999 наименувања на стока. Секое наименување на стока од декларацијата мора да се внесе во системот и отпечати на ТПД или на Список на наименувања (СН).
СН се приложува кога транзитната декларација опфаќа повеќе од едно наименување за стока. Се приложува кон ТПД кој содржи повикување на СН во рубрика 31.

Образецот за СН одговара на примерокот во Прилог Г4 Додаток III од Конвенцијата / Прилозите 45а и 45б од УСЦЗЗ.

Кога се декларирани повеќе од едно наименување, на ниво на поединечно наименување се внесуваат следниве информации:

Земја на поаѓање (рубрика 15) доколку се наведени повеќе земји;
Одредишна земја (рубрика 17) доколку се наведени повеќе земји;
Опис на стоката (рубрика 31)
Број на наименување (рубрика 32);
Тарифна ознака, кога се применува (рубрика 33);
Бруто маса (кг) (рубрика 35);
Нето маса (кг) (рубрика 38) и доколку е неопходно:
Збирна декларација, претходен документ (рубрика 40); и кога тоа е соодветно дополнителни информации, приложени документи итн. (рубрика 44).

(Нумерирањето на наименуванијата мора да започне со 1, мора да биде прогресивно и не смее да се прескокне ниту еден број (предмет на дискусија во КЕЛ)

3.2.2. Комбинирани пратки

Комбинирана пратка

Вообичаено, пратките кои се состојат од стока која нема статус на стока на Заедницата и која се превезува во Т1 транзитната постапка и стока на Заедницата која се превезува во Т2/Т2F транзитна постапка, опфатени се со една транзитната декларација која со СН се приложува кон ТПД. ТПД дава информации и краток преглед на СН употребени за стоките со различен статус.

Во спротивно, можат да се изработат и посебни транзитни декларации (на пример: Т1 транзитна декларација за стоката која нема статус на стока на Заедницата и Т2 или Т2F транзитна декларација за стоката со статус на Заедницата).

Напомена: можно е стока која има статус на Заедницата, а која не е ставена во транзитна постапка (и се движи во рамките на царинското подрачје на Заедницата) да се превезува во исто транспортно средство заедно со стока која е ставена во транзитна постапка. Во тој случај транзитната декларација ја опфаќа само стоката која е ставена во транзитната постапка (за повеќе информации за комбинирани пратки види Дел IV, поглавје 2, пододдел 3.8.1).

ТРГОВСКО ДРУШТВО
Во случаите на комбинирани пратки ознаката Т- се внесува на ниво на декларација како вид на декларација која ја опфаќа целата царинска декларација. Стварниот статус (Т1, Т2, Т2F) на секое наименување на стока се внесува во системот на ниво на наименување.

3.2.3. Поднесување на транзитната декларација

Поднесувањето на транзитната декларација IE015 со употреба на техника за обработка на податоци ја вклучува

одговорноста на главниот обврзник во поглед на:

(а) точноста на информациите наведени во декларацијата;

(б) веродостојноста на приложените документи;

и,

(в) исполнувањето на сите обврски поврзани со ставањето на предметната стока во заедничката транзитна постапка/транзитната постапка на Заедницата.

Заверувањето на декларацијата е предмет на условите кои важат во земјата на поаѓање.

ТРГОВСКО ДРУШТВО Главниот обврзник е должен да стапи во контакт со царината со цел да го утврди начинот на кој се заверува транзитна декларација поднесена во електронска форма.

4. Посебни ситуации

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства (*резервирано*)

7. Ограничен дел исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

Поглавје 2 – Формалности во појдовната царинска испостава

1. Вовед

Пододдел 2 ја дава општата теорија и законодавството во однос на формалностите на поаѓање.

Пододдел 3 ја опишува постапката кај појдовната испостава.

Пододдел 4 ги обработува посебните ситуации.

Пододдел 5 ги опфаќа исклучоците од општите правила.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални правила.

Пододдел 7 е резервиран за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги содржи прилозите кон поглавје 2.

2. Општа теорија и законодавство

Правните извори се наоѓаат во:

- Членовите 22 - 30 и 45 од Додаток I од Конвенцијата;
- Прилог II кон Додаток I од Конвенцијата;
- Членовите 62, 63, 65, 68, 69, 72, 73 и 77 од ЦЗЗ;
- Членовите 202, 247, 355 - 358 и 369 од УСЦЗЗ;
- Прилог 46а кон УСЦЗЗ.

3. Опис на постапката кај појдовната испостава

Овој пододдел дава информации за:

– прифаќањето, регистрирањето и проверката на транзитната декларација (пододдел 3.1.);
– измена на царинската декларација (пододдел 3.2.);
– поништување на транзитната декларација (пододдел 3.3.);
– контрола на стоката (пододдел 3.4)
– ставање на увид на гаранцијата (пододдел 3.5);
– правец на движење и пропишан правец на движење (пододдел 3.6);
– временски рок (пододдел 3.7);
– мерки за идентификација (пододдел 3.8);
– пуштање на стоката (дел 3.9).

3.1. Прифаќање, регистрирање и проверка на транзитната декларација

Појдовната испостава ја прифаќа транзитната деклрација (IE015) под услов:

- да ги содржи сите неопходни информации;
- да ги има во прилог сите неопходни документи;
- стоката на која се повикува декларацијата да е ставена на увид на царината.

Системот автоматски ја потврдува декларацијата. Се отфрла секоја неточна или непотполна декларација (IE016). Отфрлање следи и кога наведените податоците не се совпаѓаат со податоците регистрирани во националната база на референтни податоци.

Кога транзитната декларација е прифатена, системот генерира Референтен број на движењето (РБД) (IE028).

Декларацијата, потоа, добива статус „Прифатена“ и појдовната испостава одлучува дали ќе изврши проверка на стоката пред пуштањето.

Царинските органи можат да дозволат со декларацијата да не се поднесуваат дополнителни документи потребни за имплементација на одредбите кои ја уредуваат царинската постапка за која стоката била пријавена. Во ваков случај, документите се чуваат достапни за царинските органи. Рубрика 44 од транзитната декларација се пополнува на следниот начин:

- во атрибутот „вид на документ“ се наведува шифра која одговара на предметниот документ (шифрите се наоѓаат во Прилог Г2, Додаток III од Конвенцијата / Прилог 37а од УСЦЗЗ);
- во атрибутот „повикување на документ“ се наведува

описот и ознаката на документот.

Исто така, националните царински органи можат да им дозволат на компаниите да стават на увид хартиена транзитна декларација во еден примерок (користејќи го Единствениот царински документ или, кога тоа е потребно,формата на Транзитниот придружен документ) кај појдовната испостава со цел да се обработи со царинскиот компјутерски систем.

ЦАРИНА (само за Заедницата)

Кога стоката е придружена со контролен лист Т5, тоа се наведува во податоците на декларацијата во рубриката приложени документи/уверенија и дозволи (рубрика 44).

3.2. Измена на транзитната декларација

Главниот обврзник може да побара дозвола да ја измени транзитната декларацијата откако била прифатена од царината. Измената не смее да ја направи декларацијата применлива на стока освен на онаа која првобитно била опфатена.

Главниот обврзник поднесува Барање за измена на декларацијата (IE013) и го испраќа до појдовната испостава која одлучува дали ќе ја прифати (IE004) или ќе ја отфрли (IE005) побараната измена.

Измена нема да се дозволи во случаите кога надлежните органи по прифаќањето на декларацијата најавиле дека ќе извршат преглед на стоката или утврдиле дека поединостите се неточни или откако стоката веќе била пуштена.

3.3. Поништување на транзитната декларација

Транзитната декларација може да биде поништена од страна на појдовната испостава (IE010) врз основа на барање од главниот обврзник (IE014), исклучиво пред стоката да се пушти во транзит. Појдовната испостава за тоа го информира главниот обврзник (IE009).

Транзитната декларација не може да се поништи откако стоката била пуштена, освен во исклучителни случаи (на пример: кога транзитната деклрација е поврзана со декларација која е поништена врз основа член 251 од УСЦЗЗ[32].

Во случај на резервна постапка, важно е да се обезбеди поништување на секоја декларација која била внесена во НКТС, но која потоа не била обработена поради пад на системот.

Трговското друштво има обврска да им обезбеди информации на надлежните органи за секој случај на декларација поднесена во системот, но која потоа била пренасочена кон резервната постапка.

Во некои случаи царинските органи можат да побараат ставање на увид на нова деклрација. Во таков случај претходната декларација се поништува, а на новата

деклрација ѝ се доделува нов РБД.

За исклучителни поништувања види точка 7 од ова

[32]Треба да се има во предвид декаова се применува само на транзитот на Заедницата. Ова ограничување не постои во рамките на заедничкиот транзит.

Поглавје.

3.4. Проверка на транзитната декларација и контрола на стоката

По прифаќање на декларацијата, царината мора да ги спроведе следните проверки врз основа на анализа на ризик или по случаен избор:

- преглед на стоката и доколку е потребно земање на примероци за анализа;
- детален преглед на стоката.

Преглед на стоката се врши на места и во текот на часовите определени за таа цел. Меѓутоа, царината може, на барање на главниот обврзник и на негов трошок, да изврши преглед на стоката и на други места и во друго време.

Доколку со контролата се откријат помали неусогласености, појдовната испостава го известува главниот обврзник. Со цел да се разрешат овие неусогласености, појдовната испостава ќе изврши мали измени во податоците на декларацијата (во договор со главниот обврзник) за да се овозможи движењето да се пушти за транзит.

Доколку со контролата се открие сериозна неправилност, појдовната испостава го известува главниот обврзник дека стоката не е пуштена (порака „не е пуштена во транзит“ (IE051)) и го евидентира незадоволителниот резултат.

Доколку стоката по контролата е пуштена, шифрата на резултатот од контрола во записот за очекуван транзит (IE 001) гласи „A1-задоволителен“. Доколку стоката е пуштена без физички преглед шифрата е „A2 - се смета за задоволителен“.

3.5. Ставање на увид на гаранција

Гаранција

За да се пушти стоката за транзит, потребна е гаранција (освен во случај на исклучок во согласност со закон или одобрение).
Дополнителни информации за гаранции има во Дел III.

ЦАРИНА

Постоењето и валидноста на гаранцијата (општа гаранција, изземање од гаранција, поединечна гаранција од гарант, поединечна гаранција во форма на ваучери или поединечна гаранција за повеќекратна употреба) се проверува преку РБГ (Референтен број на гаранција) и лозинката за пристап.

Пред пуштањето, појдовната испостава бара од гарантната испостава да ја провери целовитоста и валидноста на гаранцијата во поглед на следните информации во зависност од нивото на надзор:

- дали износот на гаранцијата е доволен (во случај на општа гаранција, дали расположивиот износ на гаранцијата е доволен);
- дали гаранцијата важи за сите Договорни страни вклучени во транзитната операција;
- дали гаранцијата гласи на име на главниот обврзник.

Следствено на тоа, појдовната испостава ќе побара гарантната испостава да ја провери и евидентира употребата на гаранцијата.
Гарантната испостава ја евидентира употребата на гаранцијата и ја информира појдовната испостава.
За резервната постапка види Дел V.

3.6. Правец на движење и пропишан правец на движење

Важи општото правило дека стоката која е ставена во

транзитна постапка мора да се превезе до одредишната испостава по економски оправдан пат.

Меѓутоа, во случај на превоз на стока која вклучува зголемен ризик од измама или кога царинските органи или главниот обврзник го сметаат тоа за неопходно, се пропишува пропишан правец на движење. Во системот се внесуваат барем деталите за земјите низ кои ќе се транзитира. На главниот обврзник може да му се одобри изземање од барањето да се следи пропишан правец на движење како поедноставување кое е предмет на исполнување на одредени услови (за понатамошни детали види Дел VI пододдел 3.4)

ЦАРИНА

Појдовната испостава, земајќи ги во предвид сите релевантни детали соопштени од главниот обврзник, пропишува пропишан правец на движење во податоците на декларацијата со внесување на детали за земјите низ кои ќе се транзитира (доволни се и шифри на земји).

Забелешка 1: за Заедницата да се наведат шифрите на земји за засегнатите земји-членки.
Забелешка 2: да се наведат шифрите на земји за сите трети земји вклучени во пропишаниот правец на движење.

Измена на пропишаниот правец на движење

Пропишаниот правец на движење може да се измени во текот на транзитната операција. Во случај на промена во правецот на движење, превозникот е обврзан да ги направи неопходните записи во рубрика 56 од ТПД и да ги стави на увид заедно со пратката на царинските органи на земјата на чија територија се наоѓа транспортното средство.

Надлежните органи одлучуваат дали транзитната операција може да продолжи, ги преземаат сите неопходни чекори и го заверуваат ТПД во рубрука Е.

Понатамошни детали за постапките кои треба да се почитуваат во случај на незгоди во времето на транспортот се дадени во Дел IV, поглавје 3, пододдел 3.1.

3.7. Временски рок

Појдовната испостава го одредува временскиот рок во рамките на кој стоката се става на увид кај одредишната испостава.

Временскиот рок пропишан од појдовната испостава е обврзувачки за надлежните органи на земјите низ кои се транзитира во текот на транзитната операција и не може да биде променет од нивна страна.

Пречекорување на временскиот рок

Кога временскиот рок е пречекорен поради околности за кои не е виновен превозникот или главниот обврзник и истите се објаснети на начин прифатлив за одредишната испостава, се смета дека задолжителниот временски рок бил испочитуван.

ЦАРИНА

При поставувањето на временскиот рок појдовната испостава го има во предвид следново:

- транспортното средство кое ќе се користи;
- правецот на движење;
- било кое транспортно и друго законодавство (на пример било кое општествено или еколошко законодавство со кое е засегнат начинот на транспорт);
- по потреба, деталите за кои известил главниот обврзник.

Појдовната царинска испостава го внесува и/или, кога се согласува со временскиот рок кој го внел главниот обврзник, го заверува временскиот рок во податоците на декларацијата (користејќи го системот ГГГГ-ММ-ДД). Тоа е датумот до кој стоката и ТПД мора да се стават на увид кај одредишната испостава.

3.8. Средства за идентификација

Овој пододдел е поделен на следниот начин:

– вовед (пододдел 3.8.1.);
– начини на пломбирање (пододдел 3.8.2.);
– карактеристики на пломбите (пододдел 3.8.3.);
– употреба на пломби од посебен вид (пододдел 3.8.4.).

3.8.1. Вовед

Изземање

Многу е значајно да се обезбеди идентификација на стоката која се превезува во транзитна постапка. Општо правило е тоа дека идентификацијата на оваа стока се обезбедува со пломбирање. Кога транзитната декларација опфаќа повеќе од едно наименување на стока, мора да се приложи СН кон ТПД, кој пак во рубрика 31 мора да содржи повикување на СН.

Стока со зголемен ризик

Меѓутоа, појдовната испостава може да се откаже од барањето за пломбирање кога описот на стоката во податоците на декларацијата е доволно прецизен за да обезбеди лесно препознавање на стоката (на пример преку наведување на бројот на мотор или шасија при транспорт на автомобили во транзитна постапка).

Описот на стоката вообичаено не треба да се смета како соодветен начин на идентификација и затоа стоката е

предмет на задолжително пломбирање во случаите на:

- стока со зголемен ризик наведена во Прилог I, Додаток I кон Конвенцијата / Прилог 44в кон УСЦЗЗ. Примерок од истиот е претставен во Прилог 8.3 од ова поглавје.
- земјоделски производи со кои во рамките на Заедницата се остварува право на плаќања (субвенции, премии итн.)

ЦАРИНА

Откако ќе ги стави пломбите, појдовната испостава во податоците на декларацијата со цифри го внесува бројот на ставените пломби и ознаките за идентификација.

Доколку за идентификација не се потребни пломби, појдовната испостава ја остава рубриката празна. Во таков случај системот во рубрика Г од ТПДавтоматски испечатува „- -“.

Комбинирани пратки

Доколку на истото транспортно средство покрај стоката ставена во транзитна постапка се превезува и стока којашто не е ставена во транзитна постапка, возилото обично нема да се пломбира доколку идентификацијата на стоката се обезбедува со пломбирање на поединечните колети или пак по пат на прецизен опис на стоката.

Забелешка: стоката мора да биде јасно одвоена и означена за да може лесно да се разликува помеѓу стоката којашто се превезува во транзитна постапка и стоката којашто не се превезува во транзитна постапка.

Доколку идентитетот на пратката не може да се обезбеди со пломбирање или со друг начин на идентификација (опис), појдовната испостава може да одбие да дозволи стоката да се стави во транзитна постапка.

Пломбите не смеат да се кинат без одобрение на надлежните царински органи.

Последователен истовар

Кога едно возило е пломбирано кај појдовната испостава и превезува стока опфатена со повеќе ТПД за различни одредишни испостави и кога се врши последователен истовар кај повеќе одредишни испостави во различни земји, царинските органи на попатните одредишни испостави, каде се кинат пломбите за да се истовари дел од стоката, мора да стават нови пломби и истото да го наведат во рубрика Ѓ од ТПД.

Одредишната царинска испостава/одредишните царински испостави ја известува/известуваат појдовната испостава за новата/новите пломба/пломби од ТПД преку нејзината/нивната порака/пораки „Резултати од контрола на одредиште“ (IE018) во делот „Податоци за нови пломби“ и „Ознаки на нови пломби“.

3.8.2. Начини на пломбирање

Постојат два начини на пломбирање:

- пломбирање на просторот во кој се содржи стоката;
- пломбирање на поединечни колети.

Кога се врши пломбирање на просторот во кој се содржи стоката, транспортното средство мора да биде погодно за пломбирање.

ЦАРИНА

Појдовната испостава ќе ги смета транспортните средства за погодни за пломбирање доколку:

- пломбите може да се наместат на нив на едноставен и ефикасен начин;
- возилата се така конструирани за стоката да не може да биде отстранета или внесена без да се остават видливи траги или без да се оштетат пломбите;
- не содржат скришни простори кадешто може да се скрие стоката;
- просторите наменети за товарот да се лесно пристапни за преглед од страна на надлежните органи. (*Член 28, Додаток I од Конвенцијата/Член 72 од ЦЗЗ и Член 357, став 3 од УСЦЗЗ*)

Забелешка: Возилата што се одобрени како погодни за пломбирање согласно меѓународните конвенции (на пример ТИР Конвенцијата) се сметаат за погодни за пломбирање за целите на транзит.

3.8.3 Карактеристики на пломбите

Сите пломби коишто се употребуваат како средства за идентификација мора да се сообразни со пропишаните карактеристики и технички спецификации.

Карактеристики на пломби

Пломбите мора да ги имаат следните карактеристики:

- да се безбедни при вообичаена употреба;
- да се лесни за проверка и препознавање;
- да се изработени на начин што секакво кинење, обид за кинење или отстранување остава траги видливи со голо око;
- да се конструирани за еднократна употреба, или пак доколку се наменети за повеќекратна употреба, да бидат конструирани на начин што овозможува ставање на посебни и јасни обележја за идентификација при секоја нова употреба;
- имаат поединечна ознака за идентификација.

Пломбите треба да ги исполнуваат следниве технички спецификации:

- обликот и димензиите на пломбите може да варираат зависно од употребуваниот начин на пломбирање, но димензиите мора да овозможуваат лесно читање на обележјата за идентификација;
- обележјата за идентификација мора да бидат невозможни за фалсификување и тешки за репродуцирање;
- употребуваниот материјал мора да биде отпорен на случајни кинења и да оневозможува неприметни фалсификувања или повторени употреби.

3.8.4. Употреба на пломби од посебен вид

Употреба на пломби од посебен вид

За главниот обврзник да може да употребува пломби од посебен вид потребно е да има одобрение издадено од надлежните органи. Употребата на пломби од посебен вид претставува поедноставување коешто е предмет на одредени услови (за повеќе детали види Дел VI, пододдел 3.3).

Кога се употребуваат вакви пломби од посебен вид, главниот обврзник во податоците на декларацијата ги внесува видот, броевите и ознаките на ставените пломби (рубрика Г). Пломбите мора да бидат ставени пред пуштањето на стоката.

Овластениот примач чиешто одобрение пропишува дека идентификацијата на стоката се врши со пломбирање не мора да бара посебно одобрение за употреба на пломби од посебен вид.

3.9. Пуштање на стока

По завршување на сите формалности кај појдовната испостава, односно:

- по ставањето на увид на податоците од декларацијата кај појдовната испостава;
- по проверката и прифаќањето на податоците од декларацијата;
- по завршувањето на евентуалната контрола;
- по поднесувањето на гаранција, кога тоа е потребно (види Дел III);
- по утврдувањето на временскиот рок;
- по утврдувањето на пропишан правец на движење, кога тоа е потребно;

стоката се пушта за транзит (IE029 + IE001).

ЦАРИНА

Доколку се завршени формалностите, појдовната испостава:

- ја потврдува транзитната декларација;
- ги евидентира резултатите од контролата;
- ја евидентира гаранцијата;
- до декларираната одредишна испостава и транзитна(и) испостава(и) ја испраќа пораката „запис за очекувано пристигнување“ (AAR) (IE001) и доколку е соодветно пораката „запис за очекуван транзит“ (ATR) (IE050); и
- го печати ТПД (вклучително и СН, во зависност од случајот).

3.9.1. Документи при пуштањето

Појдовната испостава го дава ТПД со РБД на главниот обврзник или лицето кое ја ставило на увид стоката кај појдовната царинска испостава. ТПД ја придружува стоката во текот на транзитната операција.

Печатењето на ТПД и СН (Прилог Г3, Г4, Г5, Г6, Додаток III кон Конвенцијата / Прилог 45а и 45б УСЦЗЗ) се врши

согласно насоките во Прилог 8.1 од ова поглавје.

За раздолжување на постапката види Дел VII

4. Посебни ситуации

Список на наименувања

Во конкретни случаи кога огромен број на различни наименувања на стока во помали количини (на пример: бродски залихи, предмети од домаќинство во меѓународни селидби), кои се испратени за еден ист конечен примач и мора да се стават во заедничка транзитна постапка/постапка на транзит на Заедницата, се препорачува да биде доволен генеричен опис на стоките со цел да се избегнат дополнителните трошоци потребни за внесување на податоците за транзит. Таквиот аранжман би бил предмет на дополнителни услови:

- податоците во однос на стоката наведена во Прилог 44В кон УСЦЗЗ/ Прилог I, Додаток I кон Конвенцијата мора да внесат согласно бараното;
- целосен детален опис на стоката е достапен за царински цели и ја придружува пратката.

Во секој случај, првин треба да се провери дали сите стоки навистина треба да се стават во постапка на заеднички транзит/транзит на Заедницата.

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

8.1. Насоки за печатење на Транзитниот придружен документ (ТПД) и Списокот на наименувања (СН)

8.2. Насоки за печатење – Детали

8.3 Стока со зголемен ризик од измама

Прилог 8.1.

Насоки за печатење на Транзитниот придружен документ (ТПД) и Списокот на наименувања (СН)

(TAXUD/1305/2001 + 1227/2001 + 1287/2001)

1. Изглед на ТПД и СН

Додека изгледот на **ТПД** е строго определен, т.е. **секоја рубрика** претставува **однапред дефиниран простор** (не може да се прошири); рубриките на **СН** мора да се сметаат за **вертикалнопроменливи**, со цел да се овозможи печатење на сите информации сочувани во системот. Во ваков случај, **секој ред** која следи по оној кој содржи една или повеќе проширени рубрики, соодветно ќе се помести надолу.

2. ТПД печатење на „бар кодот“

Читливиот **бар код** мора да се отпечати на десната страна од рубрика 1, како што е прикажано во следниот приказ:

1 Д Е К Л А Р А Ц И Ј А		
3 Обрасци		
5 Наименувања		6 Вкупно колети

99IT9876AB88901

Листот за враќање да се прати до испостава:

2а Печатење на правецот на движење на ТПД

Пропишаниот правец на движење за транзитното движење, во шифрирана форма за вклучените земји (со поконкретен опис кога се користи), се печати во рубрика 44 од Транзитниот придружен документ (ТПД).

3. ТПД: Печатење на повеќекратни информации во различните рубрики

3.1. Рубрики 31, 40, 44

Кога една или повеќе податочни групи „Контејнери“, „Колети”, „Шифри за чувствителни стоки – SGI”, „Претходен документ”, „Приложени документи/уверенија и дозволи” и „Посебни напомени” се користат повеќе пати и **информациите не можат целосно да се отпечатат** во соодветната рубрика на ТПД поради недостаток на простор, ТПД треба да се користи како

насловен документ (кој ги содржи само општите информации за движењето), а **сите информации** поврзани со **наименувањето на стока** треба да се отпечатат во **СН**.

Во таквите случаи, **ТПД** ќе ги содржи само информациите, кога тоа е релевантно, во следните рубрики:
РБД, 1/3-та подрубрика, 2, 3, 5, 6, 8, 15, 17, 18, 31 (види подолу), 35 (вкупна бруто маса), 44 (само за пропишан правец на движење – види точка 2 а погоре), 50, 51, 52, 53, В, Г.
Рубрика 31 ќе го содржи само изразот **„Види список на наименувања”**.

3.2. Рубрика 51

Во оваа рубрика се печатат **најмногу 6** транзитни испостави.

Фонтовите споменати во точката подолу го овозможуваат печатењето на атрибутот „Транзитна ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА” во зададената должина (ан..35).

3.3. Поле 52

3.3.1. Податочна група „Ознака за гаранција”

Оваа податочна група мора да се печати како прв ред во рубрика 52.
Фонтовите наведени во точката подолу овозможуваат печатење на **најмногу три** референтни броја на гаранција.Кога се користат **ваучери на поединечна гаранција** треба да се печатат само **првите** и **последните сериски броеви** од ваучерите. **Важно** е да се напомене дека во таков случај употребените ваучери на поединечна гаранција мора да бидат дадени редоследно, без прекин во набројувањето.

3.3.2. Податочната група „Ограничување на важноста во ЕЗ” и “Ограничување на важноста надвор од ЕЗ”

Податочните групи мора да се печатат (кога тоа неопходно) како втор ред во рубрика 52.

3.3.3. Податочна група „Гаранции”

Фонтовите наведени во точката подолу овозможуваат печатење на **најмногу три вида** на гаранции во подрубрика “шифра” во рубрика 52.

3.4. Рубрика Г

3.4.1. Податочна група „Ознаки на пломби”

Кога се употребуваат повеќе пломби и секоја од нив е означена со сериски број, треба да се печатат само **првите** и **последните** броеви од редоследот на пломби. **Важно** е да се напомене дека во овој случај пломбите коишто се употребуваатмора да бидат дадени редоследно, без прекин во набројувањето.

3.4.2. Напомена „пропишан правец на движење”

Оваа напомена треба да се отпечати (кога тоа е неопходно) **во првиот ред** под податокот „Временски рок”.

4. Фонтови кои се употребуваат

4.1. ТПД

Потребно е да се употребуваат следниве фонтови (достапни во МС Виндоус околина):

Фонт	Големина	Стил
Arial Narrow	7	Нормален + Задебелен
Line Printer	7	Нормален + Задебелен
Letter Gothic (PCL6)	7	Нормален + Задебелен
Impact	7	Нормален
Univers Condensed (PCL6)	7	Нормален + Задебелен
Univers Condensed (PCL6)	8	Нормален
Haettenschweiler	7	Нормален
Haettenschweiler	8	Нормален
Haettenschweiler	9	Нормален
Clarendon Condensed (PCL6)	7	Нормален + Задебелен
Clarendon (PCL6)	8	Нормален + Задебелен

4.2. СН

Рубриките на СН **може вертикално да се прошируваат.**

И покрај тоа што во овој случај ништо не ја спречува употребата на други фонтови, треба да се користат само фонтовите наведени во претходната точка.

4.3. Наведените фонтови не се достапни

Доколку **гореспоменатите фонтови не се достапни,** треба да се изберат други фонтови кои го овозможуваат печатењето на информациите во однос на даден атрибут од пораката IE29 во нивната целовита должина во соодветната рубрика од придружниот документ. Избраните фонтови би требало да бидат јасно читливи имајќи го предвид изгледот на документите.

Прилог 8.2

Насоки за печатење – Поединости

Рубрика	од СН	Опис (податочни групи и атрибути)	Итерации	Должина	Печатење	Напомени
		E_DEC_DAT ТРАНЗИТНА ОПЕРАЦИЈА	1 x 1 x		**Ø** **Ø**	
		КОМПАНИЈА Испраќач (рубрика 2)	1 x		**Ø**	
		КОМПАНИЈА Примач (рубрика 8)	1 x		**Ø**	
		НАИМЕНУВАНИЕ НА СТОКА	99999 x		**Ø**	
		КОМПАНИЈА Испраќач (рубрика 2)	1 x		**Ø**	
		КОМПАНИЈА Примач (рубрика 8)	1 x		**Ø**	
		КОНТЕЈНЕРИ (рубрика 31)	99 x		**Ø**	
		КОЛЕТИ (рубрика 31)	99 x		**Ø**	
		ШИФРА ЗА ЧУВСТВИТЕЛНА СТОКА (рубрика 31)	9 x		**Ø**	
		ПРЕТХОДНИ ДОКУМЕНТИ (рубрика 40)	9 x		**Ø**	
		ПРИЛОЖЕНИ ДОКУМЕНТИ/УВЕРЕНИЈА (рубрика 44)	99 x		**Ø**	
		ПОСЕБНИ НАПОМЕНИ (рубрика 44)	99 x		**Ø**	
		Појдовна ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА (рубрика В)	1 x		**Ø**	
		КОМПАНИЈА Главен обврзник (рубрика 50)	1 x		**Ø**	
		ЗАСТАПНИК (рубрика 50)	1 x		**Ø**	
		Транзитна ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА (рубрика 51)	9 x		**Ø**	
		Одредишна ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА (рубрика 53)	1 x		**Ø**	
		КОМПАНИЈА Овластен примач (рубрика 53)	1 x		**Ø**	
		РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА (рубрика Г)	1 x		**Ø**	
		ПОДАТОЦИ ЗА ПЛОМБИ (рубрика Г)	1 x		**Ø**	
		ОЗНАКИ НА ПЛОМБИ (рубрика Г)	99 x		**Ø**	
		ГАРАНЦИЈА	9 x		**Ø**	
		ПОВИКУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА	99 x		**Ø**	
		ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВАЖНОСТ Е3	1 x		**Ø**	
		ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВАЖНОСТНАДВОР ОД Е3	99 x		**Ø**	
		ДОДАДЕНО ВО IE29 ТРАНЗИТНА ОПЕРАЦИЈА	1 x		**Ø**	
		ИСПОСТАВА ЗА ПОВРАТЕН ПРИМЕРОК	1 x		**Ø**	
		РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА (рубрика Г)	1 x		**Ø**	

00		Показател за јазик на поаѓање	а2	**Ø**	
00		Шифра за јазик на НКТС придружен документ	а2	**Ø**	
00		НКТС Лист за враќање	н1	**Ø**	**Кога ознаката е = "1" = СЕПЕЧАТИ и Лист за враќање ("Б") (и соодветен примерок од СН, доколку постои таков)**
00		Локален референтен број LRN	ан..22	**Ø**	
00		Референтен број на движењето РБД	ан18	**како што е**	**вклучително и БАР КОД**
00	**x**	Референтен број на движењето РБД	ан18	**како што е**	**вклучително и БАР КОД**
00		Референтен број *[Испостава за лист за враќање]*	ан8	**Ø**	**Печатено на ПД "А" И Повратен примерок "Б" (доколку се печати и "Б")**
00		Име на царинската испостава	ан..35		
00		Улица и број	ан..35	**како што е**	
00		Земја	а2	**како што е**	
00		Поштенски број	ан…9	**како што е**	
00		Град	ан..35	**како што е**	
00		Јазик на име и адреса NAD_LNG	а2	**Ø**	
01		Вид на декларација (рубрика 1)	ан…5		
01	**x**	Вид на декларација (рубрика 1)	ан…5	**како што е**	**Кога НЕ се користи = печати "---"**
02		Број за идентификација на компанија TIN (рубрика 2)	ан..17	**како што е**	**Кога "TIN" НЕ се користи = НЕ се печати**
02		Име (рубрика 2)	ан..35	**како што е**	
02		Улица и број (рубрика 2)	ан..35	**како што е**	**Кога се користат пор. рубрики 2 = се печати "РАЗНО"**
02		Земја (рубрика 2)	ан2	**како што е**	**Кога НЕ се користи = се печати "---"**
02		Поштенски број (рубрика 2)	ан…9	**како што е**	
02		Град (рубрика 2)	ан..35	**како што е**	

02		Јазик на име и адреса NAD_LNG	а2	**Ø**	
02	**x**	Број за идентификација на компанија TIN (пор. рубрика 2)	ан..17	**како што е**	**Кога НЕ се користи= се печати "---"**
02	**x**	Име (рубрика 2)	ан..35	**како што е**	
02	**x**	Улица и број (рубрика 2)	ан..35	**како што е**	
02	**x**	Земја (рубрика 2)	ан2	**како што е**	
02	**x**	Поштенски број (рубрика 2)	ан..9	**како што е**	
02	**x**	Град (рубрика 2)	ан..35	**како што е**	
02	**x**	Јазик на име и адреса NAD_LNG	ан2	**Ø**	
03		***Образец [ПД]***	н…5		**Доколку рубрика 4 на ниво на ТРАНЗИТНА ОПЕРАЦИЈА НЕ се користи = ПЕЧАТЕЊЕТО е задолжително (на пр. ПД = 1/1 или 1/2 или 1/3, итн.)**
03		***од[вкупен број на обрасци(ПДСН)]***	н…5		**Доколку се користи рубрика 4 на ниво на ТРАНЗИТНА ОПЕРАЦИЈА = се печати "--- / ---"**
03		***Образец [СН]***	н…5	***н..5***	**Доколку рубрика 4 на ниво на ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА НЕ се користи И има повеќе од едно НАИМЕНУВАНИЕ НА СТОКА = ПЕЧАТЕЊЕТО е задолжително (на пр. Прв СН = 2/3, втор СН = 3/3)**
03		***од[вкупен број на обрасци (ПД+СН)]***	н…5	***н..5***	**Кога рубрика 4 се користи на ниво на ТРАНЗИТНА ОПЕРАЦИЈА = НЕ СЕ ПРИМЕНУВА**
04		Број на товарници (рубрика 4)	н…5	**како што е**	**Кога НЕ се користи = печати "---"**
05		Вкупен број на наименувања (рубрика 5)	н…5	**како што е**	
06		Вкупен број на колети (рубрика 6)	н…7	**како што е**	**Кога НЕ се користи "TIN" = НЕ се печати** **Кога се користат пор. рубрики 8 = се печати "РАЗНО"** **Кога НЕ се користи= се печати "---"**
08		Број за идентификација на компанија TIN (рубрика 8)	ан…17	**како што е**	
08		Име (рубрика 8)	ан…35	**како што е**	
08		Улица и број (рубрика 8)	ан…35	**како што е**	
08		Земја (рубрика 8)	а2	**како што е**	

08		Поштенски број (рубрика 8)	ан..9	**како што е**	
08		Град (рубрика 8)	ан..35	**како што е**	
08		Јазик на име и адреса NAD_LNG	а2	**Ø**	
08	**x**	Број за идентификација на компанија TIN (пор. рубрика 8)	ан..17	**како што е**	**Кога НЕ се користи = се печати "---"**
08	**x**	Име (рубрика 8)	ан..35	**како што е**	
08	**x**	Улица и број (рубрика 8)	ан..35	**како што е**	
08	**x**	Земја (рубрика 8)	а2	**како што е**	
08	**x**	Поштенски број (рубрика 8)	ан..9	**како што е**	
08	**x**	Град (рубрика 8)	ан..35	**како што е**	
08	**x**	Јазик на име и адреса NAD_LNG	а2	**Ø**	
15		Земја на поаѓање (рубрика 15а)	а2	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
15	**x**	Земја на поаѓање (рубрика 15а)	а2	**како што е**	
17		Одредишна земја (рубрика 17а)	а2	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
17	**x**	Одредишна земја (рубрика 17а)	а2	**како што е**	
18		Идентитет при поаѓање (рубрика 18)	ан…27	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
18		Идентитет_при_поаѓање_LNG	а2	**Ø**	
18		Националност при поаѓање (рубрика 18)	а2	**како што е**	
19		Контејнер (рубрика 19)	н1	**Ø**	
21		Националност при преминување граница (рубрика 21)	а2	**Ø**	
21		Идентитет при преминување граница (рубрика 21)	ан..31	**Ø**	
21		Идентитет_при_преминување_граница_LNG	а2	**Ø**	
21		Вид на транспорт при преминување граница (рубрика 21)	н..2	**Ø**	
25		Вид на транспорт на граница (рубрика 25)	н..2	**Ø**	
26		Вид на внатрешен транспорт (рубрика 26)	н..2	**Ø**	

27		Место на утовар (рубрика 27)	ан..17	**Ø**	
30		Шифра за одобрено место (рубрика 30)	ан..17	**Ø**	
30		Одобрено место за стока (рубрика 30)	а..35	**Ø**	
30		Одобрено место за стока_LNG	ан2	**Ø**	
30		Овластено место за стока (рубрика 30)	ан..17	**Ø**	
30		Друго царинско место (рубрика 30)	ан..17	**Ø**	
31		Ознаки и броеви на колети (рубрика 31)	ан..42	**како што е**	
31		Ознаки_и_броеви_на_колети_LNG	а2	**Ø**	
31		Број на контејнер (рубрика 31)	ан..11	**како што е**	
31		Број на колети (рубрика 31)	н..5	**како што е**	
31		Вид на колети (рубрика 31)	а2	**ОП**	
31		Број на парчиња (рубрика 31)	н..5	**како што е + текст**	**Кога се користи = се печати и "парчиња"**
31		Текстуален опис (рубрика 31)	ан..140	**како што е**	**Кога се користи CH: = се печати "Види список на наименувања" Кога се користат XT (рубрика 4): = се печати напомена согласно правило 95, точка 3. (да се пополни кога е соодветно)**
31		Текстуален_опис_LNG	а2	**Ø**	
31		Шифра за чувствителна стока (рубрика 31)	н…2	**Текст + како што е**	**Кога се користи = се печати и "Шифра за чувствителна стока:"**
31		Чувствителна количина (рубрика 31)	н..11,3	**Текст + како што е**	**Кога се користи = се печати и "Чувствителна количина:"**
31	**x**	Ознаки и броеви на колети (рубрика 31)	ан..42	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
31	**x**	Ознаки_и_броеви_на колети_LNG	а2	**Ø**	
31	**x**	Број на колети (рубрика 31)	н..5	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
31	**x**	Вид на колети (рубрика 31)	а2	**ОП**	

31	**x**	Број на парчиња (рубрика 31)	н..5	**како што е**	**Кога се користи = се печати во рубр. 31.2**
31	**x**	Број на контејнери (рубрика 31)	ан..11	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
31	**x**	Текстуален опис (рубрика 31)	ан..140	**како што е**	
31	**x**	Текстуален_опис_LNG	а2	**Ø**	
31	**x**	Шифра за чувствителна стока (рубрика 31)	н..2	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
31	**x**	Чувствителна количина (рубрика 31)	н..11,3	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
32		Број на наименување (рубрика 32)	н..5	**како што е**	**Кога се користат CH/XT: се печати "---"**
32	**x**	Број на наименување (рубрика 32)	н..5	**како што е**	**Кога се користат XT: НЕ СЕ ПРИМЕНУВА**
33		Тарифна ознака (рубрика 33)	н..8	**како што е**	**Се печатат само првите 6 цифри (XC6)** **Кога се користи CH ИЛИ НЕ се користи тар. озн = НЕ се печати**
33	**x**	Тарифна ознака (рубрика 33)	н..8	**како што е**	**Се печатат само првите 6 цифри(XC6)** **Кога НЕ се користи тарифна ознака = НЕ се печати**
35		Вкупна бруто маса (рубрика 35)	н..11,3	**како што е**	**Се печати [на ПД, рубрика 35] само кога се користат XT или CH**
35		Бруто маса (рубрика 35)	н..11,3	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
35	**x**	Бруто маса (рубрика 35)	н..11,3	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
38		Нето маса (рубрика 38)	н..11,3	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
38	**x**	Нето маса (рубрика 38)	н..11,3	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
40		Вид на претходен документ (рубрика 40)	ан..6	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
40		Повикување на претходниот документ (рубрика 40)	ан..20	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
40		Повикување_на_претходниот_документ_LNG	а2	**Ø**	
40		Дополнителни информации (рубрика 40)	ан..26	**Ø**	

40		Дополнителни_информации_LNG	а2	**Ø**	
40	**x**	Вид на претходен документ (рубрика 40)	ан..6	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
40	**x**	Повикување на претходниот документ (рубрика 40)	ан..20	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
40	**x**	Повикување_на_претходниот_документ_LNG	а2	**Ø**	
40	**x**	Дополнителни информации (рубрика 40)	ан..26	**Ø**	
40	**x**	Дополнителни_информации_LNG	а2	**Ø**	
44		Вид на документ (рубрика 44)	ан..3	**ОП**	**Според Правило 79 (Додаток А3-а2)** **Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44		Повикување на документ (рубрика 44)	ан..20	**како што е**	
44		Повикување_на_документ_LNG	а2	**Ø**	
44		Дополнителни информации (рубрика 44)	ан..26	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44		Дополнителни_информации_LNG	а2		
44		Ознака за дополнителни информации (рубрика 44)	ан.. 3	**ОП**	**на пр.** **„Извоз од…се применуваат давачки“ ИЛИ** **„Извоз од…се применува ограничување“ИЛИ** **„ИЗВОЗ“** **Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44		Извоз од ЕЗ (рубрика 44)	а1	**Текст**	**Кога ознаката е = „Y“ = се печати „ЕУ“,** **внесено во (…) една од првите две дополнителни информации наведени погоре**
44		Извоз од земја (рубрика 44)	а2	**како што е**	**Кога се користи, се внесуваат една или повеќе ознаки за земји во (…) една од првите две дополнителни информации наведени погоре**
44		Текст (рубрика 44)	ан..70	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44		Текст_LNG	а2	**Ø**	

44	**x**	Вид на документ (рубрика 44)	ан..3	**ОП**	**Според Правило 79 (Додаток А3-а2)** **Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44	**x**	Повикување на документ (рубрика 44)	ан..20	**како што е**	
44	**x**	Повикување_на_документ_LNG	а2	**Ø**	
44	**x**	Дополнителни информации (рубрика 44)	ан..26	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44	**x**	Дополнителни_ информации_LNG	а2	**Ø**	
44	**x**	Ознака за дополнителни информации (рубрика 44)	ан...3	**ОП**	**на пр.** **„Извоз од… се применуваат давачки“ ИЛИ** **„Извоз од…се применува ограничување “ ИЛИ** **„ИЗВОЗ“** **Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44	**x**	Извоз од Е3 (рубрика 44)	а1	**Текст**	**Кога ознаката е = „Y“ = се печати „ЕУ“,** **внесено во (…)една од првите две дополнителни информации наведени погоре**
44	**x**	Извоз од земја (рубрика 44)	а2	**како што е**	**Кога се користи, се внесуваат една или повеќе ознаки за земји во (…)една од првите две дополнителни информации наведени погоре**
44	**x**	Текст (рубрика 44)	ан..70	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
44	**x**	Текст_LNG	а2	**Ø**	
50		Број за идентификација на компанија TIN (рубрика 50) *[КОМПАНИЈА главен обврзник]*	ан..17	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
50		Име (рубрика 50)	ан.. 35	**Текст**	
50		Улица и број (рубрика 50)	ан.. 35	**Текст**	
50		Земја (рубрика 50)	а2	**ШЗ**	
50		Поштенски број (рубрика 50)	ан..9	**Текст**	
50		Град (рубрика 50)	ан.. 35	**Текст**	
50		Јазик на име и адреса NAD_LNG	а2	**Ø**	
50		Место на декларација (рубрика 50)	ан.. 35	**Ø**	
50		Место_на_декларација_LNG	а2	**Ø**	

50		Датум на декларација (рубрика 50)	н8	**Ø**	
50		Име (рубрика 50) *[Застапник]*	ан..35	**Ø**	
50		Својство на застапникот (рубрика 50)	а..35	**Ø**	
50		Својство_на_застапникот_LNG	а2	**Ø**	
51		Референтен број (рубрика 51)	ан8	**ОП**	**Вклучително и "Шифра на земја" (по описот)**
52		Вид на гаранција (рубрика 52)	н1	**како што е**	
52		РБГ (рубрика 52)	ан24	**како што е**	
52		Друга ознака за гаранција (рубрика 52)	ан..35	**како што е**	
52		Лозинка за пристап	ан4	**Ø**	
52		Не важи за Е3 (рубрика 52)	н1	**Текст**	**Кога ознаката е = "1" = се печати "EU"** **Кога ознаката е = "0" = НЕ се печати**
52		Не важи за други Договорни страни (рубрика 52)	а2	**како што е**	**Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
53		Референтен број (рубрика 53)	ан8	**ОП**	**Вклучително и "Шифра на земја" (по описот)**
53		TIN Овластен примач (рубрика 53)	ан..17	**Ø**	
B		Националност	---	**Ø**	**За потребите на НКТС не е потребно повеќе (веќе е дел од РБД)**
B		Референтен број (рубрика B)	ан8	**ОП**	
B		Број на документ	---	**Ø**	**За потребите на НКТС не е потребно повеќе (веќе е дел од РБД)**
B		Датум на прифаќање	н8	**како што е**	
B		Овластена компанија	ан..35	**Текст**	**За поедноставени постапки: се печати "Име" на имател на одобрение**
B		Број на одобрение	ан..17	**Текст**	**Се печати бројот на одобрението за поедноставена постапка**
B	**x**	Референтен број (рубрика B)	ан8	**како што е**	**од рубрика "B" на ПД**

НЕ СЕ ПРИМЕНУВА (= Ø) ако заверката (печат) на ПД веќе ги содржи потребните информации

В	**x**	Датум на прифаќање	н8	**како што е**	**од рубрика "В" на ПД**
В		Датум на издавање	н8	**Ø**	
Г		Ознака за резултат од контрола (рубрика Г)	ан2	**ОП**	
Г		Ознака за пломби (рубрика Г)	н..4	**како што е**	**Кога НЕ се користи = се печати "---"**
Г		Идентитет на пломбите (рубрика Г)	ан..20	**како што е**	**Кога се користат повеќе пломби: се печати само првата и задната ознака од секоја серија на пломби** **Кога НЕ се користи = се печати "---"**
Г		Идентитет_на_пломбите_LNG	а2	**Ø**	
Г		Рок (датум) (рубрика Г)	н8	**како што е**	
Г		Ознака за одобрението	ан..17	**Ø**	
Г		Контролата ја извршил (рубрика Г)	ан..35	**Ø**	
Г		Контролата_ја_извршил_LNG	а2	**Ø**	
~~**Г**~~	~~-----~~ ~~-~~	~~Датум на контролата (рубрика Г)~~	н8	**Ø**	
D		Пропишан правец на движење (рубрика Г)	ан..140	**Текст**	**Кога се користи: се печати "ПРОПИШАН ПРАВЕЦ НА ДВИЖЕЊЕ"** **Кога НЕ се користи = НЕ се печати**
D		Задолжителен_правец_на_движење_LNG (рубрика Г)	а2	**Ø**	

Кратенки:

- **ПД:** Придружен документ
- **СН:** Список на наименувања
- **ХТ:** Хартиени товарници

Колона "Печатење": појаснувања

- **"Ø":** информацијата не се печати
- **"како што е":** информацијата се печати како што е сочувана во системот
- **"ШЗ":** се печати Шифра на земја

- **"ОП":** се печати описот (името) на ознаката која е сочувана во системот
- **"Текст":** се печати"**Текст**" како што е опишано во колоната "Напомени"

Колона "Напомени": појаснувања



: ЗЕЛЕНО = напомена поврзана со **ПД**

: ПОРТОКАЛОВО= напомена поврзана со **СН**

: ЖОЛТО = дополнителна напомена

Општи напомени:

Поради промените настанати по прифаќањето на насоките за печатењето, има неколку точки во Прилог 8.1 и 8.2. кои повеќе не важат.

- ЃПД' сега се нарекува ЃТПД',
- употребата на ХТ повеќе не е дозволена и
- повеќе не се користи „лист Б".

Стока со зголемен ризик од измама Прилог 8.3

1	2	3	4	5
Ознака од ХС	**Опис на стоката**	**Минимални количини**	**Шифра за чувствителна стока[33]**	**Минимален износ на поединечна гаранција**
0102.90	**Други живи животни, вид говеда (Bovinae), домашни говеда**	**4 000 кг**	**1**	***1 500 ЕУР/m***
0201.10 **0201.20** **0201.30**	**Говедско месо свежо или разладено**	**3 000 кг**		***2 700 ЕУР/m*** ***2 900 ЕУР/m*** ***5 200 ЕУР/m***
0202.10 **0202.20** **0202.30**	**Говедско месо замрзнато**	**3 000 кг**		***2 700 ЕУР/m*** ***2 900 ЕУР/m*** ***3 900 ЕУР/m***
0402.10 **0402.21** **0402.29** **0402.91** **0402.99**	**Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување**	**2 500 кг**		***1 600 ЕУР/m*** ***1 900 ЕУР/m*** ***2 500 ЕУР/m*** ***1 400 ЕУР/m*** ***1 600 ЕУР/m***
0405.10 **0405.90**	**Путер и други маснотии и масла добиени од млеко;**	**3 000 кг**		***2 600 ЕУР/m*** ***2 800 ЕУР/m***
0803.00	**Свежи банани, освен плантажни**	**8 000 кг**	**1**	***800 ЕУР/m***
1701.11 **1701.12** **1701.91** **1701.99**	**Шеќер од шеќерна трска или од шеќерна репка и хемиски чиста сахароза, во цврста состојба**	**7 000 кг**		**–** **–** **–** **–**
2207.10	**Неденатуриран етилалкохол со содржина на алкохол 80% vol или повисока**	**3 хл**		**2 500 ЕУР/хл чист алкохол**
2208.20 **2208 30** **2208 40** **2208 50** **2208 60** **2208 70** **2208 90**	**Ракии, ликери и други алкохолни пијалаци**	**5 хл**	**1**	**} 2 500 ЕУР/хл чист алкохол**
2402 20	**Цигари што содржат тутун**	**35 000 парчиња**		**120 ЕУР/ 1 000 парчиња**

[33] Кога се применуваат одредбите од Поглавје VII, Наслов II (Компендиум) и ознаката од ХС не е доволна за недвосмислено препознавање на стоката наведена во колона 2, тогаш мора да се користат и шифрите за чувствителна стока дадени во колона 4 и ознаката од ХС системот дадена во колона 1.

Поглавје 3 – Формалности и незгоди за време на транспортот

1. Вовед

Ова поглавје ги опишува формалностите и незгодите за време на транспортот.

Пододдел 2 ги дава општата теорија и законодавството.

Пододдел 3 ги опишува формалностите во случај на незгоди за време на транспорт и кај транзитната испостава.

Пододдел 4 обработува посебни ситуации.

Пододдел 5 обработува исклучоци од општите правила.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални правила.

Пододдел 7 е резервиран за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги вклучува прилозите кон Поглавје 3.

2. Општа теорија и законодавство

Правните извори се наоѓаат во:

- Членовите 31 - 33 и 45а од Додаток I кон Конвенцијата;
- Прилог А7, Наслов II, точка II, Додаток III кон Конвенцијата
- Членовите 13 - 14 од ЦЗЗ ;
- Членовите 359, 360, 369а и 412 од УСЦЗЗ;
- Прилог 37, Наслов II, точка Б од УСЦЗЗ.

3. Формалности во случај на незгоди за време на транспортот и кај транзитната испостава

Овој пододдел дава информации за:

– формалностите кои треба да се следат во случај на незгоди во текот на транспортот (пододдел 3.1.);

– формалностите во транзитната испостава (пододдел 3.2.).

3.1 Формалности во случај на незгоди за време на транспортот

Незгоди за време на транспорт

Доколку настанат незгоди за време на транспортот на стоката, превозникот мора веднаш да ја извести најблиската надлежна царинска испостава. Најчести примери за тоа што може да се смета за незгода во тек на транспорт се:

- неможност да се следи пропишаниот правец на движење;
- случајно кинење на царинските пломби;
- претовар на стоката на друго транспортно средство;
- неодложно, делумно или целосно истоварање на

стоката како последица на непосредна опасност;

Дејствија кои ги преземаат надлежните органи

Член 33.

Во случај на незгоди за време на транспорт, превозникот без одлагање ќе ги направи неопходните евидентирања во рубриката 56 од ТПД и пратката ќе ја стави на увид на надлежните органиво земјата во која се случила незгпдата. Надлежните органи ќе одлучат дали предметната транзитна операција може да продолжи или не. Доколку се дозволи продолжување на операцијата, соодветната испостава ќе го завери ТПД во рубрика 55 и рубрика Е наведувајќи го превземеното дејствие.

Надлежниот орган ќе изврши преглед на стоката и на возилото доколку пломбите биле скинати не по вина на превозникот. Доколку се дозволи продолжување на транзитната операција, треба да бидат ставени нови средства за идентификација и соодветно на тоа ќе се завери и ТПД.

Претовар на стока

Претовар на стока на друго транспортно средство може да се направи единствено доколку за тоа има дозвола од надлежните органи од местото во кое треба да се изврши претоварот. Во таков случај, превозникот треба да ја пополни рубриката бр. 55 „Претовар“ во ТПД. Се пополнува читливо, рачно и со печатни букви. Кога тоа е потребно, царината ја зеверува рубрика Ѓ од ТПД. Кога настанале повеќе од еден претовар и рубрика Ѓ е исполнета, превозникот ги внесува неопходните информации во рубрика 56 од ТПД.

Во сите случаи опишани погоре, информациите за незгодите, вклучително со информациите за новите пломби, соодветно се евидентираат во НКТС системот кај транзитната испостава или кај одредишната испостава (и истото соодветно се назначува со заверување на рубриката во поле Ѓ од ТПД).

Целосен или делумен истовар

Кога во случај на непосредна опасност е неопходен делумен или целосен истовар, превозникот без одлагање ги информира надлежните органи и ги врши потребните евидентирања во рубрика 56 од ТПД. Царината ја заверува рубрика Е од ТПД. Но, доколку во текот на патувањето се менува само влекачот (без претовар или постапување со стоката), регистерскиот број и националноста на новиот влекач се внесуваат во рубрика 56 од ТПД. Во овој случај не е потребно заверување од страна на надлежниот орган, но податоците ќе се евидентираат подоцна во транзитната или во одредишната испостава.

Незгода или несреќен случај

Надлежниот царински орган мора веднаш да биде информиран во случај на било каква незгода или несреќен случај кои можат да влијаат на способноста на главниот обврзник или превозникот во исполнувањето на нивните обврски.

Раздвоена пратка

Било кое раздвојување на пратката мора да се врши под царинска контрола и транзитната постапка мора да биде прекината За секој дел од пратката мора да се пополни нова транзитна декларација.

3.2. Формалности во транзитната испостава

Во овој пододдел се даваат информации за:

- транзитната испостава (пододдел 3.2.1);
- формалностите во транзитната испостава (пододдел 3.2.2.);
- промената на транзитната испостава (пододдел 3.2.3.);
- постапување во случај на неправилности (пододдел 3.2.4).

3.2.1. Транзитна испостава

Транзитна испостава е царинска испостава којашто се наоѓа во точка на влез или на излез. Следнава табела ги задава разните можности за заедничкиот транзит и транзитот на Заедницата.

	Заеднички транзит	Транзит на Заедницата
Точка на влез	- во договорна страна	- во царинското подрачје на Заедницата кога стоката во текот на транзитната постапка го има поминато подрачјето на трета земја,
Точка на излез	- од договорна страна кога пратката го напушта царинското подрачје на таа договорна страна во текот на транзитна операција преку граница помеѓу таа договорна страна и трета земја.	- од царинското подрачје на Заедницата кога пратката го напушта тоа подрачје во текот на транзитна операција преку граница помеѓу земја-членка и и трета земја којашто не е земја на ЕФТА.

Со цел олеснување на движењето на стоката со статус на стока на Заедницата помеѓу различни делови од царинското подрачје на Заедницата при што стоката треба да премине подрачје на трета земја којашто не е земја на ЕФТА, земјите членки ќе се заложат. во онаа мера во која дозволуваат локалните услови, покрај нивните царински испостави кои се наоѓаат на надворешната граница на Заедницата да воспостават посебни ленти за контрола на стоката со статус на стока на Заедницата којашто движи со царински документ издаден во друга земја-членка.

Контролата на таквата стока се ограничува на преглед на доказот за статус на стока на Заедницата и доколку е

неопходно, на завршувањето на транспортната операција, под услов околностите на таа операција да не бараат подетален преглед.

Во случаите кога со горенаведената контрола не се откриени било какви неправилности, се дозволува пратката да продолжи кон своето одредиште.

3.2.2. Формалности во транзитната испостава

ТПД заедно со стоката се става на увид кај секоја транзитна испостава. Транзитната испостава може да изврши преглед на стоката кога тоа се смета за потребно.

ЦАРИНА Транзитна испостава: - го регистрира РБД; - го евидентира преминувањето на границата; и - ја испраќа пораката „известување за преминување граница“ (IE118) до појдовната испостава.

ЦАРИНА Доколку стоката е предмет на извозно ограничување, ТПД содржи една од следните напомени:
- во заеднички транзит: DG0 („Извоз од една земја на ЕФТА врз кој се применува ограничување“) или DG1 („Извоз од една земја на ЕФТА врз кој се применуваат давачки“)
- во транзит на Заедницата: DG0 („Извоз од ЕЗ врз кој се применува ограничување“) или DG1 („Извоз од ЕЗ врз кој се применуваат давачки“).

Доколку стоката и ТПД се ставени на увид на транзитна испостава различна од декларираната, а РБД којшто бил

внесен од страна на вистинската транзитна испостава се однесува на движење за кое таа испостава го нема соодветниот „Запис за очекуван транзит“ (ATR), НКТС автоматски го бара ATR од појдовната испостава.

НКТС во појдовната испостава автоматски одговара на барањето и, по приемот на ATR, НКТС во транзитната испостава автоматски ќе се ажурира и записот за движењето ќе биде достапен како „Креиран ATR“, подготвен за царинска обработка.

Новата транзитна испостава којашто не била наведена во декларацијата ќе ги побара потребните информации со пораката „Барање за ATR“ (IE114). Одредишната испостава испраќа „Одоговор на барање за записот за очекуван транзит“ (IE115) до новата транзитна испостава, вклучително со информациите од „Запис за очекуван транзит“ (IE050).
Декларираната(ите) транзитна(и) испостава(и) низ кои движењето не поминало, автоматски ќе бидат известени кога движењето ќе заврши во одредишната испостава.

Доколку поради различни причини не е можно да се достават податоците од предметното движење IE115 со „Шифра на причина за одбиен ATR“, и кога е наведена причината за одбивањето (задолжително за шифра 4), транзитната царинска испостава ги превзема неопходните дејствија.

За ограничувања види точка 7 од ова поглавје.

3.2.3. Промена на транзитната испостава

Стоката може да се превезува преку транзитна испостава различна од декларираната во ТПД. Во тој случај, вистинската транзитна испостава којашто ја нема добиено

пораката „Запис за очекуван транзит“ (IE050), ги бара податоците за декларацијата од појдовната царинска испостава со пораката „Барање за запис за очекуван транзит“ (IE114).

ЦАРИНА Кога се користи различна транзитна испостава, вистинската транзитна испостава ги бара податоците на декларацијата од појдовната испостава со упатување на „Барање за ATR“ (IE114). Појдовната испостава автоматски ја испраќа пораката „Одговор на барање за запис за очекуван транзит“ (IE115), вклучително и сите релевантни податоци до вистинската транзитна испостава. Вистинската транзитна испостава потоа го евидентира преминувањето на границата и ја испраќа пораката „Известување за преминување граница“ NCF (IE118) до појдовната царинска испостава.
За ограничувања види точка 7 од ова поглавје.

3.2.4. Постапување во случај на сериозни неправилности

Сериозни неправилности

Доколку транзитната испостава открие сериозни неправилности во однос на предметната транзитна операција таа ќе ја заврши транзитната постапка и ќе започне со неопходните истраги.

4. Посебни ситуации (потсетник)

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Ограничен дел исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

Поглавје 4 – Формалности во одредишната испостава

1. Вовед

Поглавје 4 ги опишува формалностите во одредишната испостава.

Пододдел 2 ја дава општата теорија и законодавството.

Пододдел 3 ги опишува формалностите кај одредишната испостава вклучувајќи го и завршувањето и контролата на постапката.

Пододдел 4 ги обработува посебните ситуации.

Пододдел 5 ги опфаќа исклучоците од општите правила.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални правила.

Пододдел 7 е резервиван за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги содржи прилозите кон поглавје 4.

2. Општа теорија и законодавство

По завршувањето на транзитното движење, стоката заедно со ТПД се става на увид кај одредишната испостава. Тоа претставува завршување на транзитното движење. Пораката „Напомена за пристигнување“ IE006 без одлагање се испраќа до појдовната испостава.

Одредишната испостава врши проверка на стоката врз основа на информациите добиени од системот, дополнети по потреба со ТПД, ги евидентира резултатите во системот и ја испраќа пораката „Резултати од контрола на одредиште“ (IE018) до појдовната испостава.

Доколку не се случиле некакви неправилности, појдовната испостава ја раздолжува транзитната постапка: поглавје 5.Во случај на неправилности се преземат дополнителни мерки.

Правните извори се наоѓаат во:

- членовите 34 - 37, 46 и 47 од Конвенцијата;
- прилог Г4 точка В, Додаток III кон Конвенцијата;
- членовите 361 - 364, 370 и 371 од УСЦЗЗ.

3. Формалности во одредишната испостава

Овој пододдел дава информации за:
- ставањето на увид на стоката заедно со документите кај одредишната испостава (пододдел 3.1);
- контролата на завршувањето на постапката (пододдел 3.2).

Во овој пододдел ќе претпоставиме дека не се случиле никакви неправилности. Чекорите коишто треба да се преземат во случај на неправилности се дадени во ставот 4.4 од ова поглавје.

Забелешка: завршувањето на транзитната постапка кај одредишната испостава не е исто што и раздолжувањето на транзитната постапка. Појдовната испостава е таа којашто, врз основа на информациите доставени од одредишната испостава, одлучува дали транзитната постапка може да се раздолжи. (Види поглавје 5)

3.1.Завршување на транзитната постапка

Транзитната постапка завршува и сите обврски на главниот обврзник се сметаат за исполнети тогаш кога стоката ставена во постапката, неопходните документи и бараните податоци се ставени на увид на одредишната испостава во согласност со одредбите кои ја уредуваат постапката.

Во пракса, завршувањето на постапката значи ставање на увид на стоката и ТПД кај одредишната испостава и во правна смисла значи дека тоа ставање на увид е извршено во согласност со правните одредби за видот на постапката

која се користела, односно редовна или поедноставена[34]. И двете можности се одговорност и главна обврска на главниот обврзник.

Обврски на други лица

Со завршувањето на постапката завршуваат и транзитната операција и обврските на главниот обврзник произлезени од постапката. Било кој настан или непочитување на обврските кои се случуваат по тој датум се однесуваат на одредишта и царински правила кои не се поврзани со транзитот. Сепак, тоа не значи дека одговорноста (финансиска или поинаква) на главниот обврзник не може да се испита и по завршувањето на постапката, но единствено доколку се однесува на претходната транзитна операција.

Покрај главниот обврзник, постојат и други лица кои имаат обврски во рамките на транзитната постапка. Превозникот и сите други лица кои ја примаат стоката и знаат дека таа е ставена во транзитна постпка се исто така одговорни за ставање на стоката на увид на одредишната испостава во непроменета состојба, во временскиот рок и со почитување на мерките за идентификација.

Временски рок

Стоката заедно со ТПД се става на увид кај одредишната испостава. Ова се прави во работните денови и часови на одредишната испостава. За поедноставувања види Дел VI.

Ставањето на увид мора да се изврши во рамките на рокот зададен од страна на појдовната испостава Временскиот рок е прикажан во рубрика Г од ТПД.

Временскиот рок зададен од страна на појдовната испостава

[34] Покрај општата дефиниција за завршувањето на постапката, постои низа конкретни одредби коишто ги задаваат посебните услови под кои завршува постапката или пак се смета за завршена во рамките на постапките како што се постапките во однос на овластениот примач или постапките за поедноставувања за транспорт по море, воздух или цевоводи (за повеќе информации види Дел V).

е задолжителен за надлежните органи од земјите на чие подрачје се влегува во текот на транзитната постапка. Надлежните органи, меѓу кои и царината во одредишната испостава, не смеат да го менуваат овој рок. За повеќе детали види Поглавје 2, пододдел 3.7.

Одредишната испостава го користи РБД за да ги добие податоците од системот кои се проследени со пораката „Запис за очекувано пристигнување“ AAR (IE001).

Кога царинскиот службеник кај одредишната испостава ќе го регистрира РБД во системот, пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006) се испраќа до појдовната испостава за да ја информира дека пратката пристигнала.

Недостапност на системот

Кога стоката била пуштена за транзит во НКТС кај појдовната испостава, но по пристигнувањето на стоката системот кај одредишната е недостапен, одредишната испостава ја завршува постапката врз основа на ТПД и ги спроведува неопходните внесувања во системот кога тој е повторно достапен, со цел да го раздолжи движењето.

3.2. Контрола на завршувањето на постапката

Проверки

По ставањето на увид на стоката и ТПД, одредишната испостава одредува дали царината ќе изврши проверка или ќе ја пушти стоката.

Контролата на стоката се врши со употреба на пораката „Запис за очекувано пристигнување“ (IE001) добиена од појдовната испостава.

Одредишната испостава ја испраќа пораката „Резултати од контрола“ (IE018) до појдовната испостава.

Пораката мора да ги содржи и сите информации кои биле внесени во ТПД во текот на транспортот (како на пример: претовар, нови пломби или незгоди за време на транспорт). Одредишната испостава го задржува ТПД.

ЦАРИНА

По пристигнување на движењето одредишната испостава го евидентира пристигнувањето и ги внесува следните информации во системот:

1. РБД (евидентниот број);
2. датумот на пристигнување;
3. во случај на настани по пат (незгоди, претовар) сите потребни информации кои се добиени од ТПД (доколку не биле веќе евидентирани од претходна царинска испостава).

Пред испраќањето на резултатите од контролата до појдовната испостава, одредишната испостава ги внесува соодветните резултати од контрола во системот:

1. Ако одредишната испостава одлучила да не врши контрола се внесува шифрата А2, „се смета за задоволително“.

Во тој случај одредишната испостава мора да ја испрати пораката со резултатите од контролата (IE018) истиот ден или најдоцна следниот работен

ден по денот на ставање на увид на стоката.

2. Кога одредишната испостава одлучува да изврши контрола, таа го проверува најмалку следново:

- средствата за идентификација (проверка на состојбата на сите ставени пломби или опис на стоката);
- временскиот рок и правецот на движење (доколку е пропишан).

Во случај да не се откриени неправилности се внесува шифрата А1 „задоволително“. Во тој случај одредишната испостава мора да ја испрати пораката со резултатите од контролата на одредиште (IE018) истиот ден кога стоката е ставена на увид кај одредишната испостава или најдоцна првиот работен ден по денот на ставање на увид на стоката или во исклучителни случаи во рок од шест дена по денот на ставање на увид.

ЦАРИНА (само за Заедницата)

Контролниот лист Т5[35] што го издава појдовната испостава се наведува во ТПД и става на увид заедно со него. Во случај наведениот лист Т5 да не се стави на увид, одредишната испостава ќе извести за тоа во пораката со резултатите од контрола ставајќи шифра В1, „незадоволително“.

4. Посебни ситуации

Овој пододдел дава информации во однос на посебните ситуации во транзитната постапка во одредишната испостава. За посебни ситуации се сметаат:

- издавањето потврда (пододдел 4.1);
- издавање на алтернативен доказ (пододдел 4.2);
- ставање на увид на стока и документи надвор од работните

[35] Контролен примерок Т5 е документ кој понекогаш е потребен за движењето на стока во рамките на царинското подрачје на Заедницата. Документот се употребува за обезбедување на доказ за употреба и/или одредиште за одредени стоки согласно пропишаното во посебните мерки на Заедницата (на пример: за земјоделски производи). Детали за контролниот примерок Т5 има во членовите 912а до 912е од УСЦЗ3.

денови и часови и на место различно од одредишната испостава (пододдел 4.3);
- неправилности (пододдел 4.4);
- промена на одредишната испостава (пододдел 4.5).

4.1. Издавање на потврда на прием

На барање на лицето кое го става на увид ТПД и стоката кај одредишната испостава, царината издава потврда на прием (ТЦ11). Меѓутоа, потврдата не може да се користи како алтернативен доказ за завршување на постапката.

Функции на потврдата на прием

Потврдата има две значајни функции. Прво, го информира главниот обврзник дека превозникот ги предал документите за транзитот на одредишната испостава. Второ, потврдата игра важна улога во случај на започнување на испитна постапка кога појдовната испостава не добила информација за пристигнатата пратка (IE006).
Во таквите случаи главниот обврзник ќе биде во можност да ја стави на увид потврдата кај појдовната испостава наведувајќи во која одредишна испостава транзитните документи биле ставени на увид. Со тоа испитната постапка ќе биде поефикасна.

Облик на потврдата на прием

Обликот на потврдата мора да одговара на примерокот ТЦ11 во Додаток III, Прилог А 13 кон Конвенцијата / Прилог 47 кон УСЦЗЗ.

Пополнување на потврдата на прием

Лицето кое бара потврда на прием ја пополнува потврдата пред да ја предаде за заверка на царински службеник во одредишната испостава.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Лицето коешто бара потврда во одредишната испостава треба да го пополни образецот ТЦ11 со читок ракопис и да внесе:

- име и земја на одредишната испостава;
- статусот на пратката согласно наведеното во соодветниот ТПД;
- РБД;
- датумот;
- името на појдовната царинска испостава.

Освен тоа, потврдата може да содржи и други податоци кои се однесуваат на пратката. Главниот обврзник може, на пример, да посака да ја прикаже адресата на која превозникот на стоката ќе ја врати потврдата откако ќе биде заверена од страна на царината. Одредишната испостава не е обврзана да ја враќа потврдата по пошта; но доколку е неопходно може и така да се постапи. Обично главниот обврзник бара од превозникот да му ја врати потврдата.

- Повратната адреса може да се внесе на позадината од потврдата на прием кога обликот на потврдата одговара на примерокот во Прилог А 13, Додаток III кон Конвенцијата / Прилог 47 кон УСЦЗЗ.

ЦАРИНА

Во случај кога се бара потврда на прием, одредишната испостава го прави следново:

- проверува дали е употребен точниот образец односно ТЦ11;
- проверува дали тој е читлив;
- проверува дали е правилно пополнет;
- проверува дали постојат некакви околности кои го забрануваат издавањето на потврдата;

- доколку се е во ред, ја издава потврдата на лицето кое ја побарало.

Забелешка: Забрането е издавање на потврдата “предмет на ограничувања“ *(член 35, Додаток 1 кон Конвенцијата – член 362 од УСЦЗЗ)*

4.2. Издавање на алтернативен доказ

Главниот обврзник може да побара царината да му обезбеди алтернативен доказ дека транзитната постапка завршила правилно. Тоа може да се направи во моментот кога транзитната декларација и стоката се ставени на увид кај одредишната испостава.

Напомена: Детални информации за прифаќањето на алтернативен доказ од страна на појдовната испостава се дадени во Поглавје 5, пододдел 3.4.2.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

За добивање на алтернативен доказ согласно предвиденото во член 34(3) од Додаток I кон Конвенцијата / член 361(3) од УСЦЗЗ, односно копија од ТПД и СН можат да се поднесат за заверка кај одредишната испостава кога тоа е соодветно.

Примерокот, кој може да биде фотокопија мора да:

- биде означен со зборот „копија“,
- го содржи изразот„Алтернативен доказ“,
- го содржи РБД и деталите на транзитната декларација.

Прилог 8.3. ја содржи напомената ‘Алтернативен доказ’ во сите јазични верзии.

ЦАРИНА

Гореспоменатите документи кои го содржат РБД мора да бидат заверени од страна на царината во одредишната испостава. Заверувањето може да вклучува заверка со помош на компјутерски систем, но да биде јасно за царината на земјата на поаѓање дека заверката е оригинална.

Одредишната испостава го заверува алтернативниот доказ кога не се откриени никакви неправилности. На документите се става печатот, потписот на службеникот и датумот.

За застапник на главниот обврзник се смета лицето кое го става на увид алтернативниот доказ со стоката и ТПД. Одредишната испостава на ова лице му го предава завереният примерок од ТПД.

4.3. Ставање на увид на стока и документи надвор од деновите и часовите определени за работа и на место различно од одредишната испостава

Обично стоката и соодветните транзитни документи мора да се стават на увид:

- на одредишната испостава, и,
- во рамките на утврдените работни денови и часови.

Меѓутоа, одредишната испостава може да дозволи документите и стоката да се стават на увид и надвор од определените денови и часови и во место различно од одредишната испостава.

Во согласност со националните правила трошоците ќе бидат на товар на компанијата.

4.4. Неправилности

4.4.1. Неправилности во однос на пломбите

Вообичаено стоката е пломбирана за време на транспорт во транзитна постапка. дали пломбите сеуште се во првобитната состојба. Доколку е манипулирано со пломбите, царината од одредишната испостава тоа ќе го евидентира во пораката за резултатите од контрола (IE018) која ја испраќа до појдовната испостава.

ЦАРИНА Одредишната испостава ја проверува состојбата на пломбите и ги евидентира резултатите во системот. Доколку пломбите се во лоша состојба, или пак доколку има докази дека е манипулирано со нив, царината може да пристапи кон преглед на стоката и фактите ќе ги внесе во системот.

4.4.2. Други неправилности

Одредишната испостава во системот ја внесува неправилноста која ја открила за да ја информира појдовната испостава. Појдовната испостава решава согласно прикажаните факти и одлучува какви соодветни мерки да превземе.

Во одредишната испостава може да се открие разлика помеѓу стоката декларирана во системот и стоката реално ставена на увид на одредишната испостава.

ЦАРИНА *Одредишната испостава*:

- го регистрира РБД и
- ги наведува сите неправилности во пораката „Резултати од контрола на одредиштето“ (IE018)

4.4.3. Испитување на неправилност

Кога одредишната испостава решава да не ја пушти стоката затоа што е откриена неправилност и има побарано појдовната испостава да ја истражи, ја испраќа пораката IE018 со напомена „Чека на решавање на недоследности“. Транзитната операција го задржува статусот „Чека на решавање“.

Додека движењето е со статус „Чека на решавање“, појдовната испостава спроведува истрага на неправилноста, особено преку проверка на сите документи ставени на увид од страна на главниот обврзник и нивна споредба со податоците на декларацијата.

По решавањето на проблемот, појдовната испостава ја информира одредишната испостава преку испраќање на пораката „Известување за решени разлики“ (IE020). Потоа стоката се пушта и движењето конечно ќе се раздолжи кога појдовната испостава ќе го отпише.

Доколку одредишната испостава одлучи да ја истражи неправилноста:

ЦАРИНА

Одредишната испостава:

- го регистрира РБД;
- наведува во IE018 дека во тек е испитна постапка кај одредишната испостава;
- ја испраќа IE018 до појдовната царинска испостава;

- ги испраќа резултатите од испитната постапка до појдовната испостава во рок од три месеци.

За дополнителни детали за испитната постапка види: Поглавје 7.

Доколку поради неправилноста одредишната испостава одлучи да го обезбеди долгот, во пораката IE018 ја внесува ознаката „Давачките се наплатени“.

Напомена: ознаката „Давачките се наплатени“ не мора нужно да значи дека давачките се навистина собрани или платени. Оттаму, царината кај одредишната испостава може да прифати декларација за било кое царински дозволено постапување или употреба на стока.

ЦАРИНА

Одредишната испостава:

- го регистрира РБД;
- во пораката за резултати од контролата IE018, ја внесува шифрата A5 „давачките се наплатени“;
- ја испраќа IE018 до појдовната царинска испостава.

4.5 Промена на одредишната испостава

Транзитната операција може да заврши во испостава различна од онаа којашто е декларирана во транзитната декларација. Таа испостава тогаш станува одредишна испостава.

Кога системот ќе покаже дека вистинската одредишна испостава нема добиено порака „Запис за очекувано пристигнување“ за поднесениот РБД, системот испраќа

порака „Барање за запис за очекувано пристигнување“ (IE002).

Кога појдовната испостава со помош на РБД ќе го пронајде движењето, ја испраќа пораката „Одоговор на барање за запис за очекувано пристигнување“ (IE003). Одредишната испостава ја прифаќа промената на испоставата и ја испраќа пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006).

За ограничувања види точка 7 од ова поглавје.

Кога појдовната испостава нема да го пронајде движењето преку РБД, во пораката „Одговор на барање за запис за очекувано пристигнување“ ги внесува причините (шифри 1 до 4) зошто не може да се испрати „Запис за очекувано пристигнување“. НКТС го одбива пристигнувањето и ја известува компанијата на одредиштето со пораката „Известување за одбиен запис за очекувано пристигнување“, (IE021). Причините за одбивањето можат да бидат следни:

1. движењето веќе пристигнало во друга одредишна испостава;
2. движењето било поништено од страна на појдовната испостава;
3. РБД е непознат (поради технички причини или поради неправилности) или
4. други причини.

Можат да се разликуваат три ситуации:

1. Новата одредишна испостава се наоѓа во истата договорна страна/земја-членка како и испоставата наведена во транзитната декларација:

ЦАРИНА

Одредишната испостава:

- го регистрира РБД;
- бара од појдовната испостава информации за декларацијата врз основа на РБД;
- ја испраќа пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006) до појдовната испостава;
- го проверува временскиот рок, состојбата на сите пломби (доколку има ставени) и правецот на движење (доколку е пропишан);
- одлучува за степенот на потребни проверки;
- откако ќе добие позитивен резултат од проверката, ги евидентира резултатите од контролата во системот;
- ја испраќа пораката IE018 до појдовната испостава.

Појдовната испостава:

- по добивање на пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006), со пораката „Проследена напомена за пристигнување“ (IE024) ја известува декларираната (но некористена) транзитна испостава(и) дека транзитната операција завршила.

2. Новата одредишна испостава се наоѓа во договорна страна/земја-членка различна од наведената во транзитната декларација:

ЦАРИНА

Одредишната испостава:

- го регистрира РБД;
- од појдовната испостава бара информации за декларацијата врз основа на РБД;
- ја испраќа пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006) до појдовната испостава;
- го проверува временскиот рок, состојбата на сите пломби (доколку има

ставени) и правецот на движење (доколку е пропишан);

- одлучува за степенот на потребни проверки;
- откако ќе добие позитивен резултат од проверката, ги евидентира резултатите од контролата во системот;
- ја испраќа пораката IE018 до појдовната испостава.

Појдовната испостава:

- по добивање на пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006), со IE024 ја известува декларираната (но некористена) транзитна испостава(и) дека транзитната операција завршила.

3. Новата одредишна испостава се наоѓа во договорна страна/земја-членка различна од наведената во ТПД кој содржи една од следните ознаки:

- во заеднички транзит:

- DG0 („Извоз од една земја на ЕФТА врз кој се применува ограничување“)

или

- DG1 („Извоз од една земја на ЕФТА врз кој се применуваат давачки“)

- за транзит на Заедницата:

- DG0 („Извоз од ЕЗ врз кој се применува ограничување“)

или

- DG1 („Извоз од ЕЗ врз кој се применуваат давачки“)

ЦАРИНА

Одредишната испостава:

- го регистрира РБД;
- од појдовната испостава бара информации за декларацијата врз основа на РБД;
- ја држи стоката под царинска контрола и одлучува дали:

- да дозволи нејзино отстранување во Договорната страна која има недлежност врз појдовната испостава или
- да не дозволи нивно отстранување сè до добивање на посебно писмено одобрение од појдовната испостава за нејзино пуштање.

5. Ставање на увид по истек на временскиот рок

Следат примери за доказ за непредвидени околности кои предизвикуваат истекување на временскиот рок, но за кои вината не може да им се припише на превозникот или главниот обврзник:

- потврда издадена од полиција (која се однесува на незгода, кражба итн.);
- потврда издадена од здравствена служба (која се однесува на медицинска помош итн.);
- потврда од служба за помош на пат (која се однесува на поправка на возило);
- каков било доказ за доцнење поради штрајк или било какви други непредвидени околности.

Сепак, за валидноста на доказот одлучува царината во одредишната испостава.

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

8.1. Структурирани пораки и содржина на податоците за IE (размена на информации)

8.2. Шифри на земји

8.3. Шифри на колети

8.1. Структурирани пораци и содржина на податоците

IE001. Запис за очекувано пристигнување C_AAR_SND

IE002. Барање за запис за очекувано пристигнување C_AAR_REQ

IE006. Напомена за пристигнување C_ARR_ADV

IE007. Известување за пристигнување E_ARR_NOT

IE008. Неприфаќање на известување за пристигнување E_ARR_REJ

IE009. Одлука за поништување E_CAN_DEC

IE010. Известување за понишување C_CAN_NOT

IE013. Измена на декларација E_DEC_AMD

IE014. Барање за поништување на декларација E_DEC_CAN

IE015. Податоци за декларација E_DEC_DAT

IE016. Неприфатена декларација E_DEC_REJ

IE017. Резултати од контрола на поаѓање N_DEP_CON

IE018. Резултати од контрола на одредиште (Вид А или Б) C_DES_CON

IE020. Известување за разрешени разлики C_DIS_SOL

IE021. Известување за неприфаќање на запис за очекувано пристигнување E_REJ_NOT

IE023. Известување до гарантот E_gua_NOT

IE024. Препратена напомена за пристигнување C_FWD_ARR

IE025. Известување за пуштање на стоката E_GDS_REL

IE026. Шифри за пристап кон гаранција E_ACC_COD

IE027. Прашање за движење C_MVT_QUE

IE028. Доделен РБД E_MRN_ALL

IE029. Пуштање во транзит E_REL_TRA

IE030. Известување до заедничкиот домен за промена на царински испостави C_COL_COM

IE031. Известување до националниот домен за промена на царински испостави C_COL_NAT

IE032. Известување до националниот домен за промена на заедничките референтни податоци C_REF_MOD

IE034. Прашање за гаранции C_GUA_QUE

IE035. Известување за наплата E_REC_NOT

IE037. Одговор на прашање за гаранции C_GUA_RSP

IE038. Одговор на прашање за движење C_MVT_RSP

IE043. Дозвола за истовар E_ULD_PER

IE044. Забелешки за истовар E_ULD_REM

IE045. Известување за раздолжување E_WRT_NOT

IE050. Известување за очекуван транзит C_ATR_SND

IE051. Без пуштање во транзит E_REL_NOT

IE054. Барање за пуштање E_REQ_REL

IE055. Неважечка гаранција E_GUA_INV

IE058. Неприфаќање на Забелешки за истовар E_ULD_REJ

IE059. Откажување на известување за испитна постапка C_CAN_ENQ

IE060. Известување за контрола E_CTR_DEC

IE062. Неприфаќање на барање за пуштање во транзит E_REQ_REJ

IE063. Известување за започнување со наплата C_REC_COM

IE070. Известување до заедничкиот домен за недостапност на системот C_UNA_COM

IE071. Известување до националниот домен за недостапност на системот C_UNA_NAT

IE100. Барање за документи E_ASK_DOC

IE101. Враќање на документи E_DOC_SND

IE102. Барање за непристигнато движење E_REQ_MOV

IE103. Информации за непристигнато движење E_MOV_RSP

IE104. Барање за испитување C_ENQ_REQ

IE105. Потсетување за испитување C_ENQ_REM

IE106. Одговор на испитување C_ENQ_NEG

IE111. Прашање за овластен примач C_AUT_QUE

IE112. Одговор на прашање за овластен примач C_AUT_RSP

IE114. Барање за запис за очекуван транзит C_ATR_REQ

IE115. Одговор на барање за запис за очекуван транзит C_ATR_RSP

IE118. Известување за преминување граница C_NCF_NOT

IE119. Хартиен контролен ДОКУМЕНТ на ПОАЃАЊЕ E_DEP_PAP

IE120. Хартиен контролен ДОКУМЕНТ на ОДРЕДИШТЕ E_DES_PAP

IE200. Проверка на гаранција C_GUA_CHE

IE201. Резултат од проверка на гаранција C_GUA_RES

IE203. Употреба на гаранција C_GUA_USE

IE204. Откажување на употреба на гаранција C_GUA_CAN

IE205. Резултат од употреба на гаранција C_GUA_USR

IE209. Кредитирање на износ C_GUA_Cre

IE224. Продаден ваучер на поединечна гаранција E_igv_INF

IE225. Известување за ажурирање на гаранција E_GUA_WUP

IE228. Ослободување од одговорност по откажана општа гаранција E_GOG_CNL

IE229. Известување за укинување на ваучер за поединечна гаранција E_IGV_RNG

IE231. Известување за откажување на општа гаранција E_COG_CNP

IE410. Барање за статистички податоци C_STA_REQ

IE411. Испраќање на статистички податоци C_STA_SND

IE412. Генерирани статистички податоци испратени до националниот домен C_STA_GEN

IE413. OTS статистички податоци испратени до заедничкиот домен C_STA_OTS

8.2. Шифри на земји кои се употребуваат

8.2.1. Шифри на земји кои се употребуваат за транзит на Заедницата – види Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2454/93, Прилог 37в, точка 1 и Прилог 38, Наслов II, рубрика 2: http://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CONSLEG:1993R2454:20090701:en:PDF.

8.2.2. Шифри на земји кои се користат за заеднички транзит

(ISO 3166-1-алфа-2шифра)

Види Конвенција за заедничка транзитна постапка, Додаток III, Прилог A2 http://ec.europa.eu/taxation_customs/resources/documents/customs/procedural_aspects/transit/common_community/convention_en.pdf.

8.3. Ознаки на колети

(Препорака на UNECE бр. 21/Rev. 4 од мај 2002.) види Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2454/93, Прилог 38, Наслов II, рубрика 31 (http://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CONSLEG:1993R2454:20090701:EN:PDF)

Поглавје 5 – Андора, Сан Марино и нефискални области

1. Вовед

Стандардната транзитна постапка е опишана во претходните глави. Ова поглавје 5 ги опишува посебните транзитни аранжмани кои постојат помеѓу:

- Заедницата и Андора (пододдел 2);
- Заедницата и Сан Марино (пододдел 3);
- Заедницата и нејзините нефискални области (пододдел 4).

Пододдел 5 ги опфаќа исклучоците.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални упатства.

Пододдел 7 е резервиран исклучиво за царинска употреба.

Прилозите се дадени во пододдел 8.

2. Андора

Овој пододдел дава информации за:

- историјатот и законодавството (2.1);
- формалностите (2.2);

2.1.Историјат и законодавство

Во 1990 г. Европската Заедница и Андора основаа царинска унија со Спогодба во форма на размена на писма[1]. Царинската унија важи и за трговијата со стоки кои потпаѓаат под глава 25 до 97 од Хармонизираниот систем (ХС).

Со одлуката бр. 1/96 од Мешовитиот комитет на ЕЗ и Андора[2], транзитната постапка на Заедницата согласно пропишаното во Царинскиот законик на Заедницата (ЦЗЗ) и Уредбата за негово спроведување (УСЦЗЗ), беше проширена и на трговијата во рамките на царинската унија. Одлуката подоцна е заменета со Одлука на Мешовитиот комитет на ЕЗ и Андора бр. 1/2003[3].

2.2. Формалности

2.2.1 Стоки кои потпаѓаат под Главите 1 до 24 од ХС

Извозот и увозот на стока од овие глави која е со одредиште или потекло во Андора, се сметаат како увоз или

[1]Спогодбата во форма на размена на писма помеѓу Европската економска заедница и Принципатот Андора потпишан ана 28 јуни 1990, Сл. Весник бр. L 374, 31.12.1990 година стр. 14.
[2] Одлука на Мешовитиот комитет на ЕЗ и Андора бр. 1/96 од 1 јули 1996 година која се однесува на одредени начини на административна соработка за спроведување на Спогодбата во форма на размена на писма помеѓу ЕЕЗ и Принципатот Андора и транзит на стока помеѓу нив, Сл.Весник бр. L 184, 24.7.1996 година, стр. 39.
[3] Одлука на Мешовитиот комитет на ЕЗ и Андора бр. 1/2003 од 3 септември 2003 година за законите, уредбите и административните одредби неопходни за правилно функционирање на Царинската унија, Сл. Весник бр. L 253, 7.10.2003 година стр. 3.

извоз од трета земја.

Поради тоа, на увид се става ЕЦД, со внесување на кратенката ЕХ за извоз и ІМ за увоз во рубрика 1.

Примери[1]:

а) Извоз на стока на Заедницата со одредиште во Андора

- *земјоделски производи со извозни субвенции*

Се става на увид извозна декларација ЕХ1 (кај царинската испостава на извозната земја-членка) придружена со контролен лист Т5. Листот бр. 3 од ЕЦД и Т5 се стават на увид кај царинската испостава на излез од Заедницата која става печат на истите (француска или шпанска испостава).

- *земјоделски производи без субвенции*

Се става на увид извозна декларација ЕХ1 (кај царинската испостава на извозната земја-членка). Листот бр. 3 од ЕЦД се става на увид кај царинската испостава на излез од Заедницата која става печат на истиот (француска или шпанска испостава).

- *Акцизна стока за која бил ставен на увид акцизен придружен документ (АПД) кој ја придружува стоката до границата*

Се става на увид извозна декларација ЕХ1 кај царинската испостава на извозната земја-членка која без одлагање става печат на листот бр. 3 од ЕЦД. АПД се става на увид кај царинската испостава на излез од Заедницата која става печат на истиот (француска или шпанска испостава).

- *земјоделски производи со извозни субвенции и кои се*

[1]Дадените примери се однесуваат на патен сообраќај.

предмет на акцизна давачка за која е ставен на увид АПД кој ја придружува стоката до границата

Се става на увид извозна декларација EX1 (кај царинската испостава на извозната земја-членка) придружена со контролен лист Т5. Листот бр. 3 од ЕЦД без одлагање се става на увид кај извозната царинска испостава на Заедницата која става печат на истиот. Т5 и АПД се стават на увид кај царинската испостава на излез од Заедницата која става печат на истиот (француска или шпанска испостава).

б) Увоз на земјоделски производи од Андора во царинското подрачје на Заедницата

Во влезната испостава на Заедницата стоката се става во царинска постапка како што е пуштање во слободен промет или ставање на стоката во Т1 транзитна постапка до одредишната испостава во Заедницата.

Треба да се посочи дека стока која потекнува од Андора, согласно дефинираното во Спогодбата за царинска унија, е ослободена од увозните давачки на Заедницата под услов стоката што се увезува да е опфатена со ЕУР.1 потврда за движење или изјава на извозникот во фактурата (Наслов II од Спогодбата за царинска унија).

в) Транзит низ подрачјето на Заедницата со одредиште во Андора

Ставање Т1 транзитна декларација на увид кај местото на влез во Заедницата (на пример во Обединетото Кралство) со

[1] Регулатива на Советот (ЕЕЗ) бр. 3448/93 од 6 декември 1993 година која ги уредува трговските аранжмани кои се применуваат за одредени стоки кои се резултат на преработка на земјоделски производи Сл. Весник бр. L 318, 20.12.1993 година, стр. 18. Примери за таква стока се: манитол, сорбитол казеин, казеинати и други деривати на казеин, декстрини и декстринови лепила, скроб и скробни лепила, подготвени глазури и обработки со база од скробни супстанци.

цел да се проследи стока од трета земја кон Андора.

Т1 транзитната декларација се става на увид во излезната испостава на Заедницата која го задржува листот бр. 4 и го враќа листот бр. 5 на појдовната испостава.

г) Транзит помеѓу две места на Заедницата кој поминува низ Андора

Транзитната постапка на Заедницата не го опфаќа преминувањето преку Андора за што е потребна посебна постапка (на Андора).

Транзитната постапка на Заедницата се смета за одложена при преминувањето преку Андора, под услов преминувањето преку Андора да се изврши под единствен транспортен документ.

Во случај да нема единствен транспортен документ за да се опфати преминувањето преку Андора, транзитната постапка на Заедницата завршува во местото на излез од Заедницата, пред влегувањето во Андора.

2.2.2. Стока којашто потпаѓа под главите 25 до 97 од ХС

Одлуката 1/2003 обезбедува основа за примена на транзитната постапка на Заедницата уредена со ЦЗЗ и УСЦЗЗ *мутатис мутандис* на трговијата помеѓу Заедницата и Андора за стока од главите 25 до 97 од ХС.

Царинските формалности за трговијата помеѓу земјите-членки на Заедницата и Андора треба за се вршат на ист начин како ситуацијата која постоеше пред воспоставувањето на внатрешниот пазар во 1993 година. Во

согласност со тоа, на увид се става ЕЦД со кратенката ЕХ за извоз или ИМ за увоз во рубрика 1.

Во тој контекст, треба да се разликуваат следните случаи:

- стока во слободен промет, согласно дефинираното во Спогодбата за царинска унија, се движи во внатрешната транзитна постапка на Заедницата (Т2) (Т2F), како во примерот а., или (Т2L);

- стока која не е во слободен промет се движи во надворешната транзитна постапка на Заедницаата (Т1), види пример б;

- посебен случај на производи наведени во Регулатива бр. 3448/931[1] кои се движат во надворешната транзитна постапка на Заедницата (Т1), види пример в.

Гаранцијата предвидена во транзитната постапка на Заедницата мора да важи и за Заедницата и за Андора. Во документите и потврдите за гаранцијата зборовите „Принципат Андора“ не смеат да бидат избришани.

Примери:

а) Испраќање на стока која е во слободен промет (освен онаа која е опфатена со Регулативата 3448/93) од Заедницата во Андора и обратно

- формалностите на поаѓање се завршуваат во испостава во земја-членка/Андора: издавање на ЕХ1 и Т2;

или

- формалностите на поаѓање се завршуваат на границата на ЕЗ/Андора: стоката е во слободен промет до доаѓањето на

границата каде се издава ЕХ1, под услов да се стави на увид Т2L или документ со еднаква правна сила, кој го докажува статусот на стока на Заедницата.

Меѓутоа, треба да се забележи дека граничната царинска испостава која постапува како излезна испостава, може да одбие да ја стави стоката во транзитна постапка доколку таа постапка завршува во соседната гранична испостава.

б) Испраќање на стока која не е во слободен промет (освен стоката опфатена со Регулативата 3448/93) од Заедницата во Андора и обратно

Стока која не е во слободен промет се превезува со Т1 декларација до одредишната испостава во Андора или Заедницата.

в) Посебен случај на стока наведена во Регулативата 3448/93

Гореопишаните постапки се применуваат во зависност од следното:

- *Преработена земјоделска стока на Заедницата испратена од Заедницата до Андора и за која се користат извозни субвенции*

Издавање на извозна ЕХ1 декларација и Т1 транзитна декларација.

Кога се користи контролен лист Т5, тој документ се предава на излезната царинска испостава на Заедницата.

- *Преработени земјоделски производи во слободен промет во Андора кои се испраќаат во Заедницата*

Овие производи се движат во надворешна транзитна постапка на Заедницата (Т1).

Бидејќи царинските служби на Заедницата мораат да ја наплатат променливата компонента, Т1 декларацијата треба да се завери изразот: *„Давачки единствено за земјоделската компонента – Спогодба помеѓу ЕЕЗ и Андора ’*, подвлечен со црвена боја

Останати режими на транзит

Заедничката транзитна постапка не се применува на трговијата со Андора.

Андора не е Договорна страна на ТИР Конвенцијата.

Кратка табела на одбрани постапки (т.е. транзит, извоз, увоз)	Стока од 1 до 24 од ХС	
	Стока која доаѓа од ЕЗ	Стока која доаѓа од Андора
Со извозни субвенции	ЕЦД ‘ЕХ1’ [1] + Т5	
Без извозни субвенции	ЕЦД ‘ЕХ1’ или Т1 [2]	
Акцизна стока	ЕЦД ‘ЕХ1’ [3] + АПД	
Акцизна стока со извозни субвенции	ЕЦД ‘ЕХ1’ + Т5 + АПД	
Сите стоки		ЕЦД ‘ІМ4’[4] (+ EUR.1) (за пуштање во слободен промет) или Т1

Стока од 25 до 97 ХС (освен производите наведени во Регулативата бр. 3448/93)		
	Стока која доаѓа од ЕЗ	Стока која доаѓа од Андора
Стока во слободен промет	ЕХ1 + Т2 (Т2F) (во внатрешна испостава) или Т2L (Т2LF) + ЕХ1 (на граница)	ЕХ1 + Т2 (Т2F) (во внатрешната испостава) или Т2L (Т2LF) + ЕХ1 (на границата)
Стока која не е во	Т1	Т1 (транзит) или ЕЦД ’ІМ4’

[1] Царинската испостава на излез од Заедницата става печат на листот бр. 3 од ЕЦД.
[2] Ситуација каде има транзит низ подрачјето на Заедницата за стока којашто нема статус на Заедницата.
[3] Царинската испостава на извозната земја става печат на листот бр. 3 од ЕЦД.
[4] Пуштањето во слободен промет го врши царинската испостава на влез во Заедницата.

слободен промет		(пуштање во слободен промет)

Земјоделски производи наведени во Регулативата 3448/93		
	Стока која доаѓа од ЕЗ	Стока која доаѓа од Андора
Со извозни субвенции	EX1 + T1 (и T5 кога е соодветно)	
Во слободен промет		T1 + изразот „Давачки единствено за земјоделската компонента – Спогодба ЕЕЗ и Андора’.

3. Сан Марино

Овој дел дава информации за:

- историјатот и законодавството (3.1);
- формалностите (3.2).

3.1 Историјат и законодавство

Во 1992 година Европската заедница и Сан Марино склучија Преодна спогодба за трговија и царинска унија[1]. Таа Спогодба е заменета со Спогодбата за соработка и царинска унија[2], која стапи на сила на 1 април 2002 година. Царинската унија се применува на стока која потпаѓа под главите 1 до 97 од Заедничката царинска тарифа (ЗЦТ) со исклучок на производите врз кои се применува Договорот со кој се воспоставува Европската заедница за јаглен и челик (ъпроизводи на ЕЗЈЧ") од главите 72 и 73.

Одлуката бр. 4/92 на Комитетот за соработка помеѓу ЕЕЗ и Сан Марино 3 ги утврди одредбите кои се однесуваат на движењето на стока помеѓу Заедницата и Сан Марино. Одлуката се применуваше од 1 април 1993 година и беше заменета со Одлука бр. 1/20024 која стапи на сила на 23 март 2002 година.

[1] Преодната спогодба за трговија и царнска унија помеѓу Европската економска заедница и Република Сан Марино, Сл. Весник бр. L 359 од 9.12.1992 година, стр. 14.
[2] Спогодба за соработка и царинска унија помеѓу Европската економска заедница и Република Сан Марино, Сл. Весник бр. L 84 од 28.3.2002 година, стр 43.
[3] Одлука бр. 4/92 на Комитетот за соработка помеѓу ЕЕЗ и Сан Марино од 22. декември 1992 година која се однесува на одредени начини на административна соработка за спроведување на Преодната спогодба и постапката за испраќање на стока до Република Сан Марино, Сл. Весник бр. L 42, од 19.2.1993година, стр. 34.
[4] Одлука бр. 1/2002 за измена на Одлука бр. 4/92 на Комитетот за соработка помеѓу ЕЕЗ и Сан Марино од 22 декември 1992 година која се однесува на одредени начини на административа соработка за спроведување на Преодната Спогодба и постапката за испраќање на стока во Републиката Сан Марино, Сл. Весник бр. L 99 од16.4.2002 година, стр. 23.

3.2 Формалности

Со изменетата одлука бр. 4/92 се координира начинот на административна соработка помеѓу Сан Марино и ЕЗ во примената на правилата за транзитната постапка на Заедницата.

Следните правила се применуваат на движењето на стоката која е опфатена со царинската унија помеѓу ЕЗ и Сан Марино (глава 1 - 97 од ЗЦТ со исклучок на 'производите на ЕЗЈЧ'):

1. Стока која се превезува од определени испостави на Заедницата во Италија до Сан Марино

Стока која се превезува во Т1 постапка со одредиште во Сан Марино се пушта во слободен промет во една од за тоа определените царинските испостави во Италија[1].

Кај определената царинска испостава се издава Т2-SM или Т2L-SM[2] документ кој го покрива понатамошното движење на стоката до Сан Марино. Надлежните органи на Сан Марино стават печат на листот бр. 5 од документот Т2-SM или примерок од Т2L-SM документот во зависност од случајот, и го враќаат до појдовната испостава во Италија (т.е. една од определените царински испостави на Заедницата согласно наведеното во фуснота 21).

2. Стока која се движи од Заедницата[3] кон Сан Марино

До надлежните органи на Сан Марино мора да се достави доказ дека стоката е во слободен промет во рамките на

[1] Царинските испостава наведени во Одлука 2/2000, Сл. Весник бр. L 21 од 23.1.2001 година. Тоа се: Форли, Ценова, Ливорно, Равена, Римини, Рим II, Орио Ал Серио, Милано II, Трст и Болоња.
[2] Документот Т2L-SM се издава во три примероци со заверка на секој примерок со еден од следните изрази: Rilasciato in tre essemplari – Délivré en trois examplaires. Оригиналот и примерок од Т2L-SM документот се доставуваат на засегнатото лице, а вториот примерок го задржува појдовната испостава.
[3] Размената помеѓу Италија и Сан Марино се спроведува во согласност со даночен (ДДВ) режим.

Заедницата. Тој доказ може да биде во облик на документ Т2 (Т2F) со соодветен печат од појдовната испостава на Заедницата или оригиналниот Т2L (Т2LF) или документ со еднаква правна сила (особено акцизниот придружен документ од Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2719/92).

3. Стока која се испраќа од Сан Марино во Заедницата (освен Италија[1]):

Стоката којашто се движи од Сан Марино во Заедницата ќе биде опфатена со документот Т2 (Т2F) издаден од надлежните органи на Сан Марино (со царинска испостава која се наоѓа во Заедницата како одредиште) или документ Т2L (Т2LF), или пак документ кој има еднаква правна сила. Документот се става на увид на увозната испостава на Заедницата со цел да се докаже дека стоката е во слободен промет во Сан Марино.

Кога стоката којашто треба да се испрати во Заедницата претходно била внесена во Сан Марино со Т2F, Т2LF, со друг или документ што има еднаква правна сила (особено акцизниот придружен документ (АПД) од Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2719/92), надлежните органи на Сан Марино ќе вклучат повикување на документот кој ја придружувал стоката во моментот на нивното пристигнување во Сан Марино.

На документите и потврдите за гаранција не смеат да се избришат зборовите „Република Сан Марино“.

Напомена: „производи на ЕЗЈЧ“ се надвор од опсегот на царинската унија. Поради тоа, кога ќе пристигнат во Заедницата тие не се третираат како стока во слободен промет.

4. Други режими на транзит

[1] Истиот извор

Заедничката транзитна постапка не се применува на трговската размена со Сан Марино.

Сан Марино не е Договорна страна на ТИР Конвенцијата.

4. Нефискални подрачја

Овој пододдел дава информации за:
- историјатот и правната основа (4.1);
- внатрешната транзитна постапка на Заедницата (4.2);
- царинските документи за статус (4.3).

4.1. Историјат и законодавство

Член 3 од ЦЗЗ

Директива 2006/112/ЕЗ

Следниве подрачја (познати како нефискални подрачја), иако се дел од царинското подрачје на Заедницата, не се вклучени во фискалното подрачје на Заедницата:

Каналските острови;

Канарските острови;

Следните прекуморски територии на Франција:

Гвадалупе, Мартиник, Гвајана и Реунион;

Планината Атос;

Островите Оланд.

Одредбите на Директивата бр. 2006/112/ЕЗ не се применуваат на нефискалните подрачја.

За да се обезбеди контрола и оправданост на даночните давачки (ДДВ и акциза), движењето на стока на Заедницата во рамки на Заедницата, од и до нефискалните подрачја, ќе биде опфатено со внатрешната транзитна постапка на Заедницата, кога тоа е применливо, или со царински документи за статус.

4.2 Постапка на внатрешен транзит на Заедницата

Постапката на внатрешен транзит на Заедницата за движењата опфатени со член 340в од УСЦЗЗ е позната како T2F постапка и се применува на следниот начин:

- Транзитна декларација на ЕЦД:
Се внесува знакот T2F во рубрика 1 од ЕЦД

- Манифест на воздухопловна или бродска компанија (одобрен редовен бродски превоз) што се користи како транзитна декларација (поедноставување од ниво 1):

Се внесува знакот T2F на соодветниот манифест.

- Манифест на воздухопловна или бродска компанија (одобрен редовен бродски превоз) што се користи како транзитна декларација (поедноставување од ниво 2):

Се внесува знакот TF во однос на предметната стока на Заедницата.

4.3. Царински документи за статус

Кога употребата на T2F транзитната постапка не е задолжителна (на пример: за слободен бродски превоз) и документите за статус се употребуваат за да се докаже статусот на стока на Заедницата која се движи до, од или помеѓу нефискалните подрачја, се применува следното:

- ЕЦД или комерцијални документи кои се употребуваат како документи за статус:

Се внесува знакот T2LF во рубрика 1 од ЕЦД или на комерцијалните документи.

- Манифест на бродската компанија (слободен превоз) што се користи како документ за статус:

Се внесува знакот F во однос на предметната стока на Заедницата.

„F“ се смета за „посебна заверка“ во смисла на член 9(4) од Конвенцијата.

Види Дел II за дополнителни ифнормации за статус на стока на Заедницата.

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози (потсетник)

ДЕЛ V –Резервна постапка

Поглавје 1 – Вовед

Резервната постапка опишана во овој дел се однесува на ситуациите кога или царинскиот компјутеризиран систем или компјутеризираниот систем на трговското друштво не е на располагање.

Примената на резервната постапка е предмет на одреден број **важни општи правила**:

- Се разбира дека транзитните операции во НКТС и транзитните операции во резервната постапка треба да се сметаат за различни постапки. Ова значи дека сите движења коишто биле започнати и успешно пуштени во НКТС ќе треба и да бидат завршени во НКТС, додека пак сите движења започнати во резервната постапка мора да бидат завршени согласно одредбите со кои се уредува употребата на ЕЦД.

- Доколку се донесе одлука да се премине кон употреба на резервна постапка, важно е да се обезбеди поништување на внесените, но заради падот на системот, необработени декларации во НКТС.

1. Транзитна декларација во случај на употреба на резервната постапка

Еден од следниве документи може да послужи како транзитна декларација:

1. Единствен царински документ (ЕЦД),

2. ЕЦД испечатен на обична хартија од страна на системот на трговското друштво, согласно членот 205 од УСЦЗЗ/Додаток З, Прилог А7 од Конвенцијата или

3. Транзитен придружен документ (ТПД) доколку надлежните органи ги сметаат за оправдани потребите на трговското друштво. Во овој случај, ТПД нема да има бар-код или Референтен број на движење (РБД).

Во случај на резервна постапка треба да се употребува опцијата 1.

2.Печат за резервна постапка

Декларацијата во хартиена форма употребена во ситуација на резервна постапка мора да биде препознатлива за сите инволвирани страни во транзитната операција, со цел избегнување на проблеми во транзитната(ите) испостава(и) и во одредишната испостава.

За таа цел, резервната постапка треба да биде означена на копиите на транзитната декларација со печат (димензии: 26мм x 59мм, црвена боја) во рубрика А од ЕЦД или наместо РБД и бар-кодот на ТПД.

Документот треба да биде заверен со печат било од појдовната испостава, во случај на стандардна постапка, било од овластениот испраќач, доколку се употребува

поедноставена постапка.

За печатот за резервна постапка во различните јазици види Прилог 8.1.

3. Недостапност на царинскиот систем

Точните услови под кои надлежните органи ќе одлучат да применат резервна постапка се одговорност на секоја национална управа одделно. Сепак, овие услови треба да бидат однапред одредени и економските оператори да бидат известени за нив/запознаени со нив.

4. Недостапност на системот на трговското друштво

Овој пододдел ги покрива следниве случаи:

- Системот на главниот обврзник е недостапен,
- Недостапност на мрежата помеѓу главните обврзници и царината.

Примената на резервната постапка мора да биде претходно одобрена од страна на царинските органи. За да се добие таквото одобрување, потребно е главниот обврзник, без оглед дали употребува стандардна или поедноставена постапка, да ја извести царината по факс, ел. пошта или со други средства, за причините и времето на започнување на резервната постапка.

Кога наводната недостапност е задоволително објаснета на царинските органи, тие ќе го известат главниот обврзник дека му се дава одобрение за употреба на резервна постапка. Покрај тоа, царинските органи може да побараат доказ или да одлучат за вршење контрола. Сепак, царинските органи нема

да дадат одобрение во случај на систематско пријавување недостапност од страна на некој главен обврзник.

Доколку овластениот испраќач употребува резервна постапка за повеќе од 2% од неговите годишни декларации, било поради недостапност на неговиот систем или поради слабости во мрежата, неговото одобрение ќе биде ревидирано за да се оцени дали се исполнуваат условите за истото.

5. Постапки

5.1 Поаѓање – Стандардна постапка

Во стандардната постапка, главниот обврзник пополнува транзитна декларација во хартиена форма и, заедно со стоката, ја става на увид на појдовната испостава.

Поединостите може да се најдат во Дел V, поглавје 2 и 3.

Се напоменува дека операцијата мора да се заврши и раздолжи врз основа на хартиената декларација.

ЦАРИНА

Доколку се донесе одлука да се премине кон употреба на резервна постапка, важно е да се обезбеди **поништување** на внесените, но заради падот на системот необработени декларации во НКТС. Трговското друштво е обврзано да им обезбеди информации на надлежните органи секогаш кога се преминува во резервна постапка по поднесувањето на декларацијата во системот.

5.2 Поаѓање - Овластен испраќач

Одобрението од царинските органи за преминување кон резервната постапка може да се даде со референтен број или поинаку.

Во оваа поедноставена постапка главниот обврзник пополнува хартиена транзитна декларација во три примерока.

Поединостите може да се најдат во Дел VI, пододдел 3.5.3.2.

Кога системот повторно се става во функција, главниот обврзник за тоа ќе ги извести царинските органи и, доколку е соодветно, ќе ги соопшти деталите за употребените документи.

5.3 Одредиште – Стандардна постапка

Во случај стоката на поаѓање да е пуштена во транзит во НКТС, но при пристигнувањето на стоката системот на одредиштето да не е достапен, одредишната испостава ќе ја заврши постапката врз основа на ТПД и ќе ги евидентира неопходните податоци во системот штом тој повторно ќе стане достапен, со цел појдовната испостава да може да го раздолжи движењето.

Ако не се најдени никакви неправилности, одредишната испостава ќе му обезбеди на главниот обврзник или на превозникот алтернативен доказ за завршувањето на постапката.
Деталите може да се најдат во поглавје 6, пододдел 4.2.

5.4 Одредиште – Овластен примач

Во случај на недостапност на царинскиот систем во одредиштето, овластениот примач постапува согласно постапките за овластениот примач утврдени во Дел VI од Прирачникот за транзит.

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

8.1 Печат за резервна постапка

8.1 Печат за резервна постапка

BG:

НКТС АВАРИЙНА ПРОЦЕДУРА

НЯМА НАЛИЧНИ ДАННИ В СИСТЕМАТА

ЗАПОЧНАТА НА _____
(Дата/час)

CS:

HKTC HAVARIJNÍ POSTUP

DATA NEJSOU V SYSTÉMU

*ZAHÁJEN DNE*_____
(Datum/hodina)

DA:

HKTC NØDPROCEDURE

INGEN DATA TILGÆNGELIGE I SYSTEMET

*PÅBEGYNDT DEN*_____
(Dato/klokkeslæt)

DE:

HKTC NOTFALLVERFAHREN

KEINE DATEN IM SYSTEM VERFÜGBAR

*Begonnen am*_____
(Datum/Uhrzeit))

EE:

HKTC ASENDUSTOIMING
Süsteemi andmed ei ole kättesaadavad
Algatatud _____
(Kuup/kellaaeg).

EL:

ΕΚΤΑΚΤΗ ΔΙΑΔΙΚΑΣΙΑ NCTS

ΤΟ ΣΥΣΤΗΜΑ ΔΕΝ ΔΙΑΘΕΤΕΙ ΚΑΝΕΝΑ ΣΤΟΙΧΕΙΟ

*ΑΡΧΙΣΕ ΣΤΙΣ*_____
(Ημερομηνία/ώρα)

EN:

HKTC FALLBACK PROCEDURE

NO DATA AVAILABLE IN THE SYSTEM

*INITIATED ON*_____
(Date/hour)

ES:

PROCEDIMIENTO DE EMERGENCIA PARA CASOS DE FALLO DEL NCTS

DATOS NO DISPONIBLES EN EL SISTEMA

*INICIADO EL*_____
(Fecha/hora)

FI:

NCTS-VARAMENETTELY

JÄRJESTELMÄ EI KÄYTETTÄVISSÄ

ALOITETTU _____
(pvm/kellonaika)

FR:

PROCÉDURE DE SECOURS NSTI

AUCUNE DONNÉE DISPONIBLE DANS LE SYSTÈME ENGAGEE LE _____ _____
(Date/heure)

HU:

HKTC TARTALÉK ELJÁRÁS

NINCS ELÉRHETŐ ADAT A RENDSZERBEN INDÍTVA _____

(Dátum/óra)

IS:

IT:

PROCEDURA DI RISERVA DEL NCTS

DATI NON DISPONIBILI NEL SISTEMA

*AVVIATA IL*_____
(Data/ora)

LV:

DTKSALTERNATĪVĀ PROCEDŪRA

DATI SISTĒMĀ NAV PIEEJAMI

UZSĀKTS _____
(Datums/stunda)

LT:

HKTC ATSARGINĖ PROCEDŪRA

SISTEMOJE DUOMENŲ NĖRA

PRADĖTA _____
(data/valanda)

MT:

PROĊEDURA TA' RIŻERVA NCTS
L-EBDA DEJTA DISPONIBBLI FIS-SISTEMA
MIBDIJA FI _____
(Data/ħin)

NL:

NOODPROCEDURE NCTS

GEGEVENS NIET BESCHIKBAAR IN HET SYSTEEM

*BEGONNEN OP*_____

(Datum/uur)

NO:

PL:

PROCEDURA AWARYJNA HKTC

DANE NIE SĄ DOSTĘPNE W SYSTEMIE

OTWARTO W DNIU_____
(data/godzina)

PT:

PROCEDIMENTO DE EMERGÊNCIA EM CASO DE FALHA DO NSIT

DADOS NÃO DISPONÍVEIS NO SISTEMA

INICIADO A_____
(Data/hora)

RO:

PROCEDURA DE REZERVĂ NCTS
NICIO DATĂ DISPONIBILĂ ÎN SISTEM

INIŢIATĂ LA _____

(Data/ora)

SI:

ALTERNATIVNI POSTOPEK NCTS

PODATKI V SISTEMU NISO NA VOLJO

ZAČETO DNE_____
(Datum/ura)

SK:

NÚDZOVÝ POSTUP HKTC

V SYSTÉME NIE SÚ DOSTUPNÉ ŽIADNE ÚDAJE

ZAČIATOK_____
(dátum/hodina)

SV:

RESERVRUTIN NÄR HKTC INTE FUNGERAR

INGA DATA TILLGÄNGLIGA I SYSTEMET

INLEDD DEN_____
(Datum/klockslag)

Поглавје 2 – Општи упатства во однос на ЕЦД

Дел V се однесува на резервната постапка основана на употребата на единствениот царински документ (ЕЦД) во својство на транзитна декларација. Поделен е во шест глави.

Поглавје 3 се задржува на стандардната постапка со транзитна декларација.

Поглавје 4 се однесува на формалностите во појдовната испостава.

Поглавје 5 се однесува на инцидентите во текот на транспортот.

Поглавје 6 се однесува на формалностите во одредишната испостава.

Забелешка:

Важно е да се напомене дека изразот „**транзитна декларација“** има две значења. Најпрвин, „**транзитна декларација“** значи дејствие во пропишана форма и начин со кое лицето искажува волја за ставање на стока во транзитната постапка, и второ, значи документ којшто се употребува како транзитна декларација, т.е. потребните „**листови од ЕЦД“.** Во следниве поглавја изразот „**транзитна декларација“**се употребува со првото значење, кадешто пропишаниот образец е ЕЦД.

Член 3 (б), (в) Додаток I од Конвенцијата

Член 4 од ЦЗЗ

Поглавје 3 – Стандардна транзитна постапка

1. Вовед

Вовед

Ова поглавје ја опишува резервната постапка основана на употребата на ЕЦД како транзитна декларација.

Пододдел 2 ја дава општата теорија и законодавството во однос на стандардната транзитна декларација.

Пододдел 3 ја опишува постапката со стандардната транзитна декларација од товарењето на стоката, до завршувањето и потпишувањето на декларацијата.

Пододдел 4 се однесува на посебни ситуации во однос на постапката со транзитната декларација.

Пододдел 5 ги опфаќа исклучоците од општите правила.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални упатства.

Пододдел 7 е резервиран за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги содржи прилозите кон поглавје 3.

2. Општа теорија и законодавство

Транзитна декларација е царинска декларација со која стоката се става или се овозможува да се стави во транзитна постапка.

Правни извори

Правните извори за стандардната постапка со транзитна декларација со употреба на ЕЦД се:

- Член 12 од Конвенцијата за ЕЦД;
- Член 5, Прилог II од Конвенцијата за ЕЦД;
- Членовите 3, 16, 17, 19 - 21, Додаток I од Конвенцијата;
- Додаток III од Конвенцијата:
  Наслов I, Членови 2, 3, 4, 5;
  Прилог A7, Наслови I, II и III;
  Прилог A 9, A 10 и A11;
- Членовите 4, 198 до 217, како што е соодветно, 219 од ЦЗЗ ;
- Членовите 208(2) и 209(1) од УСЦЗЗ;
- Членовите 349-354 од УСЦЗЗ;
- Прилог 37, Наслов I, точка A и Наслов III, од УСЦЗЗ;
- Прилог 38, 44a и 45 од УСЦЗЗ.

3. Постапка на декларирање

Овој пододдел дава информации за:

- утоварот на стока (пододдел 3.1.);
- транзитната декларација (пододдел 3.2);
- формата и начинот на пополнување на транзитната декларација (пододдел 3.2.1.);
- обрасците ЕЦД БИС (пододдел 3.2.2.);

– товарниците, нивната форма, пополнување и употреба (пододдел 3.2.3.);
– комбинирани пратки (пододдел 3.2.4.);
– потпишување на транзитната декларација (пододдел 3.2.5.)

3.1. Утовар

Утовар

За целите на транзитната постапка, утовар значи ставање стока на единствено транспортно средство, за испраќање од една појдовна испостава кон една одредишна испостава со транзитна дкеларација[1].

Единствено транспортно средство

Член 16 Додаток I Конвенција

Член 349 од УСЦЗЗ

За единствено транспортно средство се смета следново, под услов стоката којашто се превезува да се испраќа заедно:

- возило за патен сообраќај придружувано од неговата(ите) приколка(и) или полу-приколка(и);
- композиција на железнички возила или вагони;
- чамци кои сочинуваат единствена целина;
- контејнери натоварени на единствено транспортно средство.

Секоја транзитна декларација ја опфаќа само стоката натоварена на единствено транспортно средство за превоз од една појдовна испостава до една одредишна испостава.

Доколку пратката е поделена помеѓу две транспортни средства, за секое транспортно средство потребна е

[1]Во случај на поединечни пратки ставени во транзитна постапка, нема директна врска помеѓу пратката и транспосртното средство. Во тој случај на пратката се применуваат евентуалните мерки за идентификација.

посебна транзитна декларација, и покрај тоа што стоката патува помеѓу една и иста појдовна испостава и една и иста одредишна испостава.

Од друга страна, единственото транспортно средство може да се користи за утовар на стока кај повеќе појдовни испостави и за истовар кај повеќе одредишни испостави.

Доколку стоката е натоварена на единственото транспортно средство кај повеќе појдовни испостави, транзитна декларација мора да се започне кај секоја појдовна испоства, за да се покрие стоката натоварена во таа испостава.

3.2. Транзитна декларација

3.2.1.Форма и начин на пополнување на транзитната декларација

ЕЦД

ЕЦД се состои од нумерирани примероци во следниов облик:

- комплет од осум листови кадешто листовите се нумерирани во низа (од лист бр. 1 до лист бр. 8); или,
- комплет од четири листови кадешто листовите се нумерирани во низа (листови 1/6, 2/7, 3/8 и 4/5).

Доколку е потребно, ЕЦД може да се надополни со дополнителни листови ЕЦД-БИС. Овие листови се нумерирани исто како обичниот комплет листови:
Комплет од осум листови составен од листовите 1 БИС до 8 БИС

Комплет од осум листови составен од листовите 1/6 БИС, 2/7 БИС, 3/8 БИС и 4/5 БИС.

Дополнителни информации за овие ЕЦД БИС обрасци и товарниците се дадени во ставовите 3.2.2 и 3.2.3.

Листови за транзитна декларација

За транзитната декларација се употребуваат три листови од ЕЦД , односно листовите со број 1, 4 и 5.

- Листот со број 1 се задржува од страна на појдовната испостава по евидентирањето на декларацијата;
- Листот со број 4 ја придружува стоката до одредишната испостава кадешто и се задржува;
- Листот со број 5 ја придружува стоката до одредишната испостава којашто по завршувањето на транзитната постапка го враќа во земјата на поаѓање.

Комплет на ЕЦД од четири листа

Доколку за транзитната декларација се употребува комплет од четири листа, тогаш ќе се употребуваат два комплети: листовите број 1 и 4 од еден комплет и листот бр. 5 од другиот комплет. Броевите на листовите од секој комплет коишто не се употребуваат треба да бидат обележани со прецртување на бројот на листот којшто не се употребува на работ на образецот, на пр. на листот 1/6, кадешто бројот 6 е прецртан, значи дека се употребува само листот број 1.

Технички услов

Додаток III, Наслов I, Член 3 од Конвенцијата,

ЕЦД обрасците коишто се употребуваат во својство на транзитни декларации мора да ги исполнуваат следниве технички услови, освен онаму кадешто декларацијата се изготвува со компјутер.

Член 215 од УСЦЗЗ

Хартија

ЕЦД коешто се употребува во својство на транзитна декларација мора да биде испечатено на хартија којашто ги има следниве карактеристики:

- самокопирачка;
- погодна за пишување
- со тежина од најмалку 40 г. на квадратен метар;
- доволно непросирна за содржината од едната страна да не влијае на читливоста на содржините на другата страна;
- со таква цврстина што при нормална употреба хартијата нема лесно да се кине или тутка;
- со бела основа и печатена со зелено мастило.

Рубриките коишто се задолжителни за транзит имаат зелена основа.

Форматот на обрасците е 210 x 297 милиметри, со дозволено отстапување по должина од -5 милиметри и +8 милиметри.

Кодирање со бои

ЕЦД се кодира со боја на следниов начин:
Комплет на ЕЦД од осум листа и комплет на ЕЦД БИС од осум листа:

- десниот раб на листовите со број 1, 2, 3 и 5 има полна линија во црвена, зелена, жолта и сина боја, во соодветниот редослед;

десниот раб на листовите со број 4, 6, 7 и 8 има испрекината линија во сина, црвена, зелена и жолта боја, во соодветниот редослед;

● Комплет на ЕЦД од четири листа и комплет на ЕЦД БИС од четири листа:

- десниот раб на листовите со број 1/6, 2/7, 3/8 и 4/5 има полна линија, а десно од неа испрекината линија, во црвена, зелена, жолта и сина боја, во соодветниот редослед.

Ширината на полните линии е приближно 3 милиметри. Испрекинатите линии ќе се состојат од низа квадрати со страни од 3 милиметри, одвоени оден од друг на растојание од 3 милиметри.

Компјутеризирана декларација

Прилог А7, Наслов I, точка А, Додаток III, Конвенција

Член 205од УСЦЗЗ
Прилог 37, Наслов I, точка А, УСЦЗЗ

Важи општото правило дека транзитните декларации се изготвуваат на ЕЦД во пишана форма, на рака, со употреба на машина за пишување или со испечатување преку компјутеризиран систем за обработка на декларации. Сепак, печатењето на ЕЦД со помош на системи за обработка на податоци од јавниот или приватниот сектор, на обична хартија доколку е потребно, може да биде предмет на одредени услови.

Кога обрасците се пополнуваат со помош на машина за пишување или со помош на механографички или сличен процес, образецот треба да се вметне во машината така што првата буква од поединостите што треба да се наведат во рубрика 2 се внесува во полето за позиционирање во горниот лев агол од рубрика 2.
Пополнувањето на обрасците може да се изврши и на рака, со мастило, со читливи печатни букви.

Пополнување на ЕЦД

Транзитната декларација се пополнува со исполнување на сите задолжителни рубрики од листовите на ЕЦД, додека другите рубрики се изборни. Упатствата за пополнување на ЕЦД се дадени во прилозите 37 и 38 од УСЦЗЗ.

Се бара пополнување само на првиот (горниот) лист од ЕЦД. Бидејќи документот којшто се употребува мора да биде самокопирачки, поединостите ќе се пресликаат на другите листови. Повеќе информации за процесот на самокопирање се дадени во прилозите 35 и 36 од УСЦЗЗ.

Јазик

Транзитните декларации се изготвуваат на еден од службените јазици од договорните страни којшто е прифатлив за надлежните органи од земјата на поаѓање.

Важно е операторите правилно да го пополнуваат ЕЦД со цел да се избегнат доцнења во појдовната/одредишната испостава (или транзитната испостава).

Појдовната испостава е обврзана да обезбеди дека ЕЦД е правилно и читко пополенто и дека декларацијата содржи јасен отпечаток од печатот од појдовната испостава.

Рубрики за транзит

Список на максимуми

Максималното барање во транзитот е пополнувањето на следниве рубрики: 1 (трета под-рубрика), 2, 3, 4, 5, 6, 8, 15, 17, 18, 19, 21, 25, 26, 27, 31, 32, 33 (прва под-рубрика), 35, 38, 40, 44, 50, 51, 52, 53, 55 и 56 (т.е освен рубрика 26, сите оние со зелена основа). Повеќе детали може да се најдат во прилог 37 од УСЦЗЗ.

ЦАРИНА

Рубриките на ЕЦД обележани со големи букви Б, В, Г(/S), Д(/S), Ѓ, Еи 3 ги пополнува царината. Меѓутоа, левиот дел од рубриката 3 може, исто така, да се

употребува и за внесување податоци од страна на овластениот примач.

Грешки во пополнувањето на ЕЦД

Член 25, Додаток I, Конвенција

Член 65, ЦЗЗ

Не се дозволени бришења или преиначувања. Поправките кои се вршат треба да бидат направени со прецртување на погрешните поединости и, онаму каде што е соодветно, со додавање на потребните поединости, и парафирање од страна на лицето кое ги прави. Секоја вака извршена исправка мора да биде заверена од надлежните органи. Во одредени случаи царинските органи можат да побараат поднесување на нова декларација.

Не се дозволени никакви исправки доколку надлежните органи по приемот на транзитната декларација посочиле дека имаат намера да ја прегледаат стоката, или пак имаат утврдено дека податоците се неточни, или веќе ја имаат пуштено стоката.

3.2.2. Обрасци ЕЦД - БИС

Член 17, Додаток I, Конвенција
Член 208, УСЦЗЗ

Онаму кадешто е потребно, ЕЦД може да се надополни со еден или повеќе дополнителни листови познати како ЕЦД - БИС.

Употреба на обрасците ЕЦД - БИС

Обрасците ЕЦД – БИС може да се употребуваат во следниве околности:

1. Доколку транзитната декларација се однесува на повеќе од едно наименување; или,
2. Доколку пратката содржи Т1, Т2 и Т2F стока; Обрасците ЕЦД – БИС тогаш се употребуваат

(како товарниците) за евидентирање на деталите за стоката од секој царински статус (T1, T2 или T2F). Понатаму, ЕЦД мора да содржи и резиме на обрасците ЕЦД – БИС употребени за стоката од секој царински статус.

Пополнување на обрасците ЕЦД – БИС

Наслов III, Прилог A7, Додаток III, Конвенција

Прилог 37, УСЦЗЗ

Обрасците ЕЦД – БИС се дел од транзитната декларација и треба да ги исполнуваат истите технички барања.

Тие мора да се пополнуваат согласно упатствата за пополнување на образецот на ЕЦД, но:

- Во случај на комбинирани пратки (кадешто ознаката „T“ се јавува во третата под-рубрика од рубриката 1 на ЕЦД, ознаката „T1bis“, „T2bis“ или „T2Fbis“, како што е соодветно, се внесува во третата подрубрика од рубриката 1 „Декларација“ од образецот ЕЦД- БИС.
- Употребата на рубриката со број 2 „Испраќач/извозник“ и рубриката бр. 8 „Примач“ (рубрика бр. 2/8 од комплетот од четири листа) од образецот ЕЦД – БИС не е задолжително за договорните страни и доволно е само да се прикаже името и, доколку го има, бројот за идентификација на засегнатото лице.

Освен во случај на комбинирани пратки, рубриките 31 за опис на стока коишто не биле употребени мора да се прецртаат за да се спречи нивна понатамошна употреба.

Забелешка: Не може да се употребува комбинација од ЕЦД – БИС обрасци и товарници.

3.2.3. Товарници, форма и пополнување

Товарниците како дел од ЕЦД употребен за опис

Товарниците може да се користат како описен дел од ЕЦД. Тие мора да се во склад со примерокот даден во Прилог А, Додаток III од Конвенцијата и Прилог 45 од УСЦЗЗ, освен доколку постои одобрение за употреба на товарници од посебен вид. За повеќе информации за товарниците од посебен вид види Дел V.

Употребата на товарниците не смее да има накакво влијание врз обврските во однос на постапката за испраќање/извоз или било која друга постапка во вклучената земја на намена или пак во однос на обрасците употребувани за такви формалности.

Како товарница може да се употребува само предниот дел од обрасците.

Технички барања

Прилог А11, Додаток III, Конвенција

Прилог 44а од УСЦЗЗ

Хартијата којашто се употребува за товарниците треба да биде погодна за пишување и со тежина од најмалку 40 грама на квадратен метар. Таа треба да биде со таква цврстина што при нормална употреба таа нема лесно да се кине или тутка.

Товарниците мора:

- да носат наслов „Товарница“;
- да содржат рубрика со димензии 70 x 55mm поделена на горен дел со димензии 70 x 15mm за внесување на ознаката „Т“ следена од една од неопходните заверки, и долен дел со димензии 70 x 40mm за внесување на другите потребни

поединости;

- да содржат колони со следниов редослед и да ги имаат следниве наслови:
  - Сериски број;
  - Ознаки, броеви, број и вид колети;
  - Опис на стоката;
  - Земја на поаѓање/извоз;
  - Бруто маса во килограми;
  - Резервирано за управата;

Ширината на колоните може да се прилагодува по потреба. Сепак, ширината на колоните со наслов „Резервирано за управата“ не смее да биде помала од 30 mm. Може да се употребуваат и места што се различни од горенаведените.

Товарниците се изготвуваат во ист број на листови како и транзитната декларација на која се однесуваат.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

1. Пред секое наименување прикажано на товарницата мора да стои сериски број.
2. По секое наименување мора да следат, доколку е соодветно, законски пропишани повикувања, посебно повикувања на поднесени документи, потврди и одобренија.
3. По последниот внесен податок мора да се повлече линија и да се прецртаат преостанатите неупотребени полиња, за да се оневозможат било какви понатамошни дополнувања.
4. Доколку се употребуваат товарници за пратка од два или повеќе видови стока, следниве рубрики од ЕЦД треба да се прецртаат:

рубрика 15 „Земја на испраќање/извоз“;

рубрика 32 „Наименување бр.“;

рубрика 33 „Тарифна ознака“;

рубрика 35 „Бруто маса (кг)“;

рубрика 38 „Нето маса (кг)“ и онаму каде што е потребно;

рубрика 40 „Збирна декларација/претходен документ“;

рубрика 44 „Дополнителни информации, приложени документи итн.“;

и

5. Доколку товарниците се употребуваат за пратки коишто се состојат од два или повеќе вида стока, рубриката 31 „колети и опис на стока“ од ЕЦД не смее да се употребува за прикажување на ознаки, броеви, број и вид на колети или опис на колети. Сепак, во ова рубрика мора да се наведе повикување, онака како што е соодветно, на серискиот број и ознаката (T1, T2, T2F) на приложените товарници.

ЦАРИНА

Појдовната испостава го внесува регистарскиот број во товарницата. Овој број е ист со регистарскиот број на ЕЦД на кое се однесува. Бројот се внесува или со помош на печат во кој е содржано името на појдовната испостава или пак рачно. Доколку се внесува рачно, печатот на појдовната испостава мора да се стави до бројот. Во секој случај, потписот на царинскиот службеник не е задолжителен.

Доколку еден ЕЦД се придружува од две или повеќе товарници, секоја од нив мора да го содржи серискиот број зададен од страна на главниот обврзник. Вкупниот број на придружни товарници се прикажува во рубриката 4 „Товарници’ од ЕЦД.

Забелешка: Не смее да се употребува комбинација од товарници и обрасци ЕЦД - БИС.

3.2.4. Комбинирани пратки

Комбинирана пратка

Членови 19-20, Додаток I, Конвенција

Членови 351 и Прилог 37г од УСЦЗЗ

Во случај на пратки коишто се состојат од стока без статус на стока на Заедницата, којашто се движи во рамките на транзитна постапка Т1, и стока со статус на Заедницата, којашто се движи во транзитна постапка Т2/Т2F, и се движат со единствена танзитна декларација, ЕЦД ќе има или одделни ЕЦД-БИС обрасци (види 3.2.2.) или одделни товарници (види 3.2.3). ЕЦД обезбедува општи податоци и резиме од обрасците ЕЦД–БИС или товарниците употребени за стоката со различен статус. Секој образец ЕЦД-БИС или товарница содржи стока од еден ист царински статус.

Или пак, може да се изготват одделни ЕЦД-а (на пример: Т1 ЕЦД за стока која нема статус на стока на Заедницата и Т2 или Т2F ЕЦД за стока која има статус на стока на Заедницата).

Забелешка: можно е стоката на Заедницата којашто не е ставена во транзит (и којашто се движи на подрачјето на Заедницата) да се транспортира на истото транспортно средство како стоката којашто е ставена во транзит. Во тој случај, транзитната декларација ја опфаќа само стоката којашто е ставена во транзит (за повеќе податоци за комбинираните пратки види Дел IV, поглавје 2, пододдел 3.8.1).

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Во случај на комбинирани пратки, ознаката Т се внесува во десната подрубрика од рубриката 1 од ЕЦД. Треба да се прецрта празниот простор по ознаката Т. Ова означува дека мора да се приложат обрасците ЕЦД-БИС коишто ги носат ознаките „T1bis“, „T2bis“, „T2Fbis“, или товарниците

коишто ги носат ознаките „T1“, „T2“, „T2F“, зависно од случајот.

Доколку се употребуваат ЕЦД-БИС обрасци, потребно е да се прецртаат следниве рубрики од првото наименување на стока од ЕЦД:

рубрика 32 „Наименувања бр.“;

рубрика 33 „Тарифна ознака“;

рубрика 35 „Бруто маса (кг)“;

рубрика 38 „Нето маса (кг)“ и онаму каде што е потребно;

рубрика 40 „Збирна декларација/претходен документ“;

рубрика 44 „Дополнителни информации, приложени документи итн.“;

Покрај тоа, повикувањето на бројот на ЕЦД-БИС обрасците коишто ги носат ознаките T1bis, T2bis или T2Fbis се внесува во:

рубрика 31 „Колети и опис на стока“

Онаму кадешто се употребуваат товарници, треба да се прецртаат следниве рубрики од ЕЦД:

рубрика 15 „Земја на испраќање/извоз“;

рубрика 32 „Наименувања бр.“;

рубрика 33 „Тарифна ознака“;

рубрика 35 „Бруто маса (кг)“;

рубрика 38 „Нето маса (кг)“ и онаму каде што е потребно;

рубрика 40 „Збирна декларација/претходен документ“; и доколку е потребно

рубрика 44 „Дополнителни информации, приложени документи итн.“;.

Покрај тоа, повикувањето на серискиот број и ознаката (T1, T2 или T2F) од различните товарници се внесува во:

рубрика 31 „Колети и опис на стока“.

3.2.5. Потпишување на транзитната декларација

Член 21, Додаток I Конвенција

Член 199, став 1 од УСЦЗЗ

Со потпишувањето на декларацијата главниот обврзник презема одговорност за точноста на информациите дадени во декларацијата, за автентичноста на приложените документи и за почитувањето на обврските во однос на ставањето на предметната стока во транзитна постапка.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Главниот обврзник самостојно, или пак неговиот овластен потписник, ја потпишува транзитната декларација во рубриката 50 од ЕЦД.

Замена на своерачен потпис

Член 4, Додаток III, Конвенција.

Член 4 б и Член 199, став 2 од УСЦЗЗ

Замената на своерачниот потпис со електронски потпис може да биде одобрена доколку формалностите се извршуваат со употреба на јавни или приватни компјутерски системи. Надлежните органи можат ова олеснување да им го овозможат на оние трговски друштва кои задоволуваат определени технички и административни услови коишто се образложени во одобрението. Во таквите случаи електронскиот потпис го заменува своерачниот потпис и ги има истите правни ефекти како и своерачниот потпис.

Изземање од потпис

На овластените испраќачи може да им се одобри да не ја потпишуваат транзитната декларација, доколку дадат писмена обврска во којашто ќе потврдат дека тие ќе бидат главни обврзници за сите транзитни операции изведени со транзитни декларации коишто носат нивен печат од посебен вид.

Дополнителни информации за оваа постапка, којашто се смета за поедноставување на стандардната транзитна постапка, може да се најдат во Дел VI.

4. Посебни ситуации (*потсетник*)

4.1 Правила применливи на стока со пакување

Следниве правила би требало да се применуваат за стока со пакување:

а) Стока којашто нема статус на стока на Заедницата со пакување коешто нема статус на Заедницата

За стоката и за нејзиното пакување треба да се пополни единствена Т1 декларација.

б) Стока којашто нема статус на стока на Заедницата со пакување коешто има статус на Заедницата

Во сите случаи, за стоката и за нејзиното пакување треба да се пополни единствена Т1 декларација.

Член 340в(3) од УСЦЗЗ

в) Стока со статус на стока на Заедницата од член 340в (3) од УСЦЗЗ со пакување коешто нема статус на Заедницата

За стоката и за нејзиното пакување се пополнува единствена Т1 декларација.

Но, кога ваквите производи наместо да се извезат од царинското подрачје како што е наведено, тие се пуштаат во слободен промет, третманот како производи на Заедницата за нив може да се примени само по приложување на ретроактивно издаден документ Т2L.

Без оглед на разгледувањето на евентуалното исплаќање на извозните субвенции за земјоделски производи, ваквиот Т2L документ може да се добие само откако ќе се платат давачките од заедничката царинска тарифа (ЗЦТ) во однос на пакувањето.

г) Стока со статус на стока на Заедницата со пакување кое нема статус на Заедницата

1) Извезена од царинското подрачје

Извезена во трета земја, којашто не е земја на ЕФТА

За пакувањето се пополнува Т1 декларација и, доколку пакувањето се стави во слободен промет, тоа нема неосновано да го ползува третманот кој се применува за стока на Заедницата. Овој документ мора да содржи една од следниве заверки:

BG Общностни стоки

CS zboží Společenství

DA fælleskabsvarer

DE Gemeinschaftswaren

EE Ühenduse kaup

EL κοινοτικα εμπορεύματα

ES mercancías communitarias

FR merchandises communautaires

IT merci comunitarie

LV Kopienas preces

LT Bendrijos prekės

HU közösségi áruk

MT Merkanzija Komunitarja

NL communautaire goederen

PL towary wspólnotowe

PT mercadorias comunitárias

RO Mărfuri comunitare

SI skupnostno blago

SK Tovar Spoločenstva

FI yhteisötavaroita

SV gemenskapsvaror

EN Community goods

• Извезено во земја на ЕФТА

За стоката и за нејзиното пакување се пополнува единствена Т1 декларација. Тука мора да се содржат заверките „Стока на Заедницата“, како што е прикажано погоре, и „Т1 пакување“, како што е прикажано подолу.

2) Испратено до друга земја-членка во случајот од член 163(1) од Законикот

За стоката и за нејзиното пакување се пополнува единствена Т2 декларација по плаќањето на царинските давачки применливи на пакувањето.
Доколку засегнатото лице не сака да ги плати царинските давачки за пакувањето, Т2 декларацијата мора да содржи една од следниве заверки:

BG Т1 колети

CS obal T1

DA T1 emballager

DE T1-Umschließungen

EE T1-pakend

EL	Συσκευασια T1
ES	envases T1
FR	emballages T1
IT	imballaggi T1
LV	T1 iepakojums
LT	T1 pakuotė
HU	T1 göngyölegek
MT	Ippakkjar T1
NL	T1-verpakkingsmiddelen
PL	opakowania T1
PT	embalagens T1
RO	Ambalaje T1
SI	pakiranje T1
SK	Obal T1
FI	T1-pakkaus
SV	T1-förpackning
EN	T1 packaging

3) Испратено во друга земја-членка во случаите различни од оние од (2) погоре.

Нема потреба од пополнување на било каква транзитна декларација по плаќањето на царинските давачки применливи на пакувањето.

Доколку засегнатото лице не сака да ги плати царинските давачки коишто се применуваат на пакувањето, тогаш мора да се стави во постапка T1.

(д) Комбинирани пратки

1) Пратки коишто во истото пакување содржат пратки

ставени во постапка Т1 и пратки ставени во постапка Т2.

Одделни декларации се изготвуваат во согласност со статусот на содржината на пратките. Во рубриката 31 мора да се прикажат количините на поделените пратки, а во горниот дел од оваа рубрика описот и бројот на други документи изготвени за предметните комбинирани пратки. Декларациите мора да содржат една од следниве заверки:

BG Општностни колети

CS obal Společenství

DA fælleskabsemballager

DE gemeinschaftliche Umschließungen

EE Ühenduse pakend

EL Κοινοτικη συσκευασια

ES envases comunitarios

FR emballages communautaires

IT imballaggi comunitari

LV Kopienas iepakojums

LT Bendrijos pakuotė

HU közösségi göngyölegek

MT Ippakkjar Komunitarju

NL communautaire verpakkingsmiddelen

PL opakowania wspólnotowe

PT embalagens comunitárias

RO Ambalaje comunitare

SI skupnostno pakiranje

SK Obal Spoločenstva

FI yhteisöpakkaus

SV gemenskapsförpackning

EN Community packaging

Доколку комбинираната пратка се пакува во пакување Т1, за стоката и за нејзиното пакување треба да се пополни единствена Т1 декларација.

2) Комбинирани пратки коишто во истото пакување содржат пратки во постапка Т1 и пратки кои се движат надвор од транзитната постапка.

Се употребува единствена декларација. Во рубрика 31 мора да се наведат количините и видовите на стока во поделени пратки во Т1 постапка, како и една од следниве заверки:

BG Стоки не обхванати от транзитен режим

CS zboží není v režimu tranzitu

DA varer ikke omfattet af forsendelsesprocedure

DE nicht im Versandverfahren befindliche Waren

EE Kaubad ei ole transiidi protseduuril

EL Εμπορεύματα εκτός διαδικασίαζ διαμετακόμισηζ

ES mercancías fuera del procedimento de tránsito

FR marchandises hors procédure de transit

IT merci non vincolate ad una procedura di transito

LV Precēm nav piemērota tranzīta procedūra

LT Prekės, kurioms neįforminta tranzito procedūra

HU nem továbbítási eljárás alá tartozó áruk

MT Merkanzija mhux koperta bi proċedura ta' transitu

NL geen douanevervoer

PL towary nie przewożone w procedurze tranzytu

PT mercadorias não cobertas por um procedimento de trânsito

RO Mărfuri neplasate în regim de tranzit

SI blago, ki ni krito s tranzitnim postopkom

SK Tovar nie je v tranzitnom režime

FI tavaroita, jotka eivät sisälly passitusmenettelyyn

SV varor ej under transitering

EN goods not covered by a transit procedure

4.2 Стока во багаж во придружба на патници

Член 323 од УСЦЗЗ

Управите се обврзани да ги применуваат одредбите од членот 323 од УСЦЗЗ (со којшто се воспоставува статусот на Заедницата) доколку стоката во патничкиот багаж не е наменета за комерцијална употреба.

Сепак, при влез во царинското подрачје на Заедницата, патниците коишто доаѓаат од трети земји можат стоката да ја стават во транзитна постапка на Заедницата.

4.3 Транспорт на стока со статус на стока на Заедницата кон, од или низ земја на ЕФТА

Кога стоката се превезува во или низ подрачјето на една или повеќе земји на ЕФТА, се препорачува да се следат следниве правила со цел да се обезбеди брзо минување на граничните премини:

а) Кога стоката се превезува помеѓу две точки во подрачјето на Заедницата преку подрачјето на една или повеќе земји на ЕФТА, или пак од Заедницата во подрачјето на некоја земја на ЕФТА, се препорачува стоката да се стави во транзитната постапка на Заедницата/заедничката транзитна постапка кај надлежната испостава кадешто е регистриран главниот обврзник или пак кадешто стоката е натоварена за превоз во транзитната постапка на Заедницата/заедничката транзитна постапка, или најдоцна пред граничната зона на ЕФТА/Заедница, со цел избегнување на доцнења на граничните премини. Во таа смисла, се препорачува движењата ставени во транзитната постапка на Заедницата/заедничката транзитна постапка да се завршуваат надвор од граничната зона Заедница/ЕФТА секогаш кога тоа е можно.

б) Надлежните органи од земјите членки и од земјите на ЕФТА ќе обезбедат дека засегнатите економски оператори се службено и соодветно информирани за одредбите и дека се свесни за предностите од примената на одредбите од став а) со цел најголемо можно избегнување на практичните потешкотии на границите помеѓу Заедницата и ЕФТА.

Транзит низ подрачјето на земја на ЕФТА

Транзит низ подрачјето на земја на ЕФТА член 163 од ЦЗЗ/член 2 од Конвенцијата

Движењето на стоката со статус на Заедницата од една до друга точка во Заедницата преку земја на ЕФТА може да се одвива со транзитна постапка Т2 или Т1 (види Дел I, пододдел 4.1.2.1.).

Движење на стока со статус на Заедницата во земја на ЕФТА

Движење на стока со статус на Заедницата во земја на ЕФТА

Стоката со статус на стока на Заедницата којашто од земја-членка е испратена кон земја на ЕФТА може да се одвива со транзитната постапка Т2 или Т1 (види Дел I, пододдел 4.1.2.1.).

Извоз на стока со статус на Заедницата во земја на ЕФТА 793б од УСЦЗЗ

Доколку стоката се извезува во земја на ЕФТА во рамките на транзитната постапка, транзитните декларации мора да бидат заверени со „Извоз“ во црвена боја на сите примероци на транзитните документи.

793а(6) од УСЦЗЗ

Доколку стоката се извезува без да се применува транзитната постапка, т.е. по воздушен или морски пат, заверката Извоз“ во црвена боја на транспортниот документ не е задолжителна.

Доколку стоката со статус на стока на Заедницата се транспортира во поедноставена железничка постапка од железничка станица на подрачјето на Заедницата до одредишна железничка станица во земја на ЕФТА, тогаш станува збор за извоз. Но доколку стоката повторно се испорачува од земја на ЕФТА во дел од царинското подрачје на Заедницата, тогаш операцијата не треба да се смета за извоз доколку операторот докаже дека станува збор за испорака во рамките на Заедницата. Овој доказ може посебно да се обезбеди со приложување на фактура на којашто се прикажани броевите од регистрацијата за ДДВ на испраќачот и на примачот согласно одредбите од Директивата 2006/112/ЕС, или со приложување на акцизен царински

придружен документ согласно одредбите од Директивата 2008/118/ЕС.

Повторно испраќање на стока на Заедницата од земја на ЕФТА Член 9 од Конвенцијата

Повторно испраќање на стока на Заедницата од земја на ЕФТА

а) Стоката на Заедницата којашто е внесена на подрачјето на земја на ЕФТА со постапката Т2 може повторно да се испрати во таа постапка под услов:

i) да нема промени во нејзиниот идентитет и состојба,

ii) да не е ставена, во таа земја на ЕФТА, во царинска постапка различна од транзитната постапка или постапката на складирање * и

iii) документот Т2 или Т2L издаден од земја на ЕФТА содржи повикување на претходниот документ издаден од земја-членка и сите посебни заверки кои таму се појавуваат.

* само стоката којашто е ускладиштена помалку од пет години (или стоката од главите 1-24 од хармонизираниот систем и ускладиштена помалку од шест месеци) може повторно да се испрати со Т2 постапка.

б) Но во случај на извоз по воздушен или морски пат без транзитна постапка (види погоре), земјите на ЕФТА не можат да издадат Т2 затоа што не постои претходна транзитна декларација. Следствено на тоа, повторното испраќање мора да се изведе во рамки на Т1. При повторен влез во Заедницата, со пратката мора да се постапува како да станува збор за увоз на стока од трета земја.

Постапки при повторен влез на повторно испратена стока во Заедницата

Постапки при повторен влез на повторно испратена стока во Заедницата

i) Кога стоката со статус на стока на Заедницата одново се испраќа од земја на ЕФТА кон одредиште во Заедницата, таа се транспортира со Т2 декларација или со документ со истоветна важност (на пр. Товарен лист ЦИМ-Т2).

ii) Со цел во одредишната земја-членка да се утврди дали станува збор за достава – набавка во рамките на Заедницата прекината во земја на ЕФТА или пак станува збор за повторен увоз којшто следи по конечен или привремен извоз од Заедницата, мора да се испочитуваат следниве правила:

1. Со цел да се заврши транзитната операција, стоката и Т2 декларацијата или истоветниот документ мора да се стават на увид кај одредишната царинска испостава.

2. Оваа испостава ја има одговорноста за одлучување за тоа дали стоката може веднаш да се пушти или мора да се стави во царинска постапка.

3. Стоката веднаш се пушта во случај кога Т2 декларацијата или истоветниот документ не содржи повикување на претходен извоз од Заедницата.

Во случај на сомнеж, одредишната испостава може од примачот да побара докази (на пр. со приложување на фактура на којашто се прикажани броевите од регистрацијата за ДДВ на испраќачот и на примачот согласно одредбите од Директивата 2006/112/ЕС со нејзините измени, или со приложување на акцизен царински придружен документ согласно одредбите од Директивата 2008/118/ЕС со нејзините измени), или накнадна контрола на документите.

4. За стоката мора да се одреди царински дозволено постапување или употреба со сите понатамошни последици (плаќање на ДДВ при увоз и интерни даноци доколку е потребно):

- кога декларацијата Т2 или истоветниот документ содржи напомени дека станува збор за операција којашто следи по извозот од Заедницата (напомената „извоз“ согласно членот 739 (6) од УСЦЗЗ и повторена согласно одредбите од членот 9 (4) од Конвенцијата за заеднички транзит, или

- кога примачот или неговиот застапник не може на задоволителен начин да им докаже на органите дека станува збор за испорака во рамките на Заедницата.

4.4 Дупликати

Дупликат може да се издаде во случај на кражба, губење или уништување на транзитната декларација, документот Т2L или контролниот лист Т5.

Дупликатот може да се издаде:

- на барање на царински орган;

- на барање на заинтересирана страна откако ќе биде спроведена истрага од страна на засегнатата царинска испостава.

Дупликатот мора да го содржи зборот „ДУПЛИКАТ“ со мрсни букви, печат од царинската испостава која го издала и потпис од надлежниот службеник.

5. Исклучоци (*потсетник*)

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

8.1. Појаснувачка белешка за пополнување на рубриките од ЕЦД

8.2. Постапка на самокопирање на обрасците на транзитната декларација и дополнителните обрасци

8.3. Постапка на самокопирање на транзитната декларација од четири листа и дополнителните обрасци

Прилог 8.1

Појаснувачка белешка за пополнување на рубриките од ЕЦД

Рубрики за економски оператори

I. Формалности во земјата на поаѓање

Рубрика 1: Декларација

Се пополнува само третата подрубрика од оваа рубрика. Во третата подрубрика од оваа рубрика се внесуваат следниве ознаки, онака како што е соодветно:

T1: за покривање на движењето на стока без статус на стока на Заедницата во Заедницата и од/до Заедницата и земјите на ЕФТА, како и помеѓу самите земји на ЕФТА. T1 се употребува и за движењето на стока на Заедницата во одредени околности.

T2: за транспорт на стока на Заедницата, онаму кадешто е потребно;

T2F: за стока на Заедницата испратена во/од/помеѓу нефискалните подрачја на Заедницата;

T- : за транспорт на комбинирани пратки со стока од T1 и T2. Во овој случај стоката ќе биде наведена на одделни ЕЦД – БИС обрасци или товарници, за секоја посебна статусна категорија на стока. Празниот простор по ознаката T треба да се прецрта за да се спречи внесување на дополнителни цифри или бројки.

Забелешка: Доколку се изоставени ознаките T1, T2, T2F, T1bis, T2bis, T2Fbis, зависно од случајот, ќе се смета дека стоката е ставена во постапка T1.

Рубрика 2: Испраќач/извозник

Пополнувањето на ова рубрика е изборно за договорните страни.

Се внесува полното име и адресата на испраќачот/извозникот.
Договорните страни можат кон појаснувачката белешка да додадат барање да се вклучи повикување на бројот за идентификација доделен од страна на надлежните органи заради фискални, статистички или други намени.
Во случај на збирна пратка, зборот „различни“, може да се внесе во оваа рубрика на соодветниот јазик, а кон декларацијата да се приложи списокот на испраќачи.

Рубрика 3: Обрасци

Се внесува серискиот број на комплетот и вкупниот број употребени комплети со обрасци и дополнителни листови. На пример, доколку се употребува еден ЕЦД образец и два ЕЦД-БИС обрасци, на ЕЦД се наведува 1/3, на првиот ЕЦД-БИС образец се наведува 2/3 и на вториот ЕЦД-БИС образец се наведува 3/3.

Кога декларацијата се однесува само на едно наименување (т.е. кога се пополнува само една рубрика „опис на стока“), во рубриката 3 не се внесува ништо, а во рубриката 5 се внесува цифрата „1“.

Кога наместо еден комплет од осум листови се употребуваат два комплети од по четири листа, тогаш за утврдување на бројот на обрасците двата комплета се сметаат како еден.

Рубрика 4: Број на товарници

Во оваа рубрика се запишува вкупен број на приложени товарници или вкупниот број на комерцијални листи за опис, доколку се приложени.

Рубрика 5: Наименувања

Овде се запишува вкупниот број на наименувања декларирани во ЕЦД. Бројот на наименувања е еднаков на бројот на рубрики 31 коишто треба да се пополнат.

Рубрика 6: Број на колети

Пополнувањето на ова рубрика е изборно за договорните страни.

Овде се запишува вкупниот број на колети (палети, картони, намоти итн.) кои ја

сочинуваат предметната пратка.

Рубрика 8: Примач

Во оваа рубрика се запишува целосното име и адреса на лицето/лицата или компанијата/компаниите на кои стоката се доставува (примач). Во случај на збирна пратка, зборот „различни“, може да се внесе во оваа рубрика на соодветниот јазик, а кон ЕЦД да се приложи списокот на испраќачи.

Договорните страни може да дозволат оваа рубрика да не се пополнува доколку примачот е регистриран надвор од подрачјето на договорните страни (т.е. Заедницата/земја на ЕФТА).

Во оваа фаза не мора да се прикажува бројот за идентификација.

Рубрика 15: Земја на поаѓање/извоз

Во оваа рубрика се запишува називот на земјата од каде стоката се испраќа/извезува.

Рубрика 17: Земја на намена

Во оваа рубрика се запишува името на земјата на намена

Рубрика 18: Идентитет и националност на транспортното средство на поаѓање

Во оваа рубрика се запишуваат следниве поединости:

- во првата подрубрика, средствата за идентификација, на пример регистарскиот број/броеви или името на транспортното средствто (камион, брод, железнички вагон, воздухоплов) на кое стоката е директно натоварена при ставањето на увид кај појдовната испостава;
- во втората подрубрика, се внесува националноста на транспортното средство со помош на шифрите зададени за таа намена

Доколку транспортното средство е составено од неколку транспортни средства, се внесува националноста на транспортното средство коешто ја обезбедува движечката сила.

На пример, ако се употребуваат влекач и приколка со различни регистарски броеви, се запишуваат и двата регистарски броја, и националноста на влекачот.

КАМИОНИ

Се внесува регистарскиот број на возилото

КОНТЕЈНЕРИ

Бројот на контејнерот не се внесува во оваа рубрика, туку во рубриката 31. Во рубриката 18 се внесуваат поединостите за пловилото или возилото на коешто се транспортира контејнерот.

БРОД

Се внесува името на бродот

ВОЗДУХОПЛОВ

Се внесуваат буквите од регистрацијата на воздухопловот

ЖЕЛЕЗНИЦА

Се внесува бројот на железничкиот вагон. Не се запишуваат деталите за националноста.

Во однос на телата коишто се на вагонот и коишто може да се размонтираат, во рубриката 31 се внесува бројот на таквото тело, за какво што се смета и контејнерот.

ПРЕВОЗ СО ФИКСНИ ИНСТАЛАЦИИ

Не се запишуваат поединостите за регистарскиот број и националноста.

Во други случаи декларирањето на националноста е изборно за договорните страни.

Рубрика 19: Контејнер (Конт)

Оваа рубрика е изборна за договорните страни.

Се внесува една од следниве шифри за да се претстави претпоставената состојба на границата на договорната страна на чие подрачје се наоѓа појдовната испостава, според сознанијата во времето на ставање на стоката во транзитна постапка.

Применливи се следниве шифри:

“0” – доколку стоката не се превезува во контејнер, и

“1” - доколку стоката се превезува во контејнер.

Рубрика 21: Идентитет и националност на активното транспортното средство што ја минува границата

Оваа рубрика е изборна за Договорните страни во однос на внесувањето на средствата за идентификација (на пр. регистарски број или име).

Задолжително се внесува националноста на активното транспортно средство.

Меѓутоа, во оваа рубрика не се запишува ништо за регистерски број или националност во случај кога стоката се превезува по железница или со фиксни транспортни инсталации.

Со употреба на соодветната шифра внесете го видот (камион, брод, железнички вагон, воздухоплов итн.) и идентитетот (на пр. регистерски број или име) на активното транспортно средство (односно транспортното средство кое обезбедува движечка сила) за кое се смета дека ќе се употребува за превоз на стоката преку надворешната граница на договорната страна во којашто се наоѓа појдовната испостава. Потоа се внесува шифрата за националност на транспортното средство, според сознанијата во времето на ставање на стоката во транзитна постапка.

Кога се употребува комбиниран транспорт или транспорт со повеќе транспортни средства, за активно транспортно средство се смета она коешто обезбедува движечка сила за целата комбинација. На пример, кога камионот се наоѓа на пловило кое плови по море, тогаш за активно средство се смета бродот, а пак кога се употребува комбинација од влекач и приколка, за активно транспортно средство се смета влекачот.

Рубрика 25: Вид на транспорт на граница

Оваа рубрика е изборна за Договорните страни.

Со помош на следниве шифри се внесува видот на активното транспортно

средство на коешто стоката ќе ја напушти територијата на договорната страна во којашто се наоѓа појдовната испостава.

Применливи се следниве шифри:
А: едноцифрена шифра (задолжително);
Б: двоцифрена шифра (втората шифра е изборна за договорните страни)

А	**Б**	**Ознака за**
1	10	Поморски транспорт
	12	Железнички вагон на морско пловило
	16	Патно моторно возило на морско пловило
	17	Приколка или полуприколка на морско пловило
	18	Пловило за внатрешна пловидба на морско пловило
2	20	Железнички транспорт
	23	Патно возило на железнички вагон
3	30	Патен транспорт
4	40	Воздушен транспорт
5	50	Поштенски пратки
7	70	Фиксни транспортни инсталации
8	80	Транспорт по внатрешен воден пат
9	90	Сопствен погон

Рубрика 26: Вид на внатрешен транспорт

Оваа рубрика е изборна за земјите членки на ЕУ доколку станува збор за транзит на Заедницата.

Се внесува видот на транспорт при поаѓање со помош на шифрите на Заедницата (исто како за рубриката 25).

Рубрика 27: Место на утовар

Оваа рубрика е изборна за Договорните страни.

Со помош на соодветната шифра, доколку ја има, внесете го местото во кое

стоката треба да се натовари на активното транспортно средство на кое е предвидено да ја помине границата на договорната страна на чија територија се наоѓа појдовната испостава, според сознанијата во времето на ставање на стоката во транзинта постапка.

Рубрика 31: Колети и опис на стока, ознаки и броеви, број на контејнер, број и вид

Се внесуваат ознаките, броевите, бројот и природата на колетите или, во случај на неспакувана стока, внесете го бројот на таквата стока опфатена со декларацијата или пак зборот „растурено“.

Во секој случај се внесува вообичаениот трговски опис на стоката, со сите потребни поединости за идентификување на стоката.
Доколку пополнувањето на рубриката 33 е задолжително, тогаш описот на стоката мора да биде доволно прецизен за да овозможи точно распоредување на стоката.

Оваа рубрика, исто така, мора да ги содржи и поединостите кои се бараат со посебни применливи правила (на пример, акцизни давачки).

При користење на контејнери, во оваа рубрика треба да бидат наведени и ознаките за идентификација на контејнерите.

Рубрика 32: Број на наименување

Внесете го бројот на предметното наименување во однос на вкупниот број на артикли декларирани во употребените обрасци и обрасците ЕЦД-БИС, како што е утврдено со белешката кон рубриката 5.

Оваа рубрика нема потреба да се пополнува доколку декларацијата се однесува само на едно наименување, со оглед на тоа што цифрата 1 е веќе внесена во рубриката 5.

Рубрика 33: Тарифна ознака

Оваа рубрика мора да се пополнува онаму кадешто:

- истото лице изготвува транзитна декларација истовремено со, или по, царинска декларација којашто содржи тарифна ознака; или
- транзитната декларација опфаќа стока спомената во „списокот на стока со зголемен ризик од измама“ (Прилог кон I Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44в од УСЦЗЗ)
- во Заедницата, доколку законодавството на Заедницата така бара.

За стоката се внесува тарифната ознака составена од најмалку шест знаци. Доколку законодавството на Заедницата така бара, се внесуваат ознаките од комбинираната номенклатура

Оваа рубрика не се пополнува во транзитните декларации Т2 и Т2F изготвени во земја на ЕФТА, освен доколку претходната транзитна декларација содржи тарифна ознака. Доколку содржи, се внесува тарифната ознака којашто била внесена во соодветната декларација.

Употребата на оваа рубрика во сите други случаи е изборна.

Рубрика 35: Бруто маса

Се внесува бруто масата, во килограми, за стоката опишана во соодветната рубрика 31. Бруто масата ја подразбира вкупната маса на стоката и сета нејзина амбалажа, со исклучок на контејнерите и другата опрема за транспорт.
Важи општото правило за заокружување на вредностите на следниов начин, доколку бруто масата надминува вредност од 1 килограм и содржи дел од единицата (килограм):

- дел од 0,001 до 0,499: се заокружува на најблискиот килограм во надолна насока.
- дел од 0,500 до 0,999: се заокружува на најблискиот килограм во нагорна насока.

Доколку декларацијата опфаќа неколку видови стока, доволно е да се внесе вкупната тежина во првата рубрика 35, со оставање празни рубрики 35 во

дополнителните листови.

Рубрика 38: Нето маса

Оваа рубрика е изборна за договорните страни. Сепак, во случај на транзит на Заедницата овие информации треба да се обезбедат ако така бара законодавството на Заедницата.

Се внесува нето масата, во килограми, за стоката опишана во соодветната рубрика 31. Нето масата претставува маса на самата стока без било каков вид на амбалажа.

Рубрика 40: Збирна декларација/претходен документ

Се внесува повикување на претходното царинско одредиште или соодветни царински документи.

Во случаите кога е потребно да се внесе повеќе од едно повикување, зборот „Различни“ може да се внесе во оваа рубрика и списокот со предметните повикувања може да ја придружува транзитната декларација.

Рубрика 44: Дополнителни информации, приложени документи, потврди и одобренија

Оваа рубрика ги содржи информациите неопходни согласно посебните прописи кои може да се применуваат во земјата на поаѓање/извоз, заедно со референтните броеви на документите приложени кон декларацијата. (на пр. серискиот број на контролниот лист Т5, бројот на извозната лиценца или дозвола, податоците потребни согласно ветеринарни и фитосанитарни прописи, бројот на товарниот лист итн.)

Во случај на стока со зголемен ризик од измама, или пак доколку царинските органи или главниот обврзник сметаат дека е неопходно, се пропишува правец на движење. Се внесуваат барем податоците за земјите низ коишто треба да се транзитира. Доколку е одобрено изземање од обврската за следење на пропишаниот правец на движење, се внесува заверката „Изземање на пропишан правец“.

Рубрика 50: Главен обврзник и овластен застапник, место, датум и потпис

Во оваа рубрика се запишува името на главниот обврзник (целосното име на лицето или компанијата) и неговата целосна адреса, како и бројот за идентификација доделен од страна на царинските органи, доколку го има. Доколку е применливо, се внесува и целосното име (лице или компанија) на овластениот застапник кој се потпишува за сметка на главниот обврзник.

Во зависност од евентуалните посебни одредби во однос на употребата на компјутеризирани системи, оригиналниот своерачен потпис од засегнатото лице мора да се содржи на листот со број 1 од ЕЦД кој го задржува појдовната испостава. Ако главниот обврзник е правно лице, покрај своерачниот потпис мора да биде наведено и целосното име и својството на лицето кое се потпишува.

Рубрика 51: Предвидени царински испостави на транзит (и земји)

Се внесуваат предвидените влезни испостави во секоја договорна страна низ чие подрачје ќе се транзитира во текот на превозот. Доколку операцијата вклучува транзит низ подрачје коешто не е подрачје на Договорните страни, се внесува испоставата на излез преку која превозното средство ќе го напушти подрачјето на Договорните страни. Транзитните испостави се наведени во „Списокот на испостави надлежни за транзитни операции“ (http://europa.eu.int/comm/taxation_customs/dds/en/csrdhome.htm).

По името на испоставата внесете ја шифрата која се однесува на соодветната земја.

Применливи се следниве шифри:

Белгија	BE
Бугарија	BG
Чешка Република	CZ
Данска	DK
Германија	DE
Естонија	EE
Грција	GR
Шпанија	ES
Франција	FR
Ирска	IE
Италија	IT

Кипар	CY
Летонија	LV
Литванија	LT
Унгарија	HU
Луксембург	LU
Малта	MT
Холандија	NL
Австрија	AT
Полска	PL
Португалија	PT
Романија	RO
Словенија	SI
Словачка	SK
Финска	FI
Шведска	SE
Обединето Кралство	GB
Исланд	IS
Норвешка	NO
Швајцарија	CH

Рубрика 52: Гаранција

Во подрубриката обележана со „ШИФРА“ се внесува соодветната шифра за видот на употребената гаранција според подолу зададената табела.

Во делот „други записи“ се внесуваат соодветните информации според подолу зададената табела.

Доколку општата гаранција, изземањето на гаранција или поединечната гаранција не е важечка за сите договорни страни, се внесува „не важи за“ и шифрата за соодветната договорна страна или страни (види соодветните шифри од рубрика 51).

Ситуација	Шифра	Други записи
За изземање од гаранција (Член 57 од Додаток I)	0	- бројот на потврдата за изземање од гаранција
За опша гаранција	1	- бројот на потврдата за општа гаранција - гарантен царински орган
За поединечна гаранција од гарант	2	- потврда за прифаќање на гаранцијата - гарантен царински орган

За поединечна гаранција со готовински депозит	3	
За поединечна гаранција во форма на ваучери	4	- бројот на ваучерот за поединечна гаранција
За изземање од гаранција (Член 7 од Додаток I)	6	
За изземање од гаранција со договор (Член 10(2)(а) од Конвенцијата)	A	
За изземање од гаранција за патувањето помеѓу појдовната испостава и транзитната испостава (Член 10(2)(б)од Конвенцијата)	7	
За поединечна гаранција од видот според точка 3 од Прилог IV кон Додаток I	9	- потврда за прифаќање на гаранцијата - гарантен царински орган

Рубрика 53: Одредишна царинска испостава (и земја)

Се внесува името на царинската испостава во која стоката ќе се стави на увид за завршување на транзитната операција (одредишна испостава). Одредишните испостави се прикажани во „списокот на царински испостави надлежни за постапување со транзитни операции“. Интернет адресата е:
http://europa.eu.int/comm/taxation_customs/dds/en/csrdhome.htm.
По името на одредишната испостава се внесува шифрата на предметната земја. (се употребува соодветната шифра од списокот прикжан во рубриката 51).

II. Попатни формалности

Рубрика 55: Претовар

Превозникот мора да ги пополни првите три реда од оваа рубрика кога стоката се претовара од едно транспортно средство на друго или од еден контејнер во друг во текот на предметната операција.

Се потсетуваат превозниците дека стоката може да ја претовараат само откако ќе добијат одобрение од надлежниот царинскиот орган од земјата на чие подрачје треба да се изврши претоварот.

Ако тој царински орган оцени дека предметната транзитна операција може да продолжи по вообичаени патишта, тој, откако ги презел сите неопходни чекори, ќе ги овери листовите со број 4 и 5 на ЕЦД.

Рубрика 56: Други незгоди за време на превозот

Оваа рубрика се пополнува во согласност со важечките прописи во однос на транзитната постапка.

Понатаму, доколку стоката е натоварена на полуприколка и во текот на патувањето дојде до промена на влекачот (без претовар или манипулирање на стоката), во оваа рубрика се запишува регистарскиот број и националноста на новиот влекач. Во овој случај не е потребно оверување од страна на надлежен царински орган.

Прилог 8.2

Листови од ЕЦД и дополнителни листови за употреба заедно со ЕЦД во кои поединостите внесени на горниот лист мора да се пресликаат по пат на самопресликувачки процес.

(со лист бр. 1)

Рубрика бр.	Листови	Рубрика бр.	Листови
I. РУБРИКИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ			
1	1 до 8	32	1 до 8
	Освен средната подрубрика	33	Првата подрубрика лево
	1 до 3		1 до 8
2	1 до 5(1)		Останатата подрубрика
3	1 до 8		1 до 3
4	1 до 8	35	1 до 8
5	1 до 8	38	1 до 8
6	1 до 8	40	1 до 5(1)
8	1 до 5(1)	44	1 до 5(1)
15	1 до 8	50	1 до 8
17	1 до 8	51	1 до 8
18	1 до 5(1)	52	1 до 8
19	1 до 5(1)	53	1 до 8
21	1 до 5(1)	54	1 до 4
25	1 до 5(1)	55	-
27	1 до 5(1)	56	-
31	1 до 8		
II. РУБРИКИ ЗА ЦАРИНАТА			
В	1 до 8(2)	Е	-
Г/S	1 до 4	Ж	-
Д/S	-	З	-

[1]Под никакви околности не смее од корисниците да се бара за транзитни цели да ги пополнуваат овие рубрики на листот 5.

[2]Земјата на поаѓање може да одбере дали овие поединости мора да се појават на наведените листови.

Прилог 8.3

Листови од алтернативниот ЕЦД и дополнителните листови коишто се употребуваат заедно со алтернативниот ЕЦД во кои поединостите внесени на горниот лист мора да се пресликаат по пат на самопресликувачки процес

(со лист бр. 1)

Рубрика бр.	Листови	Рубрика бр.	Листови

I. РУБРИКИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

1	1 до 4	32	1 до 4
	Освен средната подрубрика	33	Првата подрубрика лево
	1 до 3		1 до 4
2	1 до 4		Останатата подрубрика
3	1 до 4		1 до 3
4	1 до 4	35	1 до 4
5	1 до 4	38	1 до 4
6	1 до 4	40	1 до 4
8	1 до 4	44	1 до 4
15	1 до 4	50	1 до 4
17	1 до 4	51	1 до 4
18	1 до 4	52	1 до 4
19	1 до 4	53	1 до 4
21	1 до 4	54	1 до 4
25	1 до 4	55	-
27	1 до 4	56	-
31	1 до 4		

II. РУБРИКИ ЗА ЦАРИНАТА

B	1 до 4	E	-
Г/S	1 до 4	Ж	-
Д/S	-	З	-
Ѓ	-		

Поглавје 4 – Формалности во појдовната испостава

1. Вовед

Ова поглавје се задржува на формалностите и постапките во појдовната испостава.

Пододдел 2 ја дава општата теорија во однос на формалностите во појдовната испостава, како и општите информации во однос на законските извори.

Пододдел 3 ја опишува постапката во појдовната испостава. Се задржува на работите во однос на ставањето на увид, прифаќањето, верификувањето и регистрирањето на транзитните декларации, менувањето на транзитните декларации и приложувањето на гаранции. Исто така, дава информации во однос на правецот на движење, временските ограничувања, пломбирањето и пуштањето на стоката.

Пододдел 4 се однесува на посебните ситуации во однос на формалностите кај појдовната испостава.

Пододдел 5 се однесува на исклочоците.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални упатства.

Пододдел 7 е резервиран единствено за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 содржи прилози кон Поглавје 2.

2. Општа теорија и законодавство

Транзитната постапка започнува во појдовната испостава по приложувањето на ЕЦД заедно со стоката.

Законските извори за постапките опишани во ова поглавје се следниве:

– Членови 22 – 29 од Додаток I од Конвенцијата;
– Прилог II кон Додаток I од Конвенцијата;
– Членови 62, 63, 65, 68 – 73од ЦЗЗ ;
– Членови 202, 247, 355-357 од УСЦЗЗ;
– Прилог 46а од УСЦЗЗ

3. Опис на постапката во појдовната испостава

Овој пододдел дава информации за:

– приложувањето на ЕЦД (пододдел 3.1);
– приложувањето на гаранцијата (пододдел 3.2);
– прифаќањето, регистрирањето и заверувањето на ЕЦД (пододдел 3.3);
– измените на ЕЦД (пододдел 3.4);
– верификацијата (пододдел 3.5);
– правецот на движење и пропишаниот правец на движење (пододдел 3.6);
– временските ограничувања (пододдел 3.7);
– пломбирањето (пододдел 3.8);
– пуштањето на стоката (пододдел 3.9).

3.1 Ставање на увид на ЕЦД

Членови 22 и 24, Прилог I од Конвенцијата

Членови 62, 63, од ЦЗЗ и Член 202 од УСЦЗЗ

ЕЦД и сите придружни документи се стават на увид, заедно со стоката, кај појдовната испостава во деновите и часовите определени како работно време. Појдовната испостава може, на барање и трошок на главниот обврзник, да одобри тие да се стават на увид на други места одобрени од страна на појдовната испостава.

Список на царински испотави

Појдовната испостава мора да биде надлежна за постапување со транзитни операции и со видот на предметниот превоз. Списокот на надлежни царински испостави за постапување со транзитни операции може да се најде на следнава адреса: http://europa.eu/taxation_customs/dds/csrdhome_en.ht.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Следниве документи се стават на увид на појдовната испостава:

- исправно пополнети листови бр. 1, 4 и 5 од ЕЦД. Онаму кадешто се употребуваат обрасците ЕЦД-БИС или товраници, тие мора да бидат приложени кон ЕЦД;
- гаранција (онаму кадешто е потребно: види Дел III.);
- транспортен документ. Појдовната испостава може да се откаже од барањето овој документ да се става на увид доколку истиот се чува на располагање;
- доколку транзитната постапка следува по некој друг царински режим, појдовната испостава може да побара на увид да се стават документи коишто се однесуваат на тој режим.
- други документи, доколку се потребни.

ЦАРИНА

Појдовната испостава:

- проверува дали листовите бр. 1, 4 и 5 од ЕЦД се исправно пополнети и дали обрасците ЕЦД-БИС или товарниците се приложени кон ЕЦД, во случај тие да се употребуваат;
- ја проверува важноста на гаранцијата;
- ги проверува транспортните и другите придружни документи;
- ги проверува документите коишто се однесуваат на претходниот царински режим, доколку е соодветно;
- ги проверува извозните лиценци или други слични документи, доколку е соодветно.

3.2. Приложување на гаранција

Гарантно покритие *Член 5 Додаток I Конвенција* *Член 94од ЦЗЗ*	За започнување на транзитно движење потребна е гаранција (освен доколку постои исклучок согласно закон или одобение). Понатамошни информации за гаранциите се наоѓаат во Дел III.

ЦАРИНА

Појдовната испостава проверува дали:

- деталите за гаранцијата прикажани во рубриката 52 одговараат на приложените оригинални гарантни документи;
- износот на гаранцијата е доволен;
- гаранцијата важи за сите договорни страни вклучени во транзитната операција;

- гаранцијата е на име на главниот обврзник именуван во рубриката 50 од ЕЦД;
- е истечена гаранцијата (потврдите ТЦ31 и ТЦ33);
- е истечен периодот на важност од една година по денот на издавање (потврдите ТЦ32);
- потписот на декларацијата во рубриката 50 од ЕЦД соодветствува на постписот на потврдата за општа гаранција ТЦ31 или на потврдата за изземање од гранција ТЦ33.

Се напоменува дека на увид мора да се стават оригиналните гарантни документи.

Во случај на употреба на поединечна гаранција во форма на ваучер, првиот примерок од гарантниот ваучер ТЦ32 се задржува и приложува кон листот број 1 од ЕЦД (или копија од ТПД).

Во случај на поединечна гаранција во вид на преземање на гарантна обврска, документот за гарантната обврска се задржува и се приложува листот број 1 од ЕЦД (или дополнителна копија од ТПД).

Во случај на општа гаранција, (оригиналната) потврда за гаранција (ТЦ31 или ТЦ33) му се враќа на трговското друштво.

3.3 Прифаќање и регистрација на транзитната декларација

Член 24, Додаток I од Конвенцијата

Членови 62, 63 од ЦЗ33

Појдовната испостава ја прифаќа декларацијата под услов:

- таа да ги содржи сите неопходни информации;
- да е придружувана од сите неопходни документи;
- стоката наведена во декларацијата да е ставена на увид на царината.

Не се прифаќа ЕЦД коешто е очигледно неисправно (или непотполно).

Појдовната испостава ја евидентира транзитната декларација со внесување на регистарски број во рубриката В од ЕЦД „појдовна испостава“ и со внесување на деталите од спроведените инспекции, ставените пломби и дозволените временски ограничувања во рубриката Г(/S)од ЕЦД „Контрола од појдовна испостава“, и со ставање потпис и отпечаток од печатот на појдовната испостава.

Системот за евидентирање на декларациите во резервната постапак мора да се разликува од НКТС системот.

3.4 Менување на транзитната декларација

Член 25, Додаток I од Конвенцијата

Член 65 од ЦЗЗ

Главниот обврзник може да побара дозвола за менување на транзитната декларација, дури и откако царината ја има прифатено. Измената не смее да ја направи декларацијата применлива и за стока која не била првично покриена со декларацијата.

Измените се прават со прецртување на погрешните поединости и, онаму каде што е соодветно, со додавање на потребните поединости, и се потврдуваат од лицето кое ги извршило со ставање на неговите иницијали. Измените се заверуваат од надлежните органи. Во одредени случаи царинските органи можат да побараат поднесување на нова декларација. Не се дозволени бришења или допишувања.

Нема да бидат дозволени никакви измени во оние случаи

во кои надлежните органи, по приемот на транзитната декларација, имаат изразено намера да ја прегледаат стоката, или пак имаат утврдено дека поединостите за поднесената декларација не се точни или пак веќе ја имаат пуштено стоката во промет.

3.5 Верификација на транзитната декларација

Член 27, Додаток I од Конвенцијата

Член 68, 69(1) од ЦЗЗ

После прифаќањето на декларацијата, царината може, врз основа на анализа на ризик или по случаен избор, да ги изведе следниве проверки:

- документарна провера на декларацијата и било кој од придружните документи
- проверка на стоката и, доколку е неопходно, земање мостри за анализа,
- детален преглед на стоката.

Место на преглед

Стоката се прегледува во местата и работното време утврдени за таа намена. Но царината може, на барање и на трошок на главниот обврзник, прегледот да го изврши на други места и во друго време.

3.6. Правец на движење и пропишан правец на движење

Член 23, Додаток I Конвенција

Член 355 од УСЦЗЗ

Општо правило е дека стоката пуштена во транзитна постапка мора да биде превезувана до одредишната испостава по економски оправдан правец на движење.

Сепак, во случај на транспорт на стока со зголемен ризик од измама, или кога царинските органи или главниот

обврзник сметаат дека е неопходно, може да се утврди пропишан правец на движење. Во рубриката 44 од ЕЦД се внесуваат барем деталите за земјите низ кои ќе се транзитира. Поедноставување во вид на изземање од обврската за следење на пропишаниот правец на движење може да му се додели на главен обврзник само под одредени услови (за повеќе детали види Дел VI, пододдел 3.4.).

ЦАРИНА

Земајќи ги предвид релевантните детали соопштени од страна на главниот обврзник, појдовната испостава ќе пропише правец на движење по пат на:

- внесување во рубриката 44 од ЕЦД на зборовите „пропишан правец на движење“ следени од деталите за земјите низ кои ќе се транзитира (доволни се шифрите за земјите).

Забелешка 1: за Заедницата, да се наведат шифри за земји, за засегнатите земји членки.

Забелешка 2: да се наведат шифри за земји за било кои трети земји вклучени во пропишаниот правец на движење.

Промена на пропишаниот правец на движење

Член 33, Додаток I од Конвенцијата

Пропишаниот правец на движење може да се промени во текот на транзитната операција. Доколку има менување на правецот на движење, превозникот е обврзан да ги направи неопходните внесови во рубриката 56 од листовите 4 и 5 од ЕЦД и заедно со пратката да ги стави на увид на царинските органиод земјата во чија територија се наоѓа превозното средство. Надлежните органи ќе ги разгледаат можностите за продолжување на транзитната операција, ќе ги преземат сите неопходни мерки и ќе ги заверат листовите 4 и 5 од ЕЦД во рубриката Е.

Член 360 од УСЦЗЗ
Прилог 37г од УСЦЗЗ

Повеќе детали за постапките коишто треба да се применуваат во случај на незгоди во текот на транспортот

се дадени во Дел IV, поглавје 3, пододдел 3.1.

3.7. Временски рок

Член 26, Додаток 1 Конвенција

Член 356 од УСЦЗЗ

Појдовната испостава ќе го зададе временскиот рок во кој стоката треба да се стави на увид на одредишната испостава.

Временскиот рок пропишан од страна на појдовната испостава е задолжителен за сите надлежни органи од земјите низ кои се транзитира во текот на транзитната операција и тие не можат да го променат.

Пречекорување на временскиот рок

Доколку временскиот рок бива надминат заради околности кои не се по вина на превозникот или главниот обврзник и за кои одредишната испостава добила задоволително објаснување, ќе се смета дека пропишаниот временски рок бил испочитуван

ЦАРИНА

При утврдувањето на временскиот рок појдовната испостава предвид ќе го има следново:

- транспортното средство коешто се употребува;
- правецот на движење;
- транспортно или друго законодавство (на пр. било кое општестевно или еколошко законодавство со кое е засегнат начинот на транспорт);
- поединостите обезбедени од страна на главниот обврзник, доколку е применливо.

Појдовната испостава ќе го внесе или, доколку се согласува со рокот внесен од страна на главниот обврзник, ќе го завери временскиот рок во рубриката Г(/S) од ЕЦД (во следниов облик: ДД-ММ-ГГ). Ова претставува датум до кој стоката, транзитната декларација и евентуалните придружни документи треба да бидат ставени на увид на одредишната испостава.

3.8. Средства за идентификација

Овој пододдел е поделен на следниов начин:

- вовед (пододдел 3.8.1.);
- начини на пломбирање (пододдел 3.8.2.);
- обележја на пломбите (пододдел 3.8.3.);
- употреба на пломби од посебен вид (пододдел 3.8.4.).

3.8.1. Вовед

Член 11(2) Конвенција

Член 28 Додаток I Конвенција

Член 72 од ЦЗЗ Член 357од УСЦЗЗ Прилог 37год УСЦЗЗ

Многу е значајно да се обезбеди идентификација на стоката која се превезува во транзитна постапка. Општо правило е тоа дека идентификацијата на оваа стока се обезбедува со пломбирање. Сите документи коишто се употребуваат за идентификација на стока треба да бидат приложени кон ЕЦД и да содржат печат ставен на начин со кој се оневозможува замена.

Изземање

Меѓутоа, појдовната испостава може да се откаже од барањето за пломбирање кога описот на стоката во податоците на декларацијата е доволно прецизен за да обезбеди лесно препознавање на стоката (на пример преку наведување на бројот на мотор или шасија при транспорт на автомобили во транзитната постапка). Овој опис се внесува во рубриката бр. 31 од ЕЦД.

Стока со зголемен ризик

Обично, описот на стоката не треба да се смета за соодветно средство за идентификација доколку станува збор за:

- стока со зголемен ризик и наведена во прилог I кон Додаток I од Конвенцијата/Прилог 44в од УСЦЗЗ;
- земјоделски производи со кои во рамките на Заедницата се остварува право на плаќања (субвенции,

премии итн.).

ЦАРИНА

Откако ќе ги стави пломбите, појдовната испостава го внесува бројот, со цифри, и обележјата за идентификација на ставените пломби во рубриката Г(/S) од ЕЦД.

Доколку пломбите не се потребни за идентификација, појдовната испостава ќе го внесе изразот „ИЗЗЕМАЊЕ- 99201“во рубриката Г(/S) на ЕЦД наспроти насловот „ставени пломби“.

Прилог 8.1 ја содржи заверката „изземање“ во сите јазични верзии.

Комбинирани пратки

Доколку на истото транспортно средство покрај стоката ставена во транзитна постапка се превезува и стока којашто не е ставена во транзитна постапка, возилото обично нема да се пломбира доколку идентификацијата на стоката се обезбедува со пломбирање на поединечните колети или пак по пат на прецизен опис на стоката.

Забелешка: стоката мора да биде јасно одвоена и означена за да може лесно да се разликува помеѓу стоката којашто се превезува во транзитна постапка и стоката којашто не се превезува во транзитна постапка.

Член 28(2) Додаток I Конвенција

Член 72, ЦЗЗ и Член 357(1) од УСЦЗЗ

Доколку идентитетот на пратката не може да се обезбеди со пломбирање или со друг начин на идентификација (опис), појдовната испостава може да одбие да дозволи стоката да се стави во транзитна постапка.

Член 28.(6) Додаток I, од Конвенцијата

Член 72, ЦЗЗ

Пломбите не смеат да се кинат без одобрение од надлежните царински органи.

Последователен истовар

Доколку возилото или контејнерот се пломбирани во појдовната испостава и се вршат последователни истоварувања во неколку одредишни испостави во различни земји, царинските органи на неконечните одредишни испостави, во кои биле скинати пломбите заради истовар на дел од товарот, мора да стават нови пломби и тоа да го наведат во рубриката Ѓ на преостанатите од листовите 4 и 5 од ЕЦД.

3.8.2. Начини на пломбирање

Член 11(2) од Конвенцијата

Член 28(3) Додаток I од Конвенцијата

Постојат два начини на пломбирање:

- пломбирање на просторот во кој се содржи стоката;
- пломбирање на поединечни колети.

Член 72, ЦЗЗ и Член 357(2) од УСЦЗЗ

Кога се врши пломбирање на просторот во кој се содржи стоката, транспортното средство мора да биде погодно за пломбирање.

ЦАРИНА

Појдовната испостава ќе ги смета транспортните средства за погодни за пломбирање доколку:

- пломбите може да се наместат на нив на едноставен и ефикасен начин;
- возилата се така конструирани за стоката да не може да биде отстранета или внесена без да се остават видливи траги или без да се оштетат пломбите;
- не содржат скришни простори кадешто може да се скрие стоката;
- просторите наменети за товарот да се лесно пристапни за преглед од страна на надлежните органи. (*Член 28, Додаток I од Конвенцијата/Член 72 од ЦЗЗ и Член 357, став 3 од УСЦЗЗ*)

Забелешка: Возилата што се одобрени како погодни за пломбирање согласно

меѓународните конвенции (на пример ТИР Конвенцијата) се сметаат за погодни за пломбирање за целите на транзит.

3.8.3 Карактеристики на пломбите

Сите пломби коишто се употребуваат како средства за идентификација мора да се сообразни со пропишаните карактеристики и технички спецификации.

Карактеристики на пломбите
Прилог II Додаток I од Конвенцијата

Член 357(2) од УСЦЗЗ
Прилог 46А од УСЦЗЗ

Пломбите мора да ги имаат следниве карактеристики:

- да се безбедни при вообичаена употреба;
- да се лесни за проверка и препознавање;
- да се изработени на начин што секакво кинење, обид за кинење или отстранување остава траги видливи со голо око;
- да се конструирани за еднократна употреба, или пак доколку се наменети за повеќекратна употреба, да бидат конструирани на начин што овозможува ставање на посебни и јасни обележја за идентификација при секоја нова употреба;
- носат поединечни обележја за идентификација.

Пломбите треба да ги исполнуваат следниве технички спецификации:

- обликот и димензиите на пломбите може да варираат зависно од употребуваниот начин на пломбирање, но димензиите мора да овозможуваат лесно читање на обележјата за идентификација;
- обележјата за идентификација мора да бидат невозможни за фалсификување и тешки за репродуцирање;
- употребуваниот материјал мора да биде отпорен на случајни кинења и да оневозможува неприметни

фалсификувања или повторени употреби.

3.8.4. Употреба на пломби од посебен вид

Употреба на пломби од посебен вид

Член 48(1в) и Член 63, Додаток I Конвенција

За главниот обврзник да може да употребува пломби од посебен вид потребно е да има одобрение издадено од надлежните органи. Употребата на пломби од посебен вид претставува поедноставување коешто е предмет на одредени услови (за повеќе детали види Дел IV, пододдел 3.2.2).

Член 372 и Член 386 од УСЦЗЗ Прилог 37г

Кога се употребуваат вакви пломби од посебен вид, главниот обврзник во рубриката Г(/S) од ЕЦД, наспроти насловот „ставени пломби“, внесува марка, вид и број на ставените пломби. Пломбите мора да се стават пред пуштањето на стоката.

Овластениот примач чиешто одобрение пропишува дека идентификацијата на стоката се врши со пломбирање не мора да бара посебно одобрение за употреба на пломби од посебен вид.

3.9. Пуштање на стоката

По завршувањето на сите формалности во појдовната испостава, т.е.

- правилно пополнување на соодветните листови од ЕЦД;
- обезбедување на гаранција, онаму каде се бара (види Дел III);
- утврдување на временскиот рок
- утврдување на пропишан правец на движење, онаму каде се бара;

Член 29, Додаток I од Конвенцијата

Член 249 од УСЦЗЗ, Прилог 37год УСЦЗЗ

- прифаќање и евидентирање на гаранцијата;
- верификација на гаранцијата; и
- идентификација на пратката;

стоката се пушта и датумот на пуштање на стоката се внесува во рубрика Г(/S) на листовите од ЕЦД.

ЦАРИНА

Доколку се завршени формалностите, појдовната испостава ќе:

- го внесе зборот „ЗАДОВОЛИТЕЛНО“ во рубриката Г(/S) од листот 1 од ЕЦД.
- обезбеди потврдување на заврките во рубриката Г(/S) преку ставање на потписот од царинскиот службеник и со отпечаток од печатот од испоставата и датум
- стави печат за резервна постапка (со димензии 26 x 59mm, во црвено мастило) на листовите на транзитните декларции во рубриката А од ЕЦД.

Прилогот 8.2 ја содржи заверката „задоволително“ во сите јазични верзии.

Прилогот 8.1. од поглавје 1 го содржи „печатот за резервната постапка“ во сите јазични верзии.

ТРГОВСКО ДРУШТВО – Важна забелешка

Да се информира царината за тоа дека е поднесена декларација во НКТС и дека била започната резервната постапка пред стоката да се пушти.

ЦАРИНА – Важна забелешка

Појдовната испостава мора да ги поништи сите декларации кои биле внесени во НКТС, но не биле понатаму обработени поради пад на системот.

Листови 1,4 и 5 од ЕЦД

Член 29,

Појдовната испостава го задржува листот бр. 1 од ЕЦД.

Стоката ставена во транзитна постапка се превезува до

Додаток I од Конвенцијата	одредишната испостава со листовите бр. 4 и 5 од ЕЦД.
Член 359(1) од УСЦЗ	

4. Посебни ситуации (потсетник)

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

8.1. Заверка„изземање“

8.2. Заверка „задоволително“, види поглавје 6, прилог 8.1

Заверка „изземање“

BG	Освободено
CS	Osvobození
DA	Fritaget
DE	Befreiung
EE	Loobumine
EL	Απαλλαγή
ES	Dispensa
FR	Dispense
IT	Dispensa
LV	Derīgs bez zīmoga
LT	Leista neplombuoti
HU	Mentesség
MT	Tneħħija
NL	Vrijstelling
PL	Zwolnienie
PT	Dispensa
RO	Dispensă
SI	Opustitev
SK	Oslobodenie
FI	Vapautettu
SV	Befrielse
EN	Waiver
IS	Undanþegið
NO	Fritak

Поглавје 5 – Формалности и незгоди за време на транспортот

1. Вовед

Ова поглавје ги опишува формалностите и незгодите за време на транспортот за движења во резервна постапка.

Пододдел 2 ги дава општата теорија и законодавството.

Пододдел 3 ги опишува формалностите во случај на незгоди за време на транспорт и кај транзитната испостава.

Пододдел 4 обработува посебни ситуации.

Пододдел 5 обработува исклучоци од општите правила.

Пододдел 6 е резервиран за посебни национални правила.

Пододдел 7 е резервиран за употреба од страна на царинските управи.

Пододдел 8 ги вклучува прилозите кон Поглавје 5.

2. Општа теорија и законодавство

Правните извори се наоѓаат во:

– Членови 31 – 33 и 45а од Додаток I кон Конвенцијата;
– Прилог А7, Наслов II, точка II, Додаток III кон Конвенцијата;
– Членовите 13 – 14 од ЦЗЗ ;
– Членовите 359, 360, 369а, 412 од УСЦЗЗ;
– Прилог 37, Наслов II, точка Б од УСЦЗЗ.

3. Формалности во случај на незгоди за време на транспортот и кај транзитната испостава

Овој пододдел дава информации за:

– формалностите кои треба да се следат во случај на инцидент во текот на транспортот (пододдел 3.1.);
– формалностите во транзитната испостава (пододдел 3.2.).

3.1 Формалности во случај на незгоди за време на транспортот

Незгоди за време на транспорт

1. Доколку настанат незгоди за време на транспортот на стока во резервна постапка, превозникот мора за тоа веднаш да ја извести најбилската царинска испостава. Најчестите примери за тоа што може да се смета за незгода во тек на транспорт се следниве:

- неможноста да се следи пропишаниот правец на движење;
- случајно конење на царински пломби;
- претовар на стока на други транспортни средства;
- неодложно, делумно или целосно истоварање на стоката како последица на непосредна опасност.

Дејствија кои ги преземаат надлежните органи

Член 33 Додаток I од Конвенцијата

Во случај на незгоди за време на транспортот, превозникот без одлагање ќе ги направи неопходните евидентирања во рубриката 56 од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД и пратката ќе ја стави на увид на надлежните органиво земјата во која се случила незгпдата. Надлежните органи ќе одлучат дали предметната транзитна операција може да продолжи или не. Доколку се дозволи продолжување на операцијата, соодветната испостава ќе го завери ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД во рубриката 55 и рубриката Е, наведувајќи го превземеното дејствие.

Надлежниот орган ќе изврши преглед на стоката и на возилото доколку пломбите биле скинати не по вина на превозникот. Доколку се дозволи продолжување на транзитната операција, треба да бидат ставени нови средства за идентификација и ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД треба да бидат соодветно заверени.

Претовар на стока

Претовар на стока на друго транспортно средство може да се направи единствено доколку за тоа има дозвола од надлежните органи од местото во кое треба да се изврши претоварот. Во таков случај, превозникот треба да ја пополни рубриката бр. 55 „Претовар“ од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД. Ова може да се направи со читлив ракопис, со употреба на печатни букви и мастило. Доколку е соодветно, царинскиот орган ќе ја завери рубриката Ѓ од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД. Во случај на повеќе од два претовари и кога рубриката Ѓ е веќе пополнета, превозникот ќе ги внесе потребните информации во рубрика 56 од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД.

Во сите случаи опишани погоре, информациите за незгодите, вклучително со информациите за новите пломби, соодветно се евидентираат од страна на надлежниот орган со заверка на рубриката Ѓ од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД.

Целосен или делумен истовар

Кога во случај на непосредна опасност е потребно итно делумно или целосно истоварање на транспортното средство, превозникот без одлагање ги информира надлежните органи и ги врши потребните евидентирања во рубриката 56 од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД.Царината ја заверува рубриката Е од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД. Но, доколку во текот на патувањето се менува само влекачот (без претовар или постапување со стоката), во рубриката 56 од ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД се внесуваат регистерскиот број и националноста на новиот влекач. Во овој случај не е неопходна заверка од страна на надлежните органи.

Незгода или несреќен случај

Надлежниот царински орган мора веднаш да биде информиран во случај на други незгоди или несреќи кои можат да влијаат на способноста на главниот обврзник или превозникот во исполнувањето на нивните обврски.

Раздвоена пратка

Било кое раздвојување на пратката мора да се врши под царинска контрола и транзитната постапка мора да биде прекината За секој дел од пратката мора да се пополни нова транзитна декларација.

3.2. Формалности во транзитната испостава

Во овој пододдел се даваат информации за:

- транзитната испостава (пододдел 3.2.1);
- формалностите во транзитната испостава (пододдел 3.2.2.)
- промената на транзитната испостава (пододдел 3.2.3.);
- постапување во случај на неправилности (пододдел 3.2.4).

3.2.1. Транзитна испостава

Транзитна испостава е царинска испостава којашто се наоѓа во точка на влез или на излез. Следнава табела ги задава разните можности за заедничкиот транзит и транзитот на Заедницата.

	Заеднички транзит	Транзит на Заедницата
Точка на влез	- во договорна страна	- во царинското подрачје на Заедницата кога стоката во текот на транзитната постапка го има поминато подрачјето на трета земја,
Точка на излез	- од договорна страна кога пратката го напушта царинското подрачје на таа договорна страна во текот на транзитна операција преку граница помеѓу таа договорна страна и трета земја.	- од царинското подрачје на Заедницата кога пратката го напушта тоа подрачје во текот на транзитна операција преку граница помеѓу земја-членка и и трета земја којашто не е земја на ЕФТА.

Со цел олеснување на движењето на стоката со статус на стока на Заедницата помеѓу различни делови од царинското подрачје на Заедницата при што стоката треба да премине подрачје на трета земја којашто не е земја на ЕФТА, земјите членки ќе се заложат, во онаа мера во која дозволуваат локалните услови, покрај нивните царински испостави кои се наоѓаат на надворешната граница на Заедницата да воспостават посебни ленти за контрола на стоката со статус на стока на Заедницата којашто движи со

царински документ издаден во друга земја-членка.

Контролата на таквата стока се ограничува на преглед на доказот за статус на стока на Заедницата и доколку е неопходно, на завршувањето на транспортната операција, под услов околностите на таа операција да не бараат подетален преглед.

Во случаите кога со горенаведената контрола не се откриени било какви неправилности, се дозволува пратката да продолжи кон своето одредиште.

3.2.2. Формалности во транзитната испостава

ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД, заедно со стоката, се става на увид на секоја транзитна испостава. Транзитната испостава може да изврши преглед на стоката кога тоа се смета за потребно.

ЦАРИНА

Транзитната испостава:

- го проверува печатот за резервната постапка на ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД,
Стандарднара гаранција за транзитната постапка е поединечна гаранција којашто опфаќа едно единствено транзитно движење.

Сепак, под одредени услуви, на трговското друштво може да му биде одобрено да употребува општа гаранција или изземање од гаранција за покривање на неколку транзитни движења. Повеќе детали за општата гаранција и за изземањето од гаранција може да се најдат во Дел III.

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

3.2. Употреба на посебни товарници

Член 62, Додаток I и Прилог А11 Додаток III од Конвенцијата

Надлежните органи можат на главните обврзници да им одобрат да употребуваат посебни товарници коишто не се во согладсност со сите стандардни барања за товарници.

Прилог 37г, точка 23 и Прилог 44а од УСЦЗЗ

За да се издаде ова одобрение товарниците мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. мора да бидат изготвени од страна на фирми коишто за водење на нивната евиденција употребуваат интегриран електронски систем или систем за автоматска обработка на податоци;
2. мора да бидат дизајнирани и пополнети на таков начин што надлежните органи ќе можат без потешкотии да ги употребуват;
3. мора да исполнуваат низа други критериуми, согласно претставеното во Прилог 8.1.

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

3.3. Употреба на пломби од посебен вид

Член 63, Додаток I од Конвенцијата

Член 386 од УСЦЗЗ

Надлежните органи можат на главните обврзници да им одобрат да употребуваат пломби од посебен вид за нивните транспортни средства или колети.

Прилог II Додаток I од Конвенцијата

Прилог 46А од УСЦЗЗ

Пломбите од посебен вид мора да ги имаат карактеристиките опишани во пододдел 3.8.4 од Поглавје 2, Дел IV.

Овластениот испраќач, чие одобрение пропишува дека идентификацијата на стоката се врши со пломбирање, не мора да бара посебно одобрение за употреба на пломби од посебен вид.

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

ЦАРИНА

Во одобрението се наведуваат карактеристиките на пломбите.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Во рубриката Г од ЕЦД, „Контрола од појдовна испостава“, наспроти насловот „ставени пломби“, главниот обврзник внесува:

- производител;
- вид;
- број

на ставените пломби.

Пломбите се стават најдоцна во времето на пуштање на стоката.

3.4. Изземање во однос на пропишаниот правец на движење

Член 64 Додаток I Конвенција

Член 387 од УСЦЗЗ

Надлежните органи можат на главните обврзници да им одобрат изземање од пропишаниот правец на движење доколку тие можат да обезбедат дека царинските органи ќе можат во кое било време и со сигурност да утврдат на кое место се наоѓаат пратките.

Главниот обврзник треба во неговото барање да посочи на кој начин ќе ги следи неговите пратки (на пример со употреба на GPS систем, систем на следење и пронаоѓање (tracking and tracing), други средства за комуникација, итн.)

Доколку барателот е имател на одобрение за употреба на гаранција во намален износ, тој се квалификува за ова одобрение доколку може да докаже дека владее со транспортните операции. Ова може, меѓу другото, да се докаже и со:

а) самостојно извршување на транспортната операција применувајќи високи безбедносни стандарди, или

б) употреба на превозник со којшто има склучено договор за долгорочна соработка и кој обезбедува услуги коишто ги исполнуваат високите безбедносни стандарди, или

в) употреба на посредник којшто е договорно обврзан спрема превозник кој обезбедува услуги коишто ги исполнуваат високите безбедносни стандарди.

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

ЦАРИНА

Одобрението во најмала рака пропишува дека имателот на одобрението ќе ги презема неопходните мерки за надлежните органи да можат во кое било време и со сигурност да утврдат на кое место се наоѓаат пратките.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Главниот обврзник го внесува следново во рубриката 44 од ЕЦД: «Изземање од пропишан правец на движење»

3.5. Овластен испраќач

Овој пододдел е поделен на следниот начин:

– вовед (пододдел 3.5.1);
– одобрение (пододдел 3.5.2);
– постапки (пододдел 3.5.3)

3.5.1 Вовед

Дефиниција

Член 65, Додаток I од Конвенцијата

Член 398 од УСЦЗЗ

Овластен испраќач е лице кое е овластено од страна на надлежните органи да извршува транзитни операции без ставање на увид на стоката и соодветната транзитна декларација во појдовната испостава.

На овластениот примач му се дозволува извршување на следниве формалности:

- издавање транзитни декларации;

- пломбирање на транспортните средства или колетите;
- испорака на стоката без царинска интервенција

Овластениот испраќач е и главен обврзник.

3.5.2. Одобрение

Член 66 Додаток I од Конвенцијата Член 399 од УСЦЗЗ

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2, освен ако не е поинаку утврдено во текстот подолу.

За да се стекне со статус на овластен испраќач, трговското друштво мора да ги исполнува општите услови (види пододдел 2.1) и да има одобрение за употреба на општа гаранција или изземање од гаранција (види Дел III, пододдел 4).

За да може на надлежните органи да им се овозможи да вршат првични проценки, потребно е барањето да содржи што е можно повеќе информации за следново:

- проценетиот број на пратки во тек на една недела;
- видот на предметната стока;
- видот на транспортот што ќе се употребува;
- место(а) на поаѓање.

Надлежниот орган може од барателот да побара да ги обезбеди сите дополнителни детали или придружни документи неопходни за обработка на барањето.

Член 71Додаток I од Конвенцијата

Член 37г од УСЦЗЗ

Администрацијата на имателот на одобрението мора да биде организирана на таков начин што овозможува лесно поврзување на информациите за стоката во транзитната

декларација со информациите во товарните листови, фактурите итн. Од посебно значење се информациите за бројот и видот на колетите и видот и количината на стоката, како и нејзиниот царински статус.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

ЦАРИНА

Одобрението го содржи следново:

1. појдовната/ите испостава/и одговорна/и за идните транзитни операции;
2. како и каде овластениот испраќач треба да ја информира појдовната испостава за идните транзитни операции со цел таа да може да ги изведе неопходните контроли пред поаѓањето на стоката;
3. мерките за идентификација, во којшто случај наделжните органи може да пропишат транспортните средства или колетите да носат пломби од посебен вид одобрени од надлежните органи;
4. категории или движења на стоки коишто се исклучени од одобрението.

3.5.3 Постапки

3.5.3.1 НКТС

Овластениот испраќач ја следи истата онаа постапка опишана во Дел IV, пододдел 1, точка 3, освен за следниве поедноставувања:

- не мора да ја става стоката на увид на појдовната испостава.
- може да располага со стоката откако ќе истече пропишаниот тајмер (рок)

Тој треба да ги исполни следниве обврски:

- во моментот на поднесување на декларацијата стоката мора сеуште да биде под негова контрола во неговите простории,
- мора во рубриката Г да го внесе бројот и количината на пломби ставени од негова страна,
- во случај на контрола тој мора да обезбеди дека стоката ќе биде ставена на располагање на царината.

При употребата на поедноставените постапки, трговското друштво мора да ги исполнува сите договорени обврски и услови утврдени во неговото одобрение.

3.5.3.2. Резервна постапка – потврдување на транзитната декларација (ЕЦД)

Во случај на проблеми со системот, овластениот испраќач мора да стапи во контакт со надлежниот орган и да побара дозвола за употреба на резервната постапка.

Откако ќе добие дозвола, овластениот испраќач може да употребува ЕЦД, испечатено ЕЦД или ТПД. Во рубриката Г го наведува бројот и количината на ставените пломби и неговиот одобрен печат. И црвениот печат за резервната постапка мора јасно да се стави на овој хартиен документ со којшто стоката ќе се придружува до нејзиното одредиште.

Доколку се донесе одлука да се премине кон употреба на резервна постапка, важно е да се обезбеди **поништување** на сите внесени, но заради падот на системот, необработени декларации во НКТС.

Член 67 Додаток I од Конвенцијата

Член 400

Кај поедноставената постапка за овластен испраќач постојат два начини за заверување на ЕЦД: 1. претходна заверка од страна на царината, 2.Заверка од страна на

УСЦЗЗ

овластениот испраќач. Одобрението утврдува кој метод треба да го употребува овластениот испраќач.

1. Царината може однапред да ги завери листовите од ЕЦД со ставање на отпечаток од печатот од појдовната испостава, потпис и име на царинскиот службеник во рубриката В.

Потоа, овластениот испраќач во рубриката В го става датумот на кој е испорачана стоката и на ЕЦД му доделува број согласно правилата зададени во одобрението.

Претходно заверените ЕЦД-а се претходно нумерирани во последователен редослед и се евидентираат во царинската испостава.

Сите ЕЦД – БИС или товарници коишто ги придружуваат претходно заверените ЕЦД-а мора, исто така, да бидат претходно заверени.

2. Овластениот испраќач употребува посебен метален печат и отпечатокот од овој печат го става во рубриката В од ЕЦД (примерок на печатот е даден во прилог 8.3).

Прилог В1, Додаток III од Конвенцијата

Печатот се става на листовите 1, 4 и 5 од ЕЦД, како и на сите листови од ЕЦД-БИС или товраниците.

Прилог 62 од УСЦЗЗ

Бројот на ЕЦД се наведува во рубриката 3 од посебниот печат. Бројот може да биде однапред испечатен, истовремено со печатот, и во неговиот отпечаток. Одобрението пропишува дека задавањето на бројот мора да биде во рамки на неиспрекината низа.

Печатот може да биде однапред отпечатен на ЕЦД. Трговските друштва кои сакаат да го употребуваат методот со претходно печатење треба да употребуваат печатарска куќа одобрена од надлежните органи од земјата во која е регистриран овластениот испраќач.

Царинските органи можат на овластените испраќачи да им одобрат пополнување на ЕЦД-а со употреба на техники за обработка на податоци. Во таков случај отпечатокот од посебниот печат испечатен со компјутер може во мала мера да се разликува од пропишаното во прилог 8.3, посебно во однос на димензиите.

Забелешка: Италијанските и француските царински органи употребуваат посебен метален печат. Отпечатоците од овие печати се репродуцирани во прилог 8.4.

Член 68 од Додаток I од Конвенцијата

Член 401 од УСЦЗЗ

Овластените испраќачи ќе ги преземат сите неопходни мерки за безбедно чување на посебниот печат или на однапред заверените или претходно испечатените ЕЦД-а, со цел да се избегне нивна злоупотреба, губење или кражба и истите ќе ги стават на увид на царината доколку тоа се побара.

Царината може да изврши дополнителна проверка, после царинење, за да утврди дали овластениот испраќач ги има преземено сите неопходни мерки за безбедно чување на посебниот печат и на обрасците на кои е ставен печатот од појдовната испостава или посебниот печат.

Член 70 Додаток I од Конвенцијата

Прилог 37г, точки 26-29 од

Доколку ЕЦД коешто содржи посебен печат е изготвено со употреба на интегриран електронски систем или систем за автоматска обработка на податоци, надлежниот орган

УСЦЗЗ

може на овластениот испраќач да му одобри да не го потпишува.

Овластените испраќачи кои се стекнуваат со вакво одобрение во рубриката 50 од ЕЦД ги внесуваат зборовите „Изземено од потпис“.

Изземањето е предмет на услов овластениот испраќач претходно да има поднесено до царинските органи писмена обврска во која се обврзува да биде главен обврзник за сите транзитни операции коишто се изведуваат со ЕЦД коешто го носи посебниот печат.

3.5.3.2.1. Мерки за идентификација

Одобрението утврдува кои мерки треба да се преземаат и дали истите треба да се применуваат од страна на овластениот испраќач или од страна на појдовната испостава.

Доколку овластениот испраќач мора да ги пломбира транспортните средства или колетите, пломбите коишто треба да се употребуваат за таа намена мора да бидат одобрени од царината.

Прилог II, Додаток I Конвенција

Прилог 46А од УСЦЗЗ

Пломбите од посебен вид мора да се во согласност со карактеристиките за пломби опишани во пододдел 3.8.2 од поглавје 2, Дел IV.

Царината може да го изземе барањето за употреба на пломби во случај кога овластениот испраќач обезбедува доволно прецизен опис на стоката со којшто се овозможува лесна идентификација на количината и природата на стоката.Во случаите кога

пломбите не се потребни, овластениот испраќач во рубриката Г од ЕЦД по зборовите „ставени пломби“ внесува „изземање“.

Одобрението наведува во кои околностите не се употребуваат пломби и во кои околности треба да се употребуваат други мерки за идентификација.

3.5.3.2.2. Поаѓање на стоката

Член 71 Додаток I. од Конвенцијата

Овластениот испраќач го пополнува ЕЦД не подоцна од времето на испорачување на стоката.

Член 402 од УСЦЗЗ

Овластениот испраќач ја известува царината, како што е наведено во одобрението, за сите следни транзитни операции, со цел надлежните органи да можат, доколку е неопходно, да извршат проверки пред пуштањето на стоката.

Информациите што се пренесуваат до царината го вклучуваат следново:

- деталите за транзитната декларација,
- датумот и времето на поаѓање на стоката и деталите за пломбите коишто ќе се стават, доколку е применливо,
- вообичаениот трговски опис на стоката, вклучително со шифра од хармонизираниот систем, доколку е потребно,
- броеви на дозволите и/или други неопходни документи, доколку е потребно.

Општо земено, периодот во кој овластениот испраќач може да ја испрати стоката соодветствува на работното време на локалната царинска испостава.

Сепак, имајќи ги предвид индивидуалните активности на одредени компании, надлежните органи можат во одобрението да вклучат одредба со која може да се дозволи испорака на стока надвор од работното време на соодветната испостава.Покрај тоа, царинските управи можат на овластените испраќачи кои испорачуваат стока согласно утврден распоред (утврдени денови и часови), да им дозволат деталите за таквиот распоред да ги испраќаат до соодветната царинска испостава. Царината може да го изземе испраќачот од обврската за давање информации за секое испраќање на пратката и да ги изземе интервенциите од појдовната испостава. Без да е во спротивност со правото на царинските органи да им одобруваат на овластените испраќачи да им доставуваат на царинските органи предвремени известувања за транзитните операции по пат на телефон, факс, електронска пошта или друга информациска технологија, се охрабрува употребата на модерни техники за пренос на податоци.

Член 69 Додаток I од Конвенцијата

Член 402 од УСЦЗЗ

Доколку царинските органи не ја проверуваат пратката пред нејзиното поаѓање, овластениот испраќач ќе го внесе следново, не подоцна од поаѓањето на стоката:

- деталите за пропишаниот правец на движење (само кога се бара за стока со зголемен ризик од измама, или кога царинските органи или главниот обврзник тоа го сметаат за потребно) во рубрика 44 од листот бр. 1 од ЕЦД;
- зборовите „изземено од потпис“, доколку е применливо, во рубрика 50 од листот бр. 1 од ЕЦД; и,
- во рубриката Г од листот бр. 1 од ЕЦД,

1. временскиот рок во кој стоката мора да се стави на увид на одредишната испостава (мора да се внесе датум, а не број на денови); и,
2. деталите за употребените пломби (или зборот „изземање“, онаму кадешто е применливо);
3. зборовите „овластен испраќач“; и
4. печат со кој се посочува на употребата на резервната постапка.

   Дел V, Поглавје 1, прилог 8.1 го содржи печатот за резервната постапка на различни јазици.

Доколку царинските органи од појдовната испостава вршат контрола на пратката, тие тоа го забележуваат во рубриката Г од ЕЦД.

Листовите со број 4 и 5 од ЕЦД му се даваат на превозникот. Овластениот испраќач го задржува листот бр. 1.

Член 69
Додаток I
од
Конвенцијата

Член 402(3)
од УСЦЗЗ

По поаѓањето на стоката, овластениот испраќач ѝ го испраќа листот бр. 1 од ЕЦД на појдовната испостава, без одлагање и во рокот утврден во одобрението.

ЦАРИНА

Појдовната испостава

- го задржува листот бр. 1 од ЕЦД;
- ги проверува последователните броеви на ЕЦД-ата (однапред заверените ЕЦД-а

коишто не се искористени ѝ се враќаат на царината).

3.6 Овластен примач

Овој пододдел е поделен на следниов начин:

– вовед (пододдел 3.6.1);
– одобрение (пододдел 3.6.2);
– постапки (пододдел 3.6.3).

3.6.1 Вовед

Општо правило е тоа дека стоката ставена во транзитна постапка се става на увид на одредишната испостава заедно со соодветните транзитни декларации.

Сепак, одобрението за овластен примач му овозможува на имателот на одобрението да прима стока во неговите простории или било кои други одобрени места, без стоката и листовите бр. 4 и 5 да се стават на увид на одредишната испостава.

3.6.2 Одобрение

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2, освен ако не е поинаку утврдено во текстот подолу.

За да се стекне со статус на овластен примач, трговското друштво мора да ги исполнува општите услови (види

пододдел 2.1)

Одобрението за овластен примач може да се додели само доколку трговското друштво, покрај другите услови, за комуникација со царинските органи применува техника на обработка на податоци.

За да може на надлежните органи да им се овозможи да вршат првични проценки, потребно е барањето да содржи што е можно повеќе информации за следново:

- проценетиот број на примени пратки во тек на една недела;
- видот на предметната стока;
- видот на транспортот што се употребува;
- место(а) на пристигнување.

Администрацијата на имателот на одобрението мора да биде организирана на таков начин што овозможува лесно поврзување на информациите за стоката во транзитната декларација со информациите во посед на имателот на одобрението, со цел царината да може да изведе контрола на движењето на стоката. Од посебно значење се информациите за количината и видот на пратките и видот и количината на стоката, како и нејзиниот царински статус.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

ЦАРИНА
Одобрението посебно го содржи следново: 1. одредишната/ите испостава/и одговорна за надзор над овластениот примач;

2. како и каде овластениот примач треба да ја информира одредишната испостава за пристигнувањето на стоката со цел таа да може да ги изведе неопходните контроли;
3. дали примачот е овластен за отстранување на ставените пломби, доколку ги има;
4. категории или движења на стоки коишто се исклучени од одобрението;
5. дали се потребни било какви активности на одредишната испостава пред овластениот примач да може да располага со примената стока.

3.6.3. Постапки

3.6.3.1. НКТС

Овластениот примач ја следи истата онаа постапка опишана во Делот IV, поглавје 4, точка 3, освен за следниве обврски коишто мора да ги исполни (последователна низа):
- не мора да ја стави стоката на увид на одредишната испостава.,
- по приемот на стоката во неговите простории тој мора да ја испрати пораката „Известување за пристигнување“ (IE007) до одредишната испостава посочувајќи ги евентуалните манипулирања или губења на пломби,
- мора да почека да истече тајмерот (временскиот рок) и да

ја прими пораката „дозвола за истовар“ (IE043) и да ѝ даде

на царината можност за проверка на целокупниот товар пред да се истовари стоката,
- мора да ја провери и истовари стоката,
- до одредишната испостава ќе ја испрати пораката „забелешки за истовар” (IE044).

3.6.3.2. Резервна постапка

Во случај на резервна постапка овластениот примач треба, по пат на договорените средства, да го информира надлежниот орган за пристигнувањето на движење во резервна постапка. Тој може да ја истовари стоката во неговите простории откако ќе добие дозвола за истовар од одредишната испостава.

Мора да ја наведе и состојбата на пломбите, шифрата за резултатот од контрола и да го стави неговиот печат за одобрението на ЕЦД, испечатениот ЕЦД или ТПД и да го достави документот во одредишната испостава што е можно поскоро, но не подоцна од следниот работен ден.

3.6.3.2.1. Потврда на прием

Член 72(2) и (3), Додаток I од Конвенцијата

Член 406(2) и (3) од УСЦЗЗ

На барање на превозникот, овластениот примач издава потврда за секоја пратка којашто е донесена во неговите простории или во местото посочено во одобрението. Стоката му се става на увид на овластениот примач, со пломби во првобитната состојба, во рамките на пропишаниот временски рок заедно со листовите бр. 4 и 5 од ЕЦД. Потврдата е во форма на:

- примерокот ТЦ11 од Додаток III, Прилог А13 од Конвенцијата/Прилог 47 од УСЦЗЗ; или,
- делот за кинење на задната страна на листот бр. 5 од ЕЦД.

Барателот ја пополнува потврдата пред да му ја достави на овластениот примач.

3.6.3.2.2. Пристигнување на стоката

Овластениот примач мора да ја информира одредишната испостава за пристигнувањето на стоката согласно

условите пропишани во одобрението со цел надлежните органи да можат да извршат контрола, доколку е неопходно, пред пуштањето на стоката.

Информациите што се пренесуваат до царината го вклучуваат следново:
- деталите за транзитната декларација,
- датумот и времето на пристигнување на стоката и состојбата на пломбите, доколку е применливо,
- вообичаениот трговски опис на стоката, вклучително со шифра од хармонизираниот систем, доколку е потребно,
- детали за вишоците или кусоците во количината, заменувањето на стока или други неправилности, како на пример скинати пломби.

Општо земено, периодот во кој овластениот примач може да ја прима стоката соодветствува на вообичаеното работно време на локалната царинска испостава. Сепак, имајќи ги предвид индивидуалните активности на одредени компании, надлежните органи можат во одобрението да вклучат одредба со која може да се дозволи стоката којашто пристигнува надвор од работното време на соодветната испостава да може да се ослободи во рамки на поедноставена постапка. Покрај тоа, царинските управи можат на овластените примачи кои примаат стока согласно утврден распоред (утврдени денови и часови), да им дозволат деталите за таквиот распоред да ги испраќаат до соодветната царинска испостава. Царината може да го изземе примачот од обврската за давање информации за пристигнувањето на секоја пратка и да му дозволи да располага со стоката во времето на пристигнување на истата без интервенции од појдовната испостава.

Забелешка: одредишната испостава мора да биде веднаш информирана за сите оние случаи во кои се утврдени вишоци или кусоци во количината, заменување на стока или други неправилности, како на пример скинати пломби.

Доколку царинските органи одлучат да ја прегледаат стоката, овластениот примач не смее истата да ја истоварува/отстранува. Доколку царинските органи одлучат да не ја прегледуваат стоката, на овластениот примач ќе му се дозволи да ја истовари/отстрани стоката.

Без да е во спротивност со правото на царинските органи да им одобруваат на овластените примачи да им доставуваат на царинските органи предвремени известувања за пристигнувањето на стоката по пат на телефон, факс, електронска пошта или друга информациска технологија, се охрабрува употребата на модерни техники за пренос на податоци.

Доколку царинските органи не ја проверуваат пратката при нејзиното пристигнување, овластениот испраќач ќе го внесе следново:

- во левата подрубрика од рубрика I од листовите со број 4 и 5 од ЕЦД и, доколку е потребно, во евиденцијата за пристигнувања,
1. датумот на пристигнување; и,
2. состојбата на ставените пломби.

Забелешка: втората подрубрика од рубриката I е резервирана за внесови од одредишната испостава.

Овластениот примач без одлагање ги препраќа листовите бр. 4 и 5 од ЕЦД до одредишната испостава.

ЦАРИНА

Во однос на:

- евидентирањето, контролата и забележувањето во ЕЦД,- враќањето на листот бр. 5 до појдовната испостава,- постапувањето со неправилности; евентуални проверки итн.,

одредбите од делот IV се применуваат *мутатис мутандис.*

3.7 Стока којаштпо се превезува со железница или со големи контејнери (Резервирано)

3.8 Стока којаштпо се превезува по воздушен пат

Овој пододдел е поделен на следниов начин:

- вовед (пододдел 3.8.1.)
- поедноставена постапка од ниво 1 (пододдел 3.8.2)
- поедноставена постапка од ниво 2 (пододдел 3.8.3)
- посебни случаи (пододдел 3.8.4)

3.8.1 Вовед

Членови 111 и 112, Додаток I од Конвенцијата

Членови 444 и 445 од УСЦЗЗ

При превезувањето на стока по воздушен пат, транзитната постапка *ќе се* употребува онаму кадешто се применливи правилата на транзитот на Заедницата, а *ќе биде изборна* онаму кадешто се применуваат правилата на заедничкиот транзит.За превоз на стока по воздушен пат не е потребна гаранција. Се смета дека воздушниот превоз е безбеден и дека, освен во случај на грабнување или несреќа, биваат исполнети условите за превоз, од поаѓањето до пристигнувањето.Поедноставените постапки (од ниво 1 и 2) им се достапни на авиокомпании кои ги исполнуваат условите пропишани во ставот 3.8.2 , односно 3.8.3 (покрај општите услови). Поедноставувањето вклучува употреба на манифестот за стока како транзитна декларација, било во хартиена форма (ниво 1) или во електронска форма (ниво 2).Авиокомпанијата којашто ги применува поедноставените постапки за воздушен транспорт станува главен обврзник и може да ги извршува транзитните формалности со употреба на манифестот за стока како транзитна декларација.Авиокомпаниите коишто сакаат да го употребуваат манифестот за стока како транзитна декларација треба однапред да ги известат засегнатите аеродроми од земјите на Заедницата/ЕФТА.Списокот на аеродроми во земјите на Заедницата/ЕФТА може да се најде

во прилог 8.5.Манифестот за стока употребен како царинска транзитна декларација треба да се разликува од комерцијалниот манифест или збирниот манифест.Се напоменува дека транзитот по воздушен пат секогаш може да се изведе со транзитна декларација на ЕЦД (т.е.стандардната транзитна постапка).Аеродромот на утовар е појдовен аеродром, додека аеродромот на истовар е одредишен аеродром.

3.8.2. Поедноставена постапка од ниво 1

Член 111 Додаток I, од Конвенцијата

Член 444 од УСЦЗЗ

Поедноставената постапка од ниво 1 подразбира дека на авиокомпанијата ѝ се дозволува употреба на (хартиен) манифест за стока како транзитна декларација.Употребениот манифест за стока суштински одговара на примерокот од Додаток 3 од Прилог 9 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство.Карактеристично за ова поедноставување е тоа што стоката ставена во различни транзитни постапки мора да биде наведена на одделни манифести коишто ќе послужат како транзитни декларации за секоја соодветна постапка. Оттука, на пример, еден лет може да биде покриен со три манифести:

1. вообичаениот комерцијален манифест (којшто ја опфаќа сета стока натоварена на авионот); и,
2. манифест за стока којшто служи како транзитна декларација со наведување на онаа стока којашто е ставена во Т1 транзитна постапка; и,
3. манифест за стока којшто служи како транзитна

декларација со наведување на онаа стока којашто е ставена во T2F (или T2*) транзитна постапка.

*) ова може да се примени во заедничкиот транзит.

3.8.2.1. Одобрение за поедноставена постапка од ниво 1

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2, освен ако не е поинаку утврдено во текстот подолу.

Барањето се поднесува до надлежните органи во земјата во која е регистрирана авиокомпанијата.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

Секогаш кога авиокомпанијата ќе посака да промени еден или повеќе аеродроми, таа ќе поднесе ново барање до надлежните органи во земјата во која е регистрирана авиокомпанијата.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Во барањето авиокомпанијата треба да ги наведе следниве информации:

1. формата на манифестот
2. имињата на појдовните аеродроми вклучени во постапката
3. имињата на одредишните аеродроми вклучени во постапката

ЦАРИНА

Поедноставена постапка од ниво 1.

Содржината на одобрението вклучува:

- формата на манифестот,
- имињата на појдовните и одредишните аеродроми вклучени во

постапката;

- условите за употреба на поедноставената постапка, вклучително со барањето за употреба на посебни манифести за стока за постапките Т1, Т2 * и Т2F.

* ова може да се применува во заедничкиот транзит.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Од авиокомпанијата се бара до царинските органи од секој именуван аеродром да испрати заверена копија од одобрението.Одобрението издадено за поедноставувањето од ниво 1 се става на увид секогаш кога тоа ќе го побара појдовната испостава.

3.8.2.2. Употреба на поедноставената постапка од ниво 1

Манифестот за стока мора да ги содржи следниве информации:

- царинскиот статус на стоката, Т1, Т2 *) или Т2F, зависно од потребата;
- потпис на овластениот застапник на авиокомпанијата и датум;
- име на авиокомпанијата којашто ја превезува стоката;
- број на летот;
- датум на летот;
- име на појдовен аеродром (на утовар) и на одредишен аеродром (на истовар)

и за секоја пратка внесена на манифестот треба да се вклучат следниве информаци:

- бројот на авионскиот товарен лист;

- бројот на колети;
- вообичаениот трговски опис на стоката вклучувајќи ги и сите податоци потребни за нејзина идентификација или, доколку е соодветно, забелешката „консолидација“ којашто може да се стави и во облик на кратенка (истоветно со групирање). Во такви случаи авионските товарни листови за пратките од манифестот го опфаќаат вообичаениот трговски опис на стоката, како и сите податоци потребни за нејзина идентификација;
- бруто маса.

*) Ознаката „T2“ може да се применува на манифести изготвени во заедничката транзитна постапка.

Доколку авионската компанија не е овластен испраќач, тогаш на царинските органи во појдовниот аеродром за заверка им се доставуваат најмалку два примерока од манифестот/ите.

ЦАРИНА во појдовниот аеродром

Го заверува манифестот/ите со името и печатот од царинската испостава, датумот на заверка и потписот на царинскиот службеник
Задржува по еден примерок од секој манифест.

Во одредишниот аеродром, авиокомпанијата, доколку нема статус на овластен примач, стоката и примерок од манифестот/ите употребен/и како транзитна/и декларација/ии ги става на увид на царинската испостава.

Одредишната испостава може, за контролни цели, да

побара да се стават на увид манифестите (или авионските товарни листови) за сета истоварена стока.

Забелешка за Заедницата: Стоката со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во интерна транзитна постапка на Заедницата (T2, T2F), има право на слободно натамошно движење кон одредиштето во Заедницата, доколку не постои основано сомнение во однос на статусот на стоката при пристигнувањето во одредишниот аеродром.
Стоката со статус на стока на Заедницата којашто е декларирана за извоз и којашто не се движи во транзитна постапка се идентификува согласно членот 793 (5) од УСЦЗЗ (вообичаено со заверката „Извоз“ во црвена боја на транспортниот документ).

ЦАРИНА на одредишниот аеродром Задржува по еден примерок од секој поднесен манифест.

Царинските органи од одредишниот аеродром не мораат да ги враќаат примероците од манифестот до царинските органи на појдовниот аеродром. Раздолжувањето на транзитната операција се врши врз основа на месечни списоци изготвени од страна на авиокомпанијата.

ТРГОВСКО ДРУШТВО Авиокомпанијата, или нејзиниот застапник на одредишниот аеродром, на почетокот на секој месец изготвува список на манифести коишто биле ставени на увид на царинските органи од одредишниот аеродром во текот на претходниот

месец. Овој список ги содржи следниве информации:

- повикувачкиот број за секој манифест;
- соодветната ознака T1, T2 или T2F;
- името (може да биде и во скратена форма) на авиокомпанијата којашто ја превезувала стоката;
- бројот на летот;
- датумот на летот.

Забелешка: посебен список се изготвува за секој појдовен аеродром.

ЦАРИНА

Одредишната испостава заверува примерок од списокот со манифести подготвен од авиокомпанијата и го испраќа до појдовната испостава.

Во согласност со одредишната испостава, на авиокомпанијата може да ѝ се овозможи до појдовната испостава да испраќа месечни списоци со манифести.

Појдовната испостава треба да обезбеди дека се примени списоците потребни за поедноставената постапка од ниво 1.

Доколку се утврдени неправилности во врска со податоците во манифестите наведени во списокот, одредишната испостава ја информира појдовната испостава и органот којшто го издал одобрението. Ова особено се однесува на авионските товарни листови за предметната стока.

3.8.2.3. Ниво 1 – посебни случаи

Авионските товарни листови за стока којашто веќе се

движи во транзитна постапка (документ за транзит на Заедницата/заеднички транзит, АТА карнет, образецот 302 на НАТО, итн.), се вклучени на комерцијалните манифести за стока, но не се појавуваат на манифестите за стока кои се употребуваат како транзитна декларација. Авионските товарни листови за таквата стока ќе содржат повикувања на транзитната постапка којашто се употребува (број на документот, датум и испостава на поаѓање). Главен обврзник е имателот на одобрението за таа постапка.

Долуприкажаниот шематски приказ ја објаснува поедноставената постапка за воздушен транспорт од ниво 1.

Поедноставена постапка – ниво 1

Авион


Манифест за стока на авионот, за сета стока
Авиокомпанијата пополнува 2 примерока од секој вид на манифест за заверка од страна на царинските органи во појдовниот аеродром. Царината задржува еден примерок
Манифест Т1 за стоката без статус на стока на Заедницата
Манифест Т2F за стока којашто патува кон, од или помеѓу едно од подрачјата од членот 340в (1) од УСЦЗЗ
Авиокомпанијата поднесува по еден примерок од секој манифест до царинските органи на одредишниот аеродром. Царината задржува еден примерок

3.8.3. Поедноставена постапка од ниво 2

Член 112 Додаток I од Конвенцијата

Поедноставената постапка од ниво 2 подразбира дека на авиокомпанијата ѝ се дозволува употреба на единствен (електронски) манифест за стока како транзитна декларација за покривање на стока ставена во повеќе транзитни постапки.

Член 445 од УСЦЗЗ

Поедноставувањето од ниво 2 може да им се додели на авиокомпании коишто изведуваат значителен број на летови помеѓу земјите членки и/или земјите на ЕФТА и коишто за пренос на информации помеѓу појдовните и одредишните аеродроми употребуваат системи на електронска размена на податоци (ЕРП).

3.8.3.1. Одобрение за поедноставена постапка од ниво 2

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2, освен ако не е поинаку утврдено во текстот подолу.

Барањето се поднесува до надлежните органи во земјата во која е регистрирана авиокомпанијата или во која има регионална канцеларија.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Во барањето авиокомпанијата треба да ги наведе следниве информации:

1. формата на манифестот
2. опис на активностите (обем на сообраќај, вид на поврзување)

3. имињата на појдовните аеродроми вклучени во постапката
4. имињата на одредишните аеродроми вклучени во постапката

Доколку надлежните органи од земјата во која е поднесено барањето се задоволни по разгледувањето на истото, тие ќе ги известат надлежните органи од земјите членки од Заедницата и/или земјите на ЕФТА во кои се наоѓаат аеродромите наведени во барањето и ќе побараат нивна согласност. Кон известувањето се приложува примерок од барањето.

Истовремено, тие од авиокомпанијата ќе побараат да ги советува нивните канцеларии во одредишните аеродроми да стапат во контакт со царинските органи на секој засегнат аеродром и да ги известат за употребата на манифестите и технологијата на размена на податоци (на пр. SITA, PELICAN).

По приемот на примерокот од барањето, надлежните органи во одредиштето ќе ги известат царинските органи на нивните аеродроми да очекуваат да биде стапено во контакт со нив. Надлежните органи во одредишните аеродроми заедно со локалните канцеларии на предметната авиокомпанија ќе разгледаат дали се исполнети условите за употреба на поедноставената постапка од ниво 2 (посебно во однос на системот за размена на податоци, пристапот на царината до системот, местото за контрола на стоката, местото за контрола на администрацијата на авиокомпанијата, и, доколку е потребно, претставникот на авиокомпанијата).

По завршувањето на процесот на консултации, царинските органи од одредишниот аеродром ќе ги

известат нивните надлежни органи за тоа дали аеродромот ги поседува потребните услови за употреба на технологијата за обработка на податоци предложена од страна на предметната авиокомпанија и дали авиокомпанијата ги задоволува горенаведените критериуми.

Надлежните органи од земјата на намена ќе ги известат надлежните органи од земјата на поаѓање за нивното целосно или условно одобрување на барањето во рок од шеесет дена од денот на прием на известувањето. Потоа, доколку се исполнети (ако ги има) критериумите и условите од земјата на намена, надлежните органи од земјата во која е упатено барањето ќе го издадат одобрението.

Ако во рок од шеесет дена од датумот на известување не се добијат никакви приговори, царинските органи од земјата на поаѓање ќе ја одобрат употребата на поедноставената постапка од ниво 2. Но доколку надлежниот орган од некоја земја која била консултирана смета дека барателот не ја употребува редовно транзитната постпака во таа земја, тогаш одобрението нема да ја содржи таа земја. Доколку консултирана земја одбива да се издаде одобрение врз основа на третиот општ услов (сериозни или повторени прекршоци), таа треба да ги наведе основите и соодветните законски одредби во однос на сторениот/ите прекршок/ци. Во вториов случај, органите од земјата во која е поднесено барањето нема да издадат одобрение и ќе ги наведат причините за отфрлањето на барањето поднесено од авиокомпанијата.

Царинските органи од појдовната испостава ќе издадат одобрение на авиокомпанијата во согласност со примерокот од Прилог 8.6. Поедноставувањата се однесуваат како на дојдовни, така и на појдовни летови.

Одобрението има важност во засегнатите земји и се применува само на транзитни операции помеѓу засегнатите аеродроми.

Одобрението за поедностеваната постапка од ниво 2 се става на увид секогаш кога тоа го бара појдовната испостава.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

Секогаш кога авиокомпанијата сака да промени еден или повеќе аеродроми, таа треба да поднесе ново барање до надлежните органи од земјата во која е регистрирана.

ЦАРИНА
Содржината на одобрението за поедноставена постапка од ниво 2 (согласно примерокот од Прилог 8.6): - имињата на појдовните и одредишните аеродроми вклучени во постапката; - услови за одобрување на употребата на единствен компјутеризиран манифест во својство на транзитна дкекларација.

3.8.3.2 Употреба на поедноставената постапка од ниво 2

Манифестот за стока е документот изготвен од страна на

авиокомпанијата при поаѓање на воздухопловот. Тоа е документот со којшто се потврдува реалниот утовар на стоката на воздухопловот. Ги содржи следниве информации:

- Соодветната ознака T1, T2, TF, TD, C, F, или X наспроти соодветното наименување на манифестот (повеќе детали се дадени подолу)
- името на авиокомпанијата која ја превезува стоката;
- бројот на летот;
- датумот на летот;
- името на појдовниот аеродром (на утовар) и на одредишниот аеродром (на истовар)

и за секоја пратка внесена на манифестот треба да се вклучат следниве информаци:

- бројот на авионскиор товарен лист;
- бројот на колети;
- вообичаениот трговски опис на стоката вклучувајќи ги и сите податоци потребни за нејзина идентификација или, доколку е соодветно, забелешката „консолидација“ која што може да се стави и во облик на кратенка (истоветно со групирање). Во такви случаи авионските товарни листови за пратките од манифестот го опфаќаат вообичаениот трговски опис на стоката, како и сите податоци потребни за нејзина идентификација;
- бруто масата.

Ознаките T1, T2, TF, TD, C, F и X се употребуваат за да се означат соодветните наименувања на манифестот на следниов начин:

Ознака	Заеднички транзит	Транзит на Заедницата
T1	Стока ставена во надворешна транзитна постапка T1	Стока ставена во надворешна транзитна постапка T1
T2	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка T2	--
TF	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка T2	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка на Заедницата којашто патува кон, од или помеѓу едно од подрачјата од членот 340в (1) од УСЦЗЗ
TD	Стоката веќе е ставена во транзитна постапка *	Стоката веќе е ставена во транзитна постапка, или се превезува во постапка на увоз за облагородување, царинско складирање или привремен увоз *
C (еднакво на T2L)	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка и чијшто статус може да се докаже
F (еднакво на T2LF)	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка	--
X	Стока со статус на стока на Заедницата наменета за извоз и којашто не е ставена во транзитна постапка	Стока со статус на стока на Заедницата наменета за извоз и којашто не е ставена во транзитна постапка

* Во ваквите случаи авиокомпанијата ги внесува и буквите „TD“ во соодветниот авионски товарен лист, како и повикување на употребената постапка, повикувачкиот број и датумот на транзитната декларација или документот за трансфер и името на испоставата која ги издала. Се напоменува дека за транзитната постапка е одговорен главниот обврзник кој ја потпишал транзитната декларација на поаѓање, а не авиокомпанијата.

Забелешка за Заедницата: За да се овозможи најголема можна мера на слободно и непречено движење на стоката којашто има статус на стока на Заедницата, показателот за статус „C“ на манифестот овозможува стоката слободно да се движи понатаму кон нејзиното одредиште во Заедницата доколку доказот за нејзиниот статус се чува во деловната евиденција на операторот во

појдовниот аеродром и доколку нема основано сомнение во однос на статусот на стоката при пристигнување во одредишниот аеродром. Сепак, одредишните царински органи имаат можност да го проверат декларираниот статус на стоката како стока на Заедницата со примена на соодветни дополнителни контроли основани на анализа на ризик, и во однос на документи и настани поврзани со царинските органи од појдовниот аеродром, доколку тоа е потребно.

Освен доколку националните прописи предвидуваат подолг период, авиокомпанијата ќе чува запис за статусот на сите пратки во својата комерцијална евиденција три години плус периодот од почетокот на тековната година. Овие записи може да се чуваат на хартија, микрофиш или компјутер.

Манифестот на појдовниот аеродром, којшто се пренесува по пат на технологија на размена на податоци, станува манифест на одредишниот аеродром.

Авиокомпанијата на барање на надлежните органи во појдовниот/ите аеродром/и ќе им стави на увид испечатена верзија од манифестот за размена на податоци, ако ова не е веќе направено во текот на процесот на размена на податоци.

Заради контрола, сите авионски товарни листови коишто се однесуваат на пратките наведени во манифестот мора да стават на располагање на надлежните органи.

Транзитната постапка се смета за завршена тогаш кога манифестот за размена на податоци е поднесен и стоката

е ставена на располагање на царинската испостава на одредишниот аеродром.

Царинските органи во појдовниот аеродром извршуваат накнадни ревизии во системот за размена на податоци врз основа на анализа на ризик.

Царинските органи во одредишниот аеродром извршуваат ревизиски проверки на системот врз основа на воочен ризик, и доколку е неопходно информациите од манифестите за размена на податоци ги испраќаат за верификација до царинските органи во појдовниот аеродром. Верификацијата се прави со употреба на документот ТЦ21А (види Прилог 8.7 од Дел IV, поглавје 5).

Авиокомпанијата е одговорна за идентификување и известување на царинските органи во однос на сите неусогласености или неправилности откриени во одредишниот аеродром, посебно ако тие се откриени како резултат на проверки извршени од страна на авиокомпанијата или пак се појавени во работниот извештај (вишок или кусок), со посебна напомена на авионскиот товарен лист за предметната стока.
Царинските органи од одредишниот аеродром во најбрз можен рок ги известуваат царинските органи од појдовниот аеродром, како и органот кој го издал одобрението, за сите прекршоци и неправилности, со посебна напомена на авионскиот товарен лист за предметната стока.

Царинските органи мора да имаат постојан пристап до информациите содржани во системите за обработка на

податоци во посед на авиокомпаниите кои ја применуваат поедноставената постапка.

Шематскиот приказ подолу ја објаснува поедноставената постапка за воздушен транспорт од ниво 2.

Поедноставена постапка – ниво 2 (пример за транзит на Заедницата)



3.8.3.3 Посебни ситуации за ниво 2 (примена на шифрата С)

Кога поедноставената транзитна постапка од ниво 2 се употребува за превоз на стока во транзит, употребата на шифрата „С" за превоз на стока со статус на Заедницата по воздушен пат е следнава.

1. Пример I

ЗЧ----------->ЗЧ

Нема сомневање дека шифрата е „С" (за стока чиј статус на стока на Заедницата може да се докаже).

2. Пример II

ЗЧ----------->ЕФТА

Нема сомневање дека шифрата е Т2.

3. Пример III

Воздухоплов А Воздухоплов А

ЗЧ----------->ЕФТА----------->ЗЧ

(без претовар)

Во овој случај се прифаќа употребата на шифрата „С".

4. Пример IV

ВоздухопловА Воздухоплов Б

ЗЧ----------->ЕФТА----------> ЗЧ

(со претовар)

Во овој случај мора да се имаат предвид следниве принципи:

- За воздухоплов А

- Авионскиот товарен лист се изготвува на сосема ист начин како за директен лет помеѓу две земји членки.
- Манифестот го покажува појдовниот аеродром од ЗЧ (утовар), одредишниот аеродром за летот (ЕФТА) и конечниот одредишен аеродром во ЗЧ (истовар).
- Претоварот од воздухопловот А во воздухопловот Б

обично се врши во период од неколку часа, под царинска контрола.

- За воздухопловот Б

- Не е потребен дополнителен авионски товарен лист.
- Новиот манифест го прикажува појдовниот аеродром (земја на ЕФТА на утовар), почетниот појдовен аеродром од ЗЧ (утовар) и конечниот одредишен аеродром во ЗЧ (истовар).

Последици за шифрирањето

Од претходното објаснува јасно произлегува дека предметната стока е опфатена со единствен договор за превоз. Понатаму, сите неопходни информации им се на располагање на надлежните органи во земјите членки на крајна намена со кои можат да го утврдат точното место на поаѓање (утовар).

Авиокомпаниите од ЕФТА на располагање за употреба ги имаат сите шифри, доколку се овластени за употреба на постапката. Важно е да се примени точната шифра уште во појдовниот аеродром (утовар), таа да не бива променета од страна на друга авиокомпанија и да е на располагање на одредишниот аеродром (истовар).

ЗАКЛУЧОК

Шифрата „С“ (еднаква на T2L) се употребува на следниов начин:

Воздухоплов А „С“ Воздухоплов Б „С“

ЗЧ ---------->ЕФТА---------- ЗЧ (претовар)

под услов:

да е јасно дека штом шифрирањето е веќе утврдено од страна на засегнатата авиокомпанија во појдовниот аеродром (утовар) тоа веќе не може да се промени од страна на друга авиокомпанија,

- системите за размена на податоци на авиокомпаниите

да може соодветно да се прилагодуваат и да ја обезбедуваат потребната заштита против злоупотреби, и

- да се испочитувани условите зададени во (пример IV), Воздухоплов А.

3.8.4 Посебни случаи (ниво 1 / ниво 2)

3.8.4.1. Збирни пратки („консолидации“)

Постојат два вида на збирни пратки во воздушниот превоз:

1. Збирни пратки на пратките од страна на авиокомпанијата:Во овој случај авиокомпанијата сама го посочува статусот на стоката наспрема секој ред во манифестот за стока;

2. Збирни пратки како предмет на договор помеѓу испраќачот и консолидаторот:Овој договор е познат како домашен авионски товарен лист (HAWB).

Превозот на консолидираната пратка во нејзина целост се врши според договорот помеѓу консолидаторот и авиокомпанијата. Овој договор е познат како „Мастер авионски товарен лист“. Консолидирањето е предмет на консолидациски манифест, којшто претставува аналитички збир на сите колети содржани во консолидираната пратка со повикувања на домашниот авионски товарен лист за секоја пратка. Оттука, неопходно е да се прави разлика помеѓу консолидацискиот манифест за збирната стока и манифестот за стока на авиокомпанијата што се употребува како транзитна декларација.

Доколку согласно поедноставените постапки за ниво 1 и ниво 2, авиокомпанијата транспортира консолидирана пратка со Мастер авионски товарен лист, се прифаќа дека таа не ја знае содржината на домашните авионски товарни листови изготвени од страна на консолидаторот. Во такви случаи авиокомпанијата може да прифати консолидирани пратки за испорака во рамките на поедноставените постапки од ниво 1 или ниво 2 доколку:

- консолидаторот се обврзе статусот на поединечните пратки да го држи на ниво на домашен авионски товарен лист,
- консолидациските манифести да ги содржат информациите зададени во Додаток 3 од Прилог 9 кон Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство,
- домашните авионски товарни листови да се на располагање за царинска контрола на поаѓање и во одредиштето,
- консолидациските манифести да се означени за соодветниот статус, види подолу,
- авиокомпанијата да биде известена за највисокиот статус на консолидацискиот манифест. Редоследот на статусот е следниов: T1, T2, T2F (TF), TD, C, F, X.

Ознаките T1, T2, T2F (TF), TD, C, F или X се употребуваат за означување на релевантните наименувања на консолидацискиот манифест на следниов начин:

Ознака	Заеднички транзит	Транзит на Заедницата

T1	Стока ставена во надворешна транзитна постапка T1	Стока ставена во надворешна транзитна постапка T1
T2	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка T2	--
T2F _____ TF	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка T2	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка на Заедницата којашто патува кон, од или помеѓу едно од подрачјата од членот 340в (1) од УСЦЗЗ
TD	Стока која веќе е ставена во друга транзитна постапка *	Стоката веќе е ставена во транзитна постапка, или се превезува во постапка на увоз за облагородување, царинско складирање или привремен увоз *
C (еднакво на T2L)	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка и чијшто статус може да се докаже
F (еднакво на T2LF)	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка	--
X	Стока со статус на стока на Заедницата наменета за извоз и којашто не е ставена во транзитна постапка	Стока со статус на стока на Заедницата наменета за извоз и којашто не е ставена во транзитна постапка

* Кога стоката која веќе е ставена во формална транзитна постапка (на пр. транзит на Заедницата, ТИР карнет, АТА карнет, НАТО образец 302, итн.) е вклучена во консолидирана пратка, наименувањето се обележува со шифрата „TD“; Понатаму домашниот авионски товарен лист се кодира со „TD“ и содржи повикување на реалната засегната постапка и повикувачкиот број, датумот и појдовната испостава на транзитната декларација.

Доколку авиокомпанијата употребува поедноставена постапка ниво 1, консолидацијата ја наведува под шифрата „консолидација“ или прифатената кратенка на манифестот на авиокомпанијата којашто одговара на највисокиот статус наведен на консолидацискиот манифест (редоследот на статусот е„T1“„T2“, „T2F“).

Пример:

Доколку консолидацискиот манифест содржи T1, T2 и T2F стока, овој манифест ќе биде вклучен во манифестот T1.

Доколку на авиокомпанијата ѝ е одобрено да употребува манифести за размена на податоци во поедноставената постапка од ниво 2, доволна е шифрата „Консолидација“ или прифатената кратенка.

Следуваат примери на групирање во поедноставените постапки од ниво 1 и ниво 2.

Поедноставена постапка од ниво 1



Забелешка: манифестите бр. 3 и 5 не се однесуваат на транзитни постапки (бр. 3) или транзитни постапки за кои овој главен обврзник е декларант (бр. 5).

Поедноставена постапка од ниво 2



Сите консолидациски манифести, домашни авионски товарни листови и авионски манифести мора да бидат ставени на располагање на надлежните органи во појдовниот аеродром на нивно барање.

Сите консолидациски манифести за, домашни авионски товарни листови и авионски манифести се доставуваат до надлежните органи во одредишниот аеродром, на нивно барање, кои потоа изведуваат

соодветни контроли врз основа на информациите од консолидациските манифестите.

Освен за случаите означени со „TD” (поедноставена постапка од ниво 2), авиокомпанијата постапува како главен обврзник за стоката ставена во транзитна постапка, и оттука, во случај на неправилности, таа ја сноси сета одговорност за движењето. Односот помеѓу авиокомпанијата и консолидаторот е предмет на приватен комерцијален договор.

Приказ

Приказот за групирањето во воздушниот транспорт е дадено во прилог 8.7.

3.8.4.2 Транспорт од страна на превозници за брза испорака

Доколку самата компанија за брза испорака истовремено делува и како авиокомпанија, таа може да побара одобренија за поедноставените постапки од ниво 1 и ниво 2 опишани во ставовите 3.8.2 и 3.8.3.

Барањето за поедноставена постапка од ниво 2 се поднесува, доколку е можно, во земјата во која се наоѓа дистрибутивниот центар на компанијата за брза испорака.

Кога станува збор транспорт исклучиво на стока на Заедницата, компанијата за брза испорака не мора ниту да изготвува манифест за царински потреби, ниту да го утврдува царинскиот статус на стоката.

Од друга страна, кога станува збор за стока којашто потпаѓа под опсегот на транзитната постапка, предметната компанија за брза испорака подлежи на одредбите за поедноставени транзитни постапки за авиокомпании.Доколку компанијата за брза испорака истовремено делува и како авиокомпанија и има одобрение за употреба на поедноставена постапка од ниво 1, зависно од статусот на превезуваната стока, таа ќе изготвува посебни манифести кога тоа е потребно.Доколку компанијата за брза испорака истовремено делува и како авиокомпанија и има одобрение за употреба на поедноставена постапка од ниво 2, таа ќе состави манифест и наспроти секое наименување ќе го наведе и царинскиот статус на стоката.Во случај кога два или повеќе авионски превозници/компании за брза испорака делумно закупуваат воздухоплов, тогаш секоја од овие компании може да настапува како авиокомпанија.

Онаму каде компанијата за брза испорака не настапува како авиокомпанија и за превоз на стоката склучува договор со друга авиокомпанија, може да се јават две различни сценарија:

- ако авионскиот товарен лист опфаќа една пратка, тогаш компанијата за брза испорака ќе го назначи царинскиот статус на стоката на авионскиот товарен лист;
- ако авионскиот товарен лист опфаќа повеќе пратки, се применуваат правилата за групирање во воздушниот транспорт утврдени во 3.8.4.1.

Принципите коишто треба да се имаат предвид кога

брзите пратки се транспортират од страна на авиопревозник се следниве:

а) доставувачот патува како обичен патник,б) брзите пратки се наведени на манифестот на авиопревозникот/компанијата за брза испорака,в) авиокомпанијата ги превезува пратките како вишок багаж, обично во багажниот простор на воздухопловот,г) прекумерниот багаж не се појавува на манифестот на авиокомпанијата, ид) таквите пратки се надвор од опсегот на членот 323 од УСЦЗЗ.

3.9 Стока превезувана на брод

Овој пододдел е поделен на следниов начин:

- вовед (пододдел 3.9.1)
- поедноставена постапка од ниво 1 (пододдел 3.9.2)
- поедноставена постапка од ниво 2 (пододдел 3.9.3)
- посебни случаи (пододдел 3.9.4)

3.9.1 Вовед

Употребата на транзитната постапка на Заедницата е задолжителна, онаму каде тоа е соодветно, за превозот по море со овластен редовен бродски превоз (види Дел II за повеќе информации за овластениот редовен бродски превоз).

Во таков случај потребна е примена на стандардната транзитна постапка со употреба на ЕЦД (листови 1, 4, 5) и обезбедување на гаранција.Поедноставените транзитни постапки (ниво 1 и ниво 2) им се достапни на бродските компании кои извршуваат овластен редовен превоз и ги исполнуваат условите зададени во ставовите 3.9.2 или 3.9.3 (покрај општите услови од пододдел 2.1). Поедноставувањето вклучува употреба на манифестот за стока како транзитна декларација, или одвоено за секоја категорија на стока (ниво 1) или за сите категории стока ставени во транзитна постапка (ниво 2).Манифестот за стока употребен како царинска транзитна декларација треба да се разликува од комерцијалниот манифест или

манифестот за групирање.

Член 446 од УСЦЗЗ

Бродската компанија станува главен обврзник за предметните движења, бива обврзана со прописите за транзит и го употребува манифестот како транзитна декларација.Бродската компанија не мора да обезбедува гаранција доколку употребува поедноставена постапка .

Појдовното пристаниште е пристаниште на утовар, одредишното пристаниште е пристаниште на истовар.

3.9.2. Поедноставена постапка од ниво 1

Член 447 од УСЦЗЗ

Поедноставената постапка од ниво 1 подразбира дека на бродската компанија ѝ се дозволува употреба на манифест за стока како транзитна декларација.

Карактеристично за ова поедноставување е тоа што доколку транспортната операција вклучува стока ставена во транзитна постапка на Заедницата (Т1) и стока ставена во интерна транзитна постапка на Заедницата (Т2F), мора за секоја категорија на стока да бидат изготвени одделни манифести.

Освен тоа, мора да има и комерцијален манифест којшто ќе ги опфати сите стоки натоварени на пловилото.

3.9.2.1 Одобрение за поедноставена постапка од ниво 1

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2, освен ако не е поинаку утврдено во текстот подолу.

Бродската компанија којашто сака да употребува поедноставена постапка од ниво 1 поднесува барање за одобрение до надлежните органи во земјата во која е регистрирана.

Царинските органи издаваат одобрение коешто е во согласност со примерокот од прилог 8.8.

За поништување или измена на одобрението види пододдел 2.3.

Секогаш кога бродската компанија ќе посака да промени едно или повеќе пристаништа, таа ќе поднесе ново барање до надлежните органи во земјата во која е регистрирана.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Во барањето бродската компанија треба да ги наведе следниве информации:

1. формата на манифестот,
2. имињата на појдовните пристаништа вклучени во постапката,
3. имињата на одредишните пристаништа вклучени во постапката.

ЦАРИНА

Содржина на одобрението (во согласност со прилог 8.8.):

- формата на манифестот,
- имињата на појдовните и одредишните пристаништа вклучени во постапката.-

условите за употреба на поедноставената постапка, вклучително со барањето за употреба на посебни манифести за стока за постапките Т1 и Т2F.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Од бродската компанија се бара до царинските органи од секое именувано пристаниште да испрати заверена копија од одобрението.

Одобрението издадено за поедноставувањето од ниво 1 се става на увид секогаш кога тоа ќе го побара појдовната испостава.

3.9.2.2. Употреба на поедноставената постапка од ниво 1

Манифестот за стока мора да ги содржи следниве информации:

- царинскиот статус на стоката, Т1 или Т2F, зависно од потребата;
- потписот на овластениот застапник на бродската компанија и датум;
- името и целосната адреса на бродската компанија;
- идентитетот на пловилото кое ја превезува стоката;
- појдовното пристаниште (утовар);
- одредишното пристаниште (истовар);

и за секоја пратка:

- бројот на бродскиот товарен лист;
- број, вид, обележја и броеви за идентификација на колети;
- вообичаениот трговски опис на стоката вклучувајќи ги и сите податоци потребни за

нејзина идентификација

- бруто масата во килограми, и
- доколку е потребно, броевите за идентификација на контејнери;

Доколку бродската компанија не е овластен испраќач, тогаш на царинските органи во појдовното пристаниште (утовар) за заверка им се доставуваат најмалку два примерока од манифестот што се употребува како транзитна декларација.

ЦАРИНА во појдовно пристаниште
Го заверува манифестот со името и печатот од царинската испостава, датумот на заверка и потписот на царинскиот службеник Задржува по еден примерок од секој поднесен манифест.

Во одредишното пристаниште (истовар), бродската компанија, доколку нема статус на овластен примач, стоката и примерок од манифестот/ите употребен/и како транзитна/и декларација/ии ги става на увид на царинската испостава.Одредишната испостава може, за контролни цели, да побара да се стават на увид манифестите за стока (или бродските товарни листови) за сета истоварена стока.

Стоката со статус на стока на Заедницата којашто не е предмет на интерна транзитна постапка на Заедницата (T2F), има право на слободно натамошно движење кон одредиштето во Заедницата доколку не постои основано сомнение во однос на статусот на стоката при пристигнувањето во одредишното пристаниште.

Стоката со статус на стока на Заедницата којашто е

декларирана за извоз и којашто не се движи во транзитна постпка се идентификува согласно членот 793 (5) од УСЦЗЗ (вообичаено со заверката „Извоз“ во црвена боја на транспортниот документ).

ЦАРИНА на одредишното пристаниште

Задржува по еден примерок од секој поднесен манифест.

Одредишната испостава не мора да ги враќа примероците од манифестот до појдовната испостава. Раздолжувањето на транзитната операција се врши врз основа на месечни списоци изготвени од страна на бродската компанија.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Бродската компанија или нејзиниот застапник на одредишното пристаниште на почетокот на секој месец изготвува список на манифести кои биле ставени на увид на одредишната царинска испостава во текот на претходниот месец. Овој список ги содржи следниве информации:

- повикувачкиот број за секој манифест;
- соодветната ознака T1 или T2F;
- името (кое може да биде и во скратена форма) на бродската компанија која ја превезувала стоката;
- датум на морската транспортна операција.

Забелешка: за секое појдовно пристаниште се изготвува посебен список

ЦАРИНА

Одредишната испостава заверува примерок од списокот со манифести подготвен

од бродската компанија и го испраќа до појдовната испостава.

Одобрението може, исто така, да предвиди бродските компании самите да го пренесуваат списокот до појдовната испостава.

Појдовната испостава треба да обезбеди дека се примени списоците потребни за поедноставената постапка од ниво 1.
Доколку се утврдени неправилности во врска со податоците во манифестите кои се наведени во списокот, одредишната испостава ја информира појдовната испостава и органот којшто го издал одобрението. Ова особено се однесува на бродските товарни листови за предметната стока.

Подолу претставениот графички приказ ја отсликува поедноставената постапка од ниво 1 за морски сообраќај.

Поедноставена постапка од ниво 1




Манифест T1 за стока без статус на стока на Заедницата
Манифест T2F за стока којашто патува кон, од или помеѓу едно од подрачјата од членот 340в (1) од УСЦЗЗ
Бродската компанија поднесува по еден примерок од секој манифест до царинските органи на одредишното пристаниште. Царината задржува еден примерок.

3.9.2.3. Примери

Пример 1

Данкерк/Ротердам, на одобрен редовен превоз

- Нормална транзитна постапка: задолжителна гаранција

Транзитната постапка на Заедницата е задолжителна за стока без статус на стока на Заедницата. Се издава декларација Т1 (листови 1, 4 и 5 од ЕЦД) и се обезбедува гаранција.

За стоката на Заедницата којашто подлежи на акцизни давачки се употребува посебен акцизен придружен документ (АПД).Забелешка: Стоката со статус на стока на Заедницата се наоѓа во слободен промет, и оттука не е потребна постапката за транзит на Заедницата. Стоката се наведува на комерцијалниот манифест за стока.

- Поедноставена транзитна постапка од ниво 1: не е потребна гаранција

Транзитната постапка на Заедницата е задолжителна за стока без статус на стока на Заедницата. Се изготвува (посебен) манифест со ознаката „Т1“, и тој треба да послужи како транзитна декларација. За стоката на Заедницата којашто подлежи на акцизни давачки се употребува посебен акцизен придружен документ (АПД).Забелешка: Стоката со статус на стока на Заедницата се наоѓа во слободен промет, и оттука не е потребна постапката за транзит на Заедницата. Стоката

се наведува на комерцијалниот манифест за стока.

Пример 2

Ле Авр/Форт де Франс, одобрен редовен превоз

- Нормална транзитна постапка: задолжителна гаранција

Транзитната постапка на заедницата е задолжителна за:

- стока без статус на стока на Заедницата: се издава декларација Т1 (листови 1, 4 и 5 од ЕЦД) и се поднесува гаранција.
- одредена стока со статус на стока на Заедницата (Член 340в од УСЦЗЗ): се издава транзитна декларација Т2F (листови 1, 4 и 5 од ЕЦД) и се поднесува гаранција.

- Поедноставена транзитна постапка од ниво 1: не е потребна гаранција

Транзитната постапка на Заедницата е задолжителна за:

- стока без статус на стока на Заедницата: се изготвува (посебен) манифест со ознаката „Т1“, и тој треба да послужи како транзитна декларација за стоката без статус на Заедницата.
- одредена стока со статус на стока на Заедницата (вклучително со стока којашто подлежи на акцизни давачки): се изготвува (посебен) манифест со ознаката „Т2F” и тој треба да послужи како транзитна декларација за стоката со статус на Заедницата.

3.9.3 Поедноставена постапка од ниво 2

Член 448 од УСЦЗЗ

Поедноставената постапка од ниво 2 подразбира дека на бродската компанија ѝ се дозволува употреба на единствен манифест за стока (во хартиена или електронска форма) како транзитна декларација за стока ставена во повеќе транзитни постапки.

Поедноставувањето од ниво 2 може да им се додели на меѓународни бродски компании коишто се регистрирани или имаат регионални канцеларии во Заедницата и кои изведуваат значителен број на патувања помеѓу земјите членки.

3.9.3.1 Одобрение за поедноставена постапка од ниво 2

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2, освен ако не е поинаку утврдено во текстот подолу.

Барањето се поднесува до надлежните органи во земјата во која е регистрирана бродската компанија или во која има регионална канцеларија.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Во барањето бродската компанија треба да ги наведе следниве информации:

1. формата на манифестот;
2. опис на активностите (обем на сообраќај, вид на поврзување);
3. имињата на појдовните пристаништа вклучени во постапката;

4. имињата на одредишните пристаништа вклучени во постапката.

Доколку надлежните органи од земјата во која е поднесено барањето се задоволни по разгледувањето на истото, тие ќе ги известат надлежните органи од земјите членки од Заедницата и/или земјите на ЕФТА во кои се наоѓаат пристаништата наведени во барањето и ќе побараат нивна согласност.

Истовремено, тие од бродската компанија ќе побараат да ги советува нивните канцеларии во одредишните пристаништа да стапат во контакт со царинските органи на секое засегнато пристаниште и да ги известат за употребата на манифестите.

По приемот на примерокот од барањето, надлежните органи во одредиштето ќе ги известат царинските органи на именуваните пристаништа да очекуваат да биде стапено во контакт со нив. Надлежните органи во одредишните пристаништа заедно со локалните канцеларии на предметната бродска компанија ќе разгледаат дали се исполнети условите за употреба на поедноставената постапка од ниво 2.

По завршувањето на процесот на консултации, царинските органи од одредишното пристаниште ќе ги известат нивните надлежни органи за тоа дали бродската компанија ги исполнува горенаведените критериуми.

Надлежните органи од земјата на намена ќе ги известат надлежните органи од земјата на поаѓање за нивното целосно или условно одобрување на барањето во рок од шеесет дена од денот на прием на известувањето. Потоа, доколку се исполнети (ако ги има) критериумите и

условите од земјата на намена, надлежните органи од земјата во која е упатено барањето ќе го издадат одобрението.

Ако во рок од шеесет дена од датумот на известување не се добијат никакви приговори, царинските органи од земјата на поаѓање ќе ја одобрат употребата на поедноставената постапка од ниво 2. Но доколку надлежниот орган од некоја земја која била консултирана смета дека барателот на ја употребува редовно транзитната постпака во таа земја, тогаш одобрението нема да ја содржи таа земја. Доколку консултирана земја одбива да се издаде одобрение врз основа на третиот општ услов (сериозни или повторени прекршоци), таа треба да ги наведе основите и соодветните законски одредби во однос на сторениот/ите прекршок/ци. Органите од земјата во која е поднесено барањето нема да издадат одобрение и ќе ги наведат причините за отфрлањето на барањето поднесено од бродската компанија.

Царинските органи од појдовното пристаниште на

бродската компанија ќе ѝ издадат одобрение за употеба на

поедноставената постапка од ниво 2. Поедноставувањето се однесува како на дојдовни, така и на појдовни патувања.

Одобрението има важност во засегнатите земји членки и се применува само на операции на транзит на Заедницата помеѓу пристаништа на кои се однесува.

Одобрението за поедностеваната постапка од ниво 2 се става на увид секогаш кога тоа го бара појдовната испостава.

Доколку бродската компанија сака да употребува електронски манифест, постапката за одобрение за поедноставена постапка од ниво 2 за воздушен транспорт (види пододдел 3.8.3.) се применува *мутатис мутандис*.
За поништување или менување на одобрение види пододдел 2.3.

Секогаш кога бродската компанија сака да промени едно или повеќе пристаништа, таа треба да поднесе ново барање до надлежните органи од земјата во која е регистрирана.

ЦАРИНА Содржина на одобрението (во согласност со прилог 8.8): - имињата на појдовните и одредишните пристаништа вклучени во постапката-условите за употреба на единствен манифест (во хартиена или електронска форма) како транзитна декларација.

3.9.3.2 Употреба на поедноставената постапка од ниво 2

Бродската компанија во манифестот ги внесува следниве информации:

- соодветната ознака T1, TF, TD, C или X наспроти соодветното наименување на манифестот (види

повеќе информации подолу);

- потписот на овластениот застапник на бродската компанија и датум;
- името и целосната адреса на бродската компанија;
- идентитетот на пловилото кое ја превезува стоката;
- местото на утовар;
- местото на истовар;

и за секоја пратка:

- повикување на бродскиот товарен лист;
- број, вид, обележја и броеви за идентификација на колети;
- вообичаениот трговски опис на стоката вклучувајќи ги и сите податоци потребни за нејзина идентификација
- бруто масата во килограми, и
- доколку е потребно, броевите за идентификација на контејнери;

Ознаките T1, TF, TD, C и X се употребуваат за означување на соодветните наименувања на манифестот на следниов начин:

Ознака	
T1	Стока ставена во надворешна транзитна постапка T1 на Заедницата
TF	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка на Заедницата којашто патува кон, од или помеѓу едно од подрачјата од членот 340в(1) од УСЦЗЗ
TD	Стоката веќе е ставена во транзитна постапка, или се превезува во постапка на увоз за облагородување, царинско складирање или привремен увоз *
C (еднакво на T2L)	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка и чијшто статус може да се докаже
X	Стока со статус на стока на Заедницата наменета за

	извоз и којашто не е ставена во транзитна постапка

* Во ваквите случаи бродската компанија ги внесува и буквите „TD“ во соодветниот бродски товарен лист, како и повикување на употребената постапка, повикувачкиот број и датумот на транзитната декларација или документот за трансфер и името на испоставата која ги издала. Се напоменува дека за транзитната постапка е одговорен главниот обврзник кој ја потпишал транзитната декларација на поаѓање, а не бродската компанија.

Доколку бродската компанија не е овластен испраќач, тогаш на царинските органи во појдовното пристаниште за заверка им се доставуваат најмалку два примерока од манифестот што се употребува како транзитна декларација.

ЦАРИНА во појдовно пристаниште

Го заверува манифестот со името и печатот од царинската испостава, датумот на заверка и потписот на царинскиот службеник
Задржува еден примерок од манифестот, или,Бара испечатен електронски манифест, доколку таков не е веќе доставен.

Транзитната постапка се смета за завршена тогаш кога манифестот и стоката се ставени на увид на царинските органи на одредишното пристаниште.

За да се овозможи најголема можна мера на слободно и непречено движење на стоката којашто има статус на стока на Заедницата, показателот за статус „C“ на манифестот овозможува стоката слободно да се движи понатаму кон нејзиното одредиште во Заедницата доколку доказот за нејзиниот статус се чува во деловната евиденција на операторот во појдовното пристаниште и доколку нема основано сомнение во однос на статусот на стоката при пристигнување во одредишното

пристаниште.

Сепак, одредишните царински органи имаат можност да го проверат декларираниот статус на стоката како стока на Заедницата со примена на соодветни дополнителни контроли основани на анализа на ризик, и во однос на документи и настани поврзани со царинските органи од појдовното пристаниште, доколку тоа е потребно.

Освен доколку националните прописи предвидуваат подолг период, бродската компанија ќе чува запис за статусот на пратките во својата комерцијална евиденција три години плус периодот од почетокот на тековната година. Овие записи може да се чуваат на хартија, микрофиш или компјутер.

Бродската компанија е одговорна за идентификување и известување на царинските органи во однос на сите неусогласености или неправилности откриени во одредишното пристаниште, посебно ако тие се откриени како резултат на проверки извршени од страна на бродската компанија или пак се појавени во работниот извештај (вишок или кусок), со посебна напомена на бродскиот товарен лист за предметната стока.

Одредишната царинска испостава во разумен рок ја информира појдовната испостава за сите прекршоци и неправилности, со посебна напомена на бродскиот товарен лист за предметната стока. За оваа намена се употребува документот ТЦ21А (примерок е даден во Прилог 8.7 од Дел IV, поглавје 5).

Царинските органи во појдовното пристаниште вршат

дополнителни контроли по царинењето основани на анализа на ризик.

Царинските органи во одредишното пристаниште извршуваат ревизиски проверки врз основа на воочен ризик, и доколку е неопходно информациите од манифестите ги испраќаат за верификација до царинските органи во појдовното пристаниште. За таа намена се употребува ТЦ21А (види Прилог 8.7 од Дел IV, поглавје 5).

Царинските органи мора да имаат постојан пристап до информациите содржани во комерцијалната евиденција на бродските компании кои ја применуваат поедноставената постапка.

Шематскиот приказ подолу ја објаснува поедноставената постапка за поморски транспорт од ниво 2.

Поедноставена постапка – ниво 2



3.9.3.3. Примери

Пример 1

Данкерк/Ротердам, на одобрен редовен превоз

- Нормална транзитна постапка: задолжителна гаранција

Транзитната постапка на заедницата е задолжителна за стока без статус на стока на Заедницата. Се издава декларација Т1 (листови 1, 4 и 5 од ЕЦД) и се обезбедува гаранција.

За стоката на Заедницата којашто подлежи на акцизни давачки се употребува посебен акцизен придружен документ (АПД).Забелешка: Стоката со статус на стока на Заедницата се наоѓа во слободен промет, и оттука не е потребна постапката за транзит на Заедницата. Стоката се наведува на комерцијалниот манифест за стока.

- Поедноставена транзитна постапка од ниво 2: не е потребна гаранција

Царинскиот статус на стоката се наведува на манифестот. Шифрите што треба да се употребуваат на манифестот се дадени во пододдел 3.9.3.2.

За стоката на Заедницата којашто подлежи на акцизни давачки се употребува посебен акцизен придружен документ (АПД).

Пример 2

Ле Авр/Форт де Франс, одобрен редовен превоз

- Нормална транзитна постапка: задолжителна гаранција

Транзитната постапка на заедницата е задолжителна за:

- стока без статус на стока на Заедницата: се издава транзитна декларација (листови 1, 4 и 5 од ЕЦД) и се поднесува гаранција.
- одредена стока со статус на стока на Заедницата (Член 340в од УСЦЗЗ): се издава T2F (листови 1, 4 и 5 од ЕЦД) и се поднесува гаранција.

- Поедноставена транзитна постапка од ниво 2: не е потребна гаранција

Царинскиот статус на стоката се наведува на манифестот. Шифрите што треба да се употребуваат на манифестот се дадени во пододдел 3.9.3.2.

Пример 3.

Данкерк/Лисабон, на одобрен редовен превоз

- Нормална транзитна постапка: задолжителна гаранција

Транзитната постапка на Заедницата е задолжителна за стока без статус на стока на Заедницата. Се издава декларација Т1 (листови 1, 4 и 5 од ЕЦД) и се поднесува гаранција.

Контролниот лист Т5 се употребува за стока со статус на Заедницата за субвенциониран извоз. Во таков случај образецот Т5 мора да се стави на увид на царинските органи во пристаништето на излез од Заедницата. Во овој пример пристаниште на излез е Лисабон.

Забелешка: Стоката со статус на стока на Заедницата се наоѓа во слободен промет, и оттука не е потребна постапката за транзит на Заедницата. Стоката се наведува на комерцијалниот манифест за стока.

- Поедноставена транзитна постапка од ниво 2: не е потребна гаранција

Царинскиот статус на стоката се наведува на манифестот. Шифрите што треба да се употребуваат на манифестот се дадени во пододдел 3.9.3.2. Во овој случај симболот „X“ се употребува за стока со статус на Заедницата за субвенциониран извоз.

Листот T5 мора да се стави на увид на царинските органи во пристаништето на излез од Заедницата. Во овој пример пирстаниште на излез е Лисабон.

3.9.4 Посебни случаи (ниво 1/ниво 2)

3.9.4.1. Групирање

Кога повеќе пратки со стока транспортирани по море се консолидираат во групна пратка, секое наименување во рамките на групната пратка е предмет на договор помеѓу испраќачот и консолидаторот. Овој договор се докажува со испратница (eng. consignment note, CN), со шпедитерски бродски товарен лист како што е бродскиот товарен лист одобрен од Меѓународната федерација на шпедитери (FIATA), или друг комерцијален договор како што е договорено помеѓу испраќачот и

консолидаторот.Морскиот транспорт на групната пратка во нејзина целост се врши според договорот помеѓу консолидаторот и бродската компанија. Овој договор се докажува со бродскиот товарен лист на превозникот, морскиот товарен лист или друг трговски документ договорен и прифатен од страна на бродската компанија и консолидаторот.

Понатаму, групирањето на пратката е и предмет на манифест на групирање подготвен од страна на консолидаторот, којшто претставува аналитички збир на сите колети содржани во збирната пратка со повикувања на испратница, бродски товарен лист или друг комерцијален документ, како што е соодветно. Оттука, неопходно е да се прави разлика помеѓу манифестот за групираната стока и манифестот за стока на бродот што се употребува како транзитна декларација.

Доколку согласно поедноставените постапки за ниво 1 и ниво 2, бродската компанија транспортира групирана пратка според рамките и условите од бродски товарен лист од превозникот, морски товарен лист или друг комерцијален документ, се прифаќа дека таа не ја знае содржината на групираната пратка, освен доколку станува збор за опасна стока којашто мора да биде посебно декларирана.

Бродската компанија може да прифати групирани пратки за испорака во рамките на поедноставените постапки од ниво 1 или ниво 2 доколку:

- консолидаторот се обврзе статусот на пратките да го чува во сопствената комерцијална евиденција;

- манифестот за групираната пратка да ги содржи информациите зададени во член 447(4) од УСЦЗ3 (види пододдел 3.9.2.2.);
- испратниците се на располагање за царинска контрола на поаѓање и во одредиште;
- групниот манифест е обележан со соодветниот статус, види подолу;
- бродската компанија да биде известена за највисокиот статус на манифестот за збирна пратка. Редоследот на статусот е следниов: T1, T2F (TF), TD, C, X.

Ознаките T1, T2F (TF), TD, C или X се употребуваат за означување на релевантните наименувања на манифестот за групирана пратка на следниов начин:

Ознака	
T1	Стока ставена во надворешна транзитна постапка на Заедницата T1
T2F _____ TF	Стока ставена во внатрешна транзитна постапка на Заедницата којашто патува кон, од или помеѓу едно од подрачјата од членот 340в (1) од УСЦЗ3
TD	Стоката веќе е ставена во транзитна постапка, или се превезува во постапка на увоз за облагородување, царинско складирање или привремен увоз *
C (еднакво на T2L)	Стока со статус на стока на Заедницата којашто не е ставена во транзитна постапка и чијшто статус може да се докаже
X	Стока со статус на стока на Заедницата наменета за извоз и којашто не е ставена во транзитна постапка

* Кога стоката која веќе е ставена во формална транзитна постапка (на пр. транзит на Заедницата, ТИР карнет, АТА карнет, НАТО образец 302, итн.) е вклучена во групната пратка, наименувањето се обележува со шифрата „TD“; Понатаму, поединечните испратници или другите комерцијални докази за договорот за превоз се кодираат со шифрата „TD“ и содржат повикување на реалните засегнати постапки, повикувачкиот број, датумот и името на појдовната испостава за транзитната декларација.

Доколку бродската компанија употребува поедноставена постапка ниво 1, таа групната пратка ја наведува под шифрата „групирање“ на манифестот којашто одговара на највисокиот статус наведен на манифестот за групиранта пратка (редоследот на статусот е „T1“, „T2F“), на пример ако збирната пратка содржи „T1” и „T2F”, таа ќе се декларира на T1 манифест.

Доколку на бродската компанија ѝ е одобрено да употребува единствен манифест за поедноставената постапка од ниво 2, се употребува шифрата „групирање“.

Следуваат примери на групирање во поедноставените постапки од ниво 1 и ниво 2.

Поедноставена постапка од ниво 1



Забелешка: манифестите бр. 3 и бр. 5 не се однесуваат на транзитни постапки (бр. 3) или транзитни постапки за кои овој главен обврзник е декларант (бр. 5).

Поедноставена постапка од ниво 2



Превозниот манифест, манифестот за групирање на консолидирани пратки и релевантните испратници, бродски товарни листови или други комерцијални документи мора да бидат ставени на располагање на надлежните органи во појдовното пристаниште на нивно барање.

Сите манифести за групирани пратки, испратници, бродски товарни листови или други комерцијални

документи се доставуваат заедно со превозниот манифест до надлежните органи во одредишното пристаниште, на нивно барање. Тие надлежни органи потоа изведуваат соодветни контроли на стоката врз основа на информациите од манифестите за групираните пратки.

Освен за случаите означени со „TD” (поедноставена постапка од ниво 2), бродската компанија постапува како главен обврзник за стоката ставена во транзитна постапка, и оттука, во случај на неправилности, таа ја сноси сета одговорност за движењето. Односот помеѓу бродската компанија и консолидаторот е предмет на приватен комерцијален договор.

Приказ

Приказот за групирањето во поморскиот транспорт е дадено во прилог 8.9

3.9.4.2. Движење на стока по морски пат на пловила кои обезбедуваат услуги различни од редовниот бродски превоз

Поедноставените постапки од членовите 447 и 448 од УСЦЗЗ не се применуваат за стока којашто се превезува на пловила коишто обезбедуваат услуга која не е редовен бродски превоз доколку превозникот се одлучи да ја употребува транзитната постапка на Заедницата.

Следуваат само неколку примери што се применуваат исклучиво за стока која се превезува на пловила коишто обезбедуваат услуга која не е редовен бродски превоз, во или надвор од

транзитната постапка на Заедницата, зависно од случајот.

- **Стока без статус на стока на Заедницата**

- Движење коешто започнува пред појдовното пристаниште од Заедницата и коешто завршува во пристаниште на истовар во Заедницата.

На пример: Брисел - Ле Авр (патен превоз од Брисел до Антверпен)

Постапката Т1 е задолжителна за патниот транспорт, но е изборна за поморскиот транспорт.

Препорачана практика: транзитната постапка на Заедницата треба да се употребува само за делот на движењето што се одвива во патен сообраќај.

- Движење коешто започнува на појдовното пристаниште од Заедницата и коешто продолжува и по пристаништето на истовар во Заедницата.

Пример: Ле Авр – Брисел (патен превоз од Антверпен до Брисел)

Постапката Т1 е задолжителна за патниот транспорт, но е изборна за поморскиот транспорт.

Препорачана практика: треба да се изготви Т1 декларација за целокупното движење од Ле Авр до Брисел.

-Движење коешто започнува пред појдовното пристаниште од Заедницата и коешто продолжува и по пристаништето на истовар во Заедницата.

Пример: Мадрид – Милано (морски превоз од Барселона до Џенова)

Препорачана практика: треба да се изготви Т1

декларација за целокупното движење од (друмски и морски сообраќај) од Мадрид до Милано.

- **Стока со статус на стока на Заедницата**

- Извоз на земјоделски производи при што се поднесува барање за субвенција (повраг).

На пример, земјоделски производеи извезени од Орлеанс кон одредиште во трета земја. Извозните формалности се завршуваат во испоставата во Орлеанс кадешто се изготвува контролниот лист Т5. Испоставата во Ле Авр го заверува контролниот лист Т5 со датумот на кој стоката ја напуштила Заедницата и во Ле Авр се натоварила на пловило коешто ја носи за Антверпен. Таму стоката се натоварува на друго пловило коешто треба да патува за трета земја.

- Извоз на стока на Заедницата во прекуморско подрачје коешто е надвор од даночното подрачје на Заедницата

Пример: Ротердам за Мартиник

Член 843 од УСЦЗЗ

Стоката мора да се декларира за извоз во Ротердам и да се изготви Т2LF.

- Движење во рамките на Заедницата на стока на Заедницата којашто подлежи на извозни даноци.

Пример: Ротердам кон Стокхолм

Мора да се поднесе контролен лист Т5 за стока на Заедницата подлежна на извозни даноци кога се испорачува помеѓу две точки во царинското подрачје на Заедницата (посебна гаранција).

3.10. Транспорт преку цевоводи *(потсетник)*

3.11. Поедноставени постапки врз основа на членот 6 од Конвенцијата/член 97(2) од ЦЗЗ

Под услов да е обезбедено спроведување на мерките применливи на стоката, земјите можат помеѓу себе да воведат поедноставени постапки по пат на билатерални или мултилатерални договори коишто ќе бидат применливи на одредени видови промет со стока или на одредени видови друштва.

За овие постапки земјите ја известуваат Европската Комисија со образецот од прилот 8.10.

Постапката за издавање на одобрение мора да биде во согласност со ставот 2.2.

За поништување или менување на одобрението види пододдел 2.3.

4. Посебни ситуации (потсетник)

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Дел наменет исклучиво за царинска употреба

8. Прилози

8.1 Дополнителни критериуми – товарница од посебен вид

8.2 Примерок (барање за) одобрение за овластен примач

8.3 Посебен метален печат

8.4 Отстапување – посебен печат (FR, IT)

8.5 Список на аеродроми и надзорни царински испостави

8.6 Примерок на одобрение за воздушен транспорт од ниво 2

8.7 Приказ на групирање во воздушен транспорт

8.8 Примерок на одобрение за поморски транспорт од ниво 1 и ниво 2

8.9 Приказ на групирање во поморски транспорт

8.10 Известување за поедноставени постапки

Прилог 8.1

Дополнителни критериуми – посебна товарница

(*Член 62 од Додаток 1 од Конвенцијата – Член 385 од УСЦЗЗ*)

На главните обврзници може да им се одобри употреба на товарници коишто ги исполнуваат барањата од Додаток 3 од Конвенцијата и/или Прилозите 44а и 45 од УСЦЗЗ.

Одобрението за употреба на ваквите товарници е предмет на исполнување на следниве услови:

- Товарниците ги изготвува фирма којашто за водење на сопствената евиденција употребува интегриран електронски систем или автоматски систем за обработка на податоци,

- Тие се дизајнирани и пополнети на таков начин што царинските органи можат без потешкотии да ги употребуваат, и

- За секое наименување се дадени информациите барани со Додаток 3 од Конвенцијата и/или со Прилог 44а од УСЦЗЗ.

Фирма којашто за водење на сопствената евиденција употребува интегриран електронски систем или автоматски систем за обработка на податоци и којашто има одобрение за горенаведеното поедноставување, може дополнително да се овласти за употреба на таквите товарници и за транзитни операции со кои се опфаќа само еден вид стока, доколку тое е потребно поради видот на компјутерската програма што се употребува во фирмата (изготвување на сопствени транзитни декларации).

Фирмата може, исто така, да биде овластена описните списоци подготвени за извозни формалности/формалности на поаѓање да ги употребува како товарници, дури и кога тие се изготвени од страна на фирма којашто за водењето на сопствената евиденција не употребува интегриран електронски систем или автоматски систем за обработка на податоци, Ваквите описни списоци мора:

- да се дизајнирани и пополнети на таков начин што царинските органи можат без потешкотии да ги употребуваат,
- за секое наименување се дадени информациите барани со Додаток 3 од Конвенцијата и/или со Прилог 44а од УСЦЗЗ.

Прилог 8.2.

Примерок на барање за одобрение за овластен примач

Барател:

1. Име и презиме (или име на деловен субјект) и ДДВ број:

2. Адреса на седиштето (посебно барање се поднесува за секоја испостава во која барателот сака да ги ползува поедноставувањата):

3. Телефонски број и име на лице за контакт:

4. Број на факс, електронска пошта итн. на седиштето:

5. Активности (на пример: производител на ……

Стока:

6. Природа на стоката (опширен опис); доколку е можно, назначете го тарифниот број за стоката:

7. Дали предметната стока е наведена во Прилог 1 од Додаток I од Конвенцијата /Прилог 44Вод УСЦЗЗ? Да/Не

8. Дали стоката подлежи на увозни дозволи или на прописи во врска со претовар?

9. Дали стоката подлежи на други мерки на забрана, ограничување или контролни мерки (здравствени или фитопатолошки мерки итн.)?

Превозни средства:

10. Вид на употребувано превозно средство (на пример: камион, товарен брод):

11. Посочете каде се прима стоката предмет на ова поедноставување (овластен примач):

12. Дали објектите на барателот се поврзани со железничка мрежа? Да или Не

Ако се, тогаш која железничка станица ја употребувате?:

13. Дали испоставата има платформа за истовар за транспорт по канали и реки (товарни бродови):

Број на пратки:

14. Просечен број пратки [неделно] [месечно] за кои ќе се употребува одобрението за овластен примач:

15. Време во кое ќе се извршуваат формалностите за стоката којашто пристигнува под царински надзор:

Доколку не може да се воспостави редовен распоред, приближно утврдете:

Податоци за царината:

16. Која одредишна испостава/испостави сакате да ја/ги употребувате како овластен примач?

17. Дајте опис на администрацијата и административна организираност на вашата компанија во однос на прифаќањето на стоката којашто е предмет на ова одобрение, врз чија основа царината ќе може да врши контрола на примената на ова поедноставување.

18. Наведете го начинот на известување на царината: (по телефон, факс, електронска пошта или било кој друг начин на комуникација)

Изготвено во ..……....., на ден…….....
(место) (датум)

Потпис

ПРИМЕРОК

Одобрение за овластен примач

ИМАТЕЛ:

Регистарски број:

Госпоѓо,
Господине,

Предмет: Транзит на Заедницата/Заеднички транзит: овластен примач.
Одобрение

Врска: Ваше барање од датум ……

Со задоволство ве известувам дека согласно Регулативата (ЕЕЗ) бр. 2454/93 на Комисијата од 2 јули 1993 г. и нејзините измени во однос на одредбите за спроведување, како и воопшто во однос на мерките за поедноставување на транзитната постапка на Заедницата, и посебно врз основа на нејзините членови 406 до 409 од една страна и членовите 72 до 74 од Додаток I од Конвенцијата од

друга страна, на вашата компанија ѝ е одобрено да ги ползува поедноставувањата

на транзитната постапка на Заедницата/Заедничката транзитна постпака во однос на изведувањето на формалностите во одредишната испостава.

1) **Ова одобрение ве ослободува од обврската за физичко ставање на стоката на увид во одредишната испостава.**

2) **Одобрено/и место/а:**

3) **Релевантни царински испостави:**

4) Дозволени движења

а) превоз на стока од трети земји (Т1) со железница, по река или во патен сообраќај, од царинска испостава (или овластен испраќач) од Заедницата или од земја на ЕФТА,

б) превоз на стока со статус на стока на Заедницата (Т2) (Т2F) на истите начини од истите царински испостави (или овластени испраќачи)

5) Дозволени распореди

Вообичаено работно време на надлежната испостава:
(од понеделник до петок)

Продолжено работно време:

Сабота
Недела
Државни празници
Ноќе
Друго

Зависно од потребата, за очекуваното пристигнување на стока надвор од вообичаеното работно време на надлежната испостава се известува еден ден однапред, пред..... часот.

6) Стока

Одобрението има важност за следнава стока:

- Глава или наименување:

Доколку е потребно, се исклучува следнава стока:

7) Информирање на надлежната испостава за очекувани пратки

Начин на информирање:
- телефон:
- факс:
- електронска пошта:
- други средства за информирање:

Периоди на информирање:

а) Доколку примате пратки согласно редовен распоред (фиксни денови и часови) и овој распоред го имате споделено со надлежната испостава, вие сте ослободени од обезбедување поединечни информации за секоја одделна пратка;

б) Доколку не постои редовен распоред, за пристигнувањето или очекуваното пристигнување на стоката треба надлежната испостава да биде известена најмалку [….] пред започнувањето на истоварот. Кога итни пратки пристигнуваат или се очекува да пристигнат надвор од дозволените распореди (види поглавје 5), треба да се стапи во контакт со одговорното лице во надлежната испостава за да се утврдат начини за известување за пристигнувањата;

в) Кога станува збор за стока којашто подлежи на поединечни контролни мерки во рамките на европската земјоделска политика, информациите треба да пристигнат кај надлежната испостава најмалку [..….] пред започнувањето на истоварот;

г) *Мора да се информира* за било какви доцнења на пристигнувањето на стоката;

д) Покрај моментот на започнување на истоварот, информациите треба да го содржат и следново:

- местото на кое се донесува стоката во просториите на фирмата,
- царинска постапка за стоката (пуштање во слободен промет/потрошувачка, увоз за облагородување, ускладиштување итн.)
- вид на транзитен документ (T1, T2 или T2F),
- вид (ознака) на стоката и количина,
- броевите на употребените дозволи и потврди на ЕЗ, доколку е потребно,
- состојбата на ставените пломби

ѓ) Веднаш се информира секогаш кога ќе се утврдат вишоци, кусоци, заменувања на стока или друг вид неправилности, како на пример скинати пломби.

8) Евиденција на пристигнувањата

Вие како овластен примач треба да водите евиденција за пристигнувањата. Начинот и образецот се утврдува во заеднички договор со одговорното лице од надлежната испостава.

Во основа, треба да се евидентираат следниве информации:

- датум и час на информирање на надлежната испостава,
- датум и час на започнување на истоварот на транспортното средство,
- идентитет на транспортните средства,
- вид, број, датум и појдовна испостава на транзитниот документ, и доколку е соодветно, бројот на употребените дозволи и/или потврди од ЕЗ.

Овие забелешки се внесуваат веднаш штом за нив се дознава.

Во врска со евидентирањето на секоја пратка, регистарот треба да содржи и рубрика резервирана за царината.

Страниците на регистарот се нумерираат во продолжителен редослед пред тој да се стави во употреба. На првата и последната страна треба да стои потпис на одговорното лице од надлежната испостава, како и отпечаток од службениот

печат на таа испостава.

9) Потврда

За секоја пратка пристигната во непроменета состојба во рамките на предвидениот рок, вие треба, на барање на превозникот, да му издадете потврда со која изјавувате дека ви се доставени транзитните документи заедно со стоката.

Доколку сакате, за оваа цел можете да го употребувате образецот за потврда на прием ТЦ11 или потврдата од задниот дел од листот бр. 5 од ЕЦД којашто може да се оддели, (потребно е прилагодување).

10) Поднесување на примероци на транзитната декларација

Овластениот примач поднесува до наделжаната испостава примероци од транзитната декларација, *со или без* посредство на застапници, најдоцна до […..].

Се подразбира дека транзитните декларации коишто се однесуваат на стока со зголемен ризик од измама и/или којашто циркулира според постапката од системот за претходно информирање, се поднесуваат *без одлагање*.

Прилог 8.3.

Посебен печат



1. Грб или други обележја или букви со кои се означува земјата
2. Појдовна испостава
3. Број на декларација

5. Овластен испраќач
6. Одобрение

Прилог 8.4.

Отстапувања кај посебниот печат (Франција, Италија)

Овластените испраќачи употребуваат посебен метален печат одобрен од страна на царинските органи согласно членот 400(1)(б) од УСЦЗ3/членот 67(1)(б) од Додаток I од Конвенцијата, и чиј модел се наоѓа во Прилог 62 од УСЦЗ3 (Прилог XV кон Додаток II од Конвенцијата).

а) Италијанските овластени испраќачи можат да ги употребуваат посебните печати чии модели се прикажани подолу:



[Пример]

б) Француските овластени испраќачи кои го употребуваат посебниот печат прикажан подолу, истиот можат да го употребуваат до 31 декември 2003 година.

Овластените испраќачи кои продолжуваат да го употребуваат овој модел на посебен печат треба на предната страна на транзитните обрасци, во рубриката резервирана за појдовната испостава, да го внесат името на појдовната испостава, бројот на документот и датумот.



[Пример]

1. Грбот на земјата
2. Одобрение
3. Овластен испраќач

Прилог 8.5.

СПИСОК НА АЕРОДРОМИ И НАДЗОРНИ ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ

Земја	Име на аеродром	Име и адреса на надлежната испостава
(А)	(Б)	(В)
Белгија	1. Antwerpen (Deurne)	Kantoor der douane Vliegveld 2100 DEURNE
	2. Brussel (Zaventem) Bruxelles Aéroport	Kantoor der douane Luchthaven - Gebouw 706 1931 BRUCARGO
	3. Charleroi (Goselles)	Bureau de douane Entrepot Avenue des Etats-Unis 6041 GOSSELIES
	4. Luik (Grâce-Hollogne) Liège	Bureau de douane Entrepot Rue de Namur 2 4000 LIEGE
	5. Oostende	Kantoor der douane en accijnzen Entrepot Slijkensesteenweg 3 8400 OOSTENDE
Бугарија	1. Sofia	MP Letishte Sofia Bruksel 1 Sofia 1540
	2. Varna	MP Letishte Varna Letishte Varna Varna 9000
	3. Plovdiv	MP Letishte Plovdiv Letishte Plovdiv Plovdiv 4004
	4. Burgas	MP Letishte Burgas Letishte Burgas Burgas 8007
	5. Gorna Oryahovitsa	MB Gorna Oryahovitsa Gorna Oryahovitsa 5100
Кипар	1. Larnaca Internation Airport	Larnaca Airport Customs office 7130, Larnaca
	2. Paphos International Airport	Paphos Airport Customs office 8320, Paphos
Република Чешка	1. Brno - Tuřany	Celní úřad BRNO-II (0162) Pobočka CÚ Tuřany – letiště (0141) CZ - 627 00 Brno - Tuřany

	2. Ostrava - Mošnov	Celní úřad NOVÝ JIČÍN (0463) Pobočka CÚ Mošnov – letiště (1441) CZ - 742 51 Mošnov
	3. Praha - Ruzyně	Celní úřad RUZYNĚ - LETIŠTĚ PRAHA (1941) Aviatická 12/1048 CZ - 160 08 Praha 6
	4. Pardubice	Celní úřad PARDUBICE (0663) Pardubice – letiště (0641) Fáblovka 404 CZ – 533 52 Pardubice
	5. Karlovy Vary	Celní úřad KARLOVY VARY (0861) Celní pobočka Karlovy Vary – letiště (0841) CZ - 360 01 Karlovy Vary

Естонија	1. Tallinna Lennujaam	Tallinna Tolliinspektuur Lennujaama Tollipunkt Kesk- Sõjamäe 10A 11415 Tallinn, Eesti
	2. Kuressaare Lennujaam	Edela Tolliinspektuur Kuressaare Tollipunkt Tallinna mnt. 19 93811, Kuressaare, Eesti
	3. Tartu Lennujaam	Tartu Tolliinspektuur Tartu Tollipunkt, Tähe tn. 106 51613, Tartu, Eesti
	4. Pärnu Lennujaam	Edela Tolliinspektuur Pärnu Tollipunkt, Raba 33 80041, Pärnu, Eesti
	5. Kärdla Lennujaam	Edela Tolliinspektuur Kärdla Tollipunkt Kõrgessaare mnt. 45 92412, Kärdla, Eesti

Данска	1. Billund Airport	ToldSkat Vestjylland Region Herning Brændgårdvej 10 7400 Herning
	2. Bornholm Airport	ToldSkat Nordsjælland Region Helsingør Strandpromenaden 8 A 3000 Helsingør
Царинските органи можат, за контролни цели, да ги побараат на увид сите бродски товарни листови со кои се опфаќа стоката којашто тоа пловило ја истоварило на пристаништето.

Неправилности/Отстапувања

6. Бродската компанија ги известува царинските органи за сите прекршоци и неправилности. Таа, исто така, има обврска да соработува со цел разјаснување на сите прекршоци или неправилности откриени од страна на надлежните органи во пристаништата на утовар или истовар.

Царинските органи од пристаништето на истовар ги известуваат, што е можно поскоро, надлежните органи од пристаништето на утовар, како и органот кој го издал одобрението, за сите неправилности и отстапувања, кои понатаму треба да ги преземат неопходните мерки.

Одговорности на бродската компанија

7. Бродската компанија:
- ќе води соодветна евиденција со којашто на надлежните органи им се овозможува да ги верификуваат операциите при поаѓање и на одредиште,
- сета соодветна евиденција ќе ја стави на располагање на надлежните органи, и
- ќе преземе целосна одговорност кон надлежните органи во однос на исполнувањето на сопствените обврски и во однос на сите отстапувања и неправилности и нивното разрешување.

Конечни одредби

8. Ова одобрение се издава без да е во спротивност со формалностите за испраќање и пристигнување коишто се обврска на бродската компанија во земјите на поаѓање и намена.

Одобрението стапува на сила на
.....

Во случај на очегледно или повторливо кршење на одредбите на поедноставената транзитна постапка или условите за издавање на ова одобрение, одобрението ќе биде суспендирано или укинато.

- - За надлежниот орган
- - Датум
- - Потпис

ПРИЛОГ

ПОЈДОВНИ ПРИСТАНИШТА	АДРЕСА НА НАДЛЕЖНА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА

ОДРЕДИШНИ ПРИСТАНИШТА	АДРЕСА НА НАДЛЕЖНА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА

Прилог 8.9

Групирање - приказ



Прилог 8.9

Прилог 8.10

ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТ/ТРАНЗИТ НА ЗАЕДНИЦАТА
TAXUD/0925/2000 - EN

- ОБРАЗЕЦ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ - - Член 6 од Конвенцијата за заедничка транзитна постапка - Член 97 (3) од Царинскиот законик на Заедницата	**ПОЕДНОСТАВЕНИ ПОСТАПКИ**
ДО ЕВРОПСКА КОМИСИЈА Генерален Директорат за царинска и даночна унија Одделение „Царински Постапки“ B-1049 БРИСЕЛ – БЕЛГИЈА	Правна основа: Член 6 од КЗТ (би/мултилатерални) ☐ Член 97(2)а од ЦЗЗ (би/мултилатерални) ☐ Член 97(2)б од ЦЗЗ (национални) ☐
ОД Земјата која ја одобрува поедноставената постапка:	Примена на постапката: • Поедничено поедноставување ☐ Име на имателот/Повикување на одобрението: *Прилог*: примерок од одобрение • Општо поедноставување
Други засегнати земји:(*во случај на билатерален или мултилатерален договор*)	Име на постапката/повикување на законскиот текст: ☐ *Прилог* : примерок на текстот(*)

Краток опис на поедноставувањето:	
Лице за контакт: Повикување на преносот на известувањето *(ЦЦ/ГГГГ/БББ)* Бр. ../…./…	Датум и потпис: Печат:

(*) Во таков случај не се бара испраќање на секое поединечно одобрение

Дел VII Раздолжување на транзитната операција, испитна постапка

Во овој дел се опишува раздолжувањето на транзитната операција и испитната постапка.

Поглавје 1 се состои од општата теорија и законодавството во врска со раздолжување на транзитната операција и испитната постапка.

Поглавје 2 се однесува на раздолжувањето на транзитната операција и барањето за утврдување на статусот.

Поглавје 3 се однесува на испитната постапка.

Поглавје 4 се однесува на резервната постапка.

Поглавје 5 се однесува на постапките за дополнителна проверка по царинење.

Поглавје 6 е резервирано за посебни национални упатства.

Поглавје 7 е резервирано за царинска употреба.

Поглавје 8 содржи прилозите.

Забелешка:

Се употребуваат следните поими:

- **„транзитна постапка“:** Царинската постапка во која стоката се транспортира под царински надзор од едно место до друго во согласност со правилата на Транзитните регулативи на Заедницата или Конвенцијата за заеднички транзит.
- **„транзитна операција“**: движење на стока која се транспортира под транзитниот систем од појдовната царинска испостава до одредишната царинска испостава.
- **„резервна постапка“:** ситуација во која царинскиот компјутеризиран систем или компјутеризираниот систем на трговските друштва не е достапен во моментот на започнување на движењето (нема ништо во системот).
- **„поедноставени постапки“**: поедноставени постапки кои се својствени за одредени начини на транспорт.

1. Вовед, законодавство и општа теорија

1.1. Вовед

Во ова поглавје се опишува законодавната основа и се дава општ преглед.

Во пододдел 2 се опишува законската основа на раздолжувањето и испитната постапка.

1.2. Законодавство и општа теорија

1.2.1. Правни извори

Правните извори за проверка на завршувањето на постапката и испитната постапка се:

- Членовите 40-43 прилог I, додаток I, поглавје VI од Конвенцијата

- Член 92 од Законикот

- Членови 365-366 од одредбите за спроведување на Царинскиот законик на Заедницата.

1.2.2. Општа теорија

Правната основа за надлежноста на испитната постапка се темели на начелото дека надлежниот орган на појдовната држава е одговорен и ја игра клучната улога во покренување и надгледување на испитната постапка.

1.2.2.1. Завршување и раздолжување на транзитната операција

Член 40, Додаток I од Конвенцијата;

Правните извори разликуваат помеѓу завршувањето и раздолжувањето на транзитната постапка на Заедницата и Заедничката транзитна постапка.

Член 92 од Законикот

Завршувањето на транзитната операција значи дека стоката заедно со придружните документи се ставени на увид на царината во одредишната испостава или на овластен примач.

Раздолжувањето на транзитната операција значи дека транзитната операција исправно завршила врз основа на споредување на податоците достапни на одредишната испостава и податоците достапни на појдовната царинска испостава.

Оваа дистинкција и овие правни дефиниции се валидни без

оглед од транзитната операција (стандардна или поедноставена) или системот кој се применува (стандардна транзитна постапка или резервна постапка).

Раздолжувањето на постапката зависи од доказите дека завршила.

Доколку има недостиг од такви докази (обликот, природата и методите на проценувањето можат да варираат во зависност од постапката), надлежните органи се обврзани да преземат неопходни мерки за да потврдат, доколку е можно и преку алтернативни начини, или доколку тоа не успее, да утврдат врз основа на одредбите во однос на долговите и наплатата:

Член 41, Додаток I од Конвенцијата;

Член 365 од УСЦЗЗ

- дали настанал (царински) долг или не,
- лицето/лицата одговорни за долгот, доколку е потребно,
- вистинското или претпоставеното место на настанување на долгот, и последователно на тоа,
- надлежниот орган кој треба да изврши наплата на долгот, ако е потребно,

и да одреди казни, ако е потребно.

1.2.2.2. Испитна постапка за проверка на завршувањето на постапката

Член 41(4), Додаток I од Конвенцијата;

Член 365(4) од УСЦЗЗ

Во случај на стандардна транзитна постапка, пред да се започне со испитната постапка, треба да се испрати барање за утврдување на статусот (види пододдел 2.5.). И покрај тоа, доколку е потребно да се покрене постапка за испитување, надлежниот орган во државата на поаѓање одлучува дали да ја започне постапката било преку испраќање на:

- „Барање за непристигнато движење“ (IE140) до главниот обврзник (или писмо со исто значење до главниот обврзник доколку системот не ја содржи пораката) или
- „Барање за испитување“ (IE142) до декларираната одредишна испостава.

Надлежниот орган од државата на поаѓање може директно да ја започне испитната постапка со декларираната одредишна испостава кога во рубрика 8 има доволно информации за да се идентификува и утврди примачот.

Достапните податоци од декларацијата треба на надлежниот орган од декларираната одредишна испостава да му ги обезбедат сите неопходни детали за да може да го контактира одговорното лице во одредиштето (примачот).

Земјите-членки и други договорни страни треба да ги информираат нивните главни обврзници за предностите на правилно пополнување на рубрика 8 со важечки и комплетни информации за примачот и посебни информации за адресата. На овој начин главниот обврзник може да избегне добивање на непотребна порака „Барање за непристигнато движење“ (IE140) (или писмо со слична содржина).

Главниот обврзник би бил контактиран само ако нема доказ за завршувањето на постапката кај појдовната испостава по размена на пораките за „Барање за утврдување на статус“ (IE904) и „Одговор за статусот“ (IE905) (за дополнителни информации види пододдел 2.5) и „Барање за испитување“ (IE142) до декларираната одредишна испостава (за повеќе информации види пододдел 3.4.4).

Забелешка:

Во зависност од толкувањето на изразот „доволно информации“ одлуката во однос на тоа како/каде да се започне со испитната постапка останува дискретно право на надлежниот орган во државата на поаѓање

«доволно информации»

ТРГОВСКО ДРУШТВО Со правилното пополнување на рубриката 8 со важечки и целосни информации за примачот и посебни податоци за неговата адреса ќе се избегнат непотребни барања за информации испратени од надлежните царински органи.

1.2.2.3. Размена на информации

Со цел да се разменат дополнителни информации или да се постават прашања за одредени движења, надлежниот орган може да ги испрати пораките „Информации за испитување и наплата“ (IE144) и „Барање за информации за испитување и наплата“ (IE145) во текот на целиот процес на испитната постапката и постапката за наплата.

Оваа размена на информации може да ја започне појдовната испостава или одредишната испостава; не е потребен

одговор (неврзани пораки) за да се продолжи постапката.

Пораката IE144 се користи од страна на појдовната испостава; пораката IE145 се користи од страна на одредишната испостава. Доколку е потребно да се вклучат дополнителни хартиени документи, тие можат да се испратат по други средства (факс, електронска пошта, пошта, итн.) директно до лицето за контакт посочено во пораките со јасно упатување до РБД на движењето на кое припаѓаат и, ако се испратени во физичка форма, да бидат пропратени со образецот ТЦ20А „Испраќање информации/Документи поврзани со НКТС движења“[56].

2. Раздолжување на транзитната операција и барање за утврдување на статус

2.1. Вовед

Овој пододдел содржи информации за раздолжувањето на транзитната операција и барањето за утврдување на статусот:

Пододдел 2 се однесува на условите за раздолжување.

Пододдел 3 се однесува на последиците од раздолжувањето.

Пододдел 4 се однесува на облиците на раздолжување.

2.2. Услови за раздолжување

Член 40 (2), Додаток I од Конвенцијата

Член 92(2) од Законикот

Транзитната постапка се смета за раздолжена под услов да завршила како што е опишано во Дел IV, поглавје 4.

Органот кој е надлежен за раздолжување на постапката е државата на поаѓање .

Раздолжувањето може да се случи во разни облици во зависност од видот на користената постапка[57].

Општо гледано, раздолжувањето се темели на споредбата

[56] Модел прикажан во Прилог 8.4.

[57] Може да биде споредување на електронски пораки („Запис за очекувано пристигнување“ со „Резултати од контрола“ во компјутеризираниот систем) или документи кои се совпаѓаат (ТПД, лист 1 со лист 5 плус товарните листи во постапката базирана на ЕЦД, манифести за воздушен или бродски транзит со месечни списоци на одредишната испостава во поедноставена постапка - ниво 1)

на податоците кои се однесуваат на транзитната постапка, како што се утврдени при поаѓање и како што се евидентирани и потврдени во одредиштето.

2.3. Последици од раздолжувањето

Фактот што транзитната постапка е раздолжена, било имплицитно или формално, нема влијание врз правата и обврските на надлежниот орган да го гони главниот обврзник и/или гарантот кога ќе произлезе во иднина (во согласност со законските рокови за наплата или изречување казни) дека постапката всушност не завршила и не требало да биде раздолжена, или во понатамошна фаза се откриени неправилности поврзани со извршувањето на одредени транзитни постапки.

2.4. Облици на раздолжување

Раздолжување на постапката вообичаено е имплицитно, без потреба од формално известување до главниот обврзник и/или гарантот од страна на надлежните органи.

Главниот обврзник и гарантот можат да сметаат дека операцијата била раздолжена во недостаток на известување за спротивното.

Забелешка:

Секоја земја-членка/договорна страна може за раздолжувањето да го информира главниот обврзник било преку „Известување за раздолжување“ (IE045) или преку писмо. Како и да е, треба да се има на ум, дека таа порака или тоа писмо се од информативна природа и не носат никаква правна вредност.

Надлежниот орган ќе го контактира главниот обврзник, гарантот и другите надлежни органи доколку нема доказ (или има сомневање) дека транзитната постапка завршила, а појдовната испостава поради тоа нема да може да ја раздолжи постапката (види 1.2.2.1. и 3.2).

Поедноставени постапки за одредени начини на транспорт

Со цел да се гарантира еднообразната примена, без оглед на начинот на користениот транспорт, треба да се применува сличен пристап, колку што е можно повеќе, во однос на поедноставените постапки кои се својствени за одредени начини на транспорт.

2.5.Барање за утврдување на статус и одговор

Пред да се започне испитната постапка, треба да се изврши барање за утврдување на статусот. На овој начин може да се избегне издавање на непотребни барања за испитување на транзитни операции кои всушност биле затворени кај одредишната испостава, а чии завршни пораки биле изгубени во системот поради технички причини.

“Барањето за утврдување на статусот“ (IE904) треба да се испрати:

- до декларираната одредишна испостава по истекот на рокот за ставање на увид на стоката кај одредишната испостава, ако не е добиена пораката „Напомена за пристигнување“ IE006.
- до вистинската одредишна испостава 6 дена по приемот на пораката „Напомена за пристигнување“ IE006.

Системот на одредишната држава автоматски проверува дали статусот во одредиштето одговара со статусот во државата на поаѓање и испраќа одговар со пораката „Одговор за утврдување на статус“ (IE905).

Одговорност на сите национални дежурни служби за помош (хелпдескови) или други надлежни органи и во одредишната и во земјата на поаѓање е да ги испратат информациите кои недостасуваат по сите можни средства (на пр. препраќање на пораките IE006 и IE018 кои недостасуваат) за да се овозможи правилно проследување на транзитната постапка кај појдовната испостава.

Во случај на технички потешкотии, овие проблеми ќе бидат проследени и решени што е можно побрзо.

Во ретки и исклучителни случаи кадешто овие технички проблеми спречуваат испраќање или препраќање на пораките кои недостасуваат (IE006 и IE018), надлежните органи во одредишната земја може да испратат други докази кои би биле задоволителни за надлежните органи во државата на поаѓање за да ја раздолжат постапката

(на пр., транзитниот придружен документ (ТПД) заверен од одредишната испостава заедно со образецот ТЦ20А[58]).

Без доказ за завршеток на постапката појдовната испостава нема да ја раздолжи постапката (за повеќе информации види пододдел 3.3).

Забелешка:

Информација испратена по електронска пошта од дежурната служба за поддршка (хелпдеск) на одредишната земјата не

[58] Образецот прикажан во Прилог 8.4

треба да се прифати (сама по себе) како доказ за завршување на операцијата.

3. Испитна постапка

3.1. Вовед

Овој пододдел содржи информации за испитната постапка:

Пододдел 2 ја опфаќа испитната постапка започната од главниот обврзник,

Пододдел 3 се однесува на алтернативниот доказ, и

Пододдел 4 се однесува на испитната постапка покрената од одредишната испостава.

Член 41, Додаток I од Конвенцијата;

Испитната постапка има за главна цел да обезбеди докази за завршувањето на постапката, со цел раздолжување на транзитната постапка.

Член 365 УСЦЗЗ

Во случај на недостиг на такви докази или кога за приложените докази се воспоставува подоцна дека се фалсификувани или неважечки, надлежните органи на државата на поаѓање:

- ги утврдува условите според кои настанува долгот,
- го/ги идентификува должникот/должниците, и
- ги утврдува надлежните органи за наплата на долгот.

Испитната постапка е базирана на административната соработка помеѓу надлежните органи земајќи ги предвид информациите дадени од главниот обврзник.

Нејзиното исправно функционирање подразбира:

- целосно пополнето „Барање за испитување“ (IE142), согласно техничките правила и услови,
- правилна обработка на ATR „Најава за очекуван транзит“ (IE050), од страна на транзитната/ите испостава/и,
- исправна обработка на NCF „Известување за преминување на граница“ (IE118) од страна на транзитната/ите испостава/и
- исправна обработка на поднесена порака

„Напомена за пристигнување“ (IE006) од страна на одредишната испостава,(IE006) страна на одредишната испостава,

- брз (навремен и без одолговлекување) и јасен одговор од засегнатите органи,
- ажурирани списоци на органите и испоставите надлежни за испитната постапка

3.2. Испитување кое започнува со главниот обврзник

Овој пододдел се однесува на околностите во кои надлежниот орган може да побара информации од главниот обврзник во отсуство на докази за завршување на транзитната операција.

3.2.1. Цели на барањето за информации

Член 41, Додаток I од Конвенцијата;

Член 365 УСЦЗЗ

Барањето за информации е наменето да го вклучи главниот обврзник во давање докази дека завршила постапката.

3.2.2. Општа постапка за барањето за информации до главниот обврзник

Член 41, Додаток I од Конвенцијата;

Член 365 УСЦЗЗ

Главниот обврзник мора да биде информиран кога

- временскиот рок за ставање на увид на стоката кај одредишната испостава истекол (одредишната земја не добила „Напомена за пристигнување“ (IE006)), и
- не е регистрирана пораката „Известување за преминување на граница“ (IE118), и
- пораките „Барање за утврдување на статусот“ (IE904) и „Одговор за утврдување на статусот“ (IE905) се издадени, а статусот на движењето е ист/истоветен и во двете царински испостави, и
- информациите во рубрика 8 не се сметаат за доволни за започнување на испитната постапката со

декларираната одредишна испостава, и

- најдоцна 28 дена по испраќањето на пораката „Барање за испитување“ (IE142) доколку нема одговор или е испратен негативен „Одговор на испитувањето“ (IE143) со употреба на шифрата 1 или 2 (види 3.4.4) од бараната одредишна испостава. Види и 3.4.5.

Со одлука на националната управа можат да се користат

- надворешните пораки „Барање за непристигнато движење“ (IE140) до главниот обврзник и „Информации за непристигнато движење“ (IE141) како одговор од главниот обврзник, или,

- образецот на писмото во Прилог 8.2.

Член 41 (5), Додаток I од Конвенцијата;

Во секој случај, надлежните органи во државата на поаѓање ќе му дадат можност на главниот обврзник да даде релевантни информации во рок од 28 дена.

Член 365(5) од УСЦЗЗ

Член 41 (6), Додаток I од Конвенцијата;

Член 365(6) од УСЦЗЗ

Доколку информациите дадени од главниот обврзник не се сметаат за доволни за раздолжување на постапката, но се сметаат за доволни за продолжување на испитната постапка, надлежниот орган на државата на поаѓање ќе испрати „Барање за испитување“ (IE142) до предметната царинска испостава или ја продолжува испитната постапка со одредишната испостава, до која претходно е испратена пораката IE142, со употреба на пораката „Информации за испитување и наплата“ (IE144) за да ја информира одредишната испостава дека се достапни дополнителни информации.

Член 116, Додаток I од Конвенцијата;

Член 450а од УСЦЗЗ

Забелешка: Доколку информациите во рубрика 8 не се сметаат за доволни, а главниот обврзник:

- не приложи информации во рок од 28 дена, или,

- со дадените информации се оправдува наплата, или,

- дадените информации не се сметаат за доволни за започнување на испитната постапка со одредишната испостава;

наплатата започнува <u>еден месец</u> по истекот на рокот од 28 дена (види пододдел 3.4.5 во случај да е започната испитната постапка со одредишната испостава).

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Во зависност од методот користен од појдовните надлежни царински органи, главниот обврзник е обврзан да ги приложи информациите во рок од 28 дена по пат на:

- пораката „Информации за непристигнато движење“ (IE141); или
- одговор на писмото од Прилог 8.2.

Забелешка: Приложените информации можеби нема да се сметаат за доволни за раздолжување на постапката, но можат да бидат доволни за продолжување на испитната постапка.

3.2.3. Постапка за барање информации во случај на поедноставени постапки својствени за одредени видови на транспорт

Член 111, Додаток I од Конвенцијата;

Членови 444 или 447 (7) од УСЦЗЗ

Главниот обврзник се известува:

- кога, во рамките на поедноставената постапка за воздушен/поморски транспорт - ниво 1:
  - месечниот список на манифести не бил испратен до надлежниот орган на појдовниот аеродром или појдовното пристаниште на крајот на двомесечниот рок од крајот на месецот во кој манифестите биле приложени на појдовната испостава, или
  - кога месечниот список не ги содржи сите соодветни манифести (бидејќи постапката не може да се смета за завршена за манифестите кои не се наведени во списокот);

Член 112, Додаток I од Конвенцијата;

Членови 445 или 448 од УСЦЗЗ

- кога, во рамките на поедноставената постапка за воздушен/поморски транспорт - ниво 2:
  - ревизијата на манифестите и/или евиденцијата која ја води воздухопловната или бродската компанија, или
  - известувањето за прекршок или неправилност од страна органите на одредишниот аеродром или одредишното пристаниште наведува дека манифестот не е достапен или не бил поднесен во одредиштето;

Член 113, Додаток I од

- кога, во рамките на поедноставена постапка за транспорт по цевоводи, преку ревизија на евиденцијата која ја води

Конвенцијата; Член 450 од УСЦЗЗ

сопственикот на цевоводот се открива дека стоката на пристигнала во просториите или дистрибутивната мрежа на примачот или примачот не може да оправда каде се наоѓа стоката.

Образец на писмото

Образецот на писмото дадено во Прилог 8.2 се користи за оваа цел.

Употребата на овој образец не е задолжителна, но во образецот се прикажани минималните потребни податоци.

Во случај кога главниот обврзник комуницира со надлежните органи по електронски пат, писмото и одговорот можат да се заменат со соодветни електронски пораки.

Меѓутоа, барање за информации не е потребно во случај кога самиот главниот обврзник (воздухопловната или бродската компанија, железничката или транспортната компанија или сопственикот на цевоводот) утврдил и пријавил немање завршеток на постапката во согласност со неговите обврски под поедноставената постапка која е својствена за предметниот вид на транспорт.

Во случај кога главниот обврзник комуницира со надлежните по електронски пат, ова известување може да се замени со соодветна електронска порака.

3.3. Алтернативен доказ за завршувањето на постапката

Член 42, Додаток I од Конвенцијата

Член 366 од УСЦЗЗ

Доколку нема административен доказ за завршувањето на постапката, од главниот обврзник ќе се бара да приложи доказ (на пр., документ кој со еднакво значење како алтернативен доказ) во рок од 28 дена.

Законските прописи предвидуваат три категории документи кои можат да бидат прифатени од надлежните органи на државата на поаѓање како алтернативен доказ дека завршила транзитната постапка или може да се смета дека завршила. Сите други документи не се прифаќаат како алтернативен доказ.

1. Документ заверен од царинските органи на земјата-членка или од одредишната земја вклучена во заедничката транзитна постапка (договорна страна) со кој се идентификува стоката и се потврдува дека била ставена на увид кај одредишната испостава или на овластен примач.
2. Царински документ издаден во трета земја со кој се внесува стоката за царински одобрено постапување или употреба.

3. Документ издаден во трета земја, заверен од царинските органи на таа земја и со кој се потврдува дека стоката се смета дека е пуштена во слободен промет.

Член 42 (2), Додаток I од Конвенцијата;

Член 366 од УСЦЗЗ

Ваков алтернативен доказ е прифатлив само доколку е заверен од страна на царинските органи и е прифатлив за надлежните органи во државата на поаѓање, т.е. доколку им овозможува да потврдат дека се однесува на предметната стока и дека нема сомневање за веродостојноста на документот и неговата заверка.

Во секој случај, товарот за докажување паѓа на главниот обврзник.

3.3.1. Алтернативен доказ дека стоката била ставена на увид на одредишна испостава или овластен примач

Член 42 (1), Додаток I од Конвенцијата;

Член 366(1) од УСЦЗЗ

Овој алтернативен доказ се состои од документ заверен од страна на царинските органи на одредишна земја-членка или од одредишната земја вклучена во заедничката транзитна постапка, со наведување на транзитниот референтен број на декларацијата (кога се користи ТПД со РБД), со што се идентификува засегнатата стока и се утврдува дека била ставена на увид кај одредишната испостава или кај овластен примач.

Поконкретно, алтернативниот доказ може да се состои од следниве документи кои се заверени од царинските органи:

- примерок од ТПД (со РБД) или
- дополнителен примерок или фотокопија од лист бр. 5 од ЕЦД или ТПД во случај на резервна постапка или
- примерок од декларацијата или документ со кој се става стоката во друго царински дозволено постапување или употреба по нивното ставање на увид кај одредишна испостава или овластен примач, или,
- заверен документ од одредишната испостава, врз основа на документите (на пр., лист бр. 4 од ЕЦД или ТПД) и/или податоците кои се на располагање во таа испостава или од овластениот примач, или
- примерок од комерцијален или транспортен документ или извод од евиденцијата, од операторот засегнат во транзитната операција, со кој се утврдува дека предметната стока била ставена на увид кај таа

испостава или овластен примач (на пр., извештај за истовар или за преглед; потврда за слетување; товарни листови; авионски товарни листови; доказ за плаќање; фактури; транспортни налози).

Надлежниот орган на државата на поаѓање може да земе предвид алтернативен доказ за завршување на постапката само ако нема официјален доказ во наведениот рок.

Доколку официјалниот доказ е примен на подоцнежен датум, во случај на резервна постапка, тој има предност пред алтернативниот доказ.

Член 37(4), Прилог I од Конвенцијата

Член 361(4) од УСЦЗЗ

Одредишната испостава го заверува ТПД кој се користи како алтернативен доказ кога стоката се става на увид.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Главниот обврзник може да ги користи следниве документи како алтернативен доказ дека стоката била ставена на увид кај одредишната испостава:

- примерок од ТПД (со РБД); или
- примерок од транзитната декларација (односно ЕЦД или ТПД во случај на резервна постапка); или
- примерок од декларацијата со која се става стоката во друго царински дозволено постапување или употреба; или
- документ од одредишната испостава, врз основа на транзитниот документ и/или податоците кои се на располагање во таа испостава или од овластениот примач; или
- примерок од комерцијалниот или транспортниот документ или извадок од евиденцијата со што се утврдува дека стоката била ставена на увид на таа испостава или на овластениот примач.

Забелешка:

Алтернативниот доказ мора да биде заверен од страна на царинските органи, ја идентификува засегнатата стока, утврдува дека стоката била ставена на увид и содржи идентификациски број на транзитната декларација.

Член 366 УСЦЗЗ

Доколку алтернативниот доказ е „задоволителен“ за надлежните органи во државата на поаѓање, т.е. доколку им овозможува да верификуваат дека се однесува на предметната стока и дека нема сомневање за веродостојноста на документот и неговата заверка од

страна на надлежните органи, тие ја раздолжуваат транзитната операција.

Во секој случај, алтернативниот доказ мора да биде предмет на дополнителна проверка користејќи го образецот ТЦ21 „Барање за проверка“[59] (вид пододдел 5) доколку надлежниот орган има сомневање во однос на веродостојноста или идентитетот на стоката на која се однесува. Овој алтернативен доказ не може да биде прифатен сè додека органот од кој е побарано верификација не ги потврди податоците како веродостојни и прецизни.

3.3.2 Алтернативен доказ дека засегнатата стока била ставена во царински одобрено постапување или употреба во трета држава

Член 42 (2), Додаток I од Конвенцијата

Член 366(2) од УСЦЗЗ

Во отсуство на докази за ставањето на увид на стоката на одредишната испостава, надлежните органи можат да сметаат дека постапката завршила доколку е приложен документ или заверена копија од документ со кој се внесува предметната стока во царински дозволено постапување или употреба во трета земја.

Член 42 (2a), Додаток I од Конвенцијата

Член 366(2а) од УСЦЗЗ

Таквиот алтернативен доказ може да биде царински документ или печатени податоци со кој се внесуваат засегнатите стоки во царински дозволено постапување или употреба (на пр., царинска декларација со која се ставаат стоките во царински постапка), издадени во трета земја, со што им овозможува на надлежните органи на земјата на поаѓање да утврдат дека всушност ги покриваат засегнатите стоки и дека тие стоки навистина го напуштиле подрачјето на договорните страни/Заедницата.

Член 42 (2b), Додаток I од Конвенцијата

Член 366(2б) од УСЦЗ

Но, таквиот алтернативен доказ може да биде и кој било друг документ или податоци под услов стоката да е во слободен промет во засегнатата трета земја, заверен од царинските органи, што им овозможува на надлежните органи на земјата на поаѓање да утврдат дека ги покрива засегнатите стоки и дека тие стоки навистина го напуштиле подрачјето на договорните страни/Заедницата.

[59] Образец прикажан во Прилог 8.5.

ТРГОВСКО ДРУШТВО

Главниот обврзник може да ги користи следниве документи како алтернативен доказ дека засегнатата стока е ставена во царински дозволено постапување или употреба во трета земја:

- царински документи или печатени податоци со кои се става стоката во царински одобрено постапување или употреба; или
- кои било други документи или податоци заверени од царинските органи на таа земја со што се потврдува дека стоката е пуштена во слободен промет во засегнатата трета земја.

Забелешка:

Овие алтернативни докази можат да биде заменети со копии заверени како верни на оригиналот од тело за заверување на оригинални документи, од органите на засегнатите трети земји или од страна на органите на една од земјите-членки или земјите вклучени во заедничкиот транзит.

Доколку алтернативниот доказ е задоволителен за надлежните органи, во државата на поаѓање , т.е. доколку им овозможува да верификуваат дека се однесува на предметната стока и дека нема сомневање за веродостојноста на документот и неговата заверка од страна на надлежните органи, тие ја раздолжуваат транзитната операција.

3.4. Испитување со одредишната испостава

Овој пододдел е поделен како што следи:

Пододдел 1 се однесува на надлежниот орган и временската рамка за иницирање на барањето за испитување;

Пододдел 2 се однесува на испраќање на барањето за испитување;

Пододдел 3 се однесува на откажување на барањето за испитување;

Пододдел 4 се однесува на реакцијата на одредишната земја кон барањето за испитување;

Пододдел 5 се однесува на барањето до главниот обврзник по започнување на испитната постапка со одредишната испостава;

Пододдел 6 се однесува на последиците од резултатите на испитната постапка.

3.4.1. Надлежен орган и временска рамка за иницирање на барањето за испитување

„Барањето за испитување“ (IE142) го иницира надлежниот орган на државата на поаѓање :

Член 41 (1) трет подстав и член 41 (6), Додаток I од Конвенцијата

Член 365 (1) трет подстав и член 365 (6) од УСЦЗЗ

- кога пораката „Резултати од контролата“ (IE018) не е добиена во рокот зададен за ставање на стоката на увид во одредишната испостава и содржината од рубриката 8 се смета за доволна, или
- кога пораката „Резултати од контролата“ (IE018) не е добиена во рок од шест дена по добивање на „Напомената за пристигнување“ (IE006), или
- веднаш штом надлежните органи биваат известени или имаат сомневање дека транзитната постапка не дошла до завршеток, или
- веднаш штом надлежниот орган открие дека приложениот доказ е фалсификуван и дека постапката не завршила. Меѓутоа, нема да се иницира истрага освен ако таа е од корист за потврдување или поништување на доказите приложени претходно и/или за утврдување на долгот, должникот или надлежниот орган за наплата на долгот, или,
- информациите добиени од главниот обврзник не се сметаат за доволни за раздолжување на постапката, но се сметаат за доволни за да се продолжи со испитната постапка.

3.4.2. Испраќање на порака „Барање за испитување“ (IE142)

Член 41 (2), Додаток I од Конвенцијата;

Член 365 (2) од УСЦЗЗ

Надлежниот орган на државата на поаѓање испраќа „Барање за испитување“ (IE142) до надлежниот орган на одредишната земја. „Барањето за испитување“ се испраќа:

- до декларираната одредишна испостава каде што содржината на рубрика 8 се смета за задоволителна, или
- до вистинската одредишната испостава која ја испратила пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006), или
- засегнатата одредишна царинска испостава каде што информациите дадени од главниот обврзник се сметаат за доволни за продолжување на испитната постапка (види 3.2.2. и 3.4.4.4.).

За олеснување на работата на царинските службеници,

треба да се наведе контакт лице во државата на поаѓање.

3.4.2.1. Употреба на пораките за размена на информации

Покрај испитната постапка, размената на податоци преку пораките IE144 и IE145 може да се врши од почетокот на испитната постапка (испратена порака IE140 или IE142) до наплатата на долгот (испратена порака IE152). Со овие пораки за размена на информации не се затвора отворено „Барање за испитување“ (IE142) или отворено „Барање за непристигнато движење“ (IE140).

Меѓутоа, доколку информациите прикажани од надлежниот орган на земјата на поаѓање во податоците на НКТС или во „Барањето за испитување“ (IE142) не се доволни за овозможување на надлежниот орган на одредишната земја да спроведе неопходно истражување, тој може да побара дополнителни информации од надлежниот орган од земјата на поаѓање со испраќање на пораката „Барање за информации за испитување и наплата“ (IE145) употребувајќи ги соодветните побарани информациски шифри.

Надлежниот орган на земјата на поаѓање ќе се обиде да ги приложи бараните дополнителни информации на надлежниот орган - барател од одредишната земја употребувајќи на пораката „Информации за испитување и наплата“ (IE144) со соодветните информациски шифри. Бараните хартиени документи ќе бидат испратени директно до контакт лицето наведено во пораката. Ова може да се направи преку алтернативни средства (пошта, електронска пошта, телефакс, итн.) ако е можно, но јасно ќе бидат идентификувани со РБД.

Забелешка:

Надлежниот орган во земјата на поаѓање може да испрати и поарака „Информации за испитување и наплата“ (IE144) или образец ТЦ20А „Испраќање информации / документи поврзани со НКТС движења“ со дополнителни информации (на хартија) без да добие „Барање за информации за испитување и наплата“ (IE145).

3.4.3.Откажување на пораката „Барање за испитување“ (IE142)

Доколку, поради која било причина, надлежниот орган од земјата на поаѓање реши да го откаже „Барањето за испитување “ (IE142), треба да се испрати “Известување за откажување на

испитување“ (IE059) до целната одредишна испостава со цел да се запре истрагата.

3.4.4. Реакција на одредишната земја

3.4.4.1. Пребарување на евиденцијата

Член 37 (2) Додаток I од Конвенцијата

Член 361 (2) од УСЦЗЗ

Надлежниот орган на одредишната земја прво ќе изврши пребарување во својата евиденција или, доколку е потребно, евиденцијата на овластениот примач. Ова пребарување понекогаш може да резултира во соодветно завршување на транзитната постапка, при што се открива дека недостасувале само соодветните пораки за известување за пристигнување и резултатите од контролата.

Во случај кога пребарувањето на својата евиденција и евиденцијата на овластениот примач не вродува со плод, надлежниот орган на одредишната земја ќе го контактира

- примачот, кој можеби ги добил стоките и документите без да ги стави на увид на декларираната или друга одредишна испостава, или,
- друго одговорно лице кој може да даде дополнителни информации.

3.4.4.2. Резултатите од пребарување на евиденцијата

По преземање на чекорите опишани погоре во пододдел 3.4.4.1., можни се следниве хипотетички случаи:

- <u>Засегнатата стока била навремено ставена на увид на одредишната испостава или на овластениот примач, но</u>

  - доказот за завршувањето на постапката (IE006 и/или IE018) не бил вратен во предвидениот рок. Во тој случај, надлежниот орган на земјата на поаѓање веднаш ги испраќа пораките кои недостасуваат до барателот - надлежниот орган на земјата на поаѓање;

Член 39, Додаток I

  - доказот за завршување на постапката („Известување за пристигнување“ (IE007) и/или

од Конвенција та

Член 363 од УСЦЗЗ

„Забелешки за истовар“ (IE044)) не е испратен до одредишната испостава од овластениот примач иако за тоа има обврска. Во тој случај, надлежниот орган на одредишната земја веднаш ја испраќа пораката IE006 и/или IE018 до барателот, односно надлежниот орган на земјата на поаѓање откако прво ќе побара од овластениот примач да ги обезбеди информациите кои недостасуваат. Надлежниот орган на одредишната земја ќе ги преземе сите неопходни мерки во однос на овластувањето на овластениот примач.

Забелешка:

Испраќањето на IE006 и IE018 или IE018 е дозволено само кога транзитната операција завршила во предвидените рокови и стоката не излегла од царински надзор. Мора да биде регуларно завршена постапка во предвидениот временски рок (на пр., кај одредишната испостава само недостасувало регистрирањето на транзитната постапка) или прифаќање на задоцнето приложување за увид во согласност со законските одредби.

- <u>Предметната транзитна операција не била ставена на увид во одредишната испостава, но стоката била ставена на увид во транзитна испостава.</u>

Член 116 (1в) од Конвенцијата

Надлежниот орган од одредишната земја која го врши пребарувањето на својата евиденција не може да утврди дека стоката била ставена на увид кај одредишната испостава, но пораката „Известување за преминување на границата“ IE118 (NCF) била издадеба од сопствената држава.

Тогаш надлежниот орган на одредишната испостава испраќа

-порака „Одговор на испитувањето“ IE143 со шифра на одговор „4“ – Барање за наплата во одредиштето, за преземање на одговорноста за постапката за наплата.

- Засегната стока била доставена до лице кое не е овластен примач:

Доколку надлежниот орган од одредишната земја утврди дека стоката била испорачана директно до неовластен примач кој, и покрај својата обврска, не ја контактирал неговата одредишна испостава, надлежниот орган на одредишната земја ќе испрати „Барање за испитување“ (IE143) користејќи ја шифрата „4“ – Барање за наплата во одредиштето, при што се бара да се пренесе одговорноста за наплатата на надлежниот орган на одредишната земја .

- Одредишната испостава на ја завршила засегнатата транзитна операција во системот, но стоката е извезена во трета држава:

Член 4 (2), прилог I од Конвенцијата

Член 92 (2) од Законикот

Доколку надлежниот орган на одредишната земја утврди дека стоката е извезена во трета држава

- надлежниот орган ќе ги испрати пораките IE006 и IE018 до надлежниот орган на земјата на поаѓање откако ќе се докаже фактичкото ставање на стоката на увид, или
- надлежниот орган ќе ги испрати кои било други документи или податоци, опфатени во образецот ТЦ20А со кои се докажува дека стоката била извезена во трета држава во случај да нема ниту алтернативен доказ ниту порака со која се потврдува пристигнувањето или ставањето на увид на стоката во одредиштето, за да им овозможи на надлежните органи на земјата на поаѓање да утврдат дека документите ја покриваат засегнатата стока и дека таа стока всушност ја напуштила територијата на договорната страна/Заедницата.

3.4.4.3. Рок за одговор во случај испитната постапка првично да започнала со одредишната испостава

Член 41 (5) Додаток I од Конвенцијата

Член 365 (5) од УСЦЗЗ

Надлежниот орган на одредишната земја мора да одговори без одлагање, но најдоцна во рок од 28 дена по добивање на барањето за испитување преку барање дополнителни информации (со употреба на пораката „Барање за информации за испитување и наплата (IE145)), или со

употреба на пораката „Одговор на испитувањето“ (IE143) (види пододдел 3.4.4.5. за шифрите за одговор).

3.4.4.4.Рок за одговор во случај испитната постапка да започнала со главниот обврзник и да продолжува со одредишната испостава

Член 41 (6) Додаток I од Конвенцијата

Член 365 (6) од УСЦЗ

Во случај испитната постапка да започнала со главниот обврзник кој приложил доволно информации за испитната постапка да продолжи, надлежниот орган на одредишната земја одговара, без одлагање, но најдоцна во рок од 60 дена по добивање на барањето за испитување преку барање дополнителни информации (со употреба на пораката „Барање за информации за испитување и наплата“ (IE145)), или со употреба на пораката „Одговор на испитувањето“ (IE143) (види пододдел 3.4.4.5. за шифрите за одговор).

3.4.4.5. Шифри за одговор на барањето за испитување

Надлежниот орган во одредишната земја ќе користи една од следниве шифри за одговор во пораката „Одговор на испитувањето“ (IE143):

Шифра „1“ – движењето не е познато во одредиштето

- Стоката е ставена на увид на декларираната одредишната царинска испостава. Надлежниот орган на земјата на поаѓање треба да се обиде, доколку е можно, да ја идентификува конкретната одредишна испостава или да продолжи со барање до главниот обврзник.

Шифра „2“ – претпоставено удвојување

- Стоката е приложена на декларираната одредишна испостава и тие органи претпоставуваат дека постојат две пораки „Податоци за декларација“ (IE015) за истата стока.

Шифра „3“ – повратниот лист вратен на (датум)

- Стоката е приложена на декларираната одредишна испостава, но таа испостава не може да ја заврши постапката со пораките IE006 и IE018 и наместо тоа испраќа

алтернативен доказ (на пр., примерок од ТПД) кој сè уште не пристигнал кај појдовната испостава.

Шифра „4“ – барање за наплата во одредиштето

- Стоката не е ставена на увид на одредишната испостава, но подоцна е пронајдена во истата држава (на пр., противзаконско отстранување од постапка) и сака да ја преземе одговорноста за наплата (Барање за наплата во одредиштето во случај на испорака до примач или врз основа на „Известување за преминување на границата“ (IE118)).

3.4.5 Барање до главниот обврзник по започнување на испитната постапка со одредишната испостава;

Член 41 (4), Додаток I од Конвенцијата

Член 365 (4) од УСЦЗЗ

Кога испитната постапка започнала со пораката „Барање за испитување“ (IE142) до одредишната испостава и нема одговор или има негативен одговор преку пораката „Одговор на испитувањето“ (IE143), надлежниот орган на земјата на поаѓање ќе го контактира главниот обврзник за да му ги приложи потребните информации за раздолжување на постапката (за повеќе податоци види погоре 3.2).

Член 116, Додаток I од Конвенцијата;
Член 450а од УСЦЗЗ

Доколку главниот обврзник, во оваа фаза на испитната постапка:

- не приложи информации во рок од 28 дена,

или,

- приложените информации не се сметаат за доволни за да се продолжи со испитната постапката;

Член 116 (1), Додаток I од Конвенцијата

Член 215(1) од Законикот

Член 450а од УСЦЗЗ

надлежниот орган на појдовната земја ги утврдува следните мерки за раздолжување на постапката. Надлежниот орган на земјата на поаѓање ги утврдува своите наоди најдоцна седум месеци по истекот на рокот за ставање на увид на стоката во одредиштето (види ја забелешката во пододдел 3.2.2. во однос на овој временски рок).

3.4.6. Последици од резултатите на испитната постапка

Врз основа на добиените одговори, вклучувајќи ги сите информации добиени од главниот обврзник, надлежниот

орган на земјата на поаѓање утврдува дали постапката завршила или не, и дали може да биде раздолжена, или кои се следните мерки кои треба да се преземат.

Членови 41 (7) и 118 (5) Додаток I од Конвенцијата;

Членови 365 (7) и 450в (3) од УСЦЗЗ

Кога транзитната операција може исправно да се раздолжи во рамките на испитната постапка, надлежниот орган на земјата на поаѓање веднаш го информира главниот обврзник и гарантот доколку учествувале во процесот.

Надлежниот орган го информира гарантот во согласност со член 118 (5) од Додаток I од Конвенцијата/член 450в (3) од УСЦЗЗ.

Покрај тоа, надлежниот орган може да ги информира другите надлежни органи кои учествуваат во испитната постапка, а особено гарантната испостава.

Кога надлежниот орган на земјата на поаѓање не може да ја раздолжи транзитната постапка, а има

- „Напомена за пристигнување“ (IE006) во системските податоци,

- „Известување за преминување на границата“ (IE118) во системските податоци, или

- докази приложени од главниот обврзник во однос на ставањето на увид на стоката или испорака на стоката во друга земја-членка или договорна страна,

надлежниот орган во земјата на поаѓање без одлагање ќе ја префрли одговорноста до државата која се смета за надлежна за наплатната постапка со „Барање за наплата“ (IE150).

Ако постои пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006), органот до кој е испратено барањето мора да ја испрати пораката „Резултати од контрола“ (IE018). Ако постои „Известување за преминување на границата“ (IE118) или доказ приложен од главниот обврзник за ставање на увид или испорака на стоката во друга земја-членка или договорна странка, треба да ја прифати надлежноста за наплата и да ја испрати пораката „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151) со избрана опција „да“ (код за прифаќање 1).

Во случај кога органот до кој е упатено барањето не реагира ниту со испраќање на пораките кои недостасуваат (и покрај законската обврска) ниту пак со преземање на одговорноста за наплата во

пропишаниот рок од 28 дена (и покрај постојниот доказ наведен погоре), локалните транзитни службеници за врска од бараната држава (види го адресарот на транзитната мрежа на интернет страницата на Europa) треба да бидат информирани, со потребните докази, со цел да преземат мерки бидејќи надлежноста треба да биде преземена од органот до кој е упатено барањето. Доколку со ова не се постигне саканото, , тогаш националниот дежурен центар (хелпдеск) и националниот координатор за транзит во земјата на поаѓање треба да бидат информирани за да преземат мерки.

Член 116 (1), Додаток I од Конвенцијата

Член 215(1) од Законикот

Член 450а од УСЦЗЗ

Надлежниот орган на земјата на поаѓање ги утврдува своите наоди најдоцна седум месеци по истекот на рокот за ставање на увид на стоката во одредиштето. Кога е потребно, тој сам ја започнува постапката за наплата (види дел VIII за повеќе информации).

Сите дополнителни информации, добиени или откриени од страна на надлежниот орган во однос на засегнатата стока може да имаат влијание на резултатите на испитната постапка.

Ова особено важи доколку е откриена неправилност или измама (противзаконско отстранување, замена на стоката, итн.) за време на транзитната операција, и/или ако засегнатата стока е пронајдена, целосно или делумно, надвор од царински надзор и кога се идентификувани лицата кои се одговорни за измама или неправилности.

Следствено на тоа, сите релевантни информации мора да бидат дадени до знаење без одлагање до надлежниот орган на земјата на поаѓање.

4. Резервна постапка

Овој пододдел се применува само во случаи кога транзитната операција е започната во рамките на резервна постапка.

Поделен е како што следи:

Пододдел 1 се однесува на воведот,

Пододдел 2 се однесува на надлежниот орган и временската рамка за иницирање на испитната постапка;

Пододдел 3 се однесува на испраќање на известувањето за испитување

Пододдел 4 се однесува на реакцијата на одредишната земја

кон известувањето за испитување;

Пододдел 5 се однесува на последиците од резултатите на испитната постапка.

4.1. Известување за испитување во случај на резервна постапка или поедноставена постапка својствена за одредени видови на транспорт

Овој пододдел се основа на еден од следниве документи кои се користат како транзитна декларација во случај на резервна постапка:

- Единствен царински документ (ЕЦД),

- ЕЦД испечатен на обична хартија од системот на трговското друштво, како што е предвидено во членот 205 од УСЦЗЗ/Додаток 3, прилог А7 од Конвенцијата, или

- Транзитниот придружен документ (ТПД) каде што потребата за трговецот да го користи се смета за оправдана од надлежните органи во земјата на поаѓање. Во овој случај, ТПД нема да содржи баркод или референтен број на движењето (РБД).

4.1.1. Вовед

Во случај на немање доказ за завршување на транзитната постапка или штом надлежните органи се информирани или се сомневаат дека постапката завршила:

- се контактира главниот обврзник за да даде докази користејќи го образецот во Прилог 8.2 дека постапката завршила на крајот на едномесечен период по истекот на временскиот рок за ставање на увид на стоката на одредишната испостава, и

- за декларираната одредишна испостава, испитната постапка започнува по крајот на двомесечниот период по истекот на временскиот рок за ставање на увид на стоката на одредишната испостава.

Главните цели на испитната постапка се:

- да се обезбедат докази за завршување на постапката, со цел раздолжување на постапката, или,

- во недостиг на таков доказ или кога за приложените докази подоцна се утврди дека се фалсификувани или неважечки, да се воспостават условите во кои настанува долгот, да се идентификува должникот (должниците) и да се утврдат надлежните органи за наплата на долгот.

Оваа постапка е базирана на административната соработка помеѓу надлежните органи и се земаат предвид информациите дадени од главниот обврзник (види *мутатис мутандис* во пододдел 3.).

Списокот на надлежни органи за испитна постапка е прикажан во Прилог 8.1.

Нејзиното исправно функционирање подразбира:

- целосно пополнети известувања за испитување,
- ефективно и правилно регистрирање на пристигнувањата од страна на одредишните испостави,
☐ 3. Известување за транзит не е поднесено овде. Образецот ТЦ20 е испратен до последната предвидена транзитна испостава.

Место и датум Потпис: Печат:

VI. ПОПОЛНУВА ПРЕТХОДНА ПРЕДВИДЕНА ТРАНЗИТНА ИСПОСТАВА

☐ 1. Известување за транзит е поднесено овде на |__|__|__|
Д М Г

☐ 2. Известување за транзит е испратено до мене од вистинската транзитна испостава ..... (име)
каде што е поднесено на |__|__|__|
Д М Г

☐ 3. Известување за транзит не е поднесено овде. Образецот ТЦ20 е испратен до последната предвидена транзитна испостава.

Место и датум Потпис: Печат:

VII. ПОПОЛНУВА ПРЕТХОДНА ПРЕДВИДЕНА ТРАНЗИТНА ИСПОСТАВА

☐ 1. Известување за транзит е поднесено овде на |__|__|__|
Д М Г

☐ 2. Известување за транзит е испратено до мене од вистинската транзитна испостава ..... (име)
каде што е поднесено на |__|__|__|
Д М Г

☐ 3. Известување за транзит не е поднесено овде. Образецот ТЦ20 е испратен до последната предвидена транзитна испостава.

Место и датум Потпис: Печат:

VIII. ПОПОЛНУВА ПРЕТХОДНА ПРЕДВИДЕНА ТРАНЗИТНА ИСПОСТАВА
☐ 1. Известување за транзит е поднесено овде на |__|__|__| Д М Г
☐ 2. Известување за транзит е испратено до мене од вистинската транзитна испостава ..... (име) каде што е поднесено на |__|__|__| Д М Г
☐ 3. Известување за транзит не е поднесено овде. Образецот ТЦ20 е испратен до последната предвидена транзитна испостава.
Место и датум Потпис: Печат:

ТЦ20 – Известување за испитување – белешки за појаснување

1. Информациите и одговорите се даваат со ставање на знак икс во рубриката дадена за оваа цел.

2. Известувањето за испитување се користи за која била транзитна постапка, без разлика дали се работи за поедноставена или редовна, под која до надлежниот орган на земјата на поаѓање треба да се приложи доказ дека завршила.

3. Во рубрика I, точка А, надлежниот орган кој го поднесува барањето го наведува бројот на транзитната декларација (ЕЦД или транспортен документ кој се користи како декларација) за кој нема доказ дека завршила постапката. Се приложува копија од декларацијата.

4. Во рубрика I, точка Д, се идентификува транспортното средство, ако овие податоци се потребни во декларацијата или, ако не, дали овие податоци се познати за надлежниот орган (посебно преку главниот обврзник).

5. Во рубрика I, точка Ѓ, надлежниот орган кој го поднесува барањето го наведува примачот (примачите), без разлика дали е овластен или не, како што е наведено, во случај кога таквите податоци биле потребни на декларацијата или, во други случаи, претпоставениот примач (примачи) кој можел да ја прими стоката врз основа на информации кои органот ги има на располагање.

6. Во рубрика I, точка Е-3, се наведуваат конкретните примачи, како што се идентификувани од главниот обврзник.

7. Во рубрика II, точка 3. наведениот надлежен орган ги бара транспортните документи во случај кога тие не се транзитни декларации (во последниов случај треба да бидат споменати под I-А).

8. Во рубрика IV, надлежниот орган го информира надлежниот орган на земјата на поаѓање за резултатот на своите испитувања кои не се обврзувачки за таа испостава.

9. Во рубрика IV, точка 1, надлежниот орган ја штиклира рубриката (а) ако враќа заверена копија од лист 1, со печат, како што е добиен од надлежниот орган кој го поднесува барањето. Во други случаи (копија од лист 4 или копија од друг документ – месечна листа на воздухопловен/бродски превоз – ниво 1 , на пример, со што се докажува завршувањето на постапката), ја означува рубриката (б)

Ако органот го препраќа образецот ТЦ20, ја означува соодветната рубрика под точка 7 и ги внесува податоците, ако е потребно. Ќе го информира надлежниот орган на земјата на поаѓање со копија од Известувањето за испитување.

Секоја транзитна испостава постапува на ист начин доколку не најде известување за транзит.

10. За секоја транзитна декларација се користи одделен образец ТЦ20.

Прилог 8.4

ТЦ20А
ЗАЕДНИЧКА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА/ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА НА ЗАЕДНИЦАТА
ИСПРАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ/ДОКУМЕНТИ ВО ОДНОС НА НКТС ДВИЖЕЊА

1. ДЕКЛАРАЦИЈА:

РБД: .....

Бар код (ако е можно):

Испитна постапка (референтен број)

Постапка за наплата (референтен број)

2. НАДЛЕЖЕН ОРГАН ПРИ ПОАЃАЊЕ	**3. НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ОДРЕДИШТЕ**
Име и адреса: Контакт детали: Име: Тел: Факс: Е-пошта:	Име и адреса: Контакт детали: Име: Тел: Факс: Е-пошта:

4. ПРИЛОЖЕНИ ДОКУМЕНТИ

☐ 1 ТЦ11

☐ 2 Копија од фактура/и: .....

☐ 3 Копија од манифестот – бродскиот товарен лист – авионскиот товарен лист - ЦМР

☐ 4. Повратен лист (резервна постапка во одредиштето) види одговор на испитувањето: .....

.....

☐ 5. Копија/оригинал од следниве документи (наведете)

.....

.....

5. ПРИЛОГ(ПРИЛОЗИ): ..... (вкупен број)

6. НАДЛЕЖЕН ОРГАН

☐НА ПОАЃАЊЕ **☐НА ОДРЕДИШТЕ**

Место и датум Потпис Печат:

Прилог 8.5

ТЦ21 – БАРАЊЕ ЗА ПРОВЕРКА

I. ОРГАН БАРАТЕЛ **II. НАДЛЕЖЕН ОРГАН ДО КОЈ Е УПАТЕНО БАРАЊЕТО**

(назив и полна адреса) (назив и полна адреса)

III. БАРАЊЕ ЗА ПРОВЕРКА ☐ проверка на лист ☐ од причините посочени под В или Г
Се бара да се верификува

А. Автентичноста на печатот и потписот

☐ 1. Во рубриката со наслов Контрола од одредишна испостава (рубрика 3) од приложениот лист за враќање бр. .....
☐ 2. Во рубриката Ѓ и/или Е од приложениот лист за враќање бр. .....
☐ 3. Во рубриката со наслов „контрола на употреба и/или намена“ (рубрика S) на приложениот контролен лист Т5 бр. ....
☐ 4. Во рубриката со наслов „Појдовна испостава“ (рубрика В) на приложениот лист 4 бр. .....
☐ 5. Во рубриката со наслов „Контрола од појдовна испостава“ (рубрика Г) на приложениот лист 4 бр. .....
☐ 6. Во рубриката со наслов „Колети и опис на стока“ (рубрика 31) на приложениот лист 4 бр. .....
☐ 7. Во фактурата бр..... од..... / транспортен документ бр ..... од..... (приложени)

Б. Точноста на внесената заверка

☐ 1. Во рубриката(ите) ..... (1)
☐ 2. Во трговскиот документ бр. ..... од..... (приложен)

В. ☐ Автентичноста и точноста на приложениот алтернативен доказ.

Г. Верификацијата се бара поради:

☐ 1. Недостасува печатот
☐ 2. Недостасува потписот
☐ 3 Печатот е нечиток
☐ 4. Рубриката е нецелосно пополнета
☐ 5 Правени се бришења без парафирање и одобрување
☐ 6. Образецот содржи бришење и допишување
☐ 7 Печатот не е препознаен
☐ 8. Недостасуваат податоци за употребата или намената
☐ 9. Други причини (да се специфицираат)

Место....., Датум.....

Потпис …..... Печат

(1) Посочете го бројот на рубриките за бараната верификација

IV. РЕЗУЛТАТ ОД ПРОВЕРКА

☐ А. Печатот и потписот се автентични

☐ Б. Образецот не е ставен на увид на надлежните органи и
☐ 1. Печатот е фалсификуван
☐ 2. Печатот не е соодветно удрен
☐ 3. Потписот не му припаѓа на одговорноот лице од надлежниот орган

☐ В. Заверките се точни.

☐ Г. Заверките не се точни: Треба да гласат вака:

☐ Д. Забелешки:

☐ 1. Печатот е читок

☐ 2. Потписот е внесен

☐ 3. Рубриката е пополнета

☐ 4. Бришењата се парафирани и потврдени

☐ 5. Бришењата и допишувањата се должат на:

☐ 6. Печатот е автентичен и може да се прифати

☐ 7. Датумот е внесен

☐ 8. Алтернативниот доказ ги задоволува условите и може да се прифати

☐ 9. Други причини (да се специфицираат)

Место....., Датум.....

Потпис …..... ..... (Печат)

Забелешки:
1. За секој образец кој треба да се верификува се прави посебно барање
2. Информациите и одговорите се даваат со внесување на крст ви полињата дадени за та намена
3. Надлажениот орган до кој е дадено барањето треба да обезбеди приоритет

ТЦ21 (А) – БАРАЊЕ ЗА ПРОВЕРКА

1. Орган кој го поднесува барањето (Име и целосна адреса)	2. Надлежен орган до кој се поднесува (Име и целосна адреса)
3. СЕ БАРА ПРОВЕРКА НА СТАТУСОТ НА СЛЕДНИВЕ ПРАТКИ ЗА КОИ ПОДОЛУ СЕ *НАВЕДЕНИ/ПРИЛОЖЕНИ* ИЗВАДОЦИ ОД МАНИФЕСТОТ НА ВОЗДУХОПЛОВОТ/ ПЛОВИЛОТО	
Име и адреса на имателот на одобрението	Воздухоплов/пловило* и датум на поаѓање
	Појдовен аеродром/појдовно пристаниште*:

Бр.	**Бр. на манифест за воздушен/поморски транспорт**	**Бр. на контејнери (или ознаки и броеви)**	**Опис на стоката**	**Број на колети**	**Маса (кг) или зафатнина**	**Деклариран статус (Т1, Т2, ТF, TD,C, F, X)**
(1)						
(2)						
(3)						
(4)						
(5)						

4. РЕЗУЛТАТ ОД ПРОВЕРКАТА

Потврдата на сите пратки е задоволителна **освен** за следниве ставки: (Приложени придружни документи)

5. ОРГАН КОЈ ЈА ВРШИ ПРОВЕРКАТА:

Име:_____ Потпис: _____

Датум _____ Печат:_____

* избришете како што одговара

Ова барање се користи за една компанија, еден воздухоплов или пловило. По пополнување, вратете го барањето на испоставата прикажана во рубрика 1.

Прилог 8.7

Примери на ситуации во испитната постапка

Доколку на крајот на испитната постапка, транзитната операција сè уште не е раздолжена, следниве примери на ситуации[2] можат да бидат од корист за надлежниот орган на земјата на поаѓање при утврдување на органот надлежен за наплата на долгот:

а) Транзитна операција без учество на транзитна испостава (чисто внатрешна операција во која учествува договорна страна на Конвенцијата).

Таква ситуација може да се случи само за транзитна операција во рамките на Заедницата или транзитна операција ограничена на подрачјето на една од другите договорни страни (операција во која не се одвива заеднички транзит)

Пример:

[Данска – Германија – Франција - Шпанија]

Надлежниот орган од одредишната земја (органот на земјата притоа припаѓа на истата договорна страна или истата земја) не може да даде доказ за ставање на увид на стоката во одредиштето.

Пратката "исчезнала" некаде во подрачјето на засегнатата договорна страна/земја.

б) Транзитна операција во која учествуваат транзитни испостави на излез од, а потоа и влез во, иста договорна страна (или една или повеќе трети земји, покрај земјите-членки на ЕФТА).

Во пракса, само Заедницата треба да биде вмешана во ваква ситуација.

Пример:

[Австрија, Словенија – Хрватска/Босна/Србија/Македонија - Грција]

Надлежниот орган на одредишната земја не може да приложи докази за ставање на увид на стоката во одредиштето, и

- I. Известување за транзит е приложено при влез (повторен влез) во засегнатата договорна страна (на пример Грција):

[2] Ова само вклучува примери од ситуации кои предизвикуваат претпоставки наместо дефинитивни заклучоци. Всушност, ништо не може да гарантира со сигурност дека пратката за која е поднесено известувањето за транзит ја содржи декларираната стока. Покрај тоа, овие причини, не можат да ги земат предвид известувањата кои можеби се фалсификувани или се однесуваат на ситуации во кои превозникот „изоставил" да го поднесе известувањето за транзит и/или транзитната испостава „заборавила" да го побара. Меѓутоа, таквите претпоставки се главната причина за идентификување на државата каде што стоката е „отстранета" и се утврдува надлежниот орган за наплата на долгот.

пратката е повторно внесена во засегнатата договорна страна, а потоа „исчезнала“ некаде

- II. Поднесено е Известување за транзит при излез од засегнатата договорна страна (на пример Австрија), а не и на влез (повторно внесување) во истата договорна страна (на пример Грција):

пратката „исчезнала“ помеѓу двете транзитни испостави, во една од третите земји.

- III. Не е поднесено Известување за транзит ниту при излез од засегнатата договорна страна (на пример Австрија), ниту на влез (повторно внесување) во истата договорна страна (на пример Грција):

пратката не ја напуштила засегнатата договорна страна и „изчезнала“ помеѓу појдовната испостава и првата транзитна испостава при излез.

<u>в) Транзитна операција со учество само на транзитните испостави (при влез) на границите помеѓу договорните страни.</u>

Пример:

[Полска - Република Чешка - Германија – Швајцарија - Франција]

- I. Известување за транзит не е поднесено кај последната транзитна испостава (при влез во Франција), но е поднесено на претходната транзитна испостава (при влез во Швајцарија):

пратката пристигнала во Швајцарија, но „исчезнала“ помеѓу транзитната испостава при влез во Швајцарија и одредишната испостава во Франција; истата логика се применува според транзитната испостава која е идентификувана како последна која добила известување за транзит.

- II. Не е поднесено известување за транзит

пратката ја напуштила појдовната договорна страна и „исчезнала“ некаде.

<u>г) Транзитна операција во која учествуваат транзитни испостави на границите помеѓу договорните страни и со трети државаи</u>

Пример:

[Грција, Бугарија, Романија - *Украина* – Словачка - Полска]

Ова е ситуација која е комбинација на случаите (б) и (в). Поради тоа, ситуациите и решенијата се слични, *мутатис мутандис.*

Дел VIII – Долг и наплата

1. Опсег на одредбите

Наслов IV, Додаток I од Конвенцијата;

Ова поглавје се однесува на делокругот на одредбите со кои се уредува долгот и наплатата во заедничката транзитна постапка и транзитната постапка на Заедницата.

Членови 203, 204, 213, и 215 од Законикот
Членови 341, 450а до 450г УСЦЗЗ

Целта на овој дел VIII е да се утврди хармонизирана верзија на оние ситуации во кои настанува долг во текот на строго заеднички транзитни постапки или строго транзитни постапки на Заедницата, да се идентификуваат должниците и недвосмислено да се утврди кои држави се одговорни за наплатата на долгот од должниците и гарантите. Но, тоа е сè што овие одредби опфаќаат. Оставаат на секоја договорна страна на Конвенцијата да ја преземе одговорноста за самата наплата во согласност со уредбите на страната кои се однесуваат на вакви работи, освен за временските рокови за започнување на наплатата. За целите на Заедницата, хармонизираните правила за царински долг се пропишани во Царинскиот законик на Заедницата.

1.1. Дефиниции

Долг

Член 3 (1) Додаток I од Конвенцијата

За целите на Конвенцијата за „заеднички транзит“, „долг“ значи увозни или извозни давачки и други давачки кои се наплатливи кога стоката се става во постапка.

Царински долг

Член 4(9) од Законикот

За целите на Заедницата, „царински долг“ се дефинира како „обврската на одредено лице да го плати износот на увозните давачки или извозните давачки“ при што давачките се пропишани во член 20 од Законикот. Бидејќи правилата за транзитот на Заедницата имаат ефект на одложено плаќање на „другите давачки“ (национални такси), со член 341 од УСЦЗЗ се проширува опсегот на одредбите од Законикот да ги опфатат „други давачки“ за целите на гаранции, царински долг и наплата.

За целите на овој документ, зборот „долг“ се користи да ги опфати двете горни дефиниции.

Наплата

Општиот поим „наплата“, кој овде се употребува и во контекстот на „заеднички“ транзит и во контекст на транзит на Заедницата, ги опфаќа сите чекори при наплаќање/прибирање на сите долгони износи.

1.2. Разлика помеѓу финансиски и казнени одредби

Член 116, Додаток I од Конвенцијата; Членови 203, 204 од Законикот

Во врска со транзитната операција, одложениот „долг“, за времето додека стоката бил во постапка, треба да биде наплатен доколку транзитната постапка не е прописно раздолжена, по утврдување дека „долгот“ настанал поради незаконско отстранување на стоката, неисполнување на обврските или непридржување со одредени услови.

Тие ситуации кои предизвикуваат настанување на долг честопати наликуваат на „прекршоци“ или „неправилности“, кои често не резултираат во наплата на одреден износ кој објективно се должи, туку во наметнување на административна и/или казнена санкција. Овој дел од транзитниот прирачник ги опфаќа само оние ситуации каде што настанал објективен долг; не е опфатен казнениот аспект, кој останува одговорност на секоја поединечна земја-членка или друга договорна страна.

2. Настанување / ненастанување на долг, пропусти и утврдување на должниците и гарантите

Ова поглавје се однесува на:

- настанување и ненастанување на долг,
- пропусти на постапката,
- други пропусти и непридржување кон постапката,
- и утврдување на должниците и гарантите.

2.1. Настанување / ненастанување на долг

2.1.1. Кога настанува долг

2.1.1.1. Противзаконско отстранување на стоката од постапка

Член 114 (1)(а) и (б), Додаток I од Конвенцијата; Член 203 (1)(2) од Законикот

Долгот настанува од противзаконско отстранување на стоката од царински надзор или во како гласи во Конвенцијата „од заедничката транзитна постапка“. Во случај стоката незаконски се отстранува, настанува долг веднаш штом стоката се отстрани од постапката.

Член 116, Додаток I од Конвенцијата;

Освен во случаи кога стоката е очигледно украдена од превозните средства, утврдувањето на точниот момент на

Член 215 од Законикот

отстранување е исто толку тешко како и утврдувањето на местото каде што отстранувањето се случило, бидејќи овие две се поврзани. Во секој случај, моментот на отстранување е важен бидејќи стоката вообичаено останува во постапка релативно кратко време и факторите кои влегуваат во пресметката на износот на долгот не треба радикално да се изменат во тој период.

Кога не е можно да се утврди точното место и време, датумот ќе се смета за првиот работен ден по истекот на временскиот рок за ставање на увид на стоката кај одредишната испостава. Поднесувањето на пораката „Известување за преминување на граница“ (IE118) кај последната транзитна испостава се олеснува утврдувањето барем на државата каде што се случило незаконското отстранување.

2.1.1.2. Неисполнување на обврската

Член 114 (2) (б), Додаток I од Конвенцијата; Член 204(а) и (б) од Законикот

Долгот настанува во моментот кога „престанува да се исполнува една од обврските, чиешто неисполнување предизвикува настанување на долг“. Во пракса, не е секогаш лесно да се идентификува точниот момент кога таквото неисполнување се случило или започнало. Во такви случаи, според пракса, се препорачува да се користи моментот кога таквиот пропуст е откриен.

Член 114 (1) (б), Додаток I од Конвенцијата; Член 204 (1)(б) од законикот

Долгот настанува кога стоката е ставена под транзитна постапка и последователно е утврдено дека не е исполнет услов со кој се уредува ставањето на стоката под таа постапка.

2.1.2. Ненастанување на долг

Член 114 (3) Додаток I од Конвенцијата Член 206(1) од Законикот

Ќе се смета дека не настанал долг во случаи кога лицето ќе докаже дека неисполнувањето на неговите обврски е:

- поради целосно уништување или неповратна загуба на стоката (т.е. станале неупотребливи);
- поради нивната суштинска природа (на пр., нормално испарување), непредвидливи околности или виша сила, или,
- последици од одобрување од надлежните органи[61].

[61] Според правото на Заедницата, уништувањето е царински одобрено постапување или употреба; види член од Законикот.

2.2. Пропусти на постапката

2.2.1. Ситуации на противзаконито отстранување

Во начело, сите ситуации кога царинската управа не е веќе во положба да обезбеди примена на царински правилата, и по потреба други одредби применливи на стоката под надзор, можат да бидат опфатени под поимот „противзаконито отстранување“ (види пододдел 2.1.1.1).

За ситуации кои предизвикуваат незаконито отстранување на стоката од царинска постапка/царински надзор посебно се сметаат следниве:

1. Неставање на увид на стоката кај одредишната испостава или на овластен примач, вклучувајќи ситуации каде што:

- целата или дел од стоката е украдена или исчезнала во текот на превозот („исчезната стока“)[62];
- доказот за ставање на увид на стоката кај одредишната испостава бил фалсификуван;
- превозникот ја става стоката на увид директно до примач кој не е овластен примач;
- друга стока ја заменува целата или дел од декларираната стока.

Член 865 од УСЦЗЗ

2. Замената на транзитна операција / царинскиот статус на стоката (на пр., замена на заедничката транзитна декларација/транзитната декларација на Заедницата „Т1“ со заедничка транзитна декларација/транзитната декларација на Заедницата „Т2“ или со доказ за статус од Заедницата „Т2L“ или „Т2LF“ – или документ со еднакво значење, односно документ кој ја содржи буквата „С“ или „F“ на манифестот за авионски или поморски превоз).

2.2.2. Ситуации кои не претставуваат противзаконито отстранување

Јасно е дека ситуации кои припаѓаат под оваа точка не ги содржат горенаведените карактеристики. Пример на таква ситуација е скината пломба додека пратката прописно се

[62] Во Заедницата, *Член 900 од УСЦЗЗ* дозволува увозните давачки да се платат повторно или да се отпуштат кога е украдена стока која не е стока на Заедницата, под услов стоката брзо да се врати и повторно да се стави во нејзината оригинална царинска состојба во која што била пред да биде украдена.

става на увид кај одредишната испостава[63]. Меѓутоа, фактот што стоката не била противзаконско отстранета не мора да значи дека немало пропуст во почитување на другите обврски од транзитната постапка, ниту дека не настанал никаков долг (види пододдел 2.3).

2.3. Други пропусти на придржување кон постапката

2.3.1. Ситуации каде што непридржувањето кон постапката може да предизвика долг

Член 114 (1) (б), Додаток I од Конвенцијата

Член 204 (1) од Законикот

Во ситуациите кога нема незаконито отстранување на стока, долг може да настане поради:

- Непридржување кон некоја од обврските коишто произлегуваат од употребата на постапката
- Непридржување кон некој услов со којшто се уредува ставањето на стоката во постапка.

Доколку непридржувањето кон обврската претставува – или доведува до – незаконито отстранување на стоката од постапката, тогаш тоа е непридржување поради кое настанува долг и се применуваат одредбите во однос на незаконитото отстранување (види пододделите 2.1.1.1 и 2.2.1)

2.3.1.1 Непридржување кон некоја од обврските коишто произлегуваат од употребата на постапката

Ова е ситуација која се случува откако стоката е ставена во транзитна постапка и пред завршување на постапката.

Член 26 (2) Додаток I од Конвенцијата

Член 355 (2) од УСЦЗЗ

Член 36, Додаток I од Конвенцијата;

Член 360 од УСЦЗЗ

Примери:

- непридржување кон пропишаниот правец на движење;
- оштетени пломби, претовар на стоката, истовар од превозното средство и други незгоди во текот на транспортната операција и последователен пропуст да се извршат соодветните уписи во документот кој ја придружува стоката и нивно ставање на увид на надлежните органи на земјата-членка/договорна страна во чија територија се

[63] Уште еден пример на транзитната постапка на Заедницата: член 865, втор подстав од УСЦЗЗ предвидува грешка во однос на царинскиот статус на стоката која не е стока на Заедницата наведена во воздухопловниот манифест кога се користи второ ниво на поедноставена транзитна постапка на Заедницата (кога се користи ознаката „C“ наместо „T1“) не се смета дека претставува противзаконско отстранување под услов авиокомпанијата да го регулира царинскиот статус на стоката со нејзино царинење при пристигнување кај одредиштето.

наоѓа транспортното средство;
- ставање на увид на стоката кај одредишната испостава по истекот на временскиот рок без задоволително објаснување и под околности кои можат да се припишат на превозникот или главниот обврзник;
- пропуст на имателот на одобрение да извести за неправилност во поедноставена постапка при воздушен или морски транзит;
- пропуст на лице овластено да користи поедноставување да ги почитува условите пропишани во правилата за одобрението.

2.3.1.2. Непридржување кон некој услов со којшто се уредува ставањето на стоката во постапка.

Оваа ситуација може да се случи во текот на транзитна постапка или пред стоката да биде ставена во транзитна постапка, кога фактите излегуваат на виделина дури по ставањето на стоката во транзитна постапка. Во случај да се појавиле порано, не би било дадено одобрение за отстранување на стоката.). Можни примери на овој пропуст се следниве, кога стоката е ставена во постапка:

- без валидна гаранција за транзитната постапка (бидејќи била укината или поништена или истекол рокот на важноста), или не важи за засегнатата територија (бидејќи во текот на операцијата, стоката транзитира преку договорна страна која не е покриена со гаранцијата) или поради тоа што е надминат референтиот износ за општата гаранција или изземањето од гаранција[63];
- од овластен испраќач, но кога, во спротивно од правилата или барањата за овластување,
  - товарот не бил пломбиран,
  - не бил одреден временски рок за ставање на пратката на увид во одредиштето или
  - не било пропишан правец на движење, иако е задолжително;
- од имателот на одобрение за користење поедноставана постапка издадено врз основа на неточни или

[64] Во овој случај системот за управување со гаранции (GMS) ја проверува валидноста на гаранцијата.

нецелосни информации;

Член 8 од Законикот

- Или за Заедницата: по поништување на овластувањето во согласност со член 8 од законикот;

Член 49, Додаток I од Конвенцијата; Член 373 од УСЦЗ

- Подоцна се открива дека не бил исполнет некој од условите пропишани за употреба на поедноставување, (пример: промена на сопственост во текот на процесот на овластување, а не била соопштена).

2.3.2. Непридржувања кои не предизвикуваат настанување на долг

Член 114 (1) втор потстав, Додаток I од Конвенцијата;

Член 204(1) од Законикот

Пропустите кои немаат „значително влијание врз правилното извршување на постапката“ не предизвикуваат настанување на долг.

Согласно овие одредби, секоја договорна страна самостојно ги утврдува ситуациите во кои се применуваат отстапки и, оттука, самостојно го ограничуваат нивниот опсег.

2.3.2.1.Општи услови со кои се уредуваат отстапките во ситуации во кои предизвикуваат настанување на долг

Во случаи кога некои од обврските со кои се уредува употребата на постапката не се исполнети или некои услови согласно кои стоката е ставена во транзитна постапка не биле исполнети, не се зема предвид отстапка освен ако пропустот во прашање:

- не претставува ни најмал обид за противзаконско отстранување на стоката од транзитна постапка;
- не посочува кон очигледна небрежност од страна на засегнатото лице;
- Примери за очигледна небрежност се кога, со оглед на професионалното искуство, природата на обврските кои треба да се исполнат, условите кои треба да се задоволат и други задолженија (на пр., во врска со овластувањето за употреба на поедноставување), засегнатото лице или не сторило сè што можело за да се спречи непридржувањето или е редовно вмешано во такви неправилности.
- дозволува завршување на формалностите потребни за регулирање на ситуација по царинењето.

Како се врши ова „регулирање“ зависи од предметната обврска или предметниот услов, но подразбира повторно

воспоставување на царинскиот надзор (на пример, за коригирање на царинскиот статус на стоката).

2.3.2.2. Утврдување на ситуации во кои договорните страни применуваат отстапки

Дури и кога се исполнети условите за отстапка, останува до секоја договорна страна да идентификуваат отстапки на одредени ситуации – иако тие мора да бидат утврдени однапред[65].

2.3.3. Долг настанат во врска со транзитна постапка

Одредбите кои важат за заедничката транзитна постапка или транзитната постапка на Заедницата не ги покриваат настаните кои предизвикуваат долг и наплата кои не претставуваат дел од транзитната постапка, дури и да се чини дека „се поврзани со„ транзитна операција. Ваков долг настанува на пример, во следниве ситуации:

Член 201 од УСЦЗЗ

по царинска декларација според која долгот се плаќа кога се увезува стоката или кога се завршува транзитната постапка (на пр. „пуштање во слободен промет“), или

---

[65] За Заедницата, членот 859 од УСЦЗЗ содржи исцрпна листа на пропусти, кои – во рамките на значењето на членот 204(1) од Законикот и под услов на почитување на општите услови – се сметаат дека немаат значаен ефект на прописното спроведување на постапката. Ако се изостави едно од барањата кои се задолжителни за употреба на транзитната постапка на Заедницата, а стоката сепак е прописно ставена на увид кај одредишната испостава и нема очигледна појава на небрежност од страна на трговецот, тогаш нема причина зошто царинските органи да продолжат да тврдат дека настанал царински долг; стоката е сè на располагање на царинските органи и можат да бидат назначени на царински одобрено постапување или употреба, додека финансиските интереси воопшто не се во опасност.

За стока ставена во транзитна постапка на Заедницата, во согласност со членот 859 од УСЦЗЗ, дозволена е отстапка под следниве услови:

- стоката ставена во постапка била навистина прописно ставена на увид кај одредишната испостава и;
- одредишната испостава мора да обезбеди дека стоката е назначена на царински одобрено постапување или употреба или е ставена во привремено складирање на крајот на транзитната операција и;

кога рокот предвиден во член 356 од УСЦЗЗ не е почитуван и не се применува став 2 од членот 361, стоката сепак била ставана на увид кај одредишната испостава во разумен рок.

Член 114, Додаток I од Конвенцијата;

Член 202 од УСЦЗЗ

како последица на противзаконско внесување („криумчарење“) на стока која е предмет на плаќање увозни давачки при влез во државата бидејќи стоката била пренесена

(а) без транзитна декларација („стоката не е декларирана“), или,

(б) со транзитна декларација за стока различна од онаа која се превезува („лажна декларација“), или

(в) со транзитна декларација која покрива помалку од количината која а пријавена („недекларирана вишок стока“)

и не била ставена во транзитна постапка. Ситуациите опишани во б) и в) вообичаено немаат влијание на раздолжувањето на засегнатата транзитна постапка.

Меѓутоа, кога ќе настане една од овие ситуации поврзани со транзитот и кога предизвикува настанување на царински долг, органот кој го открил долгот треба да го извести надлежниот орган на земјата на поаѓање за мерките што ги презема (на пр., наплата од имателот на одобрението во случај на пуштање на стока во слободен промет, која не била декларирана за транзит). Ова се прави со цел да се дозволи надлежниот орган на земјата на поаѓање да ги утврди можните неправилности во поглед на стоката без да подлежи на транзитна постапка.

2.4. Утврдување на должниците и гарантите

2.4.1. Кои се должниците

Според член 115 (2), Прилог I од Конвенцијата (член 204 (3) од законот):

- во случај на неисполнување на една од обврските кои произлегуваат од употребата на постапката, должникот е лицето кое е обврзано да ги исполни обврските.

Ова е главниот обврзник според член 8 (1) од Додаток I кон Конвенцијата (член 96(1) од законикот) но, подеднакво може да биде и превозникот или примачот на стоката (член 8(2) од прилог I од Конвенцијата (член 96(2) од законикот). Во секој случај, идентификувањето

на должникот ќе зависи од тоа која конкретна обврска не била исполнета и формулацијата на одредбата според која е создадена обврската.

- во случај на неисполнување на една од обврските кои произлегуваат од ставањето на стоката во постапката, должник е лицето кое е обврзано да ги исполни обврските.

Во овие примери должник е главниот обврзник, кој е лицето кое мора да ги исполни условите за ставање на стоката во транзитна постапка, вклучувајќи ја и поедноставената постапка. Меѓутоа, доколку чинот на ставање на стоката во транзитна постапка подразбира дека кон условите треба да се придржува и трета страна со условите, и таа страна подеднакво ќе се смета како должник.

Член 115 (1) Додаток I од Конвенцијата

Член 203(3) од Законикот

Должник е лицето кое ја отстранило стоката од постапката (од царински надзор).

Покрај тоа, кое било лице кое учествувало во такво отстранување (соучесници) или ја добило или ја имало на располагање предметната стока (примачи или иматели) станува должник само доколку биле свесни или требало да бидат свесни дека стоката е отстранета од царински надзор. Овде, елементот на намерно делување се зема предвид во однос на тоа дали засегнатото лице може да се смета како должник.

На крај, и лицето кое мора да ги исполни обврските кои произлегуваат од употреба на постапката е должник. Во заедничкиот транзит или транзитот на Заедницата, тоа првенствено значи главниот обврзник. Тој е безусловно и целосно објективно одговорен за долгот. Елементот на намера не се зема предвид при утврдување на главниот обврзник како должник. Меѓутоа, треба да се забележи дека можеби други лица ќе мора да ги исполнат обврските кои произлегуваат од употребата на постапката. Главни кандидати се превозникот и примачот на стоката, на кои според правилата за заедничкиот транзит или транзитот на Заедницата, се наметнуваат специфични обврски. Се разбира, тие можат да станат должни и од други причини; како што е соучество во противзаконско отстранување на стоката или поседување на противзаконски отстранета стока.

2.4.2. Побарувања од должниците

Член 117 (1) Додаток I од Конвенцијата

Член 218(3) од Законикот

Надлежните органи ја покренуваат постапката за наплата штом се во положба да го пресметаат износот на долгот и да го утврдат должникот (или должниците).

2.4.3. Различни должници и нивната заедничка и поединечна одговорност

Член 115 (3) Додаток I од Конвенцијата

Член 213 од Законикот

Во случај кога повеќе од еден должник е утврден за одговорен за истиот долг, тие се сметаат за заеднички и поединечно одговорни плаќањето на износот на долгот. Ова значи дека органот одговорен за наплата може да побара од било кој од должниците да го плати износот и дека плаќањето на целиот дел или на дел од долгот од страна на еден од должниците го поништува целиот долг, или делот од долгот за кој е платено, за сите должници. За деталите, важат правилата на засегнатата договорна страна[66].

Земји-членки

Член 222(2) од Законикот

Член 876а (3) од УСЦЗ

Обврската за плаќање на давачките се одлага од страна на царинските органи во случај кога најмалку еден друг должник е идентификуван и кога и тој е известен за износот на давачките. Ова одлагање е ограничено на една година и условено е со депонирање на валиден инструмент за обезбедување со кој се покрива целиот долг на давачките кои се во прашање од гарант (блокирањето на референтниот износ за транзитна постапка не се смета како гаранција). Кога лицето станало должник врз основа на член 203(3), од прва до трета алинеја, не се применува ова одлагање во случај на противзаконско отстранување на стоката од царински надзор.

2.4.4. Известување на должникот

Член 117 (2) (3), Додаток I од

Износот на долгот му се соопштува на должникот кој мора да го плати користејќи ги методите и во рокот пропишан кај засегната договорна страна. Општо земено, ова известување се

[66] За Заедницата, членот 222(2) до Законикот предвидува, „кога царинскиот долг настанал согласно член 203 и има повеќе од еден должник“, случаите и условите во кои може да се одложи обврската на должникот да плаќа давачки, може да се утврдат и во согласност со постапка на одборот (член 876а (3) УСЦЗ3). Останува на другите договорни страни да одлучат дали да усвојат слични одредби за долг кој настанува на нивна територија.

Конвенцијата

Членови 221и 222 до 232 од Законикот

праќа кога сè е подготвено за да започне постапката за наплата[67].

2.4.5. Побарувања од гарантот

2.4.5.1. Обврски на гарантот и ослободување од неговите обврски

Член 118 (1) Додаток I од Конвенцијата

Член 199(1) од Законикот

Заедничката и поединечната одговорност на гарантот за долгови предизвикани од неговиот клиент, главниот обврзник, продолжува сè додека останува можност такви долгови и понатаму да настанат, и:

- главниот обврзник е всушност должник во однос на долг настанат во текот на транзитна операција покриена со гаранција дадена од гарантот;
- долгот сè уште не е поништен, на пр., не е отплатен или може пак да настане;
- износот на долгот не го надминува максималниот износ гарантиран од гарантот[68];
- гарантот не е ослободен од неговите обврски бидејќи надлежниот орган не го испратил известувањето во попишаниот рок.

Член 118 (3) Додаток I од Конвенцијата

Член 199 од Законикот

Член 450в (2) од УСЦЗЗ

Затоа, гарантот не може да биде ослободен од неговите обврски додека сè уште може да се повика во однос на плаќања под неговата гарантна обврска, како што е опишано погоре.

2.4.5.2. Ограничување на одговорност на гарантот

Став 2, трета алинеја од гарантниот документ

Прилог Б4,

Во однос на општа гаранција, гарантот може да ја ограничи одговорноста, во случај на последователни побарувања за плаќање, до максималниот износ, кој тој го одредил. Меѓутоа, ова ограничување важи само за транзитни операции

[67] Во случај на царински долг во ЕЗ, ова е „штом износот на давачките се прокнижи“, т.е штом е идентификуван органот кој е одговорен за наплата (во роковите предвидени во член 450а од УСЦЗЗ), должникот/должниците е/се идентификуван/и и износот е пресметан.

[68] Гарантот е заеднички и поединечно одговорен за плаќање на сумите до ограничување од максималниот износ, кој може да биде 100% / 50% / 30% од референтниот износ. За повеќе информации види дел III – Гаранции.

Додаток III од Конвенцијата;

Прилог 48 од УСЦЗЗ

кои започнале пред триесеттиот ден по претходно побарување за плаќање. Причината за ова е да се задржи финансискиот ризик на гарантот во прифатливи рамки. Меѓутоа, последица на ова може да биде дека за операции кои започнуваат во рок од еден месец по побарувањето, гарантното покритие може да биде недоволно.

Пример:

Гарантниот документ покажува максимален износ на 50.000 евра. Гарантот добива прво побарување за плаќање на износ од 40.000 евра на 15 јануари и го плаќа износот.

Член 19, Додаток I од Конвенцијата;

Член 348 од УСЦЗЗ

Гарантот може да ја ограничи неговата одговорност на салдо од 10.000 евра во однос на секоја транзитна операција која започнала пред 14 февруари. Нема никаква разлика дали оваа операција започнала пред или по 15 јануари и кога ќе го добие побарувањето за плаќање.

Меѓутоа, гарантот е одговорен за плаќање на побараниот износ до 50.000 евра, ако второ побарување за плаќање е поврзано со транзитна операција која започнала на или по 14 февруари. Меѓутоа, гарантот може да се откаже од својата гарантна обврска во кое било време, и тоа откажување станува ефективно на 16-тиот ден по датумот на кој е известена гарантната испостава.

2.4.5.3. Известување на гарантот

Ако операцијата не е раздолжена, гарантот се известува за нераздолжувањето како што следи:

Член 118 (2) Додаток I од Конвенцијата

Член 450в (1) од УСЦЗЗ

- од надлежниот орган на земјата на поаѓање со употреба на пораката „Известување на гарантот“ (IE023), или со писмо со исто значење, во рок од 9 месеци од датумот на кој стоката требало да се стави на увид во одредишната испостава;

и потоа

Член 118 (3) Додаток I од Конвенцијата

Член 450в (1а) од УСЦЗЗ

- од надлежните органи одговорни за наплата во рок од три години од датумот на прифаќање на транзитната декларација, дека тој е или може да стане одговорен за износите гарантирани под засегнатата операција на заеднички транзит/транзит на Заедницата.

Во првото известување[69] мора да се наведе бројот и датумот на прифаќање на транзитната декларација, името на појдовната испостава и главниот обврзник и текстот на известувањето. Доколку се користи писмо со исто значење наместо пораката IE023, се препорачува истата структура.

Во второто известување мора да се наведе бројот и датумот на прифаќање на транзитната декларација, името на појдовната испостава, името на главниот обврзник и предметниот износ.

Член 6 (4) Додаток I од Конвенцијата

За олеснување на побарувањата наспрема гарантот, потребно е тој да биде регистриран во договорната страна каде што се приложува гаранцијата за дадена заедничка транзитна операција и да даде целосна адреса за достава или да назначи застапник/агент во сите договорни страни кои се засегнати со таа операција.

Член 342 (2) од УСЦЗЗ

Кога Заедницата е една од тие договорни страни, гарантот мора да даде адреса за достава или да назначи застапник во секоја земја-членка. Поради тоа што надлежниот орган кој е одговорен за наплата не секогаш е надлежниот орган од државата каде што е приложена гаранцијата, информациите (име и адреса) за гарантот или неговиот застапник во таа држава не се нужно достапни за органот одговорен за наплата.

Во такви случаи се користи „Прашање за гаранција“ (IE034), а одговорот се дава на „Одговор на прашање за гаранција“ (IE037)[70].

Кога појдовната испостава ја испраќа пораката „Барање за наплата“ (IE150), може да содржи информации за гарантот и неговата адреса за достава во државата на органот одговорен за наплата.

Забелешка:

Член 118 (3) Додаток I од Конвенцијата

Член 450в (3) од УСЦЗЗ

Гарантот се ослободува од неговата обврска ако кои било од известувањата не му се испратени пред истекот на временскиот рок.

ЦАРИНА

Кога гарантот не одговара преку неговата „адреса за достава“, надлежниот

[69] Оваа информација е содржана во надворешната порака „Известување на гарантот“ (IE023).

[70] Или, во резервната постапка, ТЦ30 писмо за барање адреси (образецот е прикажан во прилог 8.3) се користи во такви случаи.

органот одговорен за наплата треба да стапи во контакт директно со гарантната испостава

2.4.6. Пресметка на износот на долгот

Ова зависи од:

- од какви царински и други давачки е сочинет долгот – што пак зависи од засегнатата транзитна постапка; и
- кои други случаи на наплата треба да се земат предвид.

Царинските и/или други давачки ќе се разликуваат во согласност со транзитниот аранжман кој се користи и условите кои предизвикуваат настанување на долг (местото каде што долгот настанува). Следниве се типични ситуации (исклучувајќи ги аранжманите за преференцијален увоз):

Заеднички транзит

Ситуација 1:

Постапка за заеднички транзит која вклучува стока во слободен промет во договорна страна[71] .

Пример 1А:

Т2 постапка комбинирана со испорака на стоката во Заедницата [Заедница – Швајцарија – Заедница] [72] (член 2(3) од Конвенцијата)

- доколку настаните кои предизвикуваат долг се случат во Заедницата: не се наплаќаат царински давачки (бидејќи се работи за стока на Заедницата), но може да има други давачки што зависи од прописите за националните даноци кои важат за стоката;
- доколку настанал долгот во Швајцарија: долгот се наплаќа во Швајцарија (царински и други давачки).

Пример 1Б:

Т2 постапка комбинирана со извоз [Заедница – Норвешка]

- доколку настаните кои предизвикуваат долг се случат во Заедницата: не се наплаќаат царински давачки (бидејќи се

[71] Стоката се смета дека е во слободен промет во договорна страна кога започнува заедничка транзитна постапка и кога ќе пристигне кај друга договорна страна се третира како Т1 стока (т.е. стока на Заедницата поместена под Т2 заедничка транзитна постапка).
[72] И ова е Т2 внатрешна транзитна постапка на Заедницата од типот наведен во член 163(2)(а) од Законикот и член 340в(2) од УСЦЗЗ.

работи за стока на Заедницата – нема промена на статусот на стоката), но може да има други давачки што зависи од прописите за националните даноци применливи на стоката; А, претходната извозна постапка и поврзаните мерки мора да бидат поништени:

- ако долгот настанал во Норвешка: долгот се наплаќа во Норвешка (царински и други давачки).

Членови 251 (2) и 796 од УСЦЗЗ

Пример 1В:

Т1 постапка комбинирана со извоз на стока којашто е предмет на одредени извозни мерки[73] [Заедница - Швајцарија] (член 2(2) од Конвенцијата)

- доколку настаните кои предизвикуваат долг се случат во Заедницата: не се наплаќаат царински давачки (бидејќи се работи за стока на Заедницата), но може да се наплатат други давачки што зависи од прописите за национални даноци применливи на стоката; А, претходната извозна постапка и поврзаните мерки мора да бидат поништени:
- доколку настанал долгот во Швајцарија: долгот се наплаќа во Швајцарија (царински и други давачки).

Ситуација 2:

Заедничка транзитна постапка со стока од трети земји или други договорни страни [74]

- царински и други давачки се плаќаат во државата каде што настанал долгот.

Транзит на Заедницата и/или заеднички транзит

Член 91(1)(а), 91 (2) (а) и 93 од Законикот

Ситуација 1:

Т1 надворешна транзитна постапка со стока која нема статус на стока на Заедницата

- царинските давачки (царинскиот долг) и другите давачки се плаќаат во земјата-членка каде што настанал или се смета дека настанал долгот.

Ситуација 2:

Член 165 од законикот

Т2 внатрешна транзитна операција во Заедницата

Членови 419 (7) и

Ова е Т2 внатрешна транзитна постапка на Заедницата помеѓу

[73] Оваа ситуација се однесува на член 91(1)(б) од Законикот и член 340в(3)(а) и (б) од УСЦЗЗ со што се опфаќа стоката подложена на одредени извозни мерки.

[74] За Заедницата „стока која нема статус на Заедницата“ поместена во Т1 заедничка транзитна постапка (членови 91(1)(а) и 93 од Законикот .

434 (9) од УСЦЗЗ

две точки во подрачјето на Заедницата, преку трета држава освен земја-членка на ЕФТА. Со оваа постапка се задржува статусот на стоката како стока на Заедницата без одлагање на никакви царински или други давачки за Заедницата или нејзините земји-членки.

- не се наплаќаат царински давачки во Заедницата, но може да се наплатат други давачки во зависност од прописите за национални даноци применливи стоката.

Член 165 од законикот

Ситуација 3:

T2F внатрешна транзитна операција во Заедницата

Членови 419 (7) и 434 (9) од УСЦЗЗ

- не се наплаќаат царински давачки (царински долг), но се наплаќаат други давачки во земјите-членки каде што настанал долгот.

Даночните елементи кои треба да се земат предвид се однесуваат на стоката наброена во транзитната декларација. Тие мора да се наплаќаат според важечките стапки во времето кога настанал долгот во државата каде што настанал долгот. Тие се пресметуваат од податоците дадени во декларацијата и од други приложени информации, на пример од засегнатите органи, главниот обврзник или документи кои се добиени последователно.

3. Наплата на долгот

Ова поглавје се однесува на:

- идентификување на органот одговорен за наплата
- постапката на наплата, и
- последователното утврдување на местото каде што настанал долгот.

3.1. Општа анализа

Правната основа во однос на надлежноста за постапката на наплата е базирана на начелото дека надлежниот орган на земјата на поаѓање е одговорен и игра клучна улога во иницирање на постапката на наплата, во наоѓање на надлежната држава за тие задачи, или, ако е потребно, во

прифаќање барање за префрлување надлежност.

3.2. Идентификување на органот одговорен за наплата

3.2.1. Орган одговорен за наплата

Член 116 (2) Додаток I од Конвенцијата

Член 215(3) од Законикот

Од суштинско значење за доброто управување со постапката и финансиските последици од тоа управување е да се утврди органот одговорен за наплата. Органот кој е одговорен се наоѓа во државата каде што настанал или се смета дека настанал долгот.

Овој орган е одговорен за наплата и на долгот и на други давачки. Меѓутоа, доколку местото каде што настанал долгот е претпоставен (надлежниот орган на земјата на поаѓање е одговорен по автоматизам) овој орган е едноставно во првата линија и одговорноста може да се помести до друг орган доколку подоцна точно се утврди местото на долгот. Кога тоа ќе се случи, следните чекори зависат од тоа дали се засегнати повеќе од една договорна страна или земја-членка на Заедницата (види оддел 3.3.).

3.2.2. Место каде што настанува долгот

Прописите не предвидуваат како всушност да се утврди местото каде што настанал долгот. За таа цел може да се користи секаков метод (царинска евиденција, документи приложени од главниот обврзник, итн.) под услов да е прифатлив за органот на засегнатата држава.

3.2.2.1. Место каде што се случуваат настаните кои предизвикуваат долг

Член 116 (1) Додаток I од Конвенцијата

1-ва алинеја, член 215(1) на Законикот

Во начело, ова зависи од утврдување на местото каде што всушност се случуваат настаните кои го предизвикуваат долгот.

Во зависност од настанот кој го предизвикал долгот, местото каде што настанал долгот всушност е местото во кое стоката е противзаконски отстранета од постапката, во кое не е исполнета обврска или во кое еден од условите за ставање на

стоката во постапка не е задоволен.

Член 116 (1) (б), Додаток I од Конвенцијата

Член 215(1), 2-ра алинеја, од Законикот

Член 116 (1) (в), Додаток I од Конвенцијата

Член 215(1), 3-та алинеја, од Законикот

Меѓутоа, не е секогаш можно да се утврди местото. Законикот затоа дозволува местото каде што долгот настанал да се претпостави тогаш кога вистинското мести не може да се утврди. Може да се претпостави дека е

- местото во кое надлежните органи заклучуваат дека стоката била во ситуација во која го предизвикала долгот; или
- како последна опција, или во земјата одговорна за последната влезна испостава кадешто е поднесено „Известување за преминување на границата“ (IE118) во транзитна испостава или, доколку тоа не е можно, во државата одговорна за појдовната испостава.

3.2.2.2. Местото каде што надлежните органи заклучуваат дека стоката била во ситуација во која го предизвикала долгот

Член 116 (1) (б), Додаток I од Конвенцијата

Член 215(1), 2-ра алинеја ,од Законикот

Овој заклучок подразбира дека царинските органи мора да знаат каде се наоѓа стоката. Едноставно заклучување дека настанал долг без да се знае каде се наоѓа стоката не е доволно да се распредели одговорноста за наплата. На овој начин се избегнува можноста повеќе органи да дојдат до заклучок дека долгот настанал под нивна надлежност.

3.2.2.3. Место одредено по дефиниција

Член 116 (1) (в), Додаток I од Конвенцијата

Член 215(1), 3-та алинеја, од Законикот

Член 450а од УСЦЗЗ

Правилото според кое надлежниот орган го утврдува местото во кое настанал долгот влегува во игра

- во рок од седум месеци од рокот за пристигнување на стоката кај одредишната испостава, или
- еден месец по истекот на дадениот рок од 28 дена (од испраќање на пораката IE140 или писмо со исто значење) во случај кога главниот обврзник не дал доволно или воопшто не дал информации на барањето од надлежниот орган на земјата на поаѓање ;

ако се покаже како невозможно да се одреди местото, било по пат на утврдување на местото каде што се случиле настаните или по пат на заклучок на органите дека стоката

била во ситуација која предизвикува долг.

Примената на ова правило зависи директно од исходот (или немање исход) од испитната постапка. Меѓутоа, како последна мерка, но во однос на коментарите погоре за утврдување на вистинското место или ситуацијата на стоките, овој метод ќе се однесува на најголем број случаи.

Доколку не е одредено ниедно место и после седум месеци, долгот ќе се смета дека настанал како што е опишано подолу:

<u>во заеднички транзит</u>

- или во државата која е одговорна за последната влезна испостава каде што е поднесено „Известување за преминување на границата“ (IE118) (или во резервна постапка ТЦ10 Известувањето за транзит);
- или, во недостаток на тоа, во државата одговорна за појдовната испостава.

Пример:

- *Заедничка транзитна операција (со учество на држава-членка на ЕФТА)*

[Заедница (Германија) – Швајцарија – Заедница (Франција)]

Ситуација I:

Доколку последното „Известување за преминување на границата“ (IE118) (или во резервна постапка Известување за транзит ТЦ10) е поднесено во транзитна испостава при влез во Швајцарија, тогаш Швајцарија станува местото каде што се смета дека настанал долгот.

Ситуација II:

доколку последното „Известување за преминување на границата“ (IE118) (или во резервна постапка Известување за транзит ТЦ10) е поднесено во транзитна испостава при влез во Франција, тогаш Франција станува местото каде што се смета дека настанал долгот.

Ситуација III:

доколку не е најдено „Известување за преминување на граница“ (IE118) (или во резервна постапка Известување за транзит ТЦ10), Германија се смета за местото каде што настанал долгот бидејќи таа е појдовна држава.

во транзит на Заедницата

- било во местото каде што стоката била ставена во постапка (појдовна земја-членка);
- или во местото каде што стоката влегла во царинското подрачје на Заедницата во рамките на оваа постапка, а која била суспендирана во трета држава во согласност со член 93 од законот (во поглед транзит на Заедницата ова значи местото каде што стоката е ставена на увид кај влезна транзитна испостава по движење низ трета држава во рамките на единствен транспортен документ).

Примери:

- *Транзитна операција на Заедницата која не поминува низ трета држава или држава-членка на ЕФТА*

[Данска - Германија – Франција - Шпанија]

Ниедна транзитна испостава не е вклучена во постапката. Данска, како појдовна држава, се смета за местото каде што настанал долгот.

- *Транзитна операција на Заедницата која поминува низ една или повеќе трети држави, освен земји-членки на ЕФТА и во која учествува транзитна испостава при поаѓање од и влез во Заедницата.*

[Заедница (Унгарија) – Србија – (Заедница)[75] Бугарија]

Ситуација I:

доколку „Известување за преминување на границата“ (IE118) (или во резервна постапка Известување за транзит ТЦ10) е поднесено во транзитна испостава каде што засегнатата стока влегла во Бугарија, тогаш Бугарија се смета за местото каде што дека настанал долгот.

Ситуација II:

доколку не е најдено „Известување за преминување на граница“ (IE118) (или во резервна постапка Известување за транзит ТЦ10), Унгарија се смета за местото каде што настанал долгот.

Член 93(б) од

Напомена: Ако е поднесено „Известување за преминување на

[75] И ова а надворешна транзитна постапка од типот наведен во член 5 од Конвенцијата. .

Законикот

Член 340г од УСЦЗ

границата“ (IE118) (или во резервна постапка Известување за транзит ТЦ10) кај транзитна испостава при поаѓање од Заедницата (Унгарија), но не и при влез во Бугарија, се смета дека не настанал никаков долг бидејќи немало појава на противзаконско отстранување на стоката во рамките на транзитната постапка на Заедницата, туку во трета држава во чија територија, постапката (и царински надзор од надлежните органи на засегнатите држави) е суспендирана. Оваа ситуација може да следи по извршување на испитна постапка (за повеќе податоци за испитна постапка види дел IV).

3.3. Постапка за наплата

Член 116, Додаток I од Конвенцијата;

Надлежниот орган на земјата на поаѓање ги утврдува неговите наоди во рамките на пропишаните рокови (види 3.2.2.3)

Член 215 од законикот

Земји-членки

Член 450а од УСЦЗЗ

Член 218 од законикот

Царинскиот долг се внесува во евиденцијата во рок од два дена (можно е продолжување од 14 дена) по седумте месеци.

3.3.1. Пораки за размена на информации

Со цел да се разменат дополнителни информации или да се постават прашања за одредени движења, надлежниот орган може да ги испрати пораките „Информации за испитување и наплата“ (IE144) и „Барање за информации за испитување и наплата“ (IE145) во текот на целиот процес на испитната постапка и наплата.

Оваа размена на информации може да се започне било од појдовната испостава или од одредишната испостава; не е потребен одговор (неврзани пораки) за да се продолжи постапката.

Пораката IE144 се употребува од страна на појдовната испостава; пораката IE145 се употребува од страна на одредишната испостава.

Доколку е потребно да се вклучат дополнителни хартиени

документи, тие можат да се испратат по други средства (факс, електронска пошта, пошта, итн.) директно до лицето за контакт посочено во пораките со јасно упатување до РБД на движењето на кое припаѓаат и, ако се испратени во физичка форма, да бидат придружени со образецот ТЦ20А (образецот е прикажан во Прилог 8.4. во дел VII).

3.3.2. Размена на информации и соработка со цел наплата

Член 13а од Конвенцијата, Додаток IV од Конвенцијата;

Директива на советот 2008/55/CEE

Освен кога е можно веднаш и недвосмислено да се утврди самото место каде се случил настанот кој предизвикал настанување на долг (противзаконско отстранување, неисполнување на обврска или непочитување на услов), надлежниот орган се утврдува врз основа на претпоставки.

Член 119 (1) Додаток I од Конвенцијата

Член 450г (1) од УСЦЗЗ

Член 119, втор став, Додаток I од Конвенцијата

Член 450г, втор став од УСЦЗЗ

Државите мора да си помагаат едни со други, не само во фазата на наплата, туку и пред тоа, во фазата на утврдување на органот одговорен за наплата. Ова значи ефективна примена како на правилата за информирање на главниот обврзник дека неговата постапка не е завршена, така и на правилата за испитната постапка (види дел VII).

Покрај тоа, таквата взаемна помош мора да се одржи и по утврдувањето на органот одговорен за наплата. Органот мора да ги информира појдовната испостава и гарантната испостава за преземените активност за наплата на долгот со употреба на пораката „Известување за извршување на наплата“ (IE152). За да го исполни ова барање, органот е обврзан да извести за сите значајни правни мерки кои се поврзани со извршувањето на наплатата (кривична постапка, извршна постапка, исплата).

Списокот на органи кои се одговорни за наплата во секоја држава се наоѓа на Europa интернет страницата (http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/csrdhome_en.htm) за НКТС движења, и во Прилог 8.1 за движења започнати во резервна постапка.

Таквата размена на информации е уште поважна кога органот кој е утврден како одговорен за наплата не е органот од земјата на поаѓање со одговорност за иницирање и следење на испитната постапка. Во случај кога учествуваат различни

органи, важно е дека органот кој ја започнал испитната постапка да биде сигурен дека резултатите што ќе ги добие се земени предвид при утврдување на органот одговорен за наплата. Овој пристап го спречува иницирањето на повеќе постапки за наплата за истиот долг и каснења при известување на должникот и гарантот – и при тоа и се спречува непотребно трошење ресурси. Ова се однесува и во случај кога органот на земјата на поаѓање или на транзитна држава смета – дури пред или независно од добивањето известување за испитување - дека поседува информации (докази за настани кои предизвикуваат долг или стока откриена во ситуација која предизвикува долг) со што се утврдува таа држава како одговорна за наплата.

3.3.3. Барање за наплата од надлежен орган од земјата на поаѓање

Со цел недвосмислено утврдување на органот одговорен за наплата, надлежниот орган на земјата на поаѓање мора да покрене испитна постапка освен ако се утврди дека ниедна друга држава не била вклучена во транзитната постапка.

Член 41а (1), Додаток I од Конвенцијата

Член 365а (1) од УСЦЗ

Член 116, Додаток I од Конвенцијата;

Член 450а

Кога надлежниот орган на земјата на поаѓање добие доказ на било каков начин во однос на местото каде што настанал царинскиот долг пред истекот на временскиот рок предвиден за започнување на постапката за наплата во земјата на поаѓање, а се чини дека тоа место е во друга земја-членка или договорна страна, веднаш се испраќа „Барање за наплата“ (IE150) до тој орган за можно префрлување на надлежноста за наплата (види и пододдел 3.2.2.3.) Потоа, надлежниот орган на одредишната земја може или да го прифати барањето или да го одбие (види 3.3.5)

3.3.4. Барање за наплата од друг надлежен орган

Секој орган во држава која учествува во транзитната постапка, кој открива ситуација која, под постапката, недвосмислено предизвикува долг во сопствената држава (на пр., незаконско отстранување на стоката во текот на превозот, неисполнување на услов) мора да побара од надлежниот орган на земјата на поаѓање да ја пренесе надлежноста за покренување на постапка за наплата.

Наод според кој се заклучува дека стоката „исчезнала“ во

текот на превозот, или недостасува во одредиштето - без никакви информации за местото во кое стоката била противзаконски отстранета или во кое може да се најде – не е доволно да се утврди дека органот на државата којшто го открил тоа е органот кој е одговорен за наплата. Овде, надлежниот орган на државата којшто дошол до таков наод мора да поднесе барање до надлежниот орган на земјата на поаѓање преку испраќање на

- „Одговор на испитување“ (IE143) со шифра на одговор „4“ (Барање за наплата во одредиштето) ако органот соопштил за неговата одговорност во рамките испитна постапка, или,
- „Барање за наплата“ (IE150) со што органот бара префрлување на надлежноста ако открил стока во ситуација која предизвикува долг во сопствената држава. Оваа порака IE150 може да се испрати од која било испостава која се смета за надлежна за наплата во кое било време во текот на постапката (по пуштање во транзит, а додека статусот на движењето е „Во постапка за наплата“).

Во вакви случаи, појдовната испостава, може да го прифати или одбие барањето за наплата и испраќа „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151) (најдоцна до општо прифатениот рок од 28 дена) со одговор „да“ или „не“ за префрлување на надлежност. Во случај одговорот да е „не“ или во случај на немање одговор, надлежноста останува кај земјата на поаѓање, во случај на одговор со „да“, надлежноста се пренесува на одредишната земја, која ќе ја започне постапката за наплата.

Резервна постапка

Во случај на резервна постапка, кој било орган или која било засегната држава кој/а открива ситуација во која се предизвикува долг во сопствената држава мора да го информира органот на земјата на поаѓање со испраќање на „Известување за информација“ ТЦ24 коешто одговара на примерокот даден во Прилог 8.2 дека сака да ја преземе одговорноста за наплатата. Оваа информација мора да стигне до надлежниот орган на земјата на поаѓање пред истекот на рокот. Овој орган мора да го потврди приемот на таквиот допис без одлагање и да наведе дали органот барател е одговорен за наплата со враќање на пополнет образец ТЦ24.

3.3.5. Прифаќање на наплата од примателот на барањето

Надлежниот орган од кој земјата на поаѓање побарала да изврши наплата одговара на барањето со испраќање на „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151) со одговор „Да“ или „Не“ за префрлување на надлежноста (во случај да не се испраќаат пораките IE118 или IE006). Во случај одговорот да е „не“ или во случај на немање одговор, надлежноста останува кај земјата на поаѓање. Во случај на одговор со „да“, надлежноста се пренесува на државата која го прифаќа барањето, која ќе ја започне постапката за наплата. Во согласност со тоа, земјата на поаѓање може соодветно да го извести главниот обврзник.

Член 41а (2), Додаток I од Конвенцијата

Член 365а (2) од УСЦЗЗ

„Известувањето за прифаќање на наплата“ (IE151) се испраќа во рок од 28 дена.

Забелешка:

Член 116 (1) (в), Додаток I од Конвенцијата

Заеднички транзит (пример: Италија – Швајцарија – Германија):

Ако се утврди дека е поднесено „Известување за преминување на границата“ (IE118) кај транзитна испостава при влез во друга договорна страна (во Швајцарија; а Известување за преминување на границата не било поднесено при влез во Германија) тој орган, без одлагање (а најдоцна во рок од 28 дена), го прифаќа барањето за наплата и испраќа „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151) со одговор „да“ за префрлување на надлежноста. Потоа, државата која ја прифаќа одговорноста ја започнува постапката за наплата.

Член 340г од УСЦЗЗ

Член 215(1) од Законикот

Транзит на Заедницата извршен помеѓу две места во царинското подрачје на Заедницата преку трета држава (пример: Заедница (Бугарија) - Србија – Заедница (Унгарија)

Ако се утврди дека е поднесено „Известување за преминување на границата“ (IE118) кај транзитната испостава на друга земја-членка, а надлежниот орган на земјата на поаѓање заклучил дека таа земја-членка е

одговорна за наплатата, органот кој го добива „Барањето за наплата“ (IE150) без одлагање (а најдоцна во рок од 28 дена) го прифаќа барањето за наплата и испраќа „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151) назначувајќи одговор „да“ за префрлувањето на надлежност. Потоа, земјата-членка која ја прифаќа одговорноста ја започнува постапката за наплата.

ЦАРИНА

Немање одговор на барањето за наплата

Кога надлежниот орган при поаѓање кој го примил барањето не реагира ниту со испраќање на „Одговор на испитување“ (IE143), ниту со преземање одговорност со испраќање на порака „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151) во договорениот рок (најдоцна до 28 дена), локалните службеници за врска за транзит (види го адресарот за транзитна мрежа на интернет страницата на Europa) на државата до која е испратено барањето, треба да бидат известени со потребните докази со цел да преземаат мерки, бидејќи надлежноста треба да биде преземена од органот до кој е поднесено барањето. Доколку тоа го нема потребното влијание, тогаш националниот дежурен центар (хелпдеск) и националниот координатор за транзит на земјата на поаѓање треба да бидат информирани за да преземат мерки. Во секој случај, надлежниот орган на земјата на поаѓање мора да обезбеди дека надлежноста е прифатена пред да ги укине своите мерки за наплата.

Ако „Известување за преминување на границата“ (IE118) е поднесено во транзитна испостава, надлежниот орган на таа држава се смета дека станал надлежен за наплата.

Треба да се има на ум дека постои законска обврска за праќање одговор на овие пораки.

3.3.6. Соопштување на почетокот на постапката за наплата

Во случај кога надлежноста за наплата е утврдена со размена на пораките „Барање за наплата“ (IE150) и „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151), органот на земјата на поаѓање мора да испрати порака „Известување за наплата“ (IE063) до сите испостави кои добиле порака IE001, IE003, IE050 или IE115 поврзана со тоа движење, со што се информираат да не очекуваат понатаму движење со тој РБД. Со ова известување се информираат засегнатите испостави дека движењето нема да пристигне и се наоѓа „Во постапка за наплата“ и дека е блокирана употребата на пораките „Напомена за пристигнување“ (IE006), „Резултати од контрола“ (IE018), „Барање за наплата“ (IE150) и

„Известување за прифаќање на наплата“ (IE151). Информативните пораки IE144 и IE145 (види 3.3.1) можат да се разменуваат сè до завршување на постапката за наплата.

Треба да се испрати известување до:

- главниот обврзник со испраќање на „Известување за наплата“ (IE035) или писмо со исто значење.

  и,

- гарантот со испраќање на „Известување на гарантот“ (IE023) или писмо со исто значење (за повеќе информации види 2.4.5.3).

Во „Известување за наплата“ (IE035) до главниот обврзник се наведува бројот и датумот на прифаќање на транзитната декларација, името на појдовната испостава, името на главниот обврзник и бараниот износ и валута.

Од друга страна, надлежниот орган на земјата на поаѓање, како резултат на своите наоди или како реакција на примени барања „Одговор на испитување“ (IE143) со шифра „4“ или „Барање за наплата“ (IE150) или информации, треба да ја предаде одговорноста на друга земја-членка или договорна страна или самиот да ја прифати одговорноста.

На крај на постапката (откако се наплатени сите давачки и даноци), одговорниот орган за наплата (ако не земјата на поаѓање) треба да го информира надлежниот орган на земјата на поаѓање за наплатата на долгот со испраќање на пораката „Известување за извршување на наплата“ (IE152). Надлежниот орган на земјата на поаѓање го препраќа или праќа „Известување за извршување на наплата“ (IE152) на сите испостави кои се засегнати со движењето (освен на онаа која што ја испратила).

3.4. Последователно утврдување на местото каде што настанал долгот

Член 116 (1) Додаток I од Конвенцијата

Член 215(1) од Законикот

Резултатот од процесот на идентификување на надлежниот орган по дефиниција може да се случи да биде привремен, но со тоа не се поништуваат веќе преземените мерки за наплата на засегнатиот долг.

3.4.1. Нови докази по покренување на постапката за наплата

Понекогаш местото може да се утврди само откако поминало некое време, а во тој случај може да произлезе дека друг орган треба да биде одговорен за наплатата.

Член 117 (4) Додаток I од Конвенцијата

Член 450б (1) од УСЦ33

Можат да се користат сите средства за на органот, кој првично е утврден дека ја има одговорноста за наплата, да му се приложат докази за местото каде што долгот навистина настанал.

Во случај кога се дадени такви докази и пораките „Барање за наплата“ (IE150) и „Известување за прифаќање на наплата“ (IE151) се веќе разменети за префрлување на надлежноста за наплата, првичниот надлежен орган останува надлежен во рамките на НКТС систем (не е можно да се поништи IE151) и прописно го пријавува случајот во својот НКТС систем за можни прашања/докази во иднина. За таа цел можат да се користат пораките „Информации за испитување и наплата“ (IE144) и „Барање за информации за испитување и наплата“ (IE145).

Оранот првично утврден за наплата мора веднаш на органот кој е можеби одговорен за наплата да му ги достави сите релевантни документи, вклучувајќи копии од докажани факти со испраќање на известување за наплата ТТЦ25 кое е во согласност со образецот прикажан во Прилог 8.2. Овој нов орган мора да го потврди приемот на известувањето и да наведе во рок од три месеци од приемот на ТЦ25 дали ја прифаќа одговорноста за наплата со враќање на пополнет образец ТЦ25 до органот првично утврден како одговорен. Доколку не е добиен таков одговор во рок од три месеци, органот првично утврден како одговорен мора да продолжи со напорите за извршување на наплатата.

По наплаќањето на сите долгови, новата испостава го известува оригиналниот надлежен орган за завршување на постапката за наплата со цел да му се дозволи на оригиналниот надлежен орган да испрати „Известување за извршување на наплата“ (IE152) до појдовната испостава, која ќе го препрати до другите засегнати испостави за да го затворат движењето во сите системи.

3.4.2. Нов надлежен орган и нови мерки за наплата

Член 117 (4), Додаток I од

Ако новиот орган го прифати префрлувањето на

Конвенцијата

Член 450б (1) од УСЦЗЗ

одговорност, мора да покрене свои мерки за наплата.

Член 117 (5) Додаток I од Конвенцијата

Член 450б(2) втор потстав од УСЦЗЗ

Во случај кога новиот орган е надлежен, веднаш мора да го информира првичниот надлежен орган (дури и по истекот на горенаведениот рок од три месеци), кој последователно на тоа ќе ги запре мерките за наплата кои ги презел, ако до тогаш не резултирале во исплата на предметните износи. За таа цел можат да се употребуваат пораките „Информации за испитување и наплата“ (IE144) и „Барање за информации за испитување и наплата“ (IE145).

Член 450б (2) од УСЦЗЗ

Ако првичниот надлежен орган и новиот орган се органи на различни земји-членки на Заедницата, новите мерки за наплата ќе се однесуваат само на други давачки (бидејќи учествуваат две различни даночни подрачја), при тоа нема потреба од наплата на царински долг бидејќи двете држави се земји-членки на истото царинско подрачје.

Од друга страна, ако органите и местата припаѓаат на две различни договорни страни, и царинските давачки (бидејќи се засегнати различни царински подрачја) и другите давачки (бидејќи се засегнати различни даночни подрачја) треба да се наплаќаат.

3.4.3. Последици за првичната наплата

Откако новиот орган кој е одговорен за наплата ја завршил постапката за наплата и ја испратил пораката „Известување за извршување на наплата“ (IE152), првичниот надлежен орган за наплата:

Член 117, Додаток I од Конвенцијата;
Член 450б од УСЦЗЗ

- или ги поништува мерките за наплата кои ги покренал, а не ги завршил (а потоа ги запрел); или
- на должникот (или гарантот) му ги враќа сумите кои веќе ги наплатил.

Забелешка:

Доколку органите и местата припаѓаат на истата договорна страна се враќаат само другите давачки, а не и царинските давачки.

3.4.4. Последици за наплатата

3.4.4.1. Известување на појдовната и гарантната испостава за наплатата или раздолжувањето

Член 119, Додаток I од Конвенцијата;
Член 450г од УСЦЗЗ

Органот одговорен за наплата ја информира појдовната испостава за наплатата на царинските и другите давачки со пораката „Известување за извршување на наплата“ (IE152), за

да ѝ овозможи на појдовната испостава да ја испрати

пораката „Известување за извршување на наплата“ (IE152) на сите испостави кои се засегнати со движењето. Со испраќањето на IE152 од страна на појдовната испостава се раздолжува движењето во системот.

Покрај тоа, појдовната испостава ја информира гарантната испостава со пораката „Отпуштање на резервираниот износ на гаранцијата“ (IE209) и, ако претходно не е извршено, се известува и главниот обврзник со „Известување за наплата“ (IE035) и „Известување за раздолжување“ (IE045).

3.4.4.2 Известување на гарантот за наплатата или раздолжувањето

Член 118 (4) Додаток I од Конвенцијата
Член 450в (3) од УСЦЗЗ

Ако гарантот е известен дека едно од движењата на неговиот клиент не било раздолжено, надлежниот органот одговорен за наплата мора подоцна, кога долгот ќе биде последователно наплатен (од должникот) или постапката ќе биде последователно раздолжена, да го извести гарантот со употреба на пораката „Известување за раздолжување“ (IE045) или со писмо со истоветно значење.

4. Посебни ситуации (потсетник)

5. Исклучоци (потсетник)

6. Посебни национални упатства (резервирано)

7. Ограничен дел само за царинска употреба

8. Прилози

8.1. Список на органи кои се одговорни за наплата во резервна постапка

8.2.Известување за информации ТЦ24 и известување за ТЦ25

8.3. ТЦ30 барање за адреса/адреси

Прилог 8.1

Список на органи кои се одговорни за наплата во резервна постапка

Адреси за испраќање информации со обрасците ТЦ24 „Известување за информација“ и ТЦ25 „Известување за наплата:“

ТС24	**ТС25**
АВСТРИЈА До засегнатата испостава	АВСТРИЈА До засегнатата испостава
БЕЛГИЈА До засегнатата испостава	БЕЛГИЈА SPF Finances Administration des douanes et accises Service du Recouvrement et Contentieux North Galaxy – Tour A Boulevard du Roi Albert II 33 –boîte 37 B – 1030 BRUXELLES Belgique или FOD Financiën Administratie der douane en accijnzen Dienst Invordering en Geschillen North Galaxy – Toren A Koning Albert II laan 33 – bus 37 B – 1030 BRUSSEL België
БУГАРИЈА	БУГАРИЈА
КИПАР Central Transit Office Customs Headquarters, Ministry of Finance Corner M. Karaoli and Gr. Afxentiou 1096 Nicosia Cyprus	КИПАР Central Transit Office Customs Headquarters, Ministry of Finance Corner M. Karaoli and Gr. Afxentiou 1096 Nicosia Cyprus
РЕПУБЛИКА ЧЕШКА До засегнатата испостава	РЕПУБЛИКА ЧЕШКА До засегнатата испостава
ДАНСКА Told- og Skattestyrelsen Østbanegade 123 DK - 2100 KØBENHAVN Ø Denmark	ДАНСКА Told- og Skattestyrelsen Østbanegade 123 DK - 2100 KØBENHAVN Ø Denmark

ЕСТОНИЈА Tax and Customs Board Northern Tax and Customs Centre Sadama Street 21 10111 Tallinn Estonia е-пошта: enquiries@emta.ee Факс: +372 676 2647	ЕСТОНИЈА Tax and Customs Board Northern Tax and Customs Centre Sadama Street 21 10111 Tallinn Estonia е-пошта: enquiries@emta.ee Факс: +372 676 2647
ФИНСКА До засегнатата испостава	ФИНСКА Tornio Tulli Passitusseuranta PL 47 FI-95401 Tornio Finland
ФРАНЦИЈА До засегнатата испостава	ФРАНЦИЈА До засегнатата испостава
ГЕРМАНИЈА До засегнатата испостава Во случај надлежниот орган да не е познат: Mrs. Christina Rosin Bundesfinanzdirektion Nord е-пошта: christina.rosin@ofdhh.bfinv.de Rödingsmarkt 2 20459 Hamburg DEUTSCHLAND	ГЕРМАНИЈА До засегнатата испостава Во случај надлежниот орган да не е познат: Mrs. Christina Rosin Bundesfinanzdirektion Nord E-mail: christina.rosin@ofdhh.bfinv.de Rödingsmarkt 2 20459Hamburg DEUTSCHLAND
ГРЦИЈА До засегнатата испостава	ГРЦИЈА До засегнатата испостава
УНГАРИЈА До засегнатата испостава	УНГАРИЈА До засегнатата испостава
ИРСКА Central Transit Office, Office of the Revenue Commissioners, Customs Division St. Conlon's Road Nenagh, Co. Tipperary Ireland	ИРСКА Central Transit Office, Office of the Revenue Commissioners, Customs Division St. Conlon's Road Nenagh, Co. Tipperary Ireland
ИТАЛИЈА До засегнатата испостава	ИТАЛИЈА До засегнатата испостава
ЛЕТОНИЈА Valsts ierjamumu diensts	ЛЕТОНИЈА Valsts ierjamumu diensts

Galvend muitas pdrvalde Kr. Valdemdra 1a Riga, LV-1841 LATVIA	Galvend muitas pdrvalde Kr. Valdemdra 1a Riga, LV-1841 LATVIA
ЛИТВАНИЈА Muitinés departamentas Muitinés procedurl skyrius Tranzito kontrolés poskyris A. Jakšto g. 1/25 LT-01105 Vilnius LIETUVA–LITHUANIA	ЛИТВАНИЈА Muitinés departamentas Muitinés procedurl skyrius Tranzito kontrolés poskyris A. Jakšto g. 1/25 LT-01105 Vilnius LIETUVA–LITHUANIA
ЛУКСЕМБУРГ Direction de l'Administration des Douanes et Accises Division du Contentieux Boîte postale 1605 L-1016 LUXEMBOURG	ЛУКСЕМБУРГ Direction de l'Administration des Douanes et Accises Division du Contentieux Boîte postale 1605 L-1016 LUXEMBOURG
МАЛТА Custom House Valletta CMR 02 MALTA Тел. +356 25685206 Факс. +356 25685237	МАЛТА Custom House Valletta CMR 02 MALTA Тел. +356 25685206 Факс. +356 25685237
ХОЛАНДИЈА Belastingdienst / Douane Centraal verzendadres: Postbus 4500 NL-6401 JA HEERLEN Netherlands	ХОЛАНДИЈА Belastingdienst / Douane Centraal verzendadres: Postbus 4500 NL-6401 JA HEERLEN Netherlands
ПОЛСКА До засегнатата испостава	ПОЛСКА До засегнатата испостава
ПОРТУГАЛИЈА До засегнатата испостава	ПОРТУГАЛИЈА До засегнатата испостава
РОМАНИЈА	РОМАНИЈА
СЛОВАЧКА Colné riaditel'stvo Colný odbor Mierová 23 815 11 BRATISLAVA SLOVAKIA	СЛОВАЧКА Colné riaditel'stvo Colný odbor Mierová 23 815 11 BRATISLAVA SLOVAKIA
СЛОВЕНИЈА CARINSKA UPRAVA REPUBLIKE SLOVENIJE, GENERALNI CARINSKI URAD Sektor za carinske in davěne postopke	СЛОВЕНИЈА CARINSKA UPRAVA REPUBLIKE SLOVENIJE, GENERALNI CARINSKI URAD Sektor za carinske in davěne postopke

Šmartinska 55 SI - 1000 LJUBLJANA SLOVENIJA	Šmartinska 55 SI - 1000 LJUBLJANA SLOVENIJA
ШПАНИЈА До засегнатата испостава	ШПАНИЈА До засегнатата испостава
ШВЕДСКА Tullverket Box 850 S-201 80 MALMÖ Sverige	ШВЕДСКА Tullverket Box 850 S-201 80 MALMÖ Sverige
ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО H.M. Revenue & Customs CCTO Custom House Main Road Harwich Essex CO12 3 PG UK	ОБЕДИНЕТО КРАЛСТВО H.M. Revenue & Customs CCTO Custom House Main Road Harwich Essex CO12 3 PG UK
КАНАЛСКИ ОСТРОВИ States of Jersey Customs and Immigration Maritime House La Route du Port Elizabeth St Helier Jersey JE1 1JD CHANNEL ISLANDS States of Guernsey Customs and Excise New Jetty White Rock St Peter Port Guernsey GY1 2LL CHANNEL ISLANDS	КАНАЛСКИ ОСТРОВИ States of Jersey Customs and Immigration Maritime House La Route du Port Elizabeth St Helier Jersey JE1 1JD CHANNEL ISLANDS States of Guernsey Customs and Excise New Jetty White Rock St Peter Port Guernsey GY1 2LL CHANNEL ISLANDS
ИСЛАНД Tollstjóri Tryggvagata 19 IS - 101 REYKJAVÍK	ИСЛАНД Tollstjóri Tryggvagata 19 IS - 101 REYKJAVÍK
НОРВЕШКА До засегнатата испостава	НОРВЕШКА До засегнатата испостава
ШВАЈЦАРИЈА Засегнатата испостава или една од следнива централни испостави: Zollinspektorat Bern DA Biel, gVV-Zentralstelle Schwanengasse 50a CH-2503 Biel Zollkreisdirektion Schaffhausen gVV-Zentrale Bahnhofstrasse 62	ШВАЈЦАРИЈА Засегнатата испостава или една од следнива централни испостави: Zollinspektorat Bern DA Biel, gVV-Zentralstelle Schwanengasse 50a CH-2503 Biel Zollkreisdirektion Schaffhausen gVV-Zentrale Bahnhofstrasse 62

CH-8201 Schaffhausen Inspection de douane Genève-La Praille Centrale TC Case postale 1531 CH-1211 Genève 26 Ispettorato Chiasso Ferrovia Centrale PTC Casella postale 2561 CH-6830 Chiasso	CH-8201 Schaffhausen Inspection de douane Genève-La Praille Centrale TC Case postale 1531 CH-1211 Genève 26 Ispettorato Chiasso Ferrovia Centrale PTC Casella postale 2561 CH-6830 Chiasso

Прилог 8.2.

ТЦ24
ТРАНЗИТ НА ЗАЕДНИЦАТА/ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТ

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ

ОДРЕДУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН ЗА НАПЛАТА

1. Орган барател	**2. Орган до кој е упатено барањето**
Име и целосна адреса: Референтен бр.: факс: ел.пошта:	Име и целосна адреса:

3. Транзитна декларација

Бр.:
Појдовна испостава:
Датум:

Испитната постапка е започната : Да
Датум:
Повикување бр.:
Не

4а. Барање

Органот барател од земјата на поаѓање известува дека органот до кој е упатено барањето е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција. Ова е основано на следниве факти:

.....
.....

Се приложуваат следниве документи:

.....
.....

Информации за гарантот:

.....
.....

4б. Барање

Органот барател од земја која не е земјата на поаѓање известува дека тој ќе биде одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција. Ова е основано на следниве факти:

.....
.....

Се приложуваат следниве документи:

.....
....

5. За органот барател

Место: .....

Датум: .....

Потпис: Печат

6а. Прием и одговор на барањето од рубрика 4а. (се враќа на органот барател)

Органот до кој е упатено барањето од земја која не е земјата на поаѓање го потврдува приемот на известувањето и:

потврдува дека е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција.

известува дека не е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција. Ова е основано на следниве факти:

.....

.....

6б. Прием и одговор на барањето од рубрика 4б. (се враќа на органот барател)

Органот барател од земјата на поаѓање го потврдува приемот на известувањето и:

потврдува дека органот барател е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција.

известува дека органот барател не е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција. Ова е основано на следниве факти:

.....

.....

Информации за гарантот:

7. За органот до кој е упатено барањето

Место: .....

Датум: .....

Потпис: Печат

ТЦ25
ТРАНЗИТ НА ЗАЕДНИЦАТА/ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТ

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НАПЛАТА

ОДРЕДУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН ЗА НАПЛАТА
Во согласност со член 450б од УСЦЗЗ/член 117(4) Додаток I Конвенцијата

1. Орган барател Име и целосна адреса: Референтен бр.: факс: ел.пошта:	**2. Орган до кој е упатено барањето** Име и целосна адреса:

3. Транзитна декларација

Бр.:
Појдовна испостава:
Датум:

Исптината постапка е започната : Да
Датум:
Повикување бр.:
Не

4. Барање

Органот барател известува дека органот до кој е упатено барањето е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција. Ова е основано на следниве факти:

.....
.....

Се приложуваат следниве документи:
.....
.....

5. Информации за гарантот

6. За органот барател

Место: ……..

Датум: …….

Потпис: Печат

7. Прием (се враќа на органот барател)

Органот до кој е упатено барањето го потврдува приемот на известувањето и изјавува дека:

е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна

операција.

не е одговорен за наплата на долгот во однос на горенаведената транзитна операција. Ова е основано на следниве факти:

.....

.....

8. За органот до кој е упатено барањето

Место: ……..

Датум: …….....

Потпис: Печат

Прилог 8.3

ТЦ 30

ГАРАНЦИЈА ЗА ТРАНЗИТ ВО ЗАЕДНИЦАТА/ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТ БАРАЊЕ ЗА АДРЕСА/-СИ

1. Орган - барател **Име и целосна адреса:**	2. Орган на кому е упатено барањето **Име и целосна адреса:**

3. **Број на потврда за општа гаранција.**
Број на потврда за поединечна гаранција.

Име и адреса на главен обврзник

.....

.....

4. **Ве молиме, пополнете ги точките подолу и вратете го образецот.**

а) Име и адреса на гарантот:

.....

.....

б) Име и адреса на застапникот на гарантот во .....

.....

(држава на испоставата која ја бара информацијата).....

.....

в) Повикувања (ако ги има) да бидат наведени во писмото до претставникот на гарантот:

.....

5. За органот-барател **Место:** **Датум :** **Потпис:** **Печат:**	6. За органот до кој е упатено барањето **Место:** **Датум :** **Потпис:** **Печат:**

Дел IX – ТИР ПОСТАПКА

Дел IX се однесува на движењето на стоката под ТИР карнет

Пододдел 2 се однесува на овластувањето на гарантното здружение, вклучувајќи писмени изјави

Во пододдел 3 е опишан ТИР гарантниот систем во контекст на тоа како се применува во рамките на Заедницата.

Во пододдел 4 се опишуваат мерките кои појдовната или влезната испостава (попатна) можат да ги преземат.

Во пододдел 5 се опишуваат мерките кои треба да бидат преземени кај одредишната испостава и раздолжување на постапката

Во пододдел 6 се опишува испитната постапка и дополнителната проверка по царинење. Влегува во сила од 1 јули 2009.

Во пододдел 7 се опишува поедноставувањето за овластен примач

Пододдел 8 ги содржи прилозите кон дел IX

1. ТИР (Transports Internationaux Routiers)

Овој пододдел содржи информации за:

- историјатот и законодавството (пододдел 1.1.);

- начелата на ТИР системот (пододдел 1.2)

1.1.Историјат и законодавство

Членови 91 и 163 од Законикот

Главниот пропис со кој се уредува ТИР постапката е ТИР конвенцијата од 1975 г., подготвена под закрила на Економската комисија за Европа на Обединетите Нации (UNECE). Членовите 451-457б од УСЦЗЗ ги опишуваат правилата за движење на стоката во Заедницата во рамките на ТИР постапката.

Заклучно со 2 јануари 2008 година, ТИР Конвенцијата имаше 68 договорни страни вклучувајќи ја Европската заедница и нејзините 27 земји-членки. Меѓутоа, ТИР операција е можна само во држави кои имаат овластени гарантни здруженија (57 земји заклучно со 1 јануари 2009 година)

Согласно законодавството на Заедницата, ТИР постапката може во Заедницата да се употребува само за транзитно движење кое почнува и завршува надвор од царинското подрачје на Заедницата, или се извршува помеѓу две места во царинското подрачје на Заедницата преку територија на трета држава.

1.2. Начелата на ТИР системот

ТИР системот се потпира на пет главни столбови:

- движење на стока во одобрени возила или контејнери запечатени со царинска пломба;

- во текот на ТИР транспортот, царинските давачки и даноци кои се должат за стоката се одложени и обезбедени

со синџир на меѓународни важечки гаранции. Националното гарантно здружение на секоја држава гарантира плаќање на обезбедениот износ на царински долг и друг давачки кои можат да настанат во случај на појава на неправилност во конкретната држава во текот на ТИР операцијата. Секоја договорна страна го определува своето ограничување за гаранцијата, но препорачаниот максимален износ кој може да се побарува од секое национално здружение во случај на неправилност е 50,000 УСД (за Заедницата: 60,000 евра или противвредноста на тие износи во националната валута);

- ТИР карнетот претставува царинска декларација за транспорт на стока. Тој обезбедува доказ за постоење на гаранцијата. ТИР карнетите се дистрибуирани од страна на меѓународната организација (моментално Меѓународната унија за патен транспорт (IRU)) до националните гарантни здруженија. Царинсктаа декларација со ТИР карнет важи само за еден ТИР транспорт. Се става во употреба во земјата на поаѓање и овозможува царинска контрола во договорните страна на поаѓање, транзит и одредиште.

- Царинските контролни мерки преземени во земјата на поаѓање се прифатени од страна на транзитните и одредишните земји. Оттука, како општо правило, стоката којашто се превезува со ТИР постапка во пломбирани возила или контејнери нема да се прегледува во во држави на транзит.

- како начин за контролирање пристап до ТИР постапката, националните здруженија кои имаат желба да издаваат ТИР карнети и лицата кои сакаат да искористат транзитна декларација - ТИР карнет мора да ги задоволат минималните услови и барања и мора да бидат овластени од страна на надлежните органи (вообичаено царинската управа) на државата во која се регистрирани.

2. Одобрувања

Овој пододдел содржи информации за:

- одобрување на гарантно здружение (пододдел 2.1.);

- одобрение на имателиа (пододдел 2.2.)

2.1. Одобрување на гарантно здружение

Член 451 од УСЦЗЗ

Член 6.1 и Прилог 9, дел I од ТИР Конвенцијата

За целите на ТИР конвенцијата, Европската заедница се смета за единствено подрачје. Еден од предусловите на ТИР е дека секоја држава или територија која го користи системот мора да биде покриена од меѓународниот систем на гаранции и за ова е потребно националните гарантни здруженија да бидат одобрени во согласност со ТИР конвенцијата.

ТИР конвенцијата ги воведува минималните услови и барања кои треба да бидат исполнети пред гарантното здружение да биде овластено за издавање на ТИР карнети.

2.1.1. Постапката на одобрување

Прилог 9, дел I од ТИР конвенцијата

Постојат два различни елементи на одобрението: основните критериуми за одобрување и склучување на писмен договор или друг правен инструмент помеѓу гарантното здружение и царинските органи.

2.1.2 Критериуми за одобрување

Прилог 9, дел I, став 1(а) до (г) од ТИР конвенцијата

Критериумите за одобрување опфаќаат неколку технички и фактички прашања, вклучувајќи доказ за искуство и знаење, здрава финансиска состојба и добар историјат на почитување на правилата. Општо земено, овие критериуми се многу слични на оние кои се применуваат во однос на постапките за транзит на Заедницата/заеднички транзит во поглед на одобрувањето да се користи општа гаранција. Види [дел III, Гаранции, пододдел 3.3.5.4.]

2.1.3 Писмен договор

Прилог 9, дел I, став 1(д) од ТИР конвенцијата

Писмениот договор или кој било друг правен инструмент содржи писмена изјава која се состои од повеќе обврски кои треба да бидат исполнети од страна на гарантното здружение.

Со цел да се обезбеди висок степен на усогласеност, образец на писмениот договор кој ги содржи минималните услови и барање кој може да се користи помеѓу царинските органи на

Заедницата и националните гарантни здруженија се наоѓа во Прилог 8.5.

2.1.4. Надзор на одобрението

Во интерес на доброто управување, потребно е постојано да се следи одобрението за да се потврди дали гарантното здружение останува подобно за одобрување и на овој начин се обезбедува дека условите и барањата на одобрението остануваат соодветни и неопходни, земајќи ги предвид, по потреба, сите промени во околностите пријавени од гарантното здружение.

2.2 Одобрување на имателите

Контролираниот пристап кон употреба на ТИР системот е еден од таканаречените столбови на ТИР системот.

Член 1(љ) од ТИР конвенцијата

Поимот „имател“ значи лице на кому му е издадено одобрение за работење во ТИР системот и на чие име е издаден ТИР карнетот. Имателот е договорен за ставање на увид на возилото и стоката заедно со ТИР карнетот кај царинските испостави на поаѓање, во текот на патувањето и во одредиштето. Во рамките царинското подрачје на Заедницата, имателот е одговорен и за поднесување на електронски податоци од ТИР карнетот кај царинските испостави при поаѓање или влез (попатни) и приложување на ТИР карнетот заедно со придружните транзитни документ кај царинските испостави на одредиштето или на излез (попатни).

Член 454 (3) од УСЦЗЗ

Член 6.4 и Прилог 9, дел II од ТИР конвенцијата

Правниот концепт на „имател“ во ТИР конвенцијата ги пропишува минималните услови и барања кои треба да бидат задоволени пред имателот да добие одобрение да го употребува ТИР системот.

2.2.1. Постапка на одобрување

Прилог 9, Дел II, став 3 од ТИР конвенцијата

Во пракса, проценувањето дали се задоволени критериумите пропишани во ТИР конвенцијата е задача која мора да биде

поделена помеѓу одобреното гарантно здружение и надлежните органи на земјата на во која е регистриран барателот. Покрај тоа, ТИР конвенцијата не определува одредени задачи ниту на гарантното здружение ниту на надлежните органи и остава постапките кои треба да се следат да бидат во согласност со националните прописи и пракси.

2.2.2. Делење на процесот на одобрување

На ниво на Заедницата, Царинскиот закон и неговите одредби за спроведување не предвидуваат ништо во однос на оваа тема, и поради тоа постапките за одобрување кои треба да се применуваат се пропуштени на национална надлежност.

Како минимум, гарантното здружение, во прв ред, ги разгледува сите барања за одобрување.

По прегледот на барањето од страна на гарантното здружение, и ако гарантното здружение се изјаснува во корист, барањето се препраќа до надлежните органи. Ако царинските органи се задоволни со своите проверки и проверките на гарантното здружение, царинските органи можат да го одобрат барателот.

2.2.2.1.Проверки кои ги вршат царинските органи

Без оглед на проверките кои ги вршело гарантното здружение, останатиот критериум - „непостоење на сериозни и повторливи прекршоци на царинските и даночните прописи“. – останува да се разгледува од страна на надлежниот орган.

Прилог 9, Дел II, став 1 (г) од ТИР конвенцијата

Со оглед на тоа што поимот „сериозни“ речиси сигурно се однесува на кривични прекршоци, тоа не треба да значи дека управните и граѓанските неправилности не можат да се сметаат како „сериозни“ во согласност со националната пракса.

На сличен начин, толкувањето на поимот „повторливи“ не треба да се гледа само во однос на бројот на прекршоци кои биле извршени, туку треба да се толкуваат во однос на

временски период. Се претпоставува дека три или повеќе прекршоци извршени во рок од пет години треба да се сметаат за „повторливи“.

2.2.2.2. Надзор на одобрението

Со оглед на клучната улога на имателот во ТИР системот, а особено неговата улога како декларант, важно е да се ажурира списокот на одобрени иматели којшто се чува на Меѓународната база на податоци на корисници на ТИР (ITDB). Надлежните органи треба да доставуваат ажурирани информации до Извршниот одбор (TIRExB) во однос на статусот на имателите коишто тие ги одобриле за употреба на ТИР.

Прилог 9, Дел II, ставови 4 и 5 од ТИР конвенцијата

Ова значи дека одобренијата треба да бидат предмет на постојано следење за да се провери дали имателот останува подобен за користење на одобрението и дека условите и барањата на кои е засновано одобрението остануваат соодветни и неопходни.

Исто така, се препорачува неактивните одобренија да бидат повлечени кога изгледа дека ТИР карнетите веќе не се издаваат на имателот во даден период (на пример 1 година).

Следењето на одобрението треба да се врши во соработка со гарантното здружение. Ако резултатите од надзорот откриваат случај на неисполнување на обврските од одобрението, тогаш надлежните органи треба да ја разгледаат можноста за повлекување на одобрението.

2.2.4. Повлекување на одобрението

Прилог 9, Дел II, став 6 од ТИР конвенцијата

Покрај можноста на гарантното здружение да го одбие имателот да ја употребува ТИР гаранцијата, постојат два начини да му се одбие пристап до ТИР системот на одобрениот имател.

- може да биде исклучен од ТИР системот, во согласност со член 38 од ТИР конвенцијата, или
- може да му се одземе одобрението за употреба на

ТИР карнети, во согласност со член 6.4 од ТИР конвенцијата.

Член 457а од

Одлуката донесена од земја-членка важи за сите ТИР операции приложени кај царинска испостава за прифаќање.

2.2.4.1. Употреба на член 38 наспроти член 6.4

Коментари на член 38 и Прилог 9, дел II од ТИР конвенцијата

Член 6.4 предвидува алтернативна санкција која, на повеќе начини, треба да се преферира наспроти членот 38. На прв поглед, секоја околност по која следи исклучување во согласност со член 38 подеднакво би резултирала и со повлекување на одобрението согласно член 6.4 и Прилог 9, дел II.

Член 38 од ТИР конвенцијата

За имателите регистрирани во Заедницата, се применува повлекување на одобрението во согласност со член 6.4 и Прилог 9 дел II. За имателите одобрени од други договорни страни, надвор од Заедницата, се применува само член 38.

2.2.4.2. Примена на член 38 од ТИР конвенцијата

Член 38 предвидува исклучување на постојана или привремена основа. ТИР конвенцијата не ги дефинира тие поими. Во поглед на привременото исклучување, тоа треба да значи дека одобрението е суспендирано за одреден временски период. Ова може да создаде логистички потешкотии за договорните страни, кои треба внимателно да го следат рокот на суспензијата.

Одлука да се исклучи оператор од ТИР системот е многу сериозно прашање и секогаш мора да биде оправдана. Ако прекршок или неправилност се сметаат за доволно сериознаи за да оправдаат исклучување, тоа треба по можност да биде врз постојана основа. Исто така, можно е операторот кој бил трајно исклучен од ТИР повторно да добие одобрение во иднина доколку дојде до промена на околностите.

Меѓутоа, посебните околности можат да доведат до привремено исклучување доколку, на пример, неправилноста која довела до одлуката може да се исправи во краток временски рок (на пр., задоцнето уверение за одобрение, технички проблеми со товарниот простор).

2.2.4.3. Примена на член 6.4 од ТИР конвенцијата

На секој имател кој не може да ги исполнува условите за одобрението (поради тоа што, на пример, веќе не ги задоволува основните критериуми за одобрението) или кој веќе не е подобен за одобрување (бидејќи, на пример, извршил сериозни или повторливи прекршоци) треба да му се одземе одобрението.

Покрај известување на TIRExB, земјата-членка која го повлекува одобрението треба да веднаш ја извести Европската комисија и другите земји-членки.

2.2.4.4. Известување до Европската комисија и земјите-членки

Член 457а од УСЦЗЗ

Сите исклучувања извршени во согласност со член 38 и повлекувања на одобренијата во согласност со член 6.4 од ТИР конвенцијата, треба да бидат пријавени до Европската

комисија и другите земји-членки. Известувањата кои се испраќаат до земјите-членки треба да бидат упатени до единиците за контакт со одговорност за ТИР (адресите во Заедницата се наоѓаат во член 8.1). Овие известувања треба да се состојат од истите информации кои се праќаат до TIRExB, а особено важно е да се соопшти идентификацискиот референтен број на имателот на ТИР карнет.

Европската Комисија ќе ја пренесе оваа информација за списокот на трговски друштва на кои им е забранет пристап до ТИР системот преку интернет страницата Europa (CIRCA). Списокот ќе содржи и исклучувања во согласност со член 38 и повлекувања во согласност со член 6.4 и ќе прави разлика помеѓу имателите од Заедницата и надвор од неа.

Точноста на овие списоци е надвор од контролата на Европската комисија, а земјите-членки треба да бидат внимателни при носење одлука за одбивање пристап кон ТИР системот на економски оператор. Ако постои сомневање, единицата одговорна за ТИР за земјата-членка која известила за исклучувањето/повлекувањето, треба да биде контактирана за да се потврди информацијата.

2.2.5. Известување на одлуката за повторно одобрување на пристап до ТИР системот

Може да има случаи кога земјата-членка треба да ја повлече својата одлука за исклучување на операторот или да одлучи да го врати одобрението. Во тој случај, еднакво важно е сите земји-членки да бидат информирани за овие одлуки. За таа цел, постапките за известување од пододдел 2.2.4.4 се применуваат и во однос на овие одлуки.

3. Гаранции

Овој пододдел содржи информации за:

- вовед (пододдел 3.1.)

- износ на гаранцијата (пододдел 3.2);

- обем на покритието на гаранцијата (пододдел 3.3.)

- одговорност на гарантните здруженија на Заедницата (пододдел 3.4.)

3.1. Вовед

Членови 3 (б), 6.1, 8.3, 8.4 и 11 од Конвенцијата;

Меѓународниот систем на гаранции е еден од таканаречените столбови на ТИР царинскиот транзитен систем. Гаранцијата е наменета да обезбеди дека царинските давачки и даноци кои се под ризик во текот на ТИР транспортните операции се секогаш сигурни.

3.2. Износ на гаранцијата

3.2.1. Максимален износ на гаранцијата

Член 8.3. и белешка за појаснување 0.8.3 од ТИР конвенцијата

Член 457.1 од УСЦЗЗ

Паричното ограничување за гаранција по ТИР карнет се утврдува од секоја договорна страна.

На ниво на Заедницата, договорено е да се изрази износот во евра и според тоа Заедницата за максимален износ ја усвоила сумата од 60.000 евра.

3.2.2. Правила кои се однесуваат на девизниот курс

За земјите-членки кои не го усвоиле еврото како единствена валута, важат следнаве правила:

Член 18.2 од законикот

(а) За целите на овој Договор/Обврска, максималниот износ кој е платлив по ТИР карнет е еднаковжо на противвредноста на националната валута од 60.000 евра. Стапките кои се користат за оваа конверзија се фиксирани еднаш годишно и се објавуваат во Службениот весник на Европската унија на првиот работен ден во октомври, а влегуваат во сила следниот 1 јануари.

Член 18.1 од законикот

(б) Во случај на побарување од гаранцијата, девизниот курс кој треба да се користи е оној којшто е на сила на денот на прифаќање на ТИР карнетот кај појдовната или влезната царинска испостава. Овие стапки се фиксирани еднаш

месечно и се објавуваат во Службениот весник на Европската унија на претпоследниот работен ден во месецот.

3.3. Опсег на покритието со гаранцијата

Член 2 од ТИР конвенцијата

Во ТИР конвенцијата не се прави разлика во однос на тоа која стока може да се транспортира во склоп на ТИР карнет. Меѓутоа, меѓународниот ланец на гаранции не дава гаранции за алкохолните и тутунските производи наведени подолу. Ова ограничување важи без разлика на засегнатите количини на стоката. Притоа, максималниот износ наведен во пододдел 3.2.1 погоре се однесува на транспорт на сите видови стока освен на движење на следниве алкохолни и тутунски производи:

Шифра на ХС	Опис на стоката
2207.10	Неденатуриран етил-алкохол со алкохолна јачина од 80%/vol или повеќе
2208	Како погоре, само со јачина помала од 80%/vol
2402.10	Цигари, пури и цигарилоси што содржат тутун
2402.20	Цигари што содржат тутун
2403.10	Тутун за пушење, со додадок и без додаток на замена за тутун

3.4. Одговорност на гарантните здруженија на Заедницата

Член 451 од УСЦЗЗ

За целите на ТИР конвенцијата, Заедницата се смета за единствено подралје. Меѓутоа, секоја земја-членка има барем едно овластено национално гарантно здружение.

Член 457.3 од УСЦЗЗ

Член 11.1 од ТИР конвенцијата

Валидно известување за нераздолжување дадено од релевантниот царински орган на своето гарантно здружение во согласност со ТИР конвенцијата ја има истата правна сила како известувањето да е дадено на друго гарантно здружение од својот царински орган.

4. Формалности кај царинската испостава на поаѓање или влез (попатна)

Овој пододдел содржи информации за:

- вовед (пододдел 4.1.)
- прифаќање на податоците за ТИР карнетот (пододдел 4.2);
- безбедност на возилото/контејнерот (пододдел 4.2);
- мерки кај царинската испостава на поаѓање или влез (попатна) (пододдел 4.4.);
- попатен утовар (пододдел 4.5.);
- отстапувања (пододдел 4.6.).

Употребата на резервната постапка во случаи каде што електронскиот систем не е достапен како што е опишано во Прилог 8.4.

4.1. Вовед

Член 1(и) од ТИР конвенцијата

Појдовната царинска испостава врши две различни и важни функции. Овие функции опфаќаат три од таканаречените пет столба на ТИР системот. Првата функција е прифаќање на ТИР карнетот, обезбедувајќи ја физичката безбедност на патното возило/контејнер, и примена на царинската контрола.

ТИР прирачник оддел 1.2

Член 451 од УСЦЗЗ

Другата подеднакво важна функција се однесува на раздолжувањето (види пододдел 5.2.) на ТИР операцијата и, кога е потребно, наплата на давачките и даноците кои настануваат (види пододдел 6.4.). Со оглед на фактот што Заедницата, за целите на правилата со кои се уредува употребата на ТИР карнетот, се смета за единствено подрачје, улогата и одговорноста на појдовната царинска испостава на Заедницата е особено значајна.

Член 454 од УСЦЗЗ

Во рамките на царинското подрачје на Заедницата, завршувањето/раздолжувањето на ТИР операцијата помеѓу појдовната или влезната царинска испостава и одредишните или излезните царински испостави се забрзува со менување

Член 455 од УСЦЗЗ

на враќањето на соодветниот дел од листот бр.2 со испраќање на пораките „Напомена за пристигнување“ (IE006) и „Резултати од контролата“ (IE018), заклучно од 1 јануари 2009 година.

Забелешка:

Електронскиот транзитен систем се користи само за ТИР операции во рамките на Заедницата (на пр., не во земјите на заедничкиот транзит). За ТИР транспорт кој влегува во Заедницата од трета земја, а во кој дел од патот се поминува низ земја којашто не е земја на Заедницата пред повторно да влезе во Заедницата, имателот (или негов претставник) е одговорен за поднесување на податоците од ТИР карнетот за да ја започне ТИР операцијата кај секоја влезна царинска испостава на Заедницата.

За пример види Прилог 8.7. а).

4.2. Прифаќање на податоците за ТИР карнетот

Електронскиот систем на Европската заедница кој треба да се користи за размена на податоци во врска со ТИР е Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) кој веќе се користи за транзит на Заедницата. Електронската размена на пораки се извршува на три нивоа:

Помеѓу имателот на одобрението и царината (надворешен домен)

Помеѓу царинските испостави на една држава (национален домен); и

Помеѓу самите национални управи и со Европската Комисија (заеднички домен).

Општо гледано, имател на ТИР карнет ги има следниве можности да поднесе електронски податоци од ТИР карнет во зависност од засегната земја-члнека:

Директно внесување од трговецот (вклучувајќи упис на податоци преку интернет страница на царината);

Електронска размена на податоци (ЕРП);

Член 454 од УСЦЗЗ

Внесување на податоци во царинска испостава (на терминал ставен на располагање на операторите);

Интерфејс развиен од Меѓународната организација.

Иако е задолжително за имателот на ТИР карнетот да ги поднесе податоците од ТИР карнетот кај појдовната или влезната царинска испостава користејќи техника на обработка на податоци заклучно од 1 јануари 2009, за да се избегнат законски последици кои произлегуваат од несовпаѓање помеѓу електронската порака и податоците на ТИР карнетот, царинските органи на Заедницата се обврзани и понатаму да го пополнуваат ТИР карнетот во согласност со ТИР конвенцијата.

Прилог 1 од ТИР конвенцијата

Во ситуација кога ќе се појави неусогласеност помеѓу поднесените електронски податоци за ТИР карнетот и самиот ТИР карнет, одлучувачки се информациите од ТИР карнетот, а имателот ќе ги исправи електронските податоци за да одговараат на информациите од ТИР карнетот.

Прилог 10 (4) од ТИР конвенцијата

Секој ТИР карнет има единствен референтен број. ТИР карнет може да има 4, 6, 14 или 20 листови. Еден пар листови се користи за по една договорна страна; бројот на листови укажува на бројот на договорни страни низ кои може да се транзитира, вклучувајќи ги договорните страни на поаѓање и одредиште.

Важно е да се обезбеди дека се прифаќаат само важечки ТИР карнети. Списокот на ТИР карнети евидентирани како неважечки од меѓународната организација може да биде преземен од нејзината електронска апликација.

Меѓународната организација одговорна за печатење и дистрибуција на ТИР карнетите воведе безбедносни мерки за да обезбеди дека може да се препознае фалсификуван или лажиран ТИР карнет. Овие својства вклучуваат:

- Втиснато „лого“ на камион на предната корица
- Употреба на термохроматско мастило за печатење
- Бар код што одговара со алфанумеричкиот број на ТИР карнетот

Член 12 од ТИР конвенцијата;

Меѓутоа, дури и вистински ТИР карнет може да биде неважечки доколку, на пример, не бил потпишан и на него не е нанесен печат од здружението кое го издава или ако датумот на важност прикажан во рубрика 1 од ТИР карнетот е истечен.

Исто како и царинските контроли, степенот и интензитетот на проверките кои се применуваат пред прифаќање на ТИР карнетот ќе биде утврден во согласност со концептот на анализа на ризик. Овие проверки вклучуваат обезбедување дека гарантното покритие важи за целата натоварена стока (види пододдел 3.3. “Опсег на гарантното покритие“).

4.3. Безбедност на возилото /контејнерот

Прилог 2 од ТИР конвенцијата

Со оглед на взаемното признавање на царинските контроли, од суштинско значење е појдовната испостава да обезбеди дека возилото или контејнерот се одобрени за транспорт на стоките опфатени со ТИР карнетот. Во најголем број случаи, и во согласност со анализата на ризикот, прегледот ќе биде ограничен на преглед на Уверението за одобрување на

возилото. Меѓутоа, треба да се има на ум дека овие уверенија можат многу лесно да бидат фалсификувани или лажирани. Немање уверение или неважечко уверение за одобрување значи дека не може да се започне ТИР операцијата.

4.4. Мерки кај царинската испостава на поаѓање или влез (попатна)

Член 454 од УСЦЗ3

Покрај ставањето на увид на ТИР карнетот, сите неопходни документи кои треба да го придружуваат карнетот, возилото и стоката, имателот на ТИР карнетот или неговиот претставник е одговорен за поднесување на податоците од ТИР карнетот во компјутеризираниот систем (НКТС) со пораката „Податоци за декларацијата“ (IE015) со користење на правилата и шифрите наменети за електронски транзитни декларации.

Прилози 37а и 37в од УСЦЗ

Податочните елементи на ТИР карнетот кои одговараат на податочните атрибути на НКТС се дадени во прилог 8.2.

Одредишната или излезната (попатната) царинска испостава (рубрика 53) во Заедницата кај која се става стоката на увид со цел да се прекине ТИР операцијата се прикажани во „Списокот на царински испостави надлежни за транзитни операции“. Адресата на интернет страницата е:

http://ec.europa.eu/taxation_customs/dds/csrdquer_en.htm

Компјутеризираниот систем (НКТС) автоматски ја одобрува декларацијата. Неточна, непотполна или некомпатибилна декларација се отфрла со пораката „Отфрлена декларација“ (IE016).

Кога декларацијата се прифаќа од царинските органи, системот ќе генерира Референтен број на движење (РБД), кој се доделува на ТИР операцијата и за тоа имателот на ТИР карнетот или неговиот застапник се известува со пораката „Доделен РБД“.

Со ова декларацијата добива статус „прифатена“ и појдовната царинска испостава одлучува дали да изврши преглед на стоката/возилото, вклучувајќи преглед на пломбите на возилото, пред пуштањето на ТИР постапката и печатењето на транзитниот придружен документ (ТПД) кој ќе ја следи пратката.

За исправка, откажување и проверка на електронската

декларација, види го Прирачникот за транзит - дел IV (НКТС), поглавје 1, точка 3.

4.4.1. Исправна употреба на ТИР карнетот

Член 454 (3) од УСЦЗЗ
Прилог 37а и 37в од УСЦЗЗ

Употребата на ТИР карнет треба да го надополни примерот на прописно пополнетиот ТИР карнет. Види Прилог 8.3. за постепени упатства за тоа како да се пополни ТИР карнетот и како се постапува со листовите во разните царински испостави (поаѓање, попатни и одредишни).

Појдовната царинска испостава треба биде многу внимателна и во однос на исправното пополнување на предната страница на ТИР карнетот

4.4.2. Препорака за користење на шифрите на хармонизираниот систем (ХС)

АК.2 препорака

Административниот комитет за ТИР конвенцијата од 1975 година, на 31 јануари 2008 година реши да препорача имателите на ТИР карнети да назначат и ХС ознака (6 цифри), покрај описот на стоката, во рубрика 10 на манифестот за стоката на жолтиот лист (не е за царинска употреба) на ТИР карнетот.

Појдовните царински испостави во Заедницата ќе го прифатат вклучувањето на ХС ознаката и на листовите на ТИР карнетот за царинска употреба и како дел од електронскиот податоци за ТИР карнет (рубрика 33).

Треба да се забележи дека имателот не е обврзан да ја воведе ХС ознаката.

Во случаите кога е дадена ХС ознаката, царинските органи во појдовната царинска испостава или влезната испостава (попатна) треба да проверат дали ХС ознаката одговара со ознаката прикажана во други царински, комерцијални и транспортни документи.

4.4.3. Доказ за статус на стоката како стока на Заедницата

Член 453(1) од УСЦЗЗ

Стоката транспортирана во рамките на Заедницата со употреба на ТИР транзитна декларација се смета како стока која не е од Заедницата, освен кога нејзиниот статус како

стока на Заедницата е јасно утврден.

Членови 314, 319 и 453 (2) од УСЦЗЗ

Ако ТИР карнет, како единствен транспортен документ издаден во земја-членка, ја опфаќа стоката внесена од друга земја-членка преку територијата на трета држава, имателот може да ја внесе ознаката „T2L“ (или „T2LF“ за стока транспортирана до, од и помеѓу подрачја во кои не важи „Директивата за ДДВ“ 2006/112/ЕЗ) заедно со неговиот потпис (рубрика 10) на сите релевантни листови на ТИР манифестот за стоката од ТИР карнетот, за да обезбеди докази за статус на стоката од Заедницата. Во компјутеризираниот систем, имателот може да ја поднесе оваа ознака во рубрика 31 заедно со описот на стоката.

Кога ТИР карнетот опфаќа и стока која не е од Заедницата, ознаката „T2L“ или „T2LF“ и потписот се внесува на начин на кој јасно се укажува само на стоката со статус на Заедницата.

Ознаката „T2L“ или „T2LF“ на сите релевантни листови на ТИР карнетот ја потврдува појдовната царинска испостава со печат и потпис на надлежниот службеник.

4.4.4. Приложување на гаранција

Поглавје 7, прирачник за ТИР

За да се пушти стоката во ТИР постапка, потребна е гаранција. За ТИР постапките, гаранцијата се приложува во форма на важечки ТИР карнет. Гаранција тип Б се употребува во компјутеризираниот систем, а бројот на ТИР карнетот се внесува во полето Повикување на друга гаранција (рубрика 52). Покрај тоа, бројот на ТИР карнетот треба да се внесе во рубрика 44 „Вид на документ“ со шифрата „952“ во компјутеризираниот систем за да се пренесат информации до одредишната или излезната (попатна) царинска испостава. Повеќе информации за гаранциите се наоѓаат во оддел 3.

4.4.5. Пломбирање на возила /контејнери

Член 457б од УСЦЗЗ

Прилог 2 од ТИР конвенцијата

Треба да се посвети внимание и на пломбирањето на возилата/контејнерите. Важно е да се провери бројот на царинските пломби кои треба да биде ставени и нивната точна локација од Уверението за одобрување (точка 5) и

приложените фотографии (или цртежи). Ако појдовната царинска испостава смета дека е потребно, може да стави повеќе пломби за да се спречи неовластено отворање на товарниот простор.

Царинските пломби кои треба да ги стави појдовната царинска испостава треба да бидат исправно ставени, а веќе ставените пломби треба да бидат детално проверени од влезната царинска испостава (попатна) за да се открие противзаконско ракување. Употребата на пломби на извозникот или превозникот наместо царински пломби не е прифатливо во ТИР системот.

4.4.6. Стока која претставува зголемен ризик

Член 340а од УСЦЗЗ

Прилог 44в од УСЦЗЗ

За превоз на стока која претставува зголемен ризик наведена во Прилог 44в од УСЦЗЗ, појдовната царинска испостава или влезната (попатна) царинска испостава треба секогаш да пропишува правец на движење кој транспортот треба да го следи и да постави временско ограничување во чиј рок стоката треба да биде ставена на увид кај одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна).

Не би било изводливо да се пропише прецизен правец на движење кој треба да се следи, но како минимум, земјите-членки низ кои поминува транзитот треба да бидат наведени во рубрика 22 од ТИР карнетот и рубрика 44 од електронската декларација.

Општо гледано, очекувано е за стоката ставена во транзитна постапка, а особено ако засегнатата стока се состои од живи животни или лесно расипливи производи до одредишното место да биде транспортирана по економски најоправданиот пат.

4.4.7. Пуштање на ТИР операција

ТИР постапката се пушта по прифаќањето и изведувањето на потребните контроли. Системот автоматски генерира Транзитен придружен документ (ТПД) кој ја придружува стоката со ТИР карнетот. Листот бр. 1 од ТИР карнетот се отстранува и задржува од страна на појдовната царинска

испостава или излезната царинска испостава (попатна) и се заверува со РБД.

ТПД се приложува на листот бр. 2 на ТИР карнетот на начин што и бар кодот и РБД можат лесно да се прочитаат.

Член 454 од УСЦЗЗ

Во талонот бр. 1 на ТИР карнетот, се внесува РБД, во рубрика 2 (Под бр.). ТИР карнетот со приложениот ТПД се враќа на имателот на ТИР карнетот.

При пуштање на стоката, системот автоматски издава порака „Запис за очекувано пристигнување“ (порака IE001) до одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна). Може да се издаде надворешната порака „Пуштено во транзит“ (IE029) кон имателот или неговиот застапник.

4.5. Попатен утовар

Член 18 од ТИР конвенцијата

ТИР транспортот може да опфати најмногу четири појдовни и одредишни царински испостави

Во случај дополнителна стока да се товари кај попатна царинска испостава, таа испостава, во однос на употребата на ТИР карнетот и податоците од ТИР карнетот, ќе делува и како одредишна или излезна царинска испостава и како појдовна или влезна царинска испостава.

Постапките опишани во горната точка 4.4. треба да се следат, а претходната постапка ќе биде затворена во компјутеризираниот систем и ќе се пуштат пораките IE06 и IE018, (види пододдел 5.3).

По утоварот на дополнителната стока, имателот е одговорен за поднесување на нова декларација во компјутеризираниот систем, вклучувајќи ги сите податоци од претходните пратки (како што е претходниот референтен број на документот (РБД) во рубрика 40). За пример види Прилог 8.7. б)

4.5.1 Привремено мирување на ТИР постапката

Член 26 од ТИР конвенцијата

Коментари на

Мирување, дури и привремено, на ТИР транспортот значи дека нема гаранција за делот од патот во кој ТИР постапката е во мирување. ТИР постапката се става во мирување, доколку

член 2 и 26 од ТИР конвенцијата

се извршува во држава која не е потписничка на ТИР конвенцијата. Кога ТИР транспортот вклучува недрумска етапа (на пр., поморско преминување со поедноставена постапка или без транзитна постапка), имателот може да побара од царинските органи да го стават ТИР транспортот во мирување за тој дел од патот и да го продолжат на крајот на недрумската етапа на патувањето.

Член 26(2) од ТИР конвенцијата

Член 26(3) од ТИР конвенцијата

Во такви случаи, контролите и формалностите на излезните и влезните царински испостави (попатни) ќе се вршат одделно. Види пододдел 4.4. и 5.3.

Коментари на член 2 и 26 од ТИР конвенцијата

Меѓутоа, во рамките на една договорна страна, ТИР постапката може да се примени и на дел од патувањето кое не се врши по друмски пат (на пр., железнички транспорт) во случаи кога царинските органи се во положба да обезбедат контроли и формалности за соодветно започнување и завршување на постапката кај влезните и излезните царински испостави (и одредишна царинска испостава, ако одговара).

4.6. Недоследности

4.6.1. Постапување со недоследности

Во суштина има три видови отстапувања или неправилности кои се однесуваат на стоката кои треба да се земаат предвид:

- исчезната стока
- вишок стока
- погрешно опишана стока

Начинот на кој се постапува со овие недоследности ќе зависи од дали неправилноста ќе ја открие појдовната царинска испостава или влезната царинска испостава (попатна), и дали е вклучена и извозна декларација.

4.6.2. Недоследности откриени од појдовната царинска испостава

Член 40 од ТИР конвенцијата

Треба да се има на ум дека неправилност откриена од појдовната царинска испостава пред ТИР карнетот и поднесените податоци од ТИР карнетот да бидат прифатени се третира како неправилност која се однесува на претходната

царинска постапка, на пример постапка на царинско складирање, привремено складирање или стока пуштена во извозна постапка. Ова е најверојатно случај кога недоследноста се однесува на работи како што се опис и количина на стоката кога информациите кои се однесуваат на претходната царинска постапка се едноставно пренесени на ТИР карнетот и податоците кои се содржани во него.

Меѓутоа, може да има случаи каде што неправилноста е резултат на измама и постои намера да се злоупотреби или неправилно употреби ТИР и транзитниот систем, на пример, преку опишување на стока која претставува зголемен ризик како друг вид на стока. Во такви случаи, би било соодветно да се преземаат казнени мерки против одговорните страни, во согласност со националните прописи.

4.6.3. Недоследности откриени од влезната царинска испостава (попатна)

Член 23 од ТИР конвенцијата
Член 24 од ТИР конвенцијата

Царинските органи вршат преглед на стоката во текот на патувањето во постапка на пломбиран ТИР транспорт само во посебни случаи. Во случај на преглед, се стават нови пломби и, ако е потребно, резултатите од контролата се евидентираат во останатите купони на ТИР карнетот и соодветните талони, како и во компјутеризираниот систем.

Член 8.5 од ТИР конвенцијата
Член 8.7 од ТИР конвенцијата

Неправилност откриена од страна на влезната царинска испостава (попатна) треба да се третира согласно нејзината основаност. Ако се открие предметната недекларирана стока во пломбираниот товарен простор на транспортното средство, тогаш имателот е првичното непосредно одговорно лице, односно должник на царинскиот долг. За фискални потреби, обезбедениот износ е покриен со гаранцијата на ТИР гаранцијата, а гарантното здружение се смета за одговорно.

Член 202 и 203 од законикот

Ако, од која било причина, не може да се дозволи да продолжи ТИР операцијата, на пр., поради тоа што увозот на стоката е забранет или ограничен, стоката ќе треба да биде задржана на границата.

Доколку, од друга страна, ТИР операцијата може да продолжи, тогаш податоците од задржаната стока треба да бидат внесени во останатите купони на ТИР карнетот (рубрики „За службена употреба“). Во компјутеризираниот систем, имателот треба

соодветно да ги исправи податоците пред прифаќањето на ТИР карнетот кај влезната царинска испостава (попатна).

Член 85 од ТИР конвенцијата

Забелешката во рубриката „За службена употреба“ треба да гласи „Вишок стока: член 8.5 од ТИР конвенцијата“ проследена со опис и количина на откриената стока.

Откривањето на вишок стока којашто не е натоварена во пломбираниот товарен простор се третира како незаконски криумчарена стока која се внесува во Заедницата и мора да се преземаат соодветни мерки. Под вакви околности, гарантното здружени не е одговорно за давачките и даноците коишто можат да настанат, иако возачот или имателот може да се сметаат како царински должници.

5. Формалности кај одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна)

Овој пододдел содржи информации за:

- вовед (пододдел 5.1.)
- раздолжувањето на ТИР операцијата при поаѓање (пододдел 5.2)
- мерки кај царинската испостава на одредиште или излез (попатна) (пододдел 5.3.);
- промена на царинската испостава на одредиште или излез (попатна) (пододдел 5.4.);
- попатни незгоди и употреба на заверен извештај (пододдел 5.5.)
- неправилности (пододдел 5.6.)
- контролен систем за ТИР карнети (пододдел 5.7.)
- попатен истовар (пододдел 5.8.);
- употреба на ТИР карнет за вратена стока (пододдел 5.9.)

5.1. Вовед

Одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна) имаат клучна улога во обезбедување на брзо завршување на ТИР операцијата.

5.2. Раздолжување на ТИР операцијата од страна на појдовната царинска испостава или влезната царинска испостава (попатна)

Член 10.2 од ТИР конвенцијата

Раздолжувањето на ТИР постапката е многу значајно дејство од страна на појдовните и влезните надлежни органи (на пат) бидејќи со тоа ефективно се става крај на одговорноста на гарантното здружение.

ТИР операцијата може да се раздолжи само ако е прописно завршена.

Член 1(д) од ТИР конвенцијата

Дејството на раздолжување на ТИР операцијата е имплицитно во смисла дека нема формална одлука или акција преземена од појдовната или влезната царинска испостава (попатна). Ниту се испраќа формално известување до гарантното здружение за да се потврди раздолжувањето. Имателот на ТИР карнетот и гарантното здружение можат да сметаат дека ТИР операцијата е раздолжена и во отсуство на известувањето на спротивното.

5.3. Мерки кај царинската испостава на одредиште или излез (попатна)

Член 455 од УСЦЗЗ

При ставање на увид на стоката, возилото, ТИР карнетот и ТПД во рокот пропишан од појдовната или влезната царинска испостава (попатна), одредишната или излезната царинска испостава (попатна) ги проверува нанесените пломби и го употребува РБД за да ги повлече податоците од системот и да го регистрира.

Пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006) се испраќа до појдовната или влезната царинска испостава (попатна) за да се информира дека пратката пристигнала.

Член 457б од УСЦЗЗ

По извршување на потребните контроли, кои се базирани на информациите содржани во пораката „Запис за очекувано пристигнување“ (IE001), одредишната или излезната царинска испостава ја испраќа пораката „Резултати од

контрола“ (IE018) користејќи ги соодветните шифри до појдовната или влезната царинска испостава (попатна). Оваа порака содржи и информации внесени во ТПД, завереният извештај и талонот бр 1 на ТИР карнетот во текот на транспортот. Ова може да биде на пример претовар, нови пломби или незгоди.

Одредишната царинска испостава ги откинува и задржува двата дела од листот бр. 2 на ТИР карнетот и внесува податоци на талонот и го враќа ТИР карнетот на имателот на ТИР карнетот.

Член 454(6)

Ако стока е пуштена во ТИР постапка во компјутеризираниот систем на поаѓање или влез и системот на одредиштето или излез не е достапен при пристигнување на стоката, одредишната царинска испостава ги извршува потребните контроли и ја прекинува постапката врз основа на ТПД и листот бр. 2 на ТИР карнетот.

Податоците се внесуваат во системот подоцна, кога системот е повторно достапен со цел да се овозможи на појдовната царинска испостава да ја раздолжи операцијата во компјутеризираниот систем.

Резервна постапка

Кога стоката е пуштена во ТИР операција при поаѓање или влез со резервна постапка само врз основа на ТИР карнет, одредишната или излезната царинска испостава (попатна) ја прекинува постапката врз основа на листот бр. 2 на ТИР карнетот и го враќа соодветниот дел до појдовната или влезната царинска испостава (попатна).

5.4 Промена на одредишната или излезната царинска испостава (попатна)

Член 1(1) од ТИР конвенцијата

ТИР конвенцијата предвидува можност имателот да ја стави на увид стоката и ТИР карнетот кај друга одредишна или излезна царинска испостава (попатна), различна од декларираната. Таа испостава тогаш станува одредишна или излезна царинска испостава (попатна).

Ако компјутеризираниот систем покаже дека вистинската одредишна или излезна царинска испостава (попатна) не добила порака „Запис за очекувано пристигнување“ (IE001) за приложениот РБД, ќе испрати порака „Барање за запис за очекувано пристигнување“ (IE002).

Појдовната или влезна царинска испостава (попатна) одговара со испраќање на пораката „Одговор на запис за очекувано пристигнување“ (IE003) пренесувајќи ги податоците од пораката „Запис за очекувано пристигнување“ (IE001). Одредишната или влезната царинска испостава (попатна) потоа може да ја испрати пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006).

Доколку појдовната или влезната царинска испостава (попатна) не ја најде операцијата преку РБД, во пораката „Одговор на запис за очекувано пристигнување“ (IE003) ги внесува и мотивите (со шифра 1 до 4) зошто пораката „Запис за очекувано пристигнување“ (IE001) не може да се испрати.

Причините за одбивање можат да бидат:

Шифра 1. движењето веќе е ставено на увид кај друга одредишна или излезна царинска испостава;

Шифра 2. движењето е откажано од појдовната или влезната царинска испостава (попатна)

Шифра 3. не е познат РБД било поради технички причини или поради неправилности; или

Шифра 4. други причини.

(За објаснување на шифрите види дел VII, пододдел 3.4.4.5)

Одредишната или излезната царинска испостава (попатна) ја прегледува причината за одбивање и, ако причината дозволува, ја завршува ТИР операцијата и ги отстранува и задржува двата дела од листот бр. 2 на ТИР карнетот и внесува забелешки на талонот бр. 2 на ТИР карнетот и го враќа соодветниот дел од листот бр. 2 до појдовната или влезната царинска испостава (попатна) и го враќа ТИР карнетот на имателот.

5.5. Попатни незгоди и употреба на заверен извештај

Ако царинските пломби се скинати или ако било кој дел од стоката е уништен или оштетен во случај на несреќа која се случува на пат, превозникот веднаш ги контактира царинските органи, и ако е можно, други надлежни органи во државата во која се наоѓа пратката. Засегнатите органи што е

можно побрзо подготвуваат заверен извештај кој се наоѓа во ТИР карнетот.

Член 25 од ТИР конвенцијата

Во случај на несреќа поради која е потребно да се пренесе товарот во друго возило, ова пренесување може да се изврши само во присуство на засегнатиот орган. Овој орган подготвува заверен извештај.

Белешка за појаснување кон член 29 од ТИР конвенцијата

Освен во случај кога ТИР карнетот ги содржи зборовите „Тешка или габаритна стока“, заменското возило или контејнер исто така мора да биде одобрен за транспорт на стоката запечатена со царинска пломба.

Покрај тоа, стоката се пломбира и податоците за пломбите се назначуваат во завереният извештај.

Меѓутоа, ако не е достапно одобрено возило или одобрен контејнер, стоката може да биде претоварена на неодобрено возило или неодобрен контејнер, под услов да се применат соодветни безбедносни мерки. Подоцна, царинските органи ќе одлучат дали можат да дозволат транспортот во рамките на ТИР карнетот да продолжи во тоа возило или контејнер.

Во случај на непосредна опасност која изискува итно истоварување на целиот или дел од товарот, превозникот може да преземе мерки на сопствена иницијатива без да чека на активност од органите. Потоа, тој е обврзан да им достави докази на царинските органи дека тој бил приморан да преземе такви мерки во интерес на возилото или контејнерот или на товарот. Кога ќе се спроведат превентивни мерки и опасноста ќе се отстрани, превозникот веднаш ги известува царинските органи, со цел фактите да можат да бидат проверени, товарот да биде прегледан, возилото или контејнерот да биде пломбиран и да се подготви заверен извештај.

Одредишната или излезната царинска испостава (попатна) испраќа порака „Резултати од контрола“ (IE018) која ги содржи информациите за незгодата внесени во ТПД, завереният извештај и ТИР карнетот во текот на транспортирањето до појдовната или влезната царинска испостава (попатна).

Завереният извештај останува приложен на ТИР карнетот.

5.6. Неправилности откриени кај одредишната или излезната царинската испостава (попатна)

5.6.1. Неправилности во однос на стоката

Член 8.5 од ТИР од конвенцијата;

Неправилност откриена од страна на одредишната или влезната царинска испостава (попатна) треба да се третира согласно нејзината основаност. Ако е откриена недекларирана стока во пломбираниот товарен простор на друмското возило тогаш, поради фискални причини, таа е опфатена со гаранцијата на ТИР карнетот, а гарантното здружение се смета за одговорно. Се става забелешка во ТИР карнетот, во рубрика 27 на купон бр. 2 и во рубрика 5 од талонот бр. 2.

Забелешката треба да гласи „Вишок стока: член 8.5 од ТИР конвенцијата“ проследено со опис и количина на откриената стока. Во компјутеризираниот систем, пораката „Резултати од контрола“ (IE018) се испраќа од страна на одредишната или излезната царинска испостава (попатна) со шифра „Б“ и забелешката „Се очекува решавање на недоследноста“ при што се бара појдовната царинска испостава да спроведе истрага.

Постапката потоа добива статус „Се чека на решавање“ кај појдовната царинска испостава.

Откако ќе се реши прашањето, појдовната испостава ја испраќа пораката „Известување за решавање на разликите„ (IE020) за да ја информира одредишната или излезната царинска испостава (попатна). Потоа стоката се пушта и операцијата се раздолжува.

Во случај на неправилност во однос на стока која недостасува или погрешно опишана стока, потребни се слични мерки како во однос на заверката на ТИР карнетот и испраќање пораки во компјутеризираниот систем.

5.6.2 Неправилности во однос на пломбите

Кај одредишната царинска испостава, царинските службеници проверуваат дали ставените пломби се неоштетени. Ако пломбите се скинати или било манипулирани со нив, одредишната царинска испостава ја наведува оваа информација во пораката „Резултати од контролата“ (IE018) која ја испраќа на појдовната или

влезната царинска испостава (попатна).

Во вакви случаи, таа испостава решава според приложените факти и ги утврдува соодветните мерки кои треба да се преземаат (на пример, стоката може да биде прегледана) пред да ја информира појдовната или излезната царинска испостава (попатна).

5.6.3. Други неправилности

Во случај кога неправилноста има за цел измама и намера да се злоупотреби и неправилно употреби ТИР системот, соодветно би било да се преземаат законски мерки против одговорните страни.

5.7. Контролен систем за ТИР карнети

Член 6.2bis од ТИР конвенцијата

Прилог 10 од ТИР конвенцијата

Меѓународна организација овластена од административниот комитет е одговорна за воспоставување на контролен систем за ТИР карнетите за ефективно организирање и функционирање на меѓународниот систем на гаранции. Во овој момент, оваа овластена организација е Меѓународната унија за патен транспорт (IRU).

Член 455 од УСЦЗЗ

Органите во одредишната царинска испостава се обврзани да ги дадат на располагање информациите кои се однесуваат на завршувањето или делумното завршување на ТИР операцијата во електронскиот контролен систем.

Овие информации се доставуваат еднаш дневно, ако е можно, по најбрзиот можен начин на комуникација. Најмалку следниве информации треба да се испратат во однос на сите ТИР карнети ставени на увид кај одредишната царинска испостава.

(а) референтниот број на ТИР карнетот

(б) датум и број на запис во царинската главна книга на евиденција (книговодство);

(в) Име или број на одредишната царинска испостава;

(г) Датум и референтен број наведен во уверението за

завршување на ТИР операцијата (рубрики 24-28 од листот бр. 2) во одредишната царинска испостава (ако е различна од (б));

(д) Делумно или конечно завршување;

(ѓ) Завршувањето се заверува со или без резервираност, без да е во спротивност на членовите 8 и 11 од ТИР конвенцијата,

(е) Други информации или документи (опционално);

(ж) Бројот на страницата на ТИР карнетот на која е заверено завршувањето

5.8. Попатен истовар

Член 18 од ТИР конвенцијата

ТИР транспортот може да опфати најмногу четири појдовни и одредишни царински испостави

Во случај дел од стоката да се истовари во попатна царинска испостава, таа испостава ќе делува и како одредишна царинска испостава и како појдовната царинска испостава за употреба на ТИР карнетот и податоците од ТИР карнетот.

Постапките опишани во горната точка 5.3. треба да се следат, а претходната операција ќе биде затворена во компјутеризираниот систем и ќе се пуштат пораките IE06 и IE018.

По истоварот, имателот е одговорен за поднесување нова декларација за преостанатата стока во компјутеризираниот систем. За пример види Прилог 8.7. в).

5.9. Постапување со вратени ТИР транспорти

Белешка за појаснување кон член 2 (0.2-1)

ТИР транспорт може да започне и да заврши во истата држава иако дел од патувањето се одвива во друга договорна страна.

Прирачник за најдобри пракси за ТИР

Ова може да се примени и во случаи кога друга договорна страна не дозволува ТИР транспортот да продолжи на нејзината територија (на пример, забрана на одредена стока). Во тие случаи постојат две алтернативни сценарија:

царинските органи на влезната царинска испостава (попатна)

во таа договорна страна треба да ја започнат ТИР постапката и веднаш да ја потврдат како завршена, наведувајќи ја точната причина за одбивањето во рубриката „За службена употреба“ на сите останати купони. Потоа имателот треба да се врати кај излезната царинска испостава (попатна) од претходната држава и да побара промена на одредишната земја и одредишната царинска испостава за ТИР транспортот. За таа цел, имателот бара од царинските органи да ги потврдат промените во рубрика 7 од страна 1 на насловната страна и во рубриките 6 и 12 на сите останати листови.

царинските органи на влезната царинска испостава (попатна) во таа договорна страна одбиваат да го потврдат ТИР карнетот како што е објаснето погоре. Потоа имателот треба да се врати кај излезната царинска испостава (попатна) од претходната држава и да побара промена на одредишната земја и одредишната царинска испостава за ТИР транспортот. За таа цел, имателот бара од царинските органи да ги потврдат промените во рубрика 7 од страна 1 на насловната страна и во рубриките 6 и 12 на сите останати листови и дополнително бара од царинските органи во рубриката „За службена употреба“ на сите останати купони да наведат напомена за одбивањето од органите на последователната држава да го прифатат ТИР карнетот.

Истиот ТИР карнет за такви транспорти може да биде прифатен кај претходната излезна царинска испостава за да се започне нова ТИР постапка само ако стоката всушност го напуштила царинското подрачје на Заедницата.

Ако излезот од Заедницата не е јасно докажан, тогаш таа стока треба да биде превезена под Т1 транзитната постапка на Заедницата, а имателот може во внатрешната царинска испостава да го приложи доказот за стоката да може да се третира како стока на Заедницата (во согласност со членовите 185-187 од законикот и членовите 844-856 од УСЦЗЗ.

Член 453(1) од

Треба да се напомене дека стоката која се превезува со ТИР карнет во рамките на царинското подрачје на Заедницата се смета за стока без статус на стока на Заедницата, освен ако прописно се утврди нивниот статус од Заедницата. По враќање во царинското подрачје на Заедницата, неопходно е

ретроспективно потврдување на статусот на стоката од Заедницата.

6. Испитна постапка

Овој пододдел содржи информации за:

- активности кои претходат на испитувањето (пододдел 6.1.);

- испитна постапка (пододдел 6.2.)

- алтернативен доказ за завршување на постапката (пододдел 6.3.)

- долг и наплата (пододдел 6.4.)

- побарување од гарантното здружение (пододдел 6.5.)

- примена на член 457 од УСЦЗ (пододдел 6.6.)

6.1. Активности кои претходат на испитувањето

Член 455а од УСЦЗЗ

Во случаи кога пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006) не е вратена до појдовната или влезната царинска испостава (попатна) во рокот во кој стоката мора да биде ставена на увид на излезната одредишната царинска испостава (попатна), тие органи ја користат пораката „Барање за статус“ (IE904) за да проверат дали компјутеризираниот систем кај земја-членка на одредиште или излез (попатна) одговара со тој статус. Системот во одредиштето автоматски го проверува статусот и одговара со пораката „Одговор за статус“ (IE905). За повеќе детали види дел VII, пододдел 2.5.

6.2. Испитна постапка

Член 455а (1) и (2) од УСЦЗЗ

Ако статусот опишан во пододдел 6.1 се совпаѓа кај двете испостави и ако сите пораки се на број, надлежните органи на

појдовната или влезната земја-членка (попатна) или ја покренува испитната постапка со цел да добие информации потребни за раздолжување на ТИР постапката, или, ако тоа не е можно, да утврди дали настанал царински долг, да го идентификува должникот и да ја утврди земјата-членка одговорна за наплата на царинскиот долг.

За повеќе информации за електронското испитување и долговите и наплатата види ги деловите VII и VIII.

Меѓутоа, со цел да се покрене испитната постапка во однос на вистинската одредишна или излезна царинска испостава (попатна), се препорачува да се потврди постоењето на запис кој се однесува на завршувањето на операцијата од контролниот систем управуван од меѓународната организација, во согласност со прилог 10 на ТИР конвенцијата.

Во случаи кога ТИР постапката не може да биде раздолжена најдоцна 28 дена по испраќањето на барањето за испитување до декларираната одредишна или излезна царинска испостава (попатна), царинските органи од појдовната или влезната земја-членка (попатна) бараат од имателот, и за тоа го информираат гарантното здружение, да приложи доказ дека ТИР операцијата завршила или да приложи доказ за вистинското место на кое се случил прекршокот или неправилноста. Пораката „Барање за непристигнато движење“ (IE140) може да се користи како барање до имателот или негов претставник, а пораката „Информации за непристигнато движење“ (IE141) како одговор.

И во двата случаи, доказите (за завршување или за местото на неправилноста) треба да бидат поднесени од имателот во рок од 28 дена од барањето. Овој рок може да биде продолжен на уште 28 дена по негово барање.

Доколку по тој рок:

- нема одговор од одредишната или излезната царинската испостава (попатна),
- одредишната или излезната царинска испостава (попатна) потврди дека ТИР карнетот не бил ставен на увид,
- не се поднесени алтернативни докази кои се задоволителни за царинскиот орган,

- нема доказ дека завршила ТИР постапката, или
- ниедна земја-членка побарала да ја преземе одговорноста за наплата,

царинските органи на појдовната или влезната (попатна) земја-членка треба за нераздолжување на ТИР операцијата службено да го известат гарантното здружение и имателот на ТИР карнетот. Известувањето, кое може да биде испратено во исто време, треба да се испрати по пошта за да се употреби секој можен начин да се обезбеди дека известувањето ќе го добие лицето на кому е упатено.

Во секој случај, известувањето мора да биде испратено во рок од една година од датумот на прифаќање на ТИР карнетот.

6.3. Алтернативен доказ за завршување на постапката

Член 455б

Царинските органи можат како алтернативен доказ за завршувањето на ТИР операцијата да прифатат било кој документ заверен од царинските органи на одредишната или излезната (попатна) земја-членка каде што стоката е ставена на увид. Тие прифатени документи можат да вклучуваат записи од овластените економски оператори (ОЕО) или заверена копија од записите од излезната царинска испостава со која се докажува дека стоката го напуштила царинското подрачје на Заедницата.

Со алтернативниот доказ мора да се идентификува стоката и да се утврди дека е ставена на увид кај одредишната или излезната царинска испостава (попатна) или кај овластен примач.

Имателот на ТИР карнетот или гарантното здружение може како алтернативен доказ на царинските органи да им приложи еден од следниве документи со кои се идентификува стоката, доколку царината ги смета за задоволителни:

Царински документ издаден во трета земја со кој стоката се става во постапка на царински дозволено постапување или употреба.

Документ издаден во трета земја, заверен од царинските органи на таа земја и со кој се потврдува дека стоката се

смета дека е пуштена во слободен промет во таа земја.

Примерок или фотокопија од горенаведените документи заверена од органите како верна на оригиналот.

Член 455а(7) од УСЦЗЗ

Испоставата која е одговорна за испитувањето треба во рок од три месеци да го информира имателот и гарантното здружение за тоа дали го прифатила приложениот алтернативен доказ како доказ за завршување на ТИР постапката. Од испоставата која е одговорна за испитувањето исто така се очекува да го извести имателот за кој било доказ кој го потврдува раздолжувањето на постапката, а кој бил откриен од страна на испоставата во текот на испитната постапка.

6.4. Долг и наплата

Царинските органи на појдовната или влезната земја-членка (попатна) се првично одговорни за покренување на мерки за наплата на долг во случај на појава на неправилност кој предизвикува плаќање на царински долг и/или други давачки.

6.4.1. Идентификација на лицето/лицата кои се директно одговорни

Член 456(1) од УСЦЗЗ

При недостаток на докази за завршувањето на ТИР операцијата, царинските органи на појдовната или влезната земја-членка (попатна) се обврзани да го утврдат местото каде што настанал царинскиот долг во рок од седум месеци од последниот датум на кој стоката требало да биде ставена на увид кај одредишната или излезната царинска испостава (попатна), да го идентификува должникот и да утврди која земја-членка е надлежна за наплата на царинскиот долг.

Член 218 од законикот

Царинскиот долг се внесува во евиденцијата во рок од два дена (можно е продолжување од 14 дена) по рокот од седум месеци.

За оваа цел, царинските органи на појдовната или влезната земја-членка (попатна) можат да постапуваат врз основа на информациите кои ги имаат на располагање, вклучувајќи информации приложени од гарантното здружение или имателот на ТИР карнетот.

Член 11(1) од ТИР конвенцијата

Членови 203, 204, 213, и 215 од Законикот

Член 91 (1) (а) од Законикот, мутатис мутандис

Членови 450а, 450г, 456 и 457 од УСЦЗЗ

Со цел да се идентификува одговорното лице или одговорните лица, треба да се почитуваат општите одредби од Царинскиот законик и УСЦЗЗ. Во најголем дел од случаите, треба да се очекува дека царинскиот долг настанал поради тоа што стоката била отстранета од „царински надзор“ или поради неисполнување на обврските кои произлегуваат од употребата на ТИР постапката. Поради тоа што имателот на ТИР карнетот е одговорен за ставање на стоката на увид, итн., кај одредишната/излезната испостава, предвидено е тој или неговиот претставник да биде/бидат, *prima facie*, лицето/лицата кои се директно одговорни.

За повеќе информации за електронската постапка на долгови и наплата види дел VIII.

6.4.2. Наплата на долгот и/или други давачки

Член 8(7) од ТИР конвенцијата

Наплата на долгот од одговорното лице или од одговорните лица се врши согласно стандардните постапки – види дел VIII од Прирачникот за транзит. Според ТИР конвенцијата, надлежните органи го обврзуваат лицето или лицата одговорни за плаќање да ги платат настанатите давачки и даноци. Меѓутоа, во случаи кога имателот е резидент на трета држава, не е секогаш можно успешно да се обезбеди наплата на настанатите давачки. Ова е укажано во ТИР конвенцијата преку употреба на изразот „од одговорното лице, во најголема можна мерка, се бара да го плати долгот“.

Изразот „во најголема можна мерка“ подразбира дека надлежните органи мора да вложат напори за да побараат да се изврши плаќањето. Во најмала мерка, овие напори треба барем да опфатат издавање на формално барање за плаќање. Барањето треба да биде упатено до лицето.

Ако плаќањето не се изврши по рок од еден месец од датумот на кој должникот бил известен за долгот, тогаш износот - до ограничувањето на гаранцијата – се побарува од гарантното здружение.

6.5. Побарување од гарантното здружение

Побарувањето од гарантното здружение може да се изврши по три месеци од датумот на известување за нераздолжување

и во рок од две години од датумот на известувањето. Треба да се води сметка да се избегне преурането побарување (односно побарување пред истекот на временскиот рок од три месеци) бидејќи на тој начин може да се загрози валидноста на побарувањето.

Во пракса, се користи пораниот датум од овие два рока, кога нема изгледи за наплата на долгот од одговорното лицето или лица, и ако не е познато вистинското место на прекршокот или неправилноста. Подоцниот рок се користи кога има реални изгледи за наплата на долгот од одговорното лице или лица.

Познато е дека сите побарувања поднесени до националното гарантно здружение се упатуваат до меѓународната организација за да ја преземе одговорноста за организирање на меѓународниот систем на гаранции за ТИР. На овој начин меѓународната организација добива можност да ја „провери“ валидноста на побарувањата. Поради тие причини, важно е сите побарувања да бидат потврдени со придружна документација која, како минимум, покажува дека поради неправилноста настанала потреба за плаќање на увозни давачки и даноци, дека должникот е идентификуван, дека се преземени мерки против должникот да ги плати настанатите давачки, и дека известувањата се прописно и навремено испратени.

6.6. Примена на член 457 од УСЦЗЗ

Поради тоа што за целите на ТИР постапката царинското подрачје на Заедницата се смета како една единствена територија, не е секогаш лесно да се утврди која земја-членка е надлежна да се справи со неправилноста, итн., која произлегува во текот на постапката. Затоа, се смета дека известувањето за нераздолжување, опишано во пододдел 6.2, е испратено до сите гарантни здруженија во Заедницата.

6.6.1. Практична примена на член 457 (3) од УСЦЗЗ

Член 456 од УСЦЗЗ

Оваа одредба им дозволува на царинските органи „подоцна да постапат со наплатата од гарантните здруженија“ кои првично не биле известени. Во најголем број случаи овие одредби се однесуваат на наплата на „други давачки“.

Царинските органи на земјата-членка на поаѓање или влез (попатна) се обврзани да утврдат дали настанал царински долг, да го идентификуваат должникот, и да утврдат која земја-членка е одговорна за наплата на долгот (види пододдел 6.2.1).

Член 8.7 од ТИР конвенцијата

Ако истрагата резултира во утврдување дека царинскиот долг настанал во друга земја-членка, одговорноста за наплата треба да се ограничи само за наплата на „други давачки“.

Членови 203 и 204 од Законикот

Член 456 (1) од УСЦЗЗ

Ова е поради тоа што земјата-членка која е надлежна за наплата на царинскиот долг треба да биде идентификувана во рок од седум месеци по истекот на временското ограничување за ставање на увид на стоката кај одредишната или излезната царинска испостава (попатна). Во случај во предвидената временска рамка да не може да се утврди вистинското место во кое настанал долгот, тогаш земјата-членка која ја започнала ТИР постапката, т.е. појдовната царинска испостава или влезната царинска испостава (попатна) е надлежна за наплата на царинскиот долг.

6.6.2. Префрлување на одговорноста за наплата на долгот

Член 45бб(1) од УСЦЗЗ ,

Член 1 (љ) од ТИР конвенцијата

Член 8.7 од ТИР конвенцијата

Член 11.1 од ТИР конвенцијата

Во случаи кога е неопходно одговорноста за наплата на долгот да се префрли на друга земја-членка, земјата-членка која ја покренала постапката или која бара наплата треба до земјата-членка до која е упатено барањето да ги испрати „сите неопходни документи“. Изразот „неопходни документи“ ги опфаќа сите дописи помеѓу земјата-членка која го покренува барањето и националното гарантно здружение.

Член 8.7 од ТИР конвенцијата

Член 11.3 од ТИР конвенцијата

Ако овие дописи се однесуваат на релевантни информации дадени од првичното гарантно здружение во однос на валидноста на известувањето, земјата-членка до која е упатено барањето треба да одлучи дали е издржано побарувањето од своето гарантното здружение. Во случај на жалба против побарувањето, гарантното здружение од земјата-членка до која е упатено барањето за наплата може да ги искористи тие дописи во прилог на жалбата против побарувањето од земјата-членка до која е упатено барањето,

во согласност со граѓанското право на таа држава.

7. Овластен примач

Овој пододдел содржи информации за:

- вовед (пододдел 7.1.)

- овластување за кинење и отстранување на царински пломби (пододдел 7.2.)

- пристигнување на стоката (пододдел 7.3.)

- поднесување на ТИР карнет (пододдел 7.4.)

- заверување и враќање на ТИР карнетот на имателот на ТИР карнетот (пододдел 7.5.)

7.1. Вовед

Општото правило е дека стоката која се става во ТИР постапка се става на увид на одредишната испостава заедно со ТПД и ТИР карнетот.

Меѓутоа, одобрувањето за овластен примач значи можност за примање на стоката во сопствените простории, или друго одобрено место, без стоката, ТПД и ТИР карнетот да се стави на увид кај одредишната испостава.

Членови 454а, и 454в УСЦЗЗ

Поедноставувањето за овластен примач во ТИР постапката постои од 1 октомври 2005 година. Постапките за овластен примач во ТИР се темелат на постојните постапки за транзит во Заедницата/заеднички транзит. Следствено на тоа, треба да се следат постапките пропишани во дел VI „Поедноставувања“ од овој Прирачник

Во споредба со стандардната ТИР постапка, одобрението за овластен примач во ТИР операции се однесува само на ТИР операции кадешто крајното место на истовар се просториите пропишани во наведеното одобрение.

Член 454а (2) точка (г) од УСЦЗЗ

Од 1 јануари 2009 година, одобрението за овластен примач во ТИР постапка може да се даде само ако трговското друштво, покрај другите услови предвидени во дел V „Поедноставувања“ од овој Прирачник, за комуникацијата со царинските органи употребува техника за обработка на податоци.

7.2. Овластување за кинење и отстранување на царински пломби

Взаемното признавање на царинските контроли е еден од столбовите на ТИР постапката и ставањето и отстранување на царински пломби е неопходен елемент на овој столб. Поради ова, овластувањето на имателот на одобрението или неговиот застапник да ги кине и отстранува царинските пломби треба да биде експлицитно пропишано во одобрението.

Во секој случај, овластениот примач не смее да ги отстранува царинските пломби без дозвола од одредишната царинска испостава преку пораката „Дозвола за истовар“ (IE043)

7.3. Пристигнување на стоката

Член 454б од УСЦЗЗ

Овластениот примач ја информира одредишната царинска испостава за пристигнувањето на стоката со пораката „Известување за пристигнување“ (IE007), во согласност со условите предвидени во одобрението, со цел надлежните органи да спроведуат контроли, кога тоа е потребно, пред примачот да ја истовари стоката.

Пораката „Напомена за пристигнување“ (IE006) се испраќа до појдовната или влезната царинска испостава (попатна) за да се информира дека пратката пристигнала.

Ако нема намера да го провери товарот пред тој да се истовари, одредишната царинска испостава дозволува стоката да се истовари со пораката „Дозвола за истовар“ (IE043). Овластениот примач ги отстранува пломбите, ја контролира и истоварува стоката споредувајќи ја со информациите дадени на ТИР карнетот и пораката „Дозвола за истовар“, ја внесува истоварената стока во сопствената

евиденција и најдоцна во рок од три дена по пристигнување на стоката ја испраќа пораката „Забелешки за истоварот“ (IE044) до одредишната царинска испостава. Оваа порака вклучува информации во однос на откриените неправилности.

7.4. Ставање на увид на ТИР карнет

ТИР карнетот и транзитниот придружен документ (ТПД) се стваат на увид на одредишната царинска испостава веднаш по испраќањето на пораката „Забелешки за истовар“ (IE044).

7.5. Заверување и враќање на ТИР карнетот на имателот на ТИР карнетот

Член 454б.1(г) од УСЦЗЗ

Одредишната царинска испостава го заверува ТИР карнетот по редовен пат со пополнување на талонот бр.2, а го задржува листот бр. 2. По заверката, одредишната царинска испостава го враќа ТИР карнетот на имателот. Ако имателот не е присутен, ТИР карнетот се враќа на лицето кое го ставило на увид кое се смета дека делува во име на имателот.

Коментар на член 28 од ТИР конвенцијата

Одредишната царинска испостава ја внесува пораката „Резултати од контрола“ (IE018) во компјутеризираниот систем и ги пренесува податоци во согласност со пододдел 5.7.

8. Прилози кон дел IX

8.1. Информациски единици во Заедницата

8.2. Корелациска табела

8.3 Пополнување на ТИР карнет

8.4. Резервна постапка

8.5. Образец на ЕУ договор

8.6. Примерок од печат за резервна постапка

8.7. Примери за ситуации при поднесување на податоци од ТИР карнетот по електронски пат

Прилог 8.1

Информациски единици во Заедницата

Адреси за испраќање информации за исклучени лица од ТИР постапката во согласност со член 38 од ТИР конвенцијата.

Адреса	Податоци за контакт
EUROPEAN COMMISSION DG TAXUD C4 Office LX40 Rue de la Loi 200 B-1049 Brussels BELGIUM	Факс: +32 2 2965983 Е-пошта: Taxud-C4@ec.europa.eu
BUNDESMINISTERIUM FUR FINANZEN Abteilung IV/6 Marcus Zuccato Hintere Zollamtstr. 2b A-1030 Wien ÖSTERREICH	Телефон: 43 1 514 33/504 159 Е-пошта: marcus.zuccato@bmf.gv.at
ADMINISTRATION OF CUSTOMS & EXCISE Service D.D.8-NG A 21 North Galaxy Boulevard Albert II 33 - Boite 37 B-1030 Bruxelles BELGIQUE	Е-пошта: serge.kerkhof@minfin.fed.be rudy.stevens@minfin.fed.be olivier.vanhoudtt@minfin.fed.be
NATIONAL CUSTOMS AGENCY 47, GS. Rakovskistr. BG-1202 Sofia BULGARIA	Факс: 359 2 9859 4066
MINISTRY OF FINANCE Department of Customs and Excise Customs Headquarters 29, Katsonis Street 1440 Nicosia CYPRUS	Факс:+3572 230 2017
GENERAL DIRECTORATE OF CUSTOMS Division of Customs Supervision CZ-14096 Praha 4 CZECH REPUBLIC	Факс:+420 261 332300
CENTRAL CUSTOMS AND TAX ADMINISTRATION Ostbanegade 123 2100 Copenhagen DENMARK	Факс:+45 3529 2911
ESTONIAN TAX AND CUSTOMS BOARD Narva mnt 9 j 15176 Tallinn ESTONIA	Факс:+372 676 2133
BOARD OF CUSTOMS - FINLAND Foreign Trade Department Erottajankatu 2 FI-00120 Helsinki FINLAND	Факс:+358 2049 22851
DIRECTION GENERALE DES	Факс: +33 1 57 53 49 40

DOUANES ET DROITS INDIRECTS Bureau E/3, 11 me deux communes F-93558 MONTREUIL CEDEX FRANCE	
BUNDESMINISTERIUM DER FINANZEN Referat III B2 Langer Grabenweg 35 D-53175 Bonn DEUTSCHLAND	Факс: +49 2286 822240 Е-поща: IIIB2@bmf.bund.de
MINISTRY OF ECONOMY & FINANCE General Secretariat for Taxation and Customs Issues Directorate General of Customs & Excise 19th Division, Section B' 10. Karageorgi Servias str. 101 84Athina GREECE	Факс: 0030210 3225731 Телефон: 0030210 3253721 Е-поща: dl9diadi@otenet.gr
HUNGARIAN CUSTOMS AND FINANCE GUARD 1095 Budapest IX Mester u. 7. 1450 Budapest Pf: 109 HUNGARY	Факс: +36 1 456 9508 Телефон: +36 1 456 9500
CENTRAL TRANSIT OFFICE Office of the Revenue Commissioners Customs Division StConlon's Road Nenagh Co. Tipperary IRELAND	Факс: 353 67 44126 Телефон: 353 67 63440 Е-поща: transitpolicv@revenue.ie
AREA GESTIONE TRIBUTIE RAPPORTO CON GLIUTENTI UFFICIO SERVIZIDI COORDINAMENTO E SUPPORTO Via Mario Carrucci, 71 1-00143 Roma ITALIA	Факс: 0039 06 5024 5371 Телефон: 0039 06 5024 6089 Е-поща: dogane.tributi.supporto@agenziadogane.it
STATE REVENUE SERVICE OF THE REPUBLIC OF LATVIA National Customs Board 11 novenbra krastmala 17, Riga, LV-1841 LATVIA	Факс: +371 671 11222, +371 673 57248 Е-поща: customs@vid.gov.lv
CUSTOMS DEPARTMENT Customs Procedure Division A.Jaksto g. 1/25 LT-01105 Vilnius LITHUANIA	Факс: 370 5 2666 005
DIRECTION DES DOUANES ET ACCISES B.p. 1605 L-1016 Luxembourg LUXEMBOURG	Факс: +352 48 49 47
CUSTOMS & EXCISE Central TIR Office Old Terminal Building Luga MALTA	Факс: 00356 212 444 63 Телефон: 00356 212 443 37 Е-поща: anthonv.b.busuttil@gov.mt

BELASTINGDIENST/DOUANE NOORD KANTOOR DUIVEN TIR Focal Point Team KB Cluster CDW Impact 2 6921 RZ DUIVEN NETHERLANDS	Факс:+31 26 318 2014 Телефон:+31 26 318 2197
MINISTRY OF FINANCE Customs Policy Department Swietokrzyska 12 PL 00-916 Warsaw POLAND	Факс: +48 22 6944303 Е-пошта: Beata.Gajda@mofnet.gov.pl
DIRECCAO GERAL DAS ALFANDEGAS Divisao de Circulacao de Mercadorias Rua da Alfandega, n.5 1149-006 Lisboa PORTUGAL	Факс: 351 21881 3984
AUTORITATEA NATIONALA A VAMILOR Customs transit service Atr. Matei Millo, nt 13 Sector 1, Bucaresti ROMANIA	Факс:+402131 25 875
THE CUSTOMS DIRECTORATE OF THE SLOVAK REPUBLIC Customs Division Mierova 23 SK-815 11 Bratislava SLOVAKIA	Факс: +421 2 4342 0065
CARINSKA UPRAVA RS Sector za carinske in davcne postopke Smartinska 55 1000 Ljubljana SLOVENIA	Факс: 01 478 39 04 Телефон: 01 478 3878 Е-пошта:
DEPARTAMENTO DE ADUANAS e II.EE. Avenida del Llano Castellano, 17 E-28071 Madrid ESPANA	Факс: 34 91 729 2065
SWEDISH CUSTOMS P.O.Box 12854 112 98 Stockholm SWEDEN	Факс:+468 208012
H.M. REVENUE & CUSTOMS Frontiers Customer Unit Suspensory Relief Team Portcullis House 27 Victoria Avenue Southend on Sea SS2 6AL UNITED KINGDOM	Факс: +441 702 36 1962

Корелациска табела Прилог 8.2.

Содржина на рубриката ТИР	Име на полето НКТС
Појдовна земја/и (Насловна страна рубрика 6)	Земја на испраќање (рубрика 15)
Одредишна земја/земји (Насловна страна рубрика 7)	Одредишна земја (рубрика 17)
Регистарски број на возило (Насловна страна рубрика 8)	Идентитет во местото на поаѓање (рубрика 18)
Број на сертификат за одобрување на возилата (Насловна страна рубрика 9)	Поднесени документи/уверенија (рубрика 44)
Број/-еви на контејнер (Насловна страна бр. 10)	Контејнер (рубрика 19), Број на контејнер (рубрика 31)
Број на ТИР карнет (Лист, рубрика 1)	Број на поднесен документ (рубрика 44)
Имател (Лист, рубрика 4)	Главен обврзник (рубрика 50), EORI број
Појдовна земја/и (Лист, рубрика 5)	Земја на испраќање (рубрика 15)
Одредишна земја/земји (Лист, рубрика 6)	Одредишна земја (рубрика 17)
Регистарски број на возило (Лист, рубрика 7)	Идентитет во местото на поаѓање (рубрика 18)
Приложени документи (Лист, рубрика 8)	Поднесени документи/уверенија (рубрика 44)
Ознаки и броеви на контејнери, пакувања (Лист, рубрика 9)	Број на контејнер (рубрика 31), Ознаки и броеви на пакувања (рубрика 31)
Пакувања и производи, број и видови, опис на стоката (Лист, рубрика 10)*	Видови пакувања (рубрика 31), Број на пакувања (рубрика 31), Број на наименување (рубрика 32), текстуален опис (рубрика 31), ХС ознака (рубрика 33)
Бруто тежина (Лист, рубрика 11)	Вкупна бруто маса (рубрика 35)
Место и датум на декларација (Лист, рубрика 14)	Датум на декларација (рубрика В)
Број и идентификација на пломба (Лист, рубрика 16)	Број на пломба, идентитет на пломба (рубрика Г)
Појдовна или влезна испостава (Лист, рубрика 18)	Референтен број на појдовната испостава (рубрика В)
Временски рок за транзит (Лист, рубрика 20)	Датум на рокот (рубрика Г)
Регистарски број кај појдовната испостава (Лист, рубрика 21)	РБД (референтен број за движење)
ОДРЕДИШНА испостава (Лист, рубрика 22)	Појдовна испостава (рубрика 53), примател на IE01
Примач (Поднесени документи)	Трговско друштво примач (рубрика 8)

* Во согласност со правилата во однос на употребата на ТИР карнет, во оваа рубрика се споменува „тешка или габаритна стока според член 1(м) од ТИР конвенцијата. Истото се однесува на случаите кога ознаката „T2L“ се користи во согласност со член 319 од УСЦ33.

Пополнување на ТИР карнет

Овој дел ќе биде изменет кога Административниот комитет на ТИР ќе ги прифати упатствата подготвени од TIRExB.

Страница 1 од корицата ја пополнува здружението или имателот

Рубрика 1 Краен датум на валидност по кој ТИР карнетот не може да се поднесе за прифаќање од страна на појдовната царинска испостава. Под услов појдовната царинска испостава да го прифати ТИР карнетот пред или на крајниот датум на валидноста, ТИР карнетот останува валиден до завршување на ТИР операцијата во одредишната царинска испостава. [Забелешка: не се дозволени исправки во оваа рубрика]

Рубрика 2 Име на националното здружение надлежно за издавање

Рубрика 3 Идентификациски број (ID), име, адреса и држава на имателот на ТИР карнетот. Гарантното здружение издава поединечен и единствен идентификациски број (ID) во согласност со следниов хармонизиран формат: „AAA/BBB/XX...X“, при што „AAA“ претставува шифра од три букви на државата каде што лицето кое ги користи ТИР карнетите добило одобрение, „BBB“ претставува троцифрена шифра на националното здружение преку кое е одобрен ТИР карнетот, „XX...X“ претставува последователни броеви (максимум 10 цифри), со што се идентификува лицето кое е одобрено да користи ТИР карнети.

Рубрика 4 Печат и потпис на здружението надлежно за издавање.

Рубрика 5 Потпис (со печат) на секретарот на меѓународната организација.

Рубрика 6 Земја (земји) каде што започнува ТИР транспортот на товар или дел од товар на стока.

Рубрика 7 Земја (земји) каде што завршува ТИР транспортот на товар или дел од товар на стока.

Рубрика 8 Број или броеви на регистрација на патните возила, не само

на моторно возило (на пр., влекачот), но и регистарскиот број на приколката или полуприколката кои таквото возило ги влече. Во случај кога националните прописи не предвидуваат регистрации за приколки и полуприколки, се прикажува идентификацискиот број или бројот на производителот наместо регистарскиот број.

Рубрика 9 Број и датум на уверението за одобрување на ТИР

Рубрика 10 Број/броеви на контејнер/-и, ако соодветствува

Рубрика 11 Разни забелешки, пр., заверка на „тешка или габаритна стока“.

Рубрика 12 Потпис на имателот на ТИР карнетот или негов претставник.

Лист бр.1/бр.2 (жолт) не е за царинска употреба

Имателот е одговорен за пополнување на жолтиот лист. Содржината на листот мора да одговара со содржина на листовите 1 до 20, т.е. белите и зелените листови. По правило, царинските органи не ги внесуваат своите забелешки на овој лист освен во случаи кога имателот бара заверка на измените.

АК.2 препорака Административниот комитет за ТИР конвенцијата од 1975 година, на 31 јануари 2008 година реши да препорача имателите на ТИР карнети да назначат и ХС ознака (6 цифри), покрај описот на стоката, во рубрика 10 на манифестот за стоката на жолтиот лист (не е за царинска употреба) на ТИР карнетот.

Појдовната царинска испостава во Заедницата го прифаќа внесувањето на ХС ознаката на листовите на ТИР карнетот за царинска употреба.

Треба да се забележи дека имателот не е обврзан да ја внесе ХС ознаката.

Во случаите кога е дадена ХС ознаката, царинските органи во појдовната царинска испостава или влезната испостава (попатна) треба да проверат дали ХС ознаката одговара со ознаката прикажан во други царински, комерцијални и транспортни документи.

Лист бр. 1 (бел) го пополнува имателот

Рубрика 1 Референтниот број на ТИР карнетот

Рубрика 2 Испостава (испостави) каде што започнува ТИР транспортот на товар или дел од товар на стока. Бројот на појдовни испостави може да варира од 1 до 3 во зависност од бројот на одредишни испостави (рубрика 12 подолу). Вкупниот број на појдовни или одредишни царински испостави не смее да биде повеќе од четири.

Рубрика 4 Идентификациски број (ID), име, адреса и земја на имателот на ТИР карнетот. За детали, видете рубрика 3 на насловната страна.

Рубрика 5 Земја (земји) каде што започнува ТИР транспортот на товар или дел од товар на стока.

Рубрика 6 Земја (земји) каде што завршува ТИР транспортот на товар или дел од товар на стока.

Рубрика 7 Број или броеви на регистрација на патните возила, не само на моторно возило, но и регистарскиот број на приколката или полуприколката кои таквото возило ги влече. Во случај кога националните прописи не предвидуваат регистрации за приколки и полуприколки, се прикажува идентификацискиот број или бројот на производителот наместо регистарскиот број.

Рубрика 8 Дополнителни документи можат да бидат приложени на листовите или на насловната страна на ТИР карнетот. Во таков случај, појдовната царинска испостава треба да ги прикачи на ТИР карнетот со хефталка или друг уред и да стави печат на нив на начин што нивното отстранување од ТИР карнетот би оставило видливи траги. Поединостите за овие документи се внесуваат во оваа рубрика.

Рубрика 9 а) Идентификациски броеви на товарниот простор(-и) или контејнерот(контејнерите)

(каде што соодветствува)

б) Идентификациски ознаки или броеви на пакувања или производи.

Рубрика 10 Број и вид на пакувања или производи, опис на стоката.

Описот на стоката треба да го содржи нивното трговско име (телевизори, видео, ЦД-плеери, итн.) и мора да овозможи нивна јасна идентификација. Генерични индикатори, како што се електроника, куќни апарати, облека, опрема за внатрешно уредување, не се прифаќа како опис на стоката. Овде може да се внесе и препорачаната ХС ознака (од жолтата страница). Покрај тоа, во манифестот на стоката треба да биде прикажан бројот на пакувања поврзани со секој опис на стоката. Во однос на габаритна стока, мора да се декларира количината на стоката.

Рубрика 11 Бруто тежина во килограми (КГ).

Рубрика 12 Број на пакувања наменети за испорака кај разни одредишни царински испостави, вкупниот број на пакувања и имиња (локации) на наведените испостави. Бројот на одредишни испостави може да варира од 1 до 3 во зависност од бројот на појдовни испостави (рубрика 2 погоре). Вкупниот број на појдовни или одредишни царински испостави не смее да биде повеќе од четири.

Рубрики 13-15 Место и датум, како и потпис на имателот на ТИР карнетот или неговиот застапник. Со пополнување на оваа рубрика, имателот на ТИР карнетот презема одговорност за веродостојноста на информациите пополнети во овој ТИР карнет. Овие записи треба да бидат ставени на сите листови на ТИР карнетот.

Лист бр. 1 (бел) се пополнува од царинските органи

За службена употреба Сите информации со кои се олеснува царинската контрола, на пр., бројот на претходниот царински документ, итн.

Рубрика 16 Број и поединости за идентификација на пломбите или нанесените идентификациски ознаки. Последната појдовна царинска испостава ги означува овие информации на сите преостанати листови.

Рубрика 17 Датум, печат и потпис на надлежниот службеник од појдовната царинска испостава.

Во последната појдовна царинска испостава, царинскиот службеник става потпис и печат во рубрика 17 под манифестот на сите преостанати листови.

Рубрика 18 Име на појдовната царинска испостава или (попатната) влезна царинска испостава.

Рубрика 19 Се внесува знакот „X“ во соодветната рубрика ако пломбите или другите ознаки за идентификација се недопрени на почетокот на ТИР операцијата. Првата појдовна царинска испостава не ја пополнува оваа рубрика.

Рубрика 20 Временски рок за транзит во кој ТИР карнетот заедно со возилото, композицијата на возила или контејнери мора да бидат ставени на увид кај попатната излезна царинска испостава или одредишната царинска испостава.

Рубрика 21 Податоци за идентификација на појдовната царинска испостава или попатната влезна царинска испостава, проследени со регистарскиот број доделен на ТИР операцијата во царинската главна книга.

Рубрика 22 Разно, на пр., попатната испостава или одредишната испостава кај која стоката треба да се стави на увид. Ако е потребно, овде може да биде означен пропишаниот правец на движење.

Рубрика 23 Датум, време и потпис на надлежниот службеник кај појдовната царинска испостава или (попатната) излезна царинска испостава.

Талон бр. 1 (бел) се пополнува од царинските органи

Рубрика 1 Податоци за идентификација на појдовната царинска испостава или (попатната) влезна царинска испостава.

Рубрика 2 Референтниот број за движење (РБД) и друг регигистарски број доделен на ТИР операцијата.

Рубрика 3 Доколку е применливо, број и поединости за идентификација на пломбите или нанесените идентификациски обележја.

Рубрика 4 Се внесува знакот „X“ во соодветната рубрика ако пломбите или други ознаки за идентификација се недопрени на

почетокот на ТИР операцијата. Првата појдовна царинска испостава не ја пополнува оваа рубрика.

Рубрика 5 Разно, на пр., попатната испостава или одредишната испостава кај која стоката треба да се стави на увид. Ако е потребно, овде може да биде означен пропишаниот правец на движење.

Рубрика 6 Датум, печат и потпис од надлежниот службеник во појдовната царинска испостава или влезната царинска испостава (попатна).

Талон 1 Ако се користи резервната постапка, се става печатот (пример во Прилог 8.6.) на талонот бр. 1 на место каде што е јасно видлив.

Лист бр. 2 (зелен) се пополнува од имателот

Пополнување на рубриките 1-23 од листот бр. 2 е слично со пополнувањето на соодветните рубрики во листот бр. 1.

Лист бр. 2 (зелен) се пополнува од царинските органи

Рубрика 24 Податоци за идентификација на појдовната царинска испостава или влезната царинска испостава (попатна).

Рубрика 25 Се внесува знакот „X“ во соодветната рубрика ако пломбите или други ознаки за идентификација се недопрени.

Рубрика 26 Број на истоварени пакувања. Се пополнува од страна на одредишните царински испостави, а не од излезните испостави (попатни).

Рубрика 27 Оваа рубрика се пополнува само во случај кога се откриени неправилности, несреќи или незгоди во врска со ТИР транспортот. Во такви ситуации, се внесува „R“, проследено со јасен опис на евентуалната резервираност. Царинските органи не треба, без да дадат причина, да го заверат

завршувањето на ТИР операциите кои се предмет на систематски неодредени резерви.

Рубрика 28 Датум, печат и потпис од надлежниот службеник во одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна).

За цел на враќање на соодветниот дел од листот бр. 2 во резервна постапка, на задната страна на листот се внесува адресата на царинските органи на земјата-членка на поаѓање или влез (попатна) и печатот „НКТС резервна постапка“ (пример во прилог 8.6.) во рубриката „За службена употреба“.

Талон бр. 2 (зелен) се пополнува од царинските органи

Рубрика 1 Податоци за идентификација на одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна).

Рубрика 2 Се внесува знакот „X“ во соодветната рубрика ако пломбите или други ознаки за идентификација се недопрени.

Рубрика 3 Број на истоварени пакувања. Се пополнува од страна на одредишните царински испостави, а не од излезните испостави (попатни).

Рубрика 4 Доколку е применливо, број и поединости за идентификација на новите пломби или новите нанесени идентификациски обележја.

Рубрика 5 Како и рубриката 27 од листот бр. 2, оваа рубрика се пополнува само во случај кога се откриени неправилности, несреќи или незгоди во врска со ТИР транспортот. Во такви ситуации, се внесува „R“, проследено со јасен опис на евентуалната резервираност. Царинските органи не треба, без да дадат причина, да го заверат завршувањето на ТИР операциите кои се предмет на систематски неодредени резерви.

Рубрика 6 Датум, печат и потпис од надлежниот службеник во одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна).

Заверен извештај

Рубрика 1	Појдовната царинска испостава/и
Рубрика 2	Бројот на ТИР карнетот.
Рубрика 3	Име на меѓународната организација.
Рубрика 4	Регистарски броеви на патните возила.
Рубрика 5	Имателот на ТИР карнетот и негов идентификациски број.
Рубрика 6	Состојба на царинските пломби; „X“ во соодветната рубрика - лева рубрика: пломбите се неоштетени - десна рубрика. пломбите се скинати
Рубрика 7	Состојба на товарниот простор, контејнерот/ите: - лева рубрика: товарниот простор е недопрен. - десна рубрика. товарниот простор бил отворен
Рубрика 8	Забелешки / наоди
Рубрика 9	Рубриката „Се чини дека стоката е на број“ мора да се пополни со означување на „X“ соодветната рубрика: - лева рубрика: не недостасува стока. - десна рубрика. недостасува стока.
Рубрика 10	Во вториот случај, рубриките 10 до 13 мора да бидат пополнети со укажување на тоа кои стоки недостасуваат или се уништени. а) товарниот простор(и) и контејнерот(ите): се внесуваат податоците за идентификација б) ознаки и броеви на пакувања или производи, се внесуваат податоците за идентфкација.
Рубрика 11	Број и вид на пакувања или производи, опис на стоката.
Рубрика 12	(M) за стока која недостасува (D) за уништена стока
Рубрика 13	Забелешки, поединости за количините кои недостасуваат или се уништени

Рубрика 14 Датум, место и време на несреќата

Рубрика 15 Мерки кои се преземени со цел да се овозможи ТИР операцијата да продолжи; се внесува „X“ во соодветната рубрика, и по потреба, се пополнуваат и други ставки:

- Горна рубрика: ставање на нови пломби: број и опис
- Средна рубрика: претовар, види рубрика 16
- Долна рубрика: друго

Рубрика 16 Ако стоката е претоварена: се пополнува ставката„ Опис на заменети моторни возила / контејнери“:

а) Регистарски ознаки на возилото; ако возилото е одобрено за ТИР транспорт, се става „X“ на левата страна на рубриката. Ако не, се става „X“ на десната страна на рубриката.

б) Идентификациски број на контејнерот(-ите); ако е одобрен за ТИР транспорт, се внесува „X“ на левата страна на рубриката. Ако не, се става „X“ на десната страна на рубриката.

Бројот на уверението за одобрување, ако има потреба, се внесува на десната страна од десната рубрика и бројот и податоците за ставените пломби се внесува во редот на десната страна.

Рубрика 17 Органот кој го подготвил завереният извештај; место, датум, печат и потпис со појаснување.

Заверка од следната царинска испостава со печат, датум и потпис со појаснување од царинскиот службеник.

Купон за откинување Одделивиот нумериран агол на задната страна на ТИР карнетот се отстранува и враќа на имателот во случај ТИР карнетот да е задржан од надлежните органи за вршење истрага. Се заверува од страна на органот кој го задржал ТИР карнетот со печат и потпис со појаснување.

Резервна постапка

Употреба на ТИР карнет

Член 454(6) од УСЦЗЗ

Во случај кога, системот на царината и/или електронската апликација за поднесување на податоци ТИР карнетот не се достапни во појдовната царинска испостава или влезната царинска испостава (попатна), се користи резервната постапка, а ТИР постапката се пушта врз основа на ТИР карнетот. Употребата на резервната постапка се назначува на талонот бр.1 и во рубриката „За службена употреба“ на листот бр. 2 со печат, кој одговара на примерот даден во Прилог 8.6.

Со цел враќање на соодветниот дел од листот бр. 2, во резервната постапка, на задната страна на листот се внесува адресата на царинските органи на земјата-членка на поаѓање или влез (попатна).

Во такви случаи, не може да се користи компјутеризираниот систем за завршување или раздолжување на ТИР операцијата во рамките на царинското подрачје на Заедницата.

Член 455 (5) од УСЦЗЗ

Одредишната царинска испостава или излезната царинска испостава (попатна) ја завршува ТИР постапката врз основа на листот бр. 2 од ТИР карнетот и го испраќа соодветниот дел до царинските органи на земјата-членка на поаѓање или влез (попатна) најдоцна во рок од осум дена од датумот на завршување Појдовната или влезната царинска испостава (попатна) ги споредува информациите дадени од одредишната или излезната царинска испостава (попатна) со цел да ја раздолжи постапката.

Предиспитни дејства во случај на резервна постапка

Прирачник за најдобри пракси за ТИР

Во случај да се користи резервна постапка, а царинските органи на земјата-членка на поаѓање или влез (попатна) не го добиле соодветниот дел од листот бр.2 од ТИР карнетот по рокот од осум дена, тие можат да извршат пребарување на контролниот систем на меѓународната организација за да утврдат дали таму е пријавено поднесувањето на ТИР

карнетот во одредиштето или на излезот. Ова може да им помогне да го испратат известувањето за испитување за ТИР карнетот до вистинската или до последната одредишна или излезна царинска испостава (попатна) во Заедницата.

Ако ова консултирање укажува дека ТИР карнетот не бил поднесен кај одредишната царинска испостава, царинските органи на земјата-членка на поаѓање или влез (попатна) можат да одлучат веднаш да започнат испитна постапка со декларираната одредишна или излезна царинска испостава (попатна) во Заедницата.

Испитна постапка во случај на резервна постапка

Член 455а (6) од УСЦЗЗ

Кога царинските органи на земјата-членка на поаѓање или влез (попатна) не добиле доказ дека ТИР постапката завршила во рок од два месеци од датумот на прифаќање на ТИР карнетот, или порано од тој рок се сомневаат дека постапката не завршила, испраќаат известување за испитување за ТИР карнетот (образецот е прикажан подолу) до одредишната или излезната царинска испостава (попатна). Истото се применува и доколку последователно произлезе дека доказот за завршеток на ТИР постапката е фалсификуван.

Постапката пропишана во дел VII, поглавје 4 (испитна постапка) се применува *мутатис мутандис*.

Прирачник за најдобри пракси за ТИР

Моделите на информативното писмо и известувањето за испитување кои се користат во резервната постапка се:

Писмено известување

Информативно писмо кое се испраќа до гарантното здружение за ТИР и имателот на ТИР карнетот.

(целосно име на засегнатата царинска испостава/управа) (место и датум)

Предмет:Информации кои се однесуваа на ТИР карнетот бр. ___

упатено до.....

(целосно има и адреса на имателот на ТИР карнетот)

.....
(целосно име на гарантното здружение)

Почитувани,

Љубезно ве информираме дека нашата царинска управа не добила потврда за прописно завршување на ТИР операцијата во рамките на Европската Заедница, изведена под ТИР карнет број.....

Покрај тоа, извршивме проверка на статусот на ТИР карнетот во контролниот систем за ТИР карнети и:

(1) не постојат информации кои го потврдуваат завршувањето на ТИР операцијата во Заедницата,

(2) постои запис во однос на оваа ТИР операција и веќе ја контактиравме одредишната испостава во ..... за до го потврдиме овој SafeTIR податок, но досега немаме добиено потврда.[11]

Затоа, во согласност со член 445a.5 од Регулативата на Комисијата (ЕЕЗ) бр. 2454/93 од јули 1993 година со која се проишуваат одредбите за спроведување на Одлуката на Советот (ЕЕЗ) бр. 2913 од 12 октомври 1992 година за усвојување на Царинскиот законик на Заедницата и без да е во спротивност со известувањето кое треба да се спроведе во согласност со член 11.1 од ТИР конвенцијата, ве молиме, во рок од 28 дена од датумот на ова писмо, да ги доставите соодветните документи со кои се докажува дека оваа ТИР операција е прописно завршена во Европската заедница.

[1] Засегнатата царинска управа да избере опција 1 или 2

Доказот треба да биде поднесен во форма на еден од следниве документ со кои се утврдува стоката:

- документ заверен од царинските органи на одредишната или излезната земја-членка со кој се утврдува дека стоката е ставена на увид кај оваа царинска испостава или кај овластен примач, или

- царински документ издаден во трета земја во која е ставена стоката во царински одобрено постапување или употреба, или

- документ издаден од трета држава, заверен од царинските органи на таа земја и со кој се потврдува дека стоката се смета дека се наоѓа во слободен промет во таа земја.

Примерок или фотокопија од горенаведените документи заверени како верни на оригиналот од телото кое ги заверило оригиналните документи, од органите на засегнатата трета држава или од органот на една од земјите-членки.

_____

(печат од царинската испостава/ потпис на одговорното лице)

Прилог: копија од листот бр. 1 од ТИР карнетот.

Примерок за известување за испитување

ТИР карнет – известување за испитување

I. Пополнува појдовната испостава или испоставта на влез во Заедницата:

А. ТИР карнет бр.

Приложена копија од лист бр. 1

Б. Одредишна или излезна испостава од Заедницата

(име и земја-членка)

В. Појдовна испостава или испостава на влез во Заедницата

(име, адреса, земја-членка)

Г. Регистарски ознаки на возилото или име на пловилото, ако е познато

Д. Според информациите на располагање на таа испостава, пратката е

☐1. ставена на увид на ..... на ..../..../....

(царинска испостава или овластен примач) ДД /ММ/ГГ

☐ 2. испорачана на..... на ..../..../....

(име и адреса на лицето или фирмата ДД /ММ/ГГ

☐ 3. Нема информации за местото каде се наоѓа стоката

Место и датум: Потпис Печат

II. Пополнува одредишната испостава или испоставата на излез од Заедницата:
Барање за дополнителни информации

За да се изврши испитувањето, од појдовната испостава или испоставата на влез во Заедницата се бара:

☐1 точен опис на стоката

☐2 копија од фактурата

☐3 копија од ЦМР

☐4 следниве документи или информации

Место и датум: Потпис Печат

III Пополнува појдовната испостава или испоставата на влез во Заедницата:

Одговор на барањето за дополнителни информации

☐ 1. Информациите, копиите или документите кои ги барате се приложени

☐ 2. Информациите, копиите или документите кои се наведени под број 1 2 3 4, не се достапни ☐☐☐☐

Место и датум: Потпис Печат

IV. Пополнува одредишната испостава или испоствата на излез од Заедницата

☐1 Соодветниот дел од листот бр. 2 вратен на . ../. ../. ..; прописно заверената копија од листот бр.1 е приложена

☐2 Соодветниот дел од листот бр. 2 е прописно заверен и е приложен кон ова известување за испитување

☐3 Се врши испитување, а копија од листот бр. 1 или копија од листот бр. 2 ќе ви биде вратен што е можно поскоро

☐4 Пратката е ставена на овде увид без соодветниот документ

☐5 Ниту пратката, ниту ТИР карнетот се овде ставени на увид и не може да се добијат информации за нив

Место и датум: Потпис Печат

ОБРАЗЕЦ НА СТАНДАРДЕН ДОГОВОР ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПОМЕЃУ ЦАРИНСКИТЕ УПРАВИ НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ И НИВНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ГАРАНТНИ ЗДРУЖЕНИЈА ЗА ТИР ПОСТАПКАТА[‡]

Во согласност со членовите 6 и 8, и прилог 9, дел I, став 1(г) од Царинската конвенција за меѓународен транспорт на стока со ТИР карнети усвоена во Женева на 14 ноември 1975 година, и подоцна изменета и дополнета (во натамошниот текст ТИР конвенција), [*име на царинската управа*] и [*име на националното гарантно здружение*], како здружение одобрено од споменатите царински органи да издава гаранции за лицата кои ја користат ТИР постапката[§], се согласуваат на следново:

Преземање обврски

Во согласност со член 8 и Прилог 9, дел I, став 1 (ѓ) (iv) од ТИР конвенцијата,

[*името на националното гарантно здружение*] се обврзува да ѝ го плати на

[*името на царинската управа*], обезбедениот износ на царински долг и други давачки, заедно со затезна камата, настанат согласно прописите на Европската заедница и, каде што одговара, согласно националните закони на [*име на земјата-членка*] во случај на забележана неправилност во врска со ТИР операцијата.

Оваа обврска се однесува на движењето на стоката со ТИР карнет издаден од [*име на националното гарантно здружение*] или од друго гарантно здружение поврзано со меѓународната организација наведена во член 6.2 од ТИР конвенцијата.

Во согласност со одредбите од член 8 од ТИР конвенцијата [*име на националното гарантно здружение*] е одговорно за плаќање на тие износи, поединечно и заеднички со лицата кои ги должат горенаведените износи.

Максималниот износ кој [*име на царинската управа*] може да го побара од [*име на националното гарантно здружение*] е ограничен на 60,000 евра (шеесет илјади) или сума која е еднаква на тој износ како што утврдено во согласност со член 18 од Регулативата на Советот (ЕЕЗ) бр. 2913/92[**] (Царинскиот законик на Заедницата) по ТИР карнет.

[*Името на националното гарантно здружение*] се обврзува да изврши плаќање

[‡] Административен аранжман TAXUD/1958/2003 крајна верзија

[§] Член 1(о) од ТИР конвенцијата упатува на ова. Овој договор и обврска не се однесува на превозот на алкохолни и тутунски производи опишани во белешката за појаснување 0.8.3. од ТИР конвенцијата.

[**]За оние земји-членки кои не ја усвоиле единствената валута

по првото писмено барање испратено од [*името на царинската управа*] и во роковите предвидени со ТИР конвенцијата, и во согласност со националните закони.

Оваа обврска не се однесува на парични казни или пенали изречени од засегнатата земја-членка.

Известување и барања за плаќање

Со цел да се утврди која царинска управа на Европската унија е надлежна за наплата на горенаведените суми, се применуваат одредбите од член 215 од Царинскиот законик на Заедницата. Според тоа, [*името на националното гарантно здружени*] е одговорно да ги плати сумите наведени погоре и во случај кога се применливи условите предвидени во член 457.3 од Регулативата на Комисијата (ЕЕЗ) бр. 2454/93[†].

Одговорноста на [*името на националното гарантно здружение*] следи од одредбите на ТИР конвенцијата. Одговорноста започнува во времињата наведени во член 8, став 4 од ТИР конвенцијата.

Други одредби

[*Името на националното гарантно здружение*] се обврзува да ги почитува и специфичните одредби од Прилог 9, дел I, став 1 (ѓ), (з) до (ф) од ТИР конвенцијата.

Раскинување на договорот

Овој договор нема рок на важност. Која било страна може едностранo да го

раскине Договорот под услов на другата страна де ѝ испрати писмено

известување не помалку од три (3) месеци пред раскинувањето.

Раскинувањето на овој Договор не ги доведува до прашање одговорностите и обврските на [*името на националното гарантно здружение*] под ТИР конвенцијата. Ова значи дека [*името на националното гарантно здружение*] останува одговорно за кое било валидно побарување за исплата на обезбедениот износ кое произлегува од ТИР операциите покриени со овој Договор и започнати пред датумот на влегувањето на сила на раскинувањето на овој Договор, дури и ако барањето за исплата е испратено по тој датум.

Надлежност

Во поглед на спорови кои произлегуваат од примената на овој договор, местото на надлежност и применливото национално право се оние на земјата-членка каде што се наоѓа регистрираното седиште на [*името на националното гарантно здружение*].

Влегување во сила

[†] Како што е изменето со Регулатива на комисијата (ЕЗ) 881/2003. Службен везник L134, 29.5.2003

Овој договор важи од...

Потпишано	Потпишано
За националното гарантно здружение	За царинската управа
Датум	Датум

Прилог 8.6

ПЕЧАТ ЗА РЕЗЕРВНА ПОСТАПКА

НКТС РЕЗЕРВНА ПОСТАПКА
НЕМА ПОДАТОЦИ ВО СИСТЕМОТ
ЗАПОЧНАТО НА .....
(датум/час)

(димензии: 26 x 59 mm, црвено мастило)

Прилог 8.7

Примери за ситуации при поднесување на податоци од ТИР карнетот по електронски пат

а) ТИР транспорт кој започнува во трета земја и кој поминува низ земја која не е од Заедницата

Пример:

[Турција - Капитан Андреево (Бугарија) – Сирет (Романија) – Украина – Медика и Краков (Полска)]

Имателот е одговорен за поднесување на податоците од ТИР карнетот кај царинската испостава на влез во Капитан Андреево (Бугарија). Царинската испостава на излез од Заедницата во Сирет (Романија) ја завршува ТИР постапката и ги испраќа пораките IE006 и IE018 до влезната царинска испостава во Капитан Андреево (Бугарија). Кога ТИР операцијата повторно влегува во Заедницата, имателот е пак одговорен за поднесување на податоци од ТИР карнетот во влезната царинска испостава кај Медика (Полска). Ова е ново НКТС/ТИР движење со нов РБД. Одредишната царинска испостава (Краков) ја завршува ТИР операцијата со испраќање на пораките IE006 и IE018 до Медика и ги отстранува и задржува двата дела од листот бр. 2 од ТИР карнетот и става забелешка на талонот во ТИР карнетот.

б. ТИР транспорт кој започнува во Заедницата и вклучува место на попатен дополнителен утовар

Пример:

[Турку (Финска) – Котка (Финска) – Русија]

Имателот е одговорен за поднесување на податоци од ТИР карнетот и поднесување на ТИР карнетот кај појдовната царинска испостава (Турку). Во попатното место на утовар (Котка), претходната ТИР операција се завршува со испраќање на пораките IE006 и IE018 до Турку и се отстрануваат и задржуваат двата дела од листот бр. 2 од ТИР карнетот и се става забелешка на талонот во ТИР карнетот. Имателот ги поднесува податоците за ТИР карнетот вклучувајќи ги податоците од претходната операција од Турку и стоката натоверена во Котка и го приложува ТИР карнетот во Котка за започнување на нова ТИР операција. Излезната царинска испостава од Заедницата (Ваалимаа) ја завршува ТИР операцијата со испраќање на пораките IE006 и IE018 до Котка и ги отстранува и задржува двата дела од листот бр. 2 од ТИР карнетот и става забелешка на талонот во ТИР карнетот.

в) ТИР транспорт кој започнува во трета земја (Русија) и вклучува две места на истовар во Заедницата:

Пример:

[Мурманск (Русија) – Оулу (Финска) – Турку (Финска)]

Имателот е одговорен за поднесување на податоци од ТИР карнетот и поднесување на ТИР карнетот кај влезната царинска испостава (Rajajooсепи). Кај попатното место на истовар (Оулу), претходната ТИР операција (од Rajajooсепи) се завршува со испраќање на пораките IE006 и IE018 до Rajajooсепи и се отстрануваат и задржуваат двата дела од листот бр. 2 од ТИР карнетот и се става забелешка на талонот во ТИР карнетот. Имателот ги поднесува податоците од ТИР карнетот, вклучувајќи ги преостанатите податоци од операцијата од Rajajooсепи и го поднесува ТИР карнетот во Оулу за започнување на нова ТИР операција. Одредишната царинска испостава (Турку) ја завршува ТИР постапката со испраќање на пораките IE006 и IE018 до Оулу и ги отстранува и задржува двата дела од листот бр. 2 од ТИР карнетот и става забелешка на талонот во ТИР карнетот.